	10. Член на Второстепен судски совет – Суд на честа при ЛКМ, 23.11.2017 г. 11. Член на Стручна комисија за ревизија на постојните протоколи и препораки за тераписки пристап кај пациентите со Ковид-19, 2021 г. 12. Член на Стручна комисија за утврдување на правилата за упатување со „Упат без термин“ и „Упат итен 24“, 2019 г. 13. Номинирана како контакт лице од Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби за соработка со Здравствена мрежа на Југоисточна Европа за областа заразни болести, 2018 г. 14. Номинирана како контакт лице за соработка во програмските под области, од категоријата Заразни болести, ХИВ/СИДА со СЗО. 17-7104/1 8.11.2017 г. 15. Номинирана како контакт лице за соработка во програмските под области, од категоријата Заразни болести, ХИВ/СИДА со СЗО. 17-5362/1 19.7.2018 г. 16. Член на комисија за заразни болести како стручно-советодавно тело на министерот за здравство 17-1071/1 од 17. Член на комисија за спроведување на вонреден стручен надзор, Решение бр. 2101-3903/2 од 14.7.2022 г., Лекарска комора на Македонија 18. Консултант на СЗО, 2002-2005 г. 19. Член на кризен стручен координативен штаб за јавните здравствени установи од подрачјето на град Скопје 17-2667/1 од 24.3.2021 г.	1 1 1 1 1 1 1 1 1 1 1
	Национален координатор за одредена стручна област - Национален координатор за ХИВ-инфекција, 2006 - Национален координатор за ХИВ-инфекција, 2008 - Национален координатор за ХИВ-инфекција, 2017 - Национален координатор за доброволно доверливо, советување и тестирање на ХИВ, 2004	 3 3 3 3
	Учесник во изработка на национална програма од одредена област - Macedonia HIV/AIDS National Strategy 2003 – 2006 - Национална стратегија за ХИВ/СИДА 2007 – 2011 - Национална стратегија за ХИВ/СИДА 2022 – 2026 во тек	 3 3 3
	Потпретседател на здружение поврзано со струката - Претседателка на ХЕРА	 2
	Вкупно	**137**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	637,79
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	732,43
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	137
Вкупно	**1507,22**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Цветановска, с.р.
Проф. д-р Крсто Гроздановски, с.р.
Проф. д-р Марија Димзова, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на в. н. сор. д-р Сања Петрушевска Маринковиќ, н. сор. д-р Катерина Спасовска и н. сор. д-р Милена Стевановиќ.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека в. н. сор. д-р Сања Петрушевска Маринковиќ, н. сор. д-р Катерина Спасовска и н. сор. д-р Милена Стевановиќ, поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во наставно-научното звање по предметите од наставно-научната област инфектологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, виш н. сор. д-р Сања Петрушевска Маринковиќ да биде избрана во звањето вонреден професор по предметите од наставно-научната област инфектологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Цветановска, с.р.
Проф. д-р Крсто Гроздановски, с.р.
Проф. д-р Марија Димзова, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЛОГОПЕДИЈА (КЛИНИЧКА ЛОГОПЕДИЈА) НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ од 17.7.2026 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област логопедија (клиничка логопедија), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 02-4630/8, донесена на XXXIII седница одржана на 6.8.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Татјана Георгиевска Јанческа, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Јане Нетковски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област логопедија (клиничка логопедија), во предвидениот рок се пријави доц. д-р Весна Лазаровска.

ДОЦ. Д-Р ВЕСНА ЛАЗАРОВСКА

- **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатката д-р Весна Лазаровска е родена на 17.8.1969 година, во Струмица. Основно и средно образование завршила во гимназијата „Јане Сандански“ во Струмица, со континуиран одличен успех. Студиите на Дефектолошкиот факултет (Факултет за специјална едукација и рехабилитација), отсек: Логопедија при Универзитетот во Белград ги завршила во 1993 година, со просечен успех 8,65. Веднаш по дипломирањето го продолжила своето образование повторно на истиот факултет, на отсекот Сурдоаудиологија, каде што дипломирала на 13.10.1994 година. За да ја заокружи и надополни комплетно работата со лицата со сите попреченост, во март 2019 дипломирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Институтот за специјална едукација и рехабилитација, Филозофски факултет – Скопје.

На 20.12.1994 година се вработила во ЈЗО Завод за рехабилитација на слух, говор и глас во Скопје (од 2023 година преименувана во ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација – Скопје), како единствена институција во Р Македонија која се занимава со патолошките состојби во вербалната комуникација. Своето образование го продолжила запишувајќи се на постдипломски студии на Универзитетот во Белград, на Дефектолошкиот факултет (Факултет за специјална едукација и рехабилитација) од областа сурдоаудиологија, каде што магистрирала на тема: „Професионална ориентација на лица со оштетен слух“, на 8.4. 2002 година, со просечен успех 8,2.

На 4.12.2013 година, на Медицинскиот факултет во Скопје, кандидатката ја одбранила својата докторка дисертација на тема: „Проценка на говорот кај лица со прелингвално оштетување на слухот со кохлеарен имплант“ пред Комисија во состав: проф. д-р Марина Дафчева Чакар, ментор, акад. проф. д-р Илија Фипче, проф. д-р Филип Дума, проф. д-р Василка Антевска и проф. д-р Горица Левенска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на медицински науки од областа на логопедијата (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1254, од 1 февруари 2022 129).

Д-р Весна Лазаровска одлично го владее и активно се служи со англискиот јазик и поседува Уверение за познавање англиски јазик, ниво Б2 според Европската јазична рамка на

Советот на Европа (CEFR), издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Редовно ги користи и можностите на информатичките технологии.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1254, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

- **НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА**

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, д-р Весна Лазаровска е еден од иницијаторите за отворање на стручните студии по логопедија и активен учесник е во изготвувањето на наставниот план и стручната програма – курикулум. По акредитирањето на студиите по логопедија, од самиот почеток, како долгогодишен стручњак од практиката, континуирано изведува наставно-образовна дејност на тригодишните стручни студии по логопедија, по предметите: Основи на логопедија, Патологија на говор и Рехабилитација на патологија на слух (прв циклус студии), како и на стручните специјалистички студии (втор циклус студии) по логопедија, по предметите Принципи на логопедската дијагностика и Планирање и рехабилитација на лица со кохлеарен имплант и слушни амплификатори. По реакредитацијата на тригодишните стручни студии во академски студии по логопедија, каде што, исто така, беше еден од иницијаторите и учесник во изготвувањето на наставната програма, активно партиципира во новите предмети: Рехабилитација на патологија на говор, Рехабилитација на полирецепторна патологија, Патологија на социјална комуникација, Клиничка пракса и Рана интервенција како изборен предмет. Редовно одржува одредени вежби, семинари и консултации со студентите по логопедија.

Кандидатката била ментор на поголем број дипломски работи на студенти на логопедија, како и член на комисии за оцена или одбрана на дипломска работа или специјалистички испит по логопедија.

Научноистражувачка дејност

Д-р Весна Лазаровска има објавено повеќе научни трудови од областа на логопедијата, во меѓународни научни списанија и зборници цитирани во Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, еден цитиран во Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik. Во меѓународни научни списанија, објавени се 3 труда, а останатите 8 труда во меѓународни научни публикации и трудови во зборници од научни собири. Во однос на научноистражувачката дејност, д-р Весна Лазаровска е учесник во основачкиот одбор на „Stabilitas“, интернационален проект за развој, едукација и научни истражувања, каде што во два проекта беше активен учесник. Во изминатиот период, континуирано и активно спроведувала научноистражувачка работа. Област од интерес на кандидатката е говорот кај пациентите со оштетен слух, со различен степен и вид и пациенти со кохлеарен имплант. Има бројни учества на конгреси, конференции и симпозиуми од областа на логопедијата во земјата и во странство.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Весна Лазаровска, во секојдневната работа, активно е вклучена во дијагностиката на „Мој термин“ и рехабилитацискиот третман на лицата со сите патолошки состојби во вербалната комуникација во ЈЗУ Центар за рехабилитација на

патологија на вербалната комуникација – Скопје. Со свое стручно мислење, кандидатката е вклучена во повеќе комисии: претседател на Комисија за стандарди на раководење и управување на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација, заменик-претседател на Комисија за полагање на стручни испити на здравствените работници со завршено високо стручно образование за образовен профил: логопед, дипломиран логопед, формирана со Решение на министерот за здравство, заменик-претседател на Комисија за полагање на стручни испити на здравствените работници со завршено високо стручно образование за образовен профил: логопед, дипломиран логопед, формирана со Решение на министерот за здравство, член на Експертска комисија за акредитација на студиски програми и реакредитации на институции за високо образование во Р Црна Гора, член на Комисија за тригодишни стручни студии како постојано работно тело на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член на Работна група за изготвување на Предлог-елаборат за воведување на нова академска студиска програма од прв циклус студии за дипломиран логопед, на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член на Поткомисија за самоевалуација на студиската програма за дипломиран логопед на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член на Комисија за оцена на видот и степенот на попреченоста на лице со оштетен слух во ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација, член на Комисија за изготвување на Правилникот за организација и систематизација на работни места со работни задачи на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација – Скопје, член на Комисија за подготовка на стратешки план, негово операционализирање, следење, адаптирање и извршување за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во однос на воведувањето на нова јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството за првпат во државата, фирмата Аудио БМ-МК од Скопје, како ексклузивен застапник, потврдува дека Весна Лазаровска ја воведе и ја практукува методата за програмирање за најновата генерација Cohlear implant. Континуирано одржува стручна едукација на здравствените работници – логопеди кои дипломираат на тригодишните стручни студии по логопедија. Стручното надградување и усовршување го реализира во континиутет преку учество на повеќе домашни и меѓународни курсеви, конгреси и конференции од областа на логопедијата. Има остварено едукативен престој во Фусен, Германија, и во Белград, Р Србија, за програмирање на кохлеарен имплант и обука за новини во рехабилитација на лица со оштетен слух.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Весна Костадин Лазаровска**
(име, татково име и презиме)
Институција: Медицински факултет – Скопје
ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ЛОГОПЕДИЈА (КЛИНИЧКА ЛОГОПЕДИЈА)

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: **8,65.** Просечниот успех на втор циклус изнесува: **8,2.**	**ДА**
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **рехабилитација на патологија на говор, јазик, слух и глас;** поле: **логопедија;** подрачје: **медицински науки и здравство.**	**ДА**
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**ДА**
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: **Medical Journal** 2.Назив на електронската база на списанија**: SCIndeks Index Copernicus EMBASE SCOPUS EBSCO Biomedicina Serbica SafetyLit** 3.Наслов на трудот: **Phonological awareness in prescool children with developmental language disorder** **5.** Година на објава: **2025**	**ДА**

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: **Science International Journal** 2.Назив на електронската база на списанија**: Scopus, Web of Science** 3.Наслов на трудот: **THE IMPACT OF SCREEN TIME AND PARENTAL VERBAL STIMULATION ON SPEECH AND LANGUAGE DEVELOPMENT IN PRESCHOOL CHILDREN** **6.** Година на објава: **2025**	**ДА**
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1.Назив на научното списание: **Academic Medical Journal** 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): **32 (Северна Македонија 11, Србија 5, Австрија 4, Словенија 3, Германија 2, Обединетото Кралство 1, Грција 1, Турција 1, Норвешка 1, Хрватска 1, Италија 1, САД 1)** 3. Наслов на трудот: **EVALUATION OF SPEECH COMPREHENSION USING A TEST OF SIMPLE QUESTION UNDERSTANDING IN COCHLEAR IMPLANT RECIPIENTS** 4. Година на објава: **2026**	**ДА**
3.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: **Improving the quality of life of children and youth** 2.Назив на меѓународниот собир: **XVI International scientific conference „Improving the quality of life of children and youth”** 3.Имиња на земјите: **Bosnia and Hercegovina, Serbija, Hrvatska, Rusija, Bugarija, Monte Negro, Bulgarija, Slovenija, North Macedonija** 4. Наслов на трудот: **INCLUSIVE EDUCATION IN PRACTICE: TEACHERS’ OPINIONS ON THE ROLE**	**ДА**

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	OF EDUCATIONAL ASSISTANTS 5. Година на објава: **2025**	
3.4	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: **Improving the quality of life of children and youth** 2.Назив на меѓународниот собир: **XVI International scientific conference „Improving the quality of life of children and youth”** 3.Имиња на земјите: **Bosnia and Hercegovina, Serbija, Hrvatska, Rusija, Bugarija, Monte Negro, Bulgarija, Slovenija, North Macedonija** 4. Наслов на трудот: **ROLE OF EDUCATIONAL ASSISTANTS IN INCLUSIVE EDUCATION: PERCEPTIONS, CHALLENGES, AND OPPORTUNITIES** 5. Година на објава: **2025**	ДА
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: **30 години студии по специјална едукација и рехабилитација** 2.Назив на меѓународниот собир: **VI меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација** 3.Имиња на земјите: **Bosnia and Hercegovina, Serbija, Hrvatska, Rusija, Bugarija, Monte Negro, Bulgarija, Slovenija, North Macedonija** 4.Наслов на трудот: **Бенефити од имплементацијата на кохлеарен имплант** 5. Година на објава: **2023**	**ДА**
4	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: **1.2.2022 год., бр. 1254**	**ДА**
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	**ДА**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа, с.р.
Проф. д-р Јане Нетковски, с.р.
Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Весна Костадин Лазаровска**
(име, татково име и презиме)
Институција: Медицински факултет – Скопје
ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: логопедија (клиничка логопедија)

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава**	
	• Од прв циклус студии	
	Основи на логопедија (160 x 0,04)	**6,4**
	Патологија на говор (200 x 0,04)	**8**
	Рехабилтација на патологија на слух (150 x 0,04)	**6**
	Рехабилитација на патологија на говор (60 x 0,04)	**2,4**
	Рехабилитација на полирецепторна патологија (30 x 0,04)	**1,2**
	Принципи и инструменти на логопедска дијагностика (80 x 0,04)	**3,2**
	Патологија на социјална комуникација (80 x 0,04)	**3,2**
	• Од втор циклус специјалистички студии по клиничка логопедија	
	Планирање и рехабилитација на лица со кохлеарен имплант и слушни амплификатори (60 x 0,005)	**3**
	Принципи на логопедска дијагностика (90 x 0,05)	**4,5**
2.	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)**	
	• **Од прв циклус студии**	
	Основи на логопедија (410 x 0,03)	**12,3**
	Патологија на говор (700 x 0,03)	**21**
	Рехабилитација на патологија на слух (750 x 0,03)	**22,5**
	Принципи и инструменти на логопедска дијагностика (200 x 0,03)	**6**
	Патологија на социјална комуникација (180 x 0,03)	**5,4**
	Клиничка пракса во логопедија (300 x 0,03)	**9**
	• **Од втор циклус специјалистички студии по клиничка логопедија**	
	Планирање и рехабилитација на лица со кохлеарен имплант и слушни амплификатори (180 x 0,03)	**5,4**
	Принципи на логопедска дијагностика (120 x 0,03)	**3,6**
3.	**Консултација со студенти** (662 x 0.002)	**1,3**
4.	**Ментор на дипломска работа** (52 x 0,2)	**10,4**
5.	**Член на комисија за оцена и одбрана на докторски труд** (1 x 0,7)	**0,7**
6.	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** (84 x 0,01)	**8,4**
7.	**Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа** (10 x 02,)	**2**
	Вкупно	**145,9**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во меѓународни научни проекти**	
1.1	**Vesna Lazarovska, For participating in the DACUM) Develop a Cirriculum Methodology)Workshop withn the framework of the PICTURES Project, Project number: 101140185 Call reference ERASMUS- EDU 2023_PI_ALL_INNO_101140185**	**5**
1.2	**Vesna Lazarovska, For participating in DACUM Workshop under the RESIZE Project, No. 101187391, Activity ERASMUS-EDU-2024-PI-ALL-INNO-BLUEPRINT**	**5**
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативниј журнал “Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	
2.1	Mira Jovanovska, **Vesna Lazarovska,** Mirna Zelić, **Fonološka svesnost kod dece predškolskog uzrasta s razvojnim jezičkim poremećajem,** Medicinski časopis ISSN 0 350-1221 Vol 59, No 4, 2025 god. (3/80%)	**4**
2.2	Mira Jovanovska, Mirjana Petrovic Lazić, **Vesna Lazarovska THE IMPACT OF SCREEN TIME AND PARENTAL VERBAL STIMULATION ON SPEECH AND LANGUAGE DEVELOPMENT IN PRESCHOOL CHILDREN SCIENCE** – International Journal Vol. 4 No. 4. 2025 god (3/80%)	**4**
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови.**	
3.1	**Lazarovska Vesna, EVALUATION OF SPEECH COMPREHENSION USING A TEST OF SIMPLEQUESTION UNDERSTANDING IN COCHLEAR IMPLANT RECIPIENT, Acad Med J 2026;6(2):115-119** Original article (1/100)	**5**
4.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	
4**.1**	Dimitrova-Radojichikj, D., Trajkovska Pushkash, A., Kitkanj, Z., Kitkanj, V., & **Lazarovska**, **V.** (2025). Inclusive education in practice: **Teachers' opinions on the role of educational assistants.** In Proceedings of the XVI International Scientific Conference “Improving	**3**

	the Quality of Life of Children and Youth” (pp. 109-116). Visoko, Bosnia and Herzegovina , Original article (5/60%)	
4.2	Kitkanj, Z., Trajkovska Pushkash, A., Dimitrova-Radojichikj, D., **& Lazarovska, V**. (2025). **Role of educational assistants in inclusive education: Perceptions, challenges, and opportunities.** In Conference proceedings of the XVI International Scientific Conference “Improving the Quality of Life of Children and Youth” (pp. 127-135). Visoko, Bosnia and Herzegovina, Original article (5/60%)	**3**
4.3.	**Лазаровска В**, Јовановска М, Георгиевска-Јанческа Т**.**, Ѓорѓеска Б. **Бенефити од имплементацијата на кохлеарен имплант**. Во: Ристо Петров Р, Јачова З, Димитрова-Радојичиќ Д, уредници. Зборник на трудови од VI меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација“; 14 – 16 септември 2023; Охрид, Северна Македонија. Скопје: Филозофски факултет; 2023. p.551-58. (5/60%)	**3**
5	**Апстракти објавени во зборник на конференција**	
5.1	**Lazarovska V**, Jovanovska M, Georgievska Jančeska T. **Normative framework and current news of the speech therapy profession in Republic of North Macedonia.** In: Milošević N, editor. Book of abstracts from the International Scientific-Professional Congress: Speech and Language Theory and Practice Today; 2023 October 13-14; Belgrade, Serbia. Belgrade: Serbian Logopedics Association;2023. p52	**1**
	M.Markovski**, Vesna Lazarovska,** Biljana Shishkova, Irina Popdimitrova Mitrevska, Bozidar Blazevski, NerhimTufekcioski, **Geriatric Rehabilitation against frailty and Sarcopenia** in Journal of the Croation Society for Physical and rehabilitation medicine of the Croation Medical Association, Fiz.rehabil.med 2025;39(3):99-447	**1**
5.2	**Vesna Lazarovska, ASSESSMENT OF CLOSED-TYPE SENTENCE IDENTIFICATION IN PERSONS WITH COCHLEAR IMPLANTS**. 11-12. oktobar 2025. Srpska logopedska asocijacija(SLA), Beograd	**1**
5.3	Marija Markovski , Biljana Shishkova, Mitra Bogeska Blazhevska, **Vesna Lazarovska, Mitral valve prolapse – Case report** 24-26 september 2025, 21 EUGMS Reykjavik Eceland	**1**
5.4	Marija Markovski, Nerhim Tufekcioski, **Vesna Lazarevska,** Biljana Shishkova , Katja Simonovska, Gordana Popovska – Tasevski, **Treatment of urinary incontinence in elderly patients with Functional Magnetic Stimulation (FMS)** 24-26 september 2025, 21 EUGMS Reykjavik Eceland	**1**
5.5	Рецензија на научен/стручен труд (1x 0,2)	**0,2**
	Вкупно	**37,2**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија**	

	Претседател на Комисија за стандарди на раководење и управување на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација	**1**
	Заменик-претседател на Комисија за полагање на стручни испити на здравствените работници со завршено високо стручно образование за образовен профил: логопед, дипломиран логопед, формирана со Решение на министерот за здравство	**1**
	Член на Експертска комисија за акредитација на студиски програми и реакредитации на институции за високо образование во Р Црна Гора	**1**
	Член на Работна група за изготвување на Предлог-елаборат за воведување на нова академска студиска програма од прв циклус студии за дипломиран логопед, на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	**1**
	Член на Комисија за оцена на видот и степенот на попреченоста на лице со оштетен слух во ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација	**1**
	Член на Комисија за изготвување на Правилникот за организација и систематизација на работни места со работни задачи на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас – Скопје	**1**
	Член на Комисија за подготовка на стратешки план, негово операционализирање, следење, адаптирање и извршување за потребите на на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	**1**
2.	Воведување нова лабораториска/клиничка или јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството	
	Првпат во државата воведена метода – фирмата АудиоБМ-МК од Скопје – ексклузивен застапник потврдува дека е воведена методата за програмирање за најновата генерација Cohlear implant.	**4**
	Вкупно	**11**
Дејности од поширок интерес		
1.	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир	
	Член на Комисија за тригодишни стручни студии како постојано работно тело на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	**0,5**
	Член на Поткомисија за самоевалуација на студиската програма за дипломиран логопед на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	**0,5**
2.	**Државна награда за научни постигнувања и уметнички постигнувања**	
	• самостојно и со учество во тим Благодарница за особено залагање и придонес во работата на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација – Скопје	**1**

3.	**Студиски престој во странство**	
	• до три месеци Престој во Германија, на Klinik Ostallgau'Kaufbeuren in Fussen, стручна посета и обука за практична примена од областа на нарушувањето на слухот	**0.5**
	• до три месеци Престој во Србија на Клиничко-болнички центар „Звездара“ – Центар за рана дијагностика и терапија на деца со оштетен слух, стручна посета и обука за практична примена во рехабилитација на лица со оштетен слух	**0.5**
4.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
	Член за Комисија на попис на основни средстава	**1**
	Член на Комисија за покренување на постапка за добивање одобрение за работа со скратено работно време	**1**
5.	Раководител на внатрешна организациона единица	**3**
	Вкупно	**8**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**145,9**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**37,2**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**11**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОКА ДЕЈНОСТ	**8**
Вкупно	**202,1**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа, с.р.
Проф. д-р Јане Нетковски, с.р.
Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Весна Лазаровска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Весна Лазаровска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор по предметите од наставно-научната област логопедија (клиничка логопедија).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, доц. д-р Весна Лазаровска да биде избрана во звањето **вонреден професор** по предметите од наставно-научната област логопедија (клиничка логопедија).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Татјана Георгиевска Јанческа, с.р.
Проф. д-р Јане Нетковски, с.р.
Проф. д-р Јулија Живадиновиќ Богдановска, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДНО ЛИЦЕ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА И РЕАНИМАЦИЈА И КЛИНИЧКО-БОЛНИЧКА И ОПШТА ЗДРАВСТВЕНА НЕГА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 26.5.2026 година, за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: анестезиологија и реанимација и клиничко-болничка и општа здравствена нега, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3875/47, донесена на XXXII редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Билјана Ширгоска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Атанас Сивевски, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Марија Јовановски Срцева, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на едно лице во сите научни звања по предметите од научните области: анестезиологија и реанимација и клиничко-болничка и општа здравствена нега, во предвидениот рок се пријавија: ас. д-р Анита Кокарева, ас. д-р Филип Наумовски и д-р Дарко Анѓушев.

АС. Д-Р АНИТА КОКАРЕВА
1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Анита Кокарева е родена 1967 година во Скопје. Основно и средно училиште завршила во Скопје. Во 1985 година се запишала на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а го завршила на 3.2.1992 година со просечна оценка 9,61. Од 2001 година работи на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување, Клинички центар, Скопје. Од 1999 до 2003 година специјализирала анестезија со реанимација и интензивно лекување на Катедрата за анестезија со реанимација при Медицинскиот факултет во Скопје.

Моментално работи како шеф на Одделение за торакална анестезија и реанимација на ТОАРИЛУЦ, Скопје. Ја организира и раководи со анестезиолошката служба на Клиниката за тораковаскуларна хирургија, Клинички центар, Скопје. Активно се служи со англискиот јазик.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

На 22.5.2008 година е избрана во звањето помлад асистент на Медицинскиот факултет во Скопје, во областа анестезиологија со реанимација. На 17.3.2011 година е избрана во звањето асистент на анестезиологија. Во 2018 година се здобила со звањето примариус. Кандидатката д-р Анита Кокарева изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма Општа медицина, како и на специјализантите по анестезиологија со реанимација, специјализантите по ургентна медицина и специјализантите по семејна медицина. Вклучена е во наставата за специјализанти на анестезиологија, реанимација и интензивно лекување. Била ментор на 8 специјализанти по анестезиологија и интензивно лекување и 2 специјализанта по ургентна медицина. Едукатор е на 158 специјализанти по анестезиологија и 7 специјализанти по семејна медицина. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата.

3. Научноистражувачка активност

Анита Кокарева во 2025 година го одбранила докторатот на тема: „Евалуација на фактори кои доведуваат до десатурација и постоперативни белодробни компликации

кај пациенти при торакални интервенции и вентилација на едно белодробно крило“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, Медицински факултет, Скопје, Македонија.

Работи како соработник истражувач на национален научен проект: „Рана примена на транексамична киселина кај родилки со постпартално крвавење“, Медицински факултет – Скопје.

Во периодот од 2025 работи како соработник истражувач на меѓународниот проект: „Мапирање на лимфни жлезди со компјутерски наочари кај пациенти со карцином на дојка”. Од 2026 година е соработник истражувач на меѓународниот проект: „Идентификација на паратироидните жлезди со помош на блиско инфрацрвена автофлуоресценција при тироидектомија”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и University of Illinois at Urbana-Champaign. Во периодот од 2022 до 2025 работела како соработник истражувач на меѓународниот проект: „Компарација на приказна жлезда стражар кај ран малигном на дојка, со радиоколоид, метиленско сино и indocijanin green (ICG), со користење на мултиспектрална камера” на Универзитетската клиника за торакална и васкуларна хирургија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и University of Illinois at Urbana-Champaign. Во периодот од 2019 до 2023 година работела како соработник истражувач на меѓународниот проект: „Детерминирање на фактори кои влијаат на позитивност на не-жлезда стражар во пазувната јама во услови кога жлездата стражар е позитивна” на на Универзитетската клиника за торакална и васкуларна хирургија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и University of Illinois at Urbana-Champaign. Во периодот од 2022 до 2025 година работела како соработник истражувач на меѓународниот проект: „Интраоперативен приказ на тумор со примена на флуоросцентна боја Индоцијанин зелена (ICG) при малигноми на бел дроб, со користење на специјално дизајнирани камери кои детектираат инфрацрвени (NIR) сигнали со фреквенција од 650 до 800 nm споредено со приказ со обична колор камера и корелација со патохистолошки наод” на Универзитетската клиника за торакална и васкуларна хирургија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и University of Illinois at Urbana-Champaign. Учесник е во мултицентрична студија: NIHR Global Health Unit on Global Surgery; COVIDSurg Collaborative. Elective surgery system strengthening: development, measurement, and validation of the surgical preparedness index across 1632 hospitals in 119 countries, 2022 година.

Анита Кокарева е коавтор на прирачниците кои излегуваат како помагала во состав на континуираната медицинска едукација од областа на анестезиологијата под покровителство на Европското здружение на анестезиолози. Во периодот од 1 до 15 септември 2005 година била на стручен престој во Toronto General Hospital Thoracic Surgery. Од 17.3 до 17.4.2004 година била на стручен престој во Soroka Medical Center, Ben Gurion University, Beer Sheva – Israel, преку Европската асоцијација на анестезиолози. Во 2023 година престојувала на Универзитетска детска клиника во Белград. Во февруари 2024 година престојувала во Салцбург, Hybrid Coagulation Empowerment Network – Patient Centric Interdisciplinary Team Approach Concepts (PCITAC) – Focus on Cardiac Surgery. Во мај 2019 година престојувала во Hainburg, Austria, Multidisciplinary approach in Bleeding management in Obstetrics and `Cardiac surgery: Focus on Anemia/iron Deficiency.

4. Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Анита Кокарева е член на Македонското здружение на анестезиолози од 1993 година. Член е на Лекарската комора на Македонија од 1993 година. Активно е вклучена во работата на стручни комисии при Министерството за здравство. Добитник е на повеќе плакети, благодарници и пофалници од Македонското лекарско друштво и од Лекарската комора на Македонија

Активно учествува на симпозиуми, конгреси и работилници.

5. Оценка од самоевалуација

Д-р Анита Кокарева одржувала вежби по предметите: Анестезиологија со реанимација (за општа медицина), Здравствена нега (медицински сестри/техничари), Ургентна медицина со анестезија и реанимација (медицински сестри/техничари) и Прва медицинска помош.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор за асистент до денот на пријавата, со сета поднесена документација која е од важност за овој избор.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Анита Душан Кокарева***
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА И РЕАНИМАЦИЈА И КЛИНИЧКО-БОЛНИЧКА И ОПШТА ЗДРАВСТВЕНА НЕГА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВОНАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,61.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: медицински науки; поле: анестезиологија; подрачје: општа анестезија.	ДА
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Contributions Sec. of Med. Sci 2. Назив на електронската база на списанија: Pubmed, Medline, SCImage 3. Наслов на трудот: Factors Affecting the Occurrence of Hypoxemia During One Lung Ventilation 4. Годинанаобјава: 2023	ДА
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 3.2.1 1. Назив на научното списание: MJA, Clinical practice guidelines ISSN 2545-4366 MJA 2022:6(1);13-19	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 24, Австрија, Италија, Латвија, Србија, Норвешка, Турција, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Израел, Косово,Албанија. 3. Наслов на трудот: Occurance of perioperative hypoxemia during one lung ventilation. 4. Година на објава: 2022 3.2.2 1. Назив на научно списание: MJA, Macedonian Journal of Anaesthesia. 2024;4:35-44. 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 24, Австрија, Италија, Латвија, Србија, Норвешка, Турција, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Израел, Косово, Албанија. 3. Наслов на трудот: ONE-LUNG VENTILATION AND ITS ROLE IN POSTOPERATIVE PULMONARY MORBIDITY FOLLOWING LUNG SURGERY 4. Година на објава: 2024 3.2.3 1. Назив на научното списание: MJA, Macedonian Journal of Anaesthesia. 2024;4:35-44. 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 24, Австрија, Италија, Латвија, Србија, Норвешка, Турција, Бугарија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Израел, Косово,Албанија. 3. Наслов на трудот: ANESTHESIA MANAGEMENT IN A PATIENT WITH ROCURONIUM ALLERGY 4. Година на објава: 2024 3.2.4 1. Назив на научното списание: International Journal of Recent in Art and Science 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 24, 9- МК, 15- други земји (Србија, Босна и Херцеговина, Австрија, Италија, Латвија, Норвешка, Турција, Израел, Бугарија, Косово) 3. Наслов на трудот: . Modalities of surgical approach in the treatment of lung cancer. 4. Година на објава: 2024 http://hdl.handle.net/20.500.12188/16382 3.2.5. 1. Назив на списание: International Journal of recent research in arts and Science issn:1857-8128 2. Меѓународен уредувачки одбор: Македонија, Србија, Словенија, Турција, УСА, Црна Гора, Албанија, Романија, Бугарија 3. Наслов на трудот: DO HYPERTENSIVE PATIENTS CHRONICALLY TREATED WITH RENIN- ANGIOTENSIN	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	SYSTEM ANTAGONIST HAVE RISK OF HYPOTENSION DURING INDUCTION IN GENERAL ANESTHESIA? 4. Година на објава: 2021	
3.3		НЕ
3.4		НЕ
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 3.5.1 1. Назив на зборникот: 20th Belgrade International Symposium on Pain. May 17th, 2025, Belgrade, Serbia. 2025;276-363. 2. Назив на меѓународниот собир: BISOP 3. Имиња на земјите: Serbia, Croatia, Austrija, Izrael, UK, USA, Italy, Slovenia, Netherland, Belgium. 4. Наслов на трудот: Novel Regional Nerve Blocks in Clinical Practice: Advancing Methods for Pain Control 5. Година на објава: 2025 3.5.2 1. Назив на меѓународниот собир: 15th &17th Belgrade International Symposium on Pain. October 22-25.2020 & May 13-14, 2022, Belgrade, Serbia. 2022;320-1.. 2. Имиња на земјите: Serbia, Croatia, Austria, Izrael, UK, USA, Italy, Slovenia, Netherland, Belgium. 3. Наслов на трудот: Occurance of pain after Video Assisted Thoracotomy (VATS) for lung resection done in different anesthesia combinations. 4. Година на објава: 2022	ДА
3.6		НЕ
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 9. Странски јазик: англиски јазик 10. Назив на документот: уверение 11. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 12. Датум на издавање на документот: 8.5.2026 година	ДА
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Билјана Ширгоска, с.р.
Проф. д-р Атанас Сивевски, с.р.
Проф. д-р Марија Јовановски-Срцева, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Анита, Душан Кокарева
(име, татково име и презиме)
Институција: Медицински факултет, УКИМ – Скопје, Катедра за анестезиологија со реанимација (ТОАРИЛУЦ-КАРИЛ)
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: анестезиологија и реанимација и клиничко-болничка и општа здравствена нега

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на вежби** (клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд). 320 x 0.03 = 9.6	**9.6**
2	**Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика** 400 x 0.06 =24	**24**
3	**Консултации со студенти** Консултации со студенти (2008/9-2013/4) 280x0.002 Консултации со студенти (2013/4-2020/1)410x0.002 Консултации со студенти (2020/1-2025/6)370x0.002	**0.56** **0.82** **0.74**
4	**Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка практика** 100 x 0.2 =20	**20**
5	**Ментор на специјалистичка работа** 10 x 1 = 10	**10**
6	**Ментор на здравствена едукација** -8 специјализанти по анестезиологија со реанимација 267.5 месеци x 4=1070 недели x 4 часа x 0.08 = 342.4 -2 специјализанти по ургентна медицина 105 месеци x 4=420 недели x 4 часа x 0.08 = 134.4	**342.4** **134.4**
7	**Едукатор на здравствена едукација** -158 специјализанти во областа на анестезија и интензивно лекување (258мес.) 1032недели x 7часа x 0.08 = 577.92 -7 специјализанти по семејна медицина 8недели x 7часа x 0.08 = 4.48	**577.92** **4.48**
8	**Одржување на настава од втор циклус студии**	**0.4**
9	**Настава во школи и работилници** Учесник 1. Euroanaesthesia 2015. Berlin, Germany (30.05-2.06.2015) 2. Euroanaesthesia 2005 Meeting. Vienna, Austria, 28-31 May, 2005	**64**

	3. X Kongresanesteziologa I intezivistaSrbije. 4-7 Oktobar, 2006. 4. Работилница: Механичка вентилација во операциона сала. Скопје, 17.5.2013. 5. Работилница: „Антикоагуланти, хирургија и анестезија”. Скопје, 23.12.2013. 6. Ninth Annual Spring Scientific Symposium in Anesthesiology and Intensive Care. Nis, April 12-14,2019. 7. Стручен состанок на тема: Клиничка перспектива за медицинска употреба на екстракт од канабис во третман на болка, 2019 8. 3 th Congress of Macedonian Anaesthesiologists with International participation. Ohrid, Macedonia, 14-18 September, 2005. 9. Четврти македонски конгрес по анестезија, реанимација и интензивно лекување. Охрид, 2010 10. Петти македонски конгрес по анестезија, реанимација и интензивно лекување. Охрид, 2.5.2014. 11. Шести македонски конгрес по анестезија, реанимација и интензивно лекување. Охрид, 24 – 27 октомври 2019. 12. Седми македонски конгрес по анестезија, реанимација и интензивно лекување. Охрид, 4 – 7 април 2024. 13. 35. Стручен состанок на Здружението на патолози на РМ. Тема: Улога на преданалитичка фаза на бележење, колекција, транспорт, презервација и складирање на примероците за патолошка анализа. Скопје, 8.3.2018. 14. Конгрес: 12.BISOP, Beograd, Srbija, 13-14.5.2017. 15. Конгрес: 13.BISOP, Beograd, Srbija, 18-19.5.2018. 16. Инфекциите како доминантен проблем во интензивното лекување и тимски пристап кон нив. Скопје, 11.5.2007. 17. Конгрес: 17.BISOP, Beograd, Srbija, 13-14.5.2022. 18. 8 th European Congress on Pediatric Anaesthesia, Belgrade, Serbia (September 29-October 1, 2016) 19. Анестезија во васкуларна хирургија. Скопје, 10.05.2013. 20. 1st South Eastrern Joint Meeting of Thoracic Anesthesiologist and surgeons. Split, Croatia, 6-8.04.2016. 21. Обука за Респираторна машина-стационарна, Евита 4, Дрегер медикал. 27.01.2011.	

4	**Државна награда за научни постигнувања од струкова организација – по 3 поени**	
	1, Благодарница за особен придонес и ангажираност при справување со пандемијата предизвикана од коронавирусот COVID-19 од ЛКМ 1x3 2. Благодарница за посебна ангажираност во третманот на жртвите и нивните семејства од пожарот во Кочани 1 x 3	6
	Вкупно	**12,8**
ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ		**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ		**129,3**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ		**52,6**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ		**21**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		**12,8**
Вкупно		**215,7**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Антони Новотни, с.р.
Проф. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, с.р.
Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-примнувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Александар Ристески.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека ас. д-р Александар Ристески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент по предметите од наставно-научните области: психијатрија и медицинска психологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, ас. д-р Александар Ристески да биде избран во звањето доцент по предметите од наставно-научните области: психијатрија и медицинска психологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Антони Новотни, с.р.
Проф. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, с.р.
Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ДВА НАСТАВНИКА ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РАДИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 26.5.2026 година, за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област радиологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-3875/48, донесена на 22.6.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Елизабета Стојовска Јовановска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Соња Николова, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Петар Јаневски, доцент на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област радиологија, во предвидениот рок се пријавија: ас. д-р Милкица Пашоска Василеска, д-р Дејан Даскалов и н. сор. д-р Ана Михајловска Рендевска.

Кандидатката н. сор. д-р Ана Михајловска Рендевска, со писмена изјава, своеволно ги повлече документите од конкурсот.

Ас. д-р Милкица Пашоска Василеска

1.БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Милкица Пашоска Василеска е родена на 30.11.1986 год., во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Во септември 2005 година ги започнала студиите по медицина на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а дипломирала во јуни 2012 година со просечен успех 8,05. По завршувањето на студиите и положувањето на стручниот испит на Медицинскиот факултет во Скопје во 2012 г. започнува специјализација по радиологија во септември 2014 година на Клиниката за Радиологија. На 20.12.2017 год. успешно го положила специјалистичкиот испит и се стекнала со титулата специјалист по Радиологија. Од 17 мај 2015 година е во редовен работен однос на Универзитетскиот Институт за Радиологија – Скопје. Во септември 2025 година започува супспецијализација на Клиниката за радиологија на Медицинскиот факултет во Скопје од областа на педијатриска радиологија. Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

На трет циклус – докторски студии се запишала во академската 2016/2017 година, а на 20.10.2025 година ја одбранила докторската дисертација на тема: „Улогата на имиџинг радиолошките методи во рана дијагностика на крипторхизам и корелација со класична орхидопексија“, пред Комисија во состав: проф. д-р Василчо Спиров (претседател), проф. д-р Надица Митреска (ментор), проф. д-р Михаел Груневски (член), проф. д-р Соња Бојаџиева (член) и проф. д-р Лазар Тодоровиќ (член).

Во 2022 година, Наставно-научниот совет ја избра д-р Милкица Пашоска Василеска за асистент на Медицинскиот факултет во Скопје, во наставно-научната област радиологија, од кога е вклучена во практичната настава за студентите по медицина.

Д-р Милкица Пашоска Василеска е активен член на следниве асоцијации: Македонско лекарско друштво (МЛД), Асоцијација на радиолозите на Македонија (каде што е дел од управниот одбор), European Society of Radiology (ESR) и European Society of Paediatric Radiology (ESPR).

Во моментот е асистент на Катедрата за радиологија при Медицинскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1273, од 1 декември 2022 г.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1273 од 1.12.2022 г., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во текот на изминатите години, кандидатката има остварено активно учество на национални и интернационални конгреси, симпозиуми и едукативни работилници и автор и коавтор е на повеќе од 10 труда од областа на невронауката.

Од 2015 година, д-р Милкица Пашоска Василеска се појавува како коавтор на повеќе научни трудови, поврзани со радиолошки методи на дијагностика кај деца, особено за крипторхизам кај машки деца, како и за напреднати методи за рана детекција. Во рамките на своето стручно усовршување, посетувала повеќе курсеви и стручни обуки и остварила студиски престои.

3. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во текот на 2015 година, д-р Милкица Пашоска Василеска остварила едномесечен престој на Клиниката за радиологија, Cara Cerrahpasa во Истанбул, Турција, со цел едукација за компјутерска томографија и магнетна резонанца. Во текот на престојот беше активно вклучена во работниот процес во делот на напредните техники на МР (магнетна резонанца), МР-дифузија, перфузија и спектроскопија, кои веднаш по враќањето се успешно имплементирани и се секојдневен дел од работниот процес во Одделот за педијатриска радиологија при Универзитетскиот институт за радиологија во Скопје.

Д-р Милкица Пашоска Василеска, во 2024 година, престојувала две недели во Центарот за радиологија при Универзитетскиот клинички центар во Ниш, Србија, каде што под менторство на проф. д-р Драган Стојанов остварила стручен престој и едукација за напредни техники на апаратот за КТ (компјутеризирана томографија) и магнетна резонанца (МР) кај деца до 14 години.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Милкица Владко Пашоска Василеска
(име, татково име и презиме)
Институција: УКИМ, Медицински факултет – Скопје, ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: радиологија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,05	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област:медицинки науки и здравство, поле:клиничка медицина, подрачје радиологија.	ДА
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1.Назив нанаучнотосписание: Journal of Morphological Sciences 2.Назив на електронската база на списанија: Open Journal Systems 3.Наслов на трудот: COMPARATIVE ANALYSIS OF ULTRASOUND AND MAGNETIC RESONANCE IMAGING FOR THE EARLY DETECTION OF CRYPTORCHIDISM IN CHILDREN AND ITS CORRELATION WITH ORCHIDOPEXY FINDINGS 4. Година на објавување: 2024	ДА
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1.Назив на научното списание: Journal of Morphological Sciences	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2.Назив на електронската база на списанија: Open Journal Systems 3.Наслов на трудот: RADIOLOGICAL DIAGNOSTIC APPROACHES IN CRYPTORCHIDISM – UTILITY, SENSITIVITY AND EFFECTIVENESS 4. Година на објавување: 2024	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Journal of Morphological Sciences 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 32 членови, Македонија-12, Босна и Херцеговина-3, САД-2, Бугарија-1, Србија-8, Полска-1, Хрватска-1, Ерменија-1, Црна Гора-2, Украина-1 3. 3.Наслов на трудот: THE ROLE OF HIGH-RESOLUTION CT IN THE DETECTION AND DIFFERENTIATION OF PULMONARY CHANGES BETWEEN UIP AND NSIP PNEUMONIA 4.Година на објава: 2023	ДА
3.4	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Contributions MANU 2. Меѓународен уредувачки одбор: (вкупно 27 членови) Франција 1, Турција 1, Словенија 1, САД 3, Бугарија 2, Хрватска 1, Германија 2, Австрија 2, Србија 2, Австралија 1, Полска 1, Македонија 10. 3. Наслов: PULMONARY MANIFESTATION OF SARCOIDOSIS DETECTED WITH HIGH RESOLUTION COMPUTED TOMOGRAPHY 4. Година на објава: 2023	ДА
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странскијазик: англиски јазик Б2 според CEFR 2. Назив на документот: Certificate in English (ESOL) 3. Издавач на документот: University of Cambridge, ESOL Examinations 4. Датум на издавање на документот: 09/08/04година	ДА
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Стојовска Јовановска, с.р.
Доц. д-р Соња Николова, с.р.
Доц. д-р Петар Јаневски, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Милкица Владко Пашоска Василеска
(име, татково име и презиме)
Институција: УКИМ, Медицински факултет – Скопје, ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: радиологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава**	
	Одржување на вежби од прв циклус студии по предметот Радиологија, 2022– 2026 година (Медицински факултет), 4 часа x 150 недели x 0,03	18
2.	**Консултации со студенти**	2
	(од 2022 до 2026 година), 1000 студенти x 0,002	
3.	**Ментор и едукатор на здравствена едукација**	
	Едукатор на здравствена едукација на 16 кандидати 7 часа x 90 недели x 0,08	50,4
4	**Позитивно рецензиран практикум** Коавтор на: „Практикум за вежби по клиничка Радиологија 1. За студенти по општа медицина и стоматологија”. Медицински факултет, УКИМ, Скопје, 2024	3
5	**Настава во школи и работилници (учесник)**	
5.1	Ургентна радиологија, траума од глава до пети, дводневен курс 5 – 6 февруари 2026	1
5.2	Семинар по гастроентерохепатологија, ЈЗУ Универзитетска клиника за педијатрија – Скопје, амфитеатар на педијатрија, 3.2.2026 – 5.2.2026 г. Акутен абдомен кај деца – улогата на радиолошките испитувања	1
5.3	Стручен состанок: Ултрасонографија на абдомен, Перијатриска асоцијација за гастроентерохепатологија и Здружение на неонатолози на Македонија, предавач, 8 мај 2026, Струга, РС Македонија	1
5.4	Македонска асоцијација за перинатална медицина, во соработка со Македонското мултидисциплинарно здружение за хуман микробиом, Прематуритет – пренатален менаџмент – стручен состанок, 29.11.2024	1
5.5	Здружение на трансфузиолози на РМ, симпозиум, Хронична венска болест – актуелен проблем на денешницата	1
5.6	Здружение за ендометриоза и Македонско здружение за педијатриска адолесцентна гинекологија, стручен состанок - Новитети во дијагнозата и третманот на ендометриозата, 4.12.2024	1
5.7	**EACCME – ESPR 2023, 43rd Postgraduate Cource 05.06.2023-06.06.2026**	1

5.8	**EACCME – ESPR 2023 57th Annual Meeting 07.06.2023 – 09.06.2023**	1
5.9	**Certificate of Compleation Children Hospital Filadelfija, 05-10.06.2023, Belgrade, Serbia**	1
5.10	Стручен симпозиум на тема: „Multidisciplinary Liver Tumor Symposium“, 27 – 28 мај 2022, хотел „Лимак“, Скопје	1
5.11	7th Macedonian National Congres MAP	1
5.12	**Neuroradiology Symposium MAR 07-08 novembar 2024**	1
5.13	**Здружение на трансфузиолози на РМ, стручен состанок – Хемолитична болест на фетус и новородено, 3.4.2024 г.**	1
5.14	Стручен симпозиум на МАР, Новитети во неврорадиологијата, 25.2.2022	1
5.15	UNRS, Belgrade Stroke Forum, 10-11 june, 2023	1
5.16	Интернационален торакален имицинг курс, Македонско здружение за мускулно-скелетна радиологија, 14 – 15 ноември, Скопје, Македонија	1
5.17	Стручен состанок на Здружение на радиолози на Република Македонија, Респираторен дистерс кај новороденчиња и виртуелна бронхоскопија, 16.7.20214, Велес	1
5.18	Едукативен курс за напреднати радиолошки техники во ургентни состојби – трет курс, Центар за континуирана медицинска едукација, Универзитет во Нови Сад, Медицински факултет, 18 – 19.11.2015, Нови Сад	1
5.19	Едукативен курс за дијагностичка компјутерска томографијана цело тело – 13 курс, Центар за континуирана медицинска едукација, Универзитет во Нови Сад, Медицински факултет, 15 – 17.11.2015, Нови Сад	1
5.20	Shimadzu Center for application and training course, Digital X-Ray System for fluoroscopy, 09-13.11.2015	1
5.21	Школа за мускулно-скелетна радиологија, Медицински факултет, Универзитет во Белград, 13 – 15.5.2016	1
	ВКУПНО	**94,4**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	
1.	OGNENOSKA B, STEVKOVSKI J, **PASHOSKA M**, JOVANOVSKA Z, KAMCHEVA M, DIMITRIJEVIKJ K MRI FEATURES OF SACROCOCCYGEAL TERATOMA IN NEONATES Macedonian Journal of Anaesthesia, 2022-12-03	3

2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови**	
2.1	**Milkica Pashoska – Vasileska1**, Sonja Nikolova1, Kristina Dimitrijevik2, Natasha Hadzi Nikolova1, Biljana Ognenoska1, Ivana Panchevska1 RADIOLOGICAL DIAGNOSTIC APPROACHES IN CRYPTORCHIDISM – UTILITY, SENSITIVITY AND EFFECTIVENESS JMS 2024; Vol6(3):1-6 UDC: 616.681-007.41-073.763.5 doi.org/10.55302/JMS247301pv	3
2.2	**Milkica Pashoska1,4**, Sonja Nikolova1,4, Vesna Velikj Stefanovska2,4, Elizabeta Stojovska Jovanovska1,4, Maja Jakimovska Dimitrovska1,4, Kristina Dimitrijevikj3,4 COMPARATIVE ANALYSIS OF ULTRASOUND AND MAGNETIC RESONANCE IMAGING FOR THE EARLY DETECTION OF CRYPTORCHIDISM IN CHILDREN AND ITS CORRELATION WITH ORCHIDOPEXY FINDINGS *JMS 2024; Vol 7 (1):117-123 UDC: 616.681-007.41-073.763.5 616.681-007.41-073.432.19 https://doi.org/10.55302/JMS2471117pv*	3
2.3	Kristina Dimitrijevic1,2, Nadica Mitreska2,3, Biljana Prgova-Veljanova2,4, Sonja Nikolova 2,3, **Milkica Pashoska2,3** THE ROLE OF HIGH-RESOLUTION CT IN THE DETECTION AND DIFFERENTIATION OF PULMONARY CHANGES BETWEEN UIP AND NSIP PNEUMONIA **Journal of Morphological Sciences**, [S.l.], v. 6, n. 3, p. 56-67, dec. 2023. ISSN 2545-4706.	3
2.4	Kristina Dimitrijevikj**1**, Nadica Mitreska**2**, Sonja Nikolova**2**, Petar Janevski**2**, **Milkica Pashoska2** PULMONARY MANIFESTATION OF SARCOIDOSIS DETECTED WITH HIGH RESOLUTION COMPUTED TOMOGRAPHY JMS2023;Vol 6(2):59-65 UDC: 616.24-002.7-073.756.8:004 DOI: 10.55302/JMS2362059d	3
2.7	**Milkica Pashoska**, Elizabeta Stojovska Jovanovska, Zlatica Jovanovska, Marta Kamcheva, Marija Dukovska LARGE OVARIAN CYST PRESENTING AS WEIGHT GAIN IN AN ADOLESCENT GIRL: A CASE REPORT SSN 1409-6366 UDC 61 Vol · 27 (1) · 2022	3
2.8	Natasha Hadji Nikolova, Menka lazareska, Vjolca Aliji, Mitko Ilievski, Dejan Daskalov, Aleksandar Stojkoski, **Milkica Pashoska** ASSESSMENT OF LATE GADOLINIUM ENHANCEMENT IN CARDIAC MRI **Journal of Morphological Sciences**, [S.l.], v. 4, n. 2, p. 163-173, july 2021. ISSN 2545-4706.	3
4.	**Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција**	
4.1	XVII Balkan Congress of Radiology, Crete, Greece Okt 17-19.2019 **ROLE OF GADOLINIUM ENHANCED MRI AND DWI IN DIAGNOSIS OF RENAL ABSCESS IN CHILDREN** Elizabeta Stojovska-Jovanovska1; Maja Jakimovska-Dimitrovska1; Milkica Pasoska1; Mitko Ilievski1; Ace Dodevski2	1

	1. PHI University clinic of Radiology – Skopje 2. Insitute of Anatomy – Skopje	
4.2	Конгрес со меѓународно учество организиран од ПАГНИА и ЗНРМ, Струга, 8 – 11.5.2026	1
4.3	ESPR 57th Annual Meeting and 43rd Post graduate course, Belgrade Serbia, 05-09.06.2023 **PRIMARY CAVITATING TUBERCULOSIS IN AN 8-MONTH OLD INFANT** Ognenoska B, Dimitrijevikj K, Pashoska M, Stojovska Jovanovska E, Petrovski A	1
4.4	6. Конгрес на радиолозите на Македонија со меѓународно учество, 22 – 25.9.2014, Охрид **Двоен канален систем** М. Пашоска, Ј. Јошева, С. Николова, К. Митреска	1
	ВКУПНО	**25**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** Радиологија, декември 2017 год.	2
2.	**Раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија**	
2.1	Раководител на Одделение за педијатриска радиологија со компјутерска томографија и магнетна резонанца	1
3	**Експертски активности**	
3.1	Член на Стручна комисија за малигни заболувања од областа на детски болести во ЈЗУ Универзитетска клиника за детески болести – Скопје	1
3.2	Едукатор на здравствена едукација по ултрасонографска дијагностика на внатрешни органи	1
4	**Учество во клиничка студија:** Multicentar International Study Varicocele and Nutcracker Status in Children and Adolescents 2026-	1
	ВКУПНО	**6**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Студиски престој во странство**	
1.1	Сара Cerrahpasa, Истанбул, Турција, Компјутерска томографија и магнетна резонанца, 9.8.2015 – 4.9.2015 година	0,5
1.3	Центар за радиологија – Универзитетски клинички центар – Ниш, од 13.5.2024 до 24.5.2024 година	0,5
2.	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**	
2.1	Член на организациски одбор на Македонска асоцијација на радиолози (МАР)	0,5
	ВКУПНО	**1,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	94,4
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	25
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	6
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	1,5
Вкупно	**126,9**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Стојовска Јовановска, с.р.
Доц. д-р Соња Николова, с.р.
Доц. д-р Петар Јаневски, с.р.

Д-Р ДЕЈАН ДАСКАЛОВ

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Д-р **Дејан Даскалов** е роден на 17.9.1979 година, во Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје, со одличен успех. Во 1998 година ги започнал студиите на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирал во 2007 година и се стекнал со звањето **доктор на медицина**. Во периодот **2009 – 2011 година** работел како **фармацевтски менаџер на продажба** во фармацевтската компанија **Плива – Скопје**, каде што бил задолжен за менаџирање на продажбата и промоцијата на фармацевтски производи, стекнувајќи искуство во здравствениот менаџмент, комуникацијата со здравствени професионалци и организацијата на медицински активности. Во **2008 година** ја започнал специјализацијата по **радиодијагностика** на Медицинскиот факултет при УКИМ, која успешно ја завршил во **2013 година**, кога се стекнал со звањето **специјалист по радиологија**. Од **2011 година** е во редовен работен однос во **ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје**, каде што работи на Одделот за **неврорадиологија и интервентна радиологија**. Во текот на својата професионална кариера активно учествува во дијагностиката и третманот на пациенти со цереброваскуларни заболувања, мозочни аневризми и акутен исхемичен мозочен удар, како и во изведување на комплексни ендоваскуларни процедури. Во **2021 година** ја започнал супспецијализацијата по **интервентна радиологија**, која успешно ја завршил во **2026 година**, стекнувајќи се со звањето **супспецијалист по интервентна радиологија**. Неговата професионална определба е насочена кон современите минимално инвазивни ендоваскуларни техники, особено во областа на интервентната неврорадиологија. На трет циклус – докторски студии на Медицинскиот факултет при УКИМ се запишал во областа **Клиничка медицина**, а во **2025 година** успешно ја одбранил докторската дисертација и се стекнал со научниот степен **доктор на медицински науки**. Во **2020 година** е избран за **асистент по предметот Радиологија** на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Од тогаш активно учествува во реализацијата на практичната настава по предметот Радиологија за студентите на интегрираните студии по медицина и стоматологија. Во рамките на наставната дејност, учествува во подготовка на наставни материјали, практична и клиничка едукација, менторирање и супервизија на млади лекари и специјализанти, како и во организација на наставниот процес на Катедрата за радиологија. Во 2024 година е коавтор на универзитетскиот практикум **Клиничка радиологија 1 (Практикум)**, издаден од Медицинскиот факултет при УКИМ, кој претставува наставен материјал за студентите по медицина.

Со Решение бр. 04-161/2 од 26.1.2024 година е распореден на работното место раководител на Одделението за интервентна радиологија со ангиодијагностика при ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје.

Во рамките на своето стручно усовршување, кандидатот реализирал бројни едукативни престои, курсеви и обуки во реномирани европски и светски центри. Во 2014 година посетувал индивидуален тренинг за интервентни невроваскуларни процедури во **Tokuda Hospital – Софија**, каде што стекнал практично искуство во современите ендоваскуларни техники. Во 2016 година престојувал на **UCLA Center for World Health (САД),** во рамките на

програмата за клиничко набљудување по интервентна неврорадиологија. Во 2025 година е избран како учесник во престижната **ESMINT–EYMINT e-Fellowship Programme**, а истата година посетувал напреден курс за интервентна неврорадиологија во **Essen, Германија**. Во 2026 година успешно завршува повеќе меѓународни обуки од областа на ургентната радиологија, мозочниот удар и современите КТ-протоколи, организирани од **ESR** и **Angels Initiative**. Кандидатот активно учествува на национални и меѓународни конгреси, симпозиуми и работилници, континуирано следејќи ги најновите достигнувања во областа на интервентната и дијагностичката радиологија. Активно се служи со **англискиот јазик**, а има и **добро познавање на германскиот јазик**. Професионален член е на: **Македонската асоцијација на радиолози (MAP)**, **European Society of Radiology (ESR)** и **European Society of Minimally Invasive Neurological Therapy (ESMINT)**.

2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката дејност на д-р Дејан Даскалов е насочена кон областа на **дијагностичката и интервентната неврорадиологија**, со особен интерес за третманот на мозочни аневризми, акутниот исхемичен мозочен удар, механичката тромбектомија и современите ендоваскуларни техники. Во текот на својата научна кариера, активно учествува во подготовка и реализација на научноистражувачки проекти и е **автор и коавтор на повеќе научни трудови** објавени во домашни и меѓународни рецензирани списанија. Неговите трудови се публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор и опфаќаат теми поврзани со мозочните аневризми, механичката тромбектомија, мозочниот удар, неврорадиолошката дијагностика и интервентните процедури. Посебен научен интерес покажува кон анализата на исходот од ендоваскуларниот третман кај пациенти со акутен исхемичен мозочен удар, како и кон примената на современи техники за ендоваскуларно лекување на интракранијални аневризми. Во последните години, неговите истражувања резултираа со повеќе оригинални научни публикации поврзани со ефективноста на механичката тромбектомија, техниките на коилинг, како и анализата на факторите на ризик кај пациенти со руптурирани и неруптурирани мозочни аневризми. Покрај оригиналните научни трудови, активно учествува со усни и постерски презентации на бројни домашни и меѓународни конгреси, меѓу кои Македонскиот конгрес по радиологија, Европскиот конгрес по радиологија (ECR), WLNC & iCure Stroke Meeting и други научни собири од областа на интервентната неврорадиологија. Во рамките на академската дејност, активно учествува во подготовка на наставни материјали и е коавтор на практикумот **Клиничка радиологија 1**, наменет за студентите по медицина на Медицинскиот факултет при УКИМ. Научната работа на д-р Даскалов претставува континуирана поврзаност помеѓу клиничката пракса и современите научни достигнувања, со цел унапредување на интервентната неврорадиологија и подобрување на исходот кај пациентите.

3. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Стручно-професионалната дејност на д-р Дејан Даскалов е целосно насочена кон **дијагностичката и интервентната неврорадиологија**, при што повеќе од петнаесет години активно учествува во дијагностиката и третманот на пациенти со цереброваскуларни заболувања. Како специјалист, а подоцна и супспецијалист по интервентна радиологија во ЈЗУ Универзитетски институт за

радиологија, секојдневно изведува сложени ендоваскуларни процедури, меѓу кои: **церебрална ангиографија, механичка тромбектомија кај акутен исхемичен мозочен удар, емболизација на мозочни аневризми, стентирање и други интервентни невроваскуларни процедури**.

Активно учествува во работата на мултидисциплинарните тимови за третман на мозочен удар и невроваскуларни заболувања, обезбедувајќи современ пристап во лекувањето согласно со европските и светските препораки. Во текот на професионалната кариера, континуирано се усовршува преку учество на бројни меѓународни курсеви и обуки во Бугарија, Србија, Данска, Германија и САД, каде што се стекнува со практично искуство во најсовремените техники од интервентната неврорадиологија. Посебен придонес има во имплементацијата и развојот на современи ендоваскуларни техники во Институтот за радиологија, како и во оптимизацијата на дијагностичките и интервентните протоколи согласно со препораките на **European Society of Radiology (ESR)** и **European Society of Minimally Invasive Neurological Therapy (ESMINT)**. Покрај клиничката работа, активно е вклучен во едукацијата на специјализанти, млади лекари и студенти по медицина, со што придонесува кон развојот на нови кадри во областа на радиологијата. Со својата клиничка, научна и наставна активност, д-р Дејан Даскалов претставува еден од активните претставници на современата интервентна неврорадиологија во Република Северна Македонија, со значаен придонес во унапредувањето на клиничката пракса, академската настава и научноистражувачката работа.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Дејан Благоја Даскалов
(име, татково име и презиме)
Институција: УКИМ, Медицински факултет – Скопје, ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: радиологија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,27.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: медицински науки и здравство, поле: клиничка медицина, подрачје: радиологија.	ДА
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапни на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование **1.Назив на научното списание:** Journal of Medical Sciences (JMS) **2. Назив на електронската база на списанија:** Open Journal Systems (OJS) **3. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):** Вкупно **32 членови**: Република Северна Македонија – 12, Србија – 6, Бугарија – 3, Босна и Херцеговина – 2, Хрватска – 2, САД – 2, Велика Британија – 1, Канада – 1, Турција – 1, Словенија – 1, Полска – 1.	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	4. Наслов на трудот: *Impact of time-to-treatment and thrombectomy technique on outcomes in acute ischemic stroke: a single-center cohort analysis*. Journal of Medical Sciences (JMS). 2025;8(2):57–68. **5. Година на објава:** 2025.	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови **1. Назив на научното списание:** Japanese Journal of Medical Research **2. Меѓународен уредувачки одбор: Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 18 членови** – Јапонија (7), САД (3), Канада (1), Австралија (1), Кина/Хонг Конг (1), Франција (1), Аргентина (1), Нигерија (1), Република Северна Македонија (1), Турција (1). **3. Наслов на трудот:** *Coiling in patients with unruptured and ruptured brain aneurysms*. Japanese Journal of Medical Research. Published January 30, 2025. **4. Година на објава:** 2025.	ДА
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови **1. Назив на научното списание:** Journal of Medical – Clinical Research & Reviews **2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):** Меѓународен уредувачки одбор составен од членови од повеќе држави (Европа, Азија, Северна Америка и други региони). **3. Наслов на трудот:** *Size, localization and risk factors in ruptured and unruptured brain aneurysms*. Journal of Medical – Clinical Research & Reviews. 2025;9(1):1–7. **4. Година на објава:** 2025.	

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
3.4	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови **1. Назив на научното списание:** Macedonian Journal of Anaesthesia **2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји):** Меѓународен уредувачки одбор составен од членови од повеќе држави. **3. Наслов на трудот:** *Distinct MRI phenotypes of neurogenic vs. non-neurogenic cervicobrachial pain: a comparative study*. Macedonian Journal of Anaesthesia. 2025;9(3):39–44. doi:10.55302/MJA259339j. **4. Година на објава:** 2025	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски јазик Б2 според CEFR 2. Назив на документот: уверение 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 29.8.2025 година	ДА
5	**Има способност за изведување на високообразовна дејност**	**ДА**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Стојовска Јовановска, с.р.
Доц.д-р Соња Николова, с.р.
Доц. д-р Петар Јаневски, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Дејан Благоја Даскалов
(име, татково име и презиме)
Институција: УКИМ, Медицински факултет – Скопје, ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: радиологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава**	
	Одржување на вежби од прв циклус студии по предметот Радиологија, 2020 – 2026 година (Медицински факултет), 7 часа x 75 недели x 0,03	**15,75**
2.	**Консултации со студенти**	**1,20**
	(Од 2020 до 2026 година), 600 студенти x 0,002	
3.	**Едукатор на здравствена едукација (2020 – 2026 година)**	
	Едукатор на здравствена едукација на 100 кандидати 5 часа x 75 недели x 0,08	**30,00**
4	Позитивно рецензиран практикум – коавтор на „Практикум за вежби по клиничка радиологија 1“, за студенти по општа медицина и стоматологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје, 2024 (коавтор = 3 поени).	**3,00**
5	**Настава во школи и работилници**	
5.1	*Здружение на радиолози на Р Македонија* *Сертификат за учество на Стручен состанок* *1.10.2011 – 2.10.2011* *Дојран*	**1,00**
5.2	*Симпозиум „Невроинтервенција 6“* *Клинички центар – Ниш, Центар за радиологија* *21.6.2012 – 23.6.2012* *Ниш, Србија*	**1,00**
5.3	*Современа применета неврохирургија* *Сертификат за учество* *1.3.2013, Куманово*	**1,00**
5.4	*Конгрес на радиолози на Србија* *Сертификат за учество* *24.10.2013 – 27.10.2013, Ниш*	**1,00**

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
5.5	*Научно здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија „Дијабетес-комбинирана терапија и кардиоваскуларна безбедност“ 15.11.2013, Скопје*	**1,00**
5.6	*Здружение на радиолози на Р Македонија Стручен состанок: Респираторен дистрес кај новороденчиња и виртуелна бронхоскопија 16.7.2014, Велес*	**1,00**
5.7	*Individual Training Course in Interventional Neurovascular Procedures Tokuda Hospital – Софија, Оддел за неврохирургија 20.10.2014 – 12.12.2014*	**1,00**
5.8	*Clinical Observership Programme in Interventional Neuroradiology* UCLA Center for World Health, USA 6.9.2016 – 30.9.2016	**1,00**
5.9	Учество на состанок на Советот на Европа за кардиоваскуларна и интервентна радиологија Копенхаген, Данска, 16.9.2017 – 20.9.2017	**1,00**
5.10	Работилница на тема: „Глијални тумори на централен нервен систем“ Здружение на патолози на Република Македонија, 18.4.2019	**1,00**
5.11	Македонска асоцијација на радиолози Сертификат за учество на Прв стручен состанок – Стандардизација и оптимизација на протоколи и зрачни дози во радиологијата со посебен осврт на онколошки пациенти. 17.12.2021, Скопје	**1,00**
5.12	7th Macedonian National Congress of Radiology with International Participation Македонска асоцијација на радиолози, 9.11.2023 – 11.11.2023	**1,00**
5.13	WLNC & iCure Stroke Joint Meeting ICEC 7.5.2024 – 10.5.2024	**1,00**
5.14	*5th edition of the ESMINT–EYMINT e-Fellowship Programme* European Society of Minimally Invasive Neurological Therapy (ESMINT) Април 2025 – ноември 2025	**1,00**
5.15	*Advanced Management of Interventional Neuroradiology Treatments* Balt, Essen, Germany 25.4.2025 – 26.4.2025	**1,00**
5.16	Курс по Ургентна радиологија Македонска Асоцијација на Радиолози 5.2.2026 – 6.2.2026	**1,00**
5.17	*WOW CT Training* (20 hours) Angels Initiative 1.3.2026	**1,00**

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
5.18	*Hyper Acute Phase Training* (2 hours) Angels Initiative 1.3.2026	**1,00**
5.19	*Optimising the Hyperacute Pathway Training* (1,5 hours) Angels Initiative 1.3.2026	**1,00**
5.20	*Train the Trainer Workshop* Angels Initiative Март 2026	**1,00**
5.21	*European Congress of Radiology (ECR)* European Society of Radiology (ESR) Учество со презентација на научни трудови 4 – 8.3.2026 Vienna & Online	**1,00**
	Вкупно	**70,95**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование9**	**5**
1.1	Karce A, Janevski P, Aliji V, Daskalov D, Arifi N. Thrombectomy of a basilar artery. Journal of Medical Sciences (JMS). 2025;8(1):114–118. doi:10.55302/JMS2581114. (5 × 60% = 3,00)	**3,00**
1.2	Janevski P, Daskalov D, Nikolova S, Aliji V, Veljanovski D, Arsovska A, et al. Impact of time-to-treatment and thrombectomy technique on outcomes in acute ischemic stroke: a single-center cohort analysis. Journal of Medical Sciences (JMS). 2025;8(2):57–68. (5 × 60% = 3,00)	**3,00**

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование9**	**8 + и.ф.**
2.1	Daskalov D, Bundovska Kocev S, Aliji V, Srbinovska Kostovska E. Size, localization and risk factors in ruptured and unruptured brain aneurysms. Journal of Medical – Clinical Research & Reviews. 2025;9(1):1–7. ИФ 1,84: 4 + 1,84 = 5,840	**5,840**
2.2	Daskalov D, Janevski P, Aliji V, Srbinovska Kostovska E. Coiling in patients with unruptured and ruptured brain aneurysms. Japanese Journal of Medical Research. 2025;3(1):1–8. ИФ 2,40: 4 + 2,40 = 6,400	**6,400**
2.3	Daskalov D, Kostovski L, Janevski P, Stamenkovski N. Noncompletely occlusive net-assisted remodeling technique in coiling of wide-necked cerebral saccular aneurysms. EC Clinical & Medical Case Reports. 2024;7(8):1–5. ИФ 2,336: 4 + 2,336 = 6,336	**6,336**
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови9**	
3.1	Lazareska M, Aliji V, Jakimovska Dimitrovska M, Businovska J, Janevski P, Daskalov D, Kostov M, Papazova M. Endovascular treatment of intracranial aneurysm on anterior circulation. Acta Morphologica. 2018;15(1):29–38. (5 × 60% = 3,00)	**3,00**
3.2	Janevski P, Nikolova S, Daskalov D, Jakimovska Dimitrovska M, Bundovska Kocev S, Veljanovski D. Distinct MRI phenotypes of neurogenic vs. non-neurogenic cervicobrachial pain: a comparative study. Macedonian Journal of Anaesthesia. 2025;9(3):39–44. doi:10.55302/MJA259339j. (5 × 60% = 3,00)	**3,00**
3.3	Filipce V, Caparoski A, Kamiloski T, Daskalov D. Excellent outcome after early surgery for ruptured middle cerebral artery aneurysm complicated with intracerebral and intraventricular hemorrhage: a case report. Macedonian Medical Review. 2015;69(1):48–50. doi:10.1515/mmr-2015-0010. (5 × 60% = 3,00)	**3,00**

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
4.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови9**	
4.1	Даскалов Д, Јаневски П, Николова С, Алији В, Хаџи Николова Алчинова Н, Стаменковски Н. Ендоваскуларен третман кај синхрони билатерални интракранијални аневризми. Vox Medici. 2025;(129). (2 × 60% = 1,20)	**1,20**
5.	**Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција (1 поен по апстракт)**	
5.1	Endovascular thrombectomy in a 72-year-old stroke patient: a case study (2023).	**1,00**
5.2	Correlation between CMR and chest CT in assessment of constrictive pericarditis (ECR, 2024).	**1,00**
5.3	Assessment of late gadolinium enhancement in cardiac MRI (2021).	**1,00**
5.4	Mechanical thrombectomy in stroke – our ten months experience (2019).	**1,00**
5.5	Role of DWI/ADC in evaluation of brain tumor and monitoring treatment response (2016).	**1,00**
5.6	Negative pressure wound therapy for complex wounds in vascular surgery (ESCVS, 2016).	**1,00**
5.7	Local adjuvants following curettage of benign and intermediate bone tumors.	**1,00**
5.8	Glomus tumor with bilateral localisation.	**1,00**
	Вкупно	**42,78**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** Радиологија, 2013 год.	**2,00**
2.	**Завршена супспецијализација во областа на медицинските науки и здравството** Радиологија, 2026 год.	**1,00**
3.	Учество во клиничка студија: „Инцидентни лезии во дојка, детектирани со компјутерска томографија на граден кош“, реализирана на ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје	**1,00**

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
4.	Експертска активност – евалуација и стручно мислење како член на Стручна комисија за предоперативна евалуација и селекција за ендоваскуларен третман и интервентни процедури при ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје.	**1,00**
5.	Раководител на Одделението за интервентна радиологија со ангиодијагностика при ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје, согласно со Решение бр. 04-161/2 од 26.1.2024 година.	**1,00**
6.	Член на Второстепена лекарска комисија за лекување во странство при Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија Период: 21.6.2023 – 7.7.2025.	**1,00**
7.	Коавтор и стручен координатор за областа на интервентната радиологија на стандардна оперативна процедура (SOP) „Активирање на Stroke Team и селекција на пациенти за механичка тромбектомија кај акутен исхемичен мозочен удар“, ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје и ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје, бр. 01-4441/1 од 8.5.2026 година и бр. 0302-907/2 од 21.4.2026 година.	**1,00**
	Вкупно	**8,00**

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	**Студиски престој во странство**	
1.1	**Ronald Reagan UCLA Medical Center, Los Angeles, California, USA** Стручно усовршување од областа на интервентната неврорадиологија. Период: 5.9.2016 – 30.9.2016.	**0,50**
1.2	**Tokuda Hospital, Sofia, Bulgaria** Стручно усовршување од областа на васкуларната интервентна неврорадиологија. Период: 19.10.2014 – 12.12.2014.	**0,50**
2.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
2.1	**Член на Комисија за јавни набавки од голема вредност во ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје,** од 2018 година.	**1,00**
2.2	**Член на испитна комисија за полагање стручен испит на доктори на медицина при Лекарска комора на Република Северна Македонија** Мартовска испитна сесија – 26.3.2024 г., декемвриска испитна сесија – 18.12.2025 г. и априлска испитна сесија – 27.4.2026 г. x 3	**3,00**

Ред. број	Назив на активноста	Поени
2.3	**Член на Комисија за селекција на кандидати за вработување на доктори специјалисти радиолози во ЈЗУ Универзитетски институт за радиологија – Скопје, 2023 година.**	**1,00**
	Вкупно	**6,00**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	70,95
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	42,78
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	8,00
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	6,00
Вкупно	**127,73**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Стојовска Јовановска, с.р.
Доц. д-р Соња Николова, с.р.
Доц. д-р Петар Јаневски, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и изнесените податоци за досегашната активност на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Милкица Пашоска Василеска и д-р Дејан Даскалов.

Рецензентската комисија констатира дека кандидатите ас. д-р Милкица Пашоска Василеска и д-р Дејан Даскалов поседуваат соодветни научни, стручни и наставни квалитети и дека, согласно со одредбите од Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат условите за избор во наставно-научното звање **доцент** по предметите од **наставно-научната област радиологија**.

Врз основа на горенаведеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатите ас. д-р Милкица Пашоска Василеска и д-р Дејан Даскалов да бидат избрани во наставно-научното звање **доцент** по предметите од **наставно-научната област радиологија**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Стојовска Јовановска, с.р.
Доц. д-р Соња Николова, с.р.
Доц. д-р Петар Јаневски, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ СУДСКА МЕДИЦИНА И МЕДИЦИНСКА ЕТИКА И ДЕОНТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 25.5.2026 година, за избор на еден асистент во наставно-научната област судска медицина и медицинска етика и деонтологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3875/33, донесена на 22.6.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Горан Павловски, доцент на Катедрата за судска медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Наташа Битољану, доцент на Катедрата за судска медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Викторија Белакапоска Српанова, доцент на Катедрата за судска медицина при Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден асистент во наставно-научните области: судска медицина и медицинска етика и деонтологија, во предвидениот рок се пријави д-р Росица Чакар.

Д-р Росица Чакар

Биографски податоци и образование

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите, Комисијата заклучи дека: д-р Моника Арџанова, д-р Виктор Стоев, д-р Андријана Трајкова Марушевски, д-р Даниел Јанкоски, д-р Дарко Димитровски, д-р Ермира Хамзаи, д-р Стефан Крстевски, д-р Тамара Пејоска, д-р Рољанд Дука, д-р Александра Сервини Митровиќ, д-р Димитар Давидовиќ, д-р Александар Илиевски, д-р Филип Стојковски, д-р Арбијон Колари и д-р Гани Незири, поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето **асистент** во наставно-научната област хирургија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Моника Арџанова, д-р Андријана Трајкова Марушевски, д-р Дарко Димитровски, д-р Ермира Хамзаи, д-р Стефан Крстевски, д-р Рољанд Дука и д-р Гани Незири да бидат избрани во звањето **асистент** во наставно-научната област хирургија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Светозар Антовиќ, с.р.
Проф. д-р Симон Трпески, с.р.
Проф. д-р Елизабета Жоговска, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ТРИ АСИСТЕНТИ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НЕВРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 26.5.2026 година, за избор на 3 асистенти во наставно-научната област неврологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-3875/30 од 22.6.2026 година, донесена на XXXII редовна седница, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Бојан Бошковски, виш научен соработник на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Татјана Делева Стошевска, научен соработник на Медицинскиот факултет во Скопје, и д-р Слободанка Саздова Бурнеска, научен соработник на Медицинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на 3 асистенти во наставно-научната област неврологија, во предвидениот рок се пријавија 4 (четворица) кандидати: д-р Галина Христовска, д-р Василка Николоска, д-р Бисера Цветковска и д-р Шпреса Хасани.

Д-р Галина Христовска

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Галина Христовска е родена на 12.8.1992 година, во Скопје. Средното образование го завршила во СУГС „Никола Карев“, по што во 2011 година се запишала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала во 2017 година и се стекнала со звањето доктор по општа медицина со просечен успех 9,23. Во февруари 2018 година се здобила со лиценца за лекар по општа медицина.

Од октомври 2019 година започнала на специјализација по неврологија, на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што во 2025 година се стекнува со титулата специјалист по неврологија. Од 2024 година е докторанд на трет циклус студии по клиничка медицина на истиот факултет.

Од јануари 2019 година, кандидатката е во редовен работен однос во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје – Оддел за неврологија.

Д-р Христовска има активно познавање на англискиот и германскиот јазик, како и солидни компјутерски вештини, со одлично познавање на Microsoft Office (Word, Excel, PowerPoint, Outlook, Teams).

Д-р Христовска има присуствувано на бројни обуки од областа на неврологијата, и како млад истражувач активно учествува во научноистражувачки проекти.

2. Научноистражувачка дејност

Д-р Галина Христовска ги има објавено следниве научни трудови од медицинската област со и без импакт-фактор, од кои за овој избор го приложи:

- Arsovska A, Pejkov H, Poposka L, Doneva A, Angelova A, Rexhepi A, Hristovska G, Hroneska E, Chelikikj A, Bojkovska, Kanevche Tamara, Manev N, Vranjko E, Gashpar G - “GENERATION X – CHALLENGES IN ANTICOAGULATION!” - Academic Medical Journal, 2022.

- Aleksandra Angelova, Glorija Gashpar, Galina Hristovska, Gabriela Novotni, Nikolina Tanovska “Peripheral nerve involvement associated with HIV infection”, Symposium News in Neurology, a review of the pandemic and what directions further, 2022.
- Angelova, G. Gashpar, G. Hristovska, F, Trpcheski, - What is my diagnosis, doc? A case of a functional movement disorder. A renaissance in the field of functional movement disorders - 2nd Thematic conference on dementia neurodegeneration, Ohrid 2023.
- M. Trahkov Petkovska, E. Simeonovska Jovava, T. Voloshyn, S. Petrovski, M. Stojanovska, G. Hristovska – Dystonic tremor in systemic lupus erythematous and antiphospholipid syndrome – EAN Congress 2024,Finland.
- Novotni, Gabriela; Angelova, Aleksandra; Jaceva, I.; Plaseska Karanfilska, Dijana; Hasani, Semi; Hristovska, G.; Nikoloska; Cvetkovska, B.; Trpcevski, F.; Novotni, Antoni. (2024). GNB1 mutation - A (not so) rare cause for early onset dystonia. Parkinsonism; Related Disorders. 122. 106612. 10.1016/j.parkreldis.2024.106612.
- Trpcheski, F.; Angelova, Aleksandra; Hristovska, G.; Novotni, Gabriela. (2024). Cerebellar symptomatology following Covid-19 vaccination reveals breast cancer. Parkinsonism; Related Disorders. 122. 106748.10.1016/j.parkreldis.2024.106748.
- Angelova, Aleksandra; Novotni, Gabriela; Trpcheski, F.; Hristovska, G; Jacheva, I.. (2024). Lithium toxicity presented as parkinsonism and ataxia. Parkinsonism; Related Disorders. 122. 106863. 10.1016/j.parkreldis.2024.1068.
- Hristovska G.; Dzambazovska Zikova S. - Diagnostic Challenge: CNS Vasculitis Due to Hepatitis C Presenting with Multifocal Deficits - VIII Congress of the Macedonian Society for Neurology 2025.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Галина Мишо Христовска

Институција:

ЈЗУ Универзитеска клиника за неврологија

Научна област: *НЕВРОЛОГИЈА*

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 9,24.	да
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Cambridge B2 First (FCE) exam 3. Издавач на документот: British Council North Macedonia 4. Датум на издавање на документот: 11.8.2009 година	да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

В. н. сор. д-р Бојан Бошковски, с.р.
Н. сор. д-р Татјана Делева Стошевска, с.р.
Н. сор. д-р Слободанка Саздова Бурнеска, с.р.

Д-р Василка Николоска

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Василка Николоска е родена на 10.9.1993 г., во Прилеп. Со високо образование се стекнала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како доктор по општа медицина. Дипломирала во 2018 година, со просечен успех 8,51. За време на студиите завршила стаж од 6 месеци во Универзитетката клиника „Чапа“ во Истанбул, Турција, како дел од студиската програма Еразмус.

По завршениот шестмесечен стаж од Лекарска комора, во 2019 г. го положила државниот испит и се стекнала со лиценца за општ доктор.

Во 2019 г., волонтирала еден месец на Универзитетската клиника за неврологија во Скопје, а потоа неколку месеци работи на истата клиника со договор за дело. Од ноември 2019 година е во редовен работен однос на ЈЗУ УК за неврологија – Скопје.

Од април 2025 година, кандидатката е специјалист на Клиниката за неврологија.

Во моментот е специјалист невролог на позицијата одделенски лекар на Одделот за главоболки и болни синдроми.

Во учебната 2022/2023 година, кандидатката се запишала на докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје.

Во периодот од ноември 2020 до март 2022 година, работела во Ковид-центарот на Клиниката за неврологија.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик (според Европската јазична рамка на Советот на Европа CEFR – C_1 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје).

1. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

За време на специјализацијата, кандидатката зема активно учество во неколку научни собири (работилници, школи, тренинзи, симпозиуми и конгреси).

Во однос на научни собири, присуствувала на неколку онлајн собири и конгреси организирани во време на КОВИД-пандемијата, како што е 6th Congress of the European Academy of Neurology, во мај 2020 година.

Во периодот 2020 – 2021, партиципирала во проектот „Невродегенеративни болести“, во организација од Македонската асоцијација на студенти на Медицинскиот факултет.

Добитник е и на степендија за учество на неколку школи организирани од различни европски невролошки организации, кои се од исклучително значење за нејзиниот ран професионален развој.

Во Април 2022 година е учесник на 9от Eilat Интернационалниот едукативен курс за фармаколошки третман на епилепсии, со презентација на тема „ Phantom Absence ” во Ерусалим, Израел.

Во Мај 2022 исто така учествува и на невролошкиот симпозиум „Новините во неврологијата, осврт на пандемијата и со кои насоки понатаму“ со предавање на тема „Occlusion a. Percheron “.

Во Јуни и Јули 2022 година била учесник на 8от Конгрес на Европската Академија за Неврологија во Австрија и 14от Европски конгрес за епилепсии одржан во Швајцарија.

Во Мај 2023 е учесник на International Residential Course on Drug Resistant Epilepsies со презентација на тема „ Localizing value of hand posture during focal seizures ” во Tagliacozzo, Италија.

Во јуни 2023 повторно учествува на невролошкиот симпозиум со неколку апстракти.

Во јули 2023 година била учесник на работилницата „Angels Initiative Train the trainer“ во Mainz, Германија.
Во мај 2024 година била учесник на “EAN Spring School” во Австрија.
Во септември 2024 година, активно учествувала во 15. Европски конгрес за епилепсии со тема: Progressive myoclonic epilepsy (PME) due to mutation in the SEMA6B gene.

Во октомври 2024 година, успешно го заврши меѓународниот семинар: Salzburg Weill Cornell Seminar in Neurology, организиран од Open Medical Institute во Салцбург, Австрија, при што се стекна со 34 DFP-кредити за континуирана медицинска едукација од Австриската лекарска комора.

Во септември 2025 година, учествувала на 36. Европски конгрес за епилепсии во Лисабон, Португалија.

Во октомври 2025 година, активно учествувала на 8. Конгрес на Македонското невролошко здружение во Охрид, со тема: „Epilepsy associated with right frontal subcortical heterotopia: a 14-year case history with favorable medical response“.

Во април 2026 година, учествувала на курсот „EMG without pain: advanced course on patient-centered needle EMG examination“, организиран од Европскиот совет за акредитација на континуирана медицинска едукација.

Во април 2026 година, кандидатката од МЛД доби Благодарница за активно учество во извршување на целите и задачите на Македонското лекарско друштво.

Во мај 2026 година, учествувала на 14th Cognitive Day, организиран од Словенечкото невролошко здружение.

Научноистражувачка дејност

1. Nikoloska V, Cvetkovska E, Boskovski B. Progressive myoclonic epilepsy (PME) due to mutation in the SEMA6B gene – 15th Europian Epilepsy Congress, Abstract Book, September, Rome: P728, 2024
2. Stojkovska N, Nikoloska V, Stojanovski S, Jovanovski-Srceva M. Induction of hypothyroidism in albino wistar rats-experimental animal model. MJA Macedonial Journal of Anaesthesia: Vol.7 No 2, 22, October 2023
3. Krstevska-Balkanov S, Trajkova S, Pivkova-Veljanovska A, Nikoloska V, Very late relapse in Hodgkin disease: outcome of patient relapsing more than 24 years after primary chemo- and radiotherapy on rare location, Acad Med J 2023, 3(1):128-133 UDC:616.42-006.441-036.87
4. Nikoloska V, Adjami B, Cvetkovska B, Trpcevski F, Petrovska Cvetkovska D., Case report: Occlusion a.Percheron, Abstract book Symposium ‘News in neurology,a review of the pandemic and what directions further’, Struga :2022
5. Novotni G, Nikoloska V, Angelova A, Hristovska G, Gashpar G,Plaseska Karanfilska D. Frontotempporal dementia associated with SQSTM1 gene mutation and lower amyloid beta 1-42, DOI 10.2016/j.parkreldis.2024.106774
6. Novotni G, Nikoloska V, Angelova A, Cvetkovska B, Trpcevski F. GNB1 mutation – A (not so) rare cause for early onset dystonia DOI: 10.1016/j. parkreldis.2024.106612
7. Nikoloska I, Makarovska T, Nikoloska V, Krstevska Balkanov S. Evaluation of blood products distributation for clinical usage, Journal of the Macedonian Medical Associtation, Abstract book 2023: 131
8. Nikoloska I, Makarovska T, Nikoloska V, Krstevska Balkanov S. Troxerutin versus citrus bioflavonoids, Journal of the Macedonian Medical Associtation, Absract Book 2023: 138

9. Bozhinova Petkovska A, Nikoloska I, Nikoloska V, Todorovski B, Trajkova J., Anti Cw antibody in voluntary blood donor, Journal of the Macedonian Medical Associtation, Absract Book 2023: 141
10. Bozhinova Petkovska A, Nikoloska I, Nikoloska V, Todorovski B, Makarovska T., Review of issued FFP in the last three years in Republic of North Macedonia, Journal of the Macedonian Medical Associtation, Absract Book 2023: 142
11. Nikoloska I, Nikoloska V, Makarovska T, Useini S, Grubovik Rastvorceva R., Outdated (expired) blood units in the period from 2014 to 2022 year, Internation journal of Transfusion Medicine, Absract Book 2023: 359
12. Nikoloska I, Makarovska Bojadjieva T, Nikoloska V, Bozinova Petkovska E., Evaluation of clinical usage and of red blood cell concentrates, Internation journal of Transfusion Medicine, Absract Book 2024: 516
13. Kerala C, Arsov T, Petrovska Cvetkovska D, Nikoloska V, Cibrev D, Cvetkovska B. A Case of GNE myopathy mimicking clinical charcot marie tooth like syndrome, hereditary motor and sensory neuropathy, Abstract book Symposium ‘News in neurology,a review of the pandemic and what directions further’ 2022
14. Cvetkovska B, Nikoloska V, Petrovska Cvetkovska D., Case report: Veretebrobasilar dolichoectasia, Abstract book Symposium ‘News in neurology,a review of the pandemic and what directions further’ 2022
15. Trpcevski F, Nikoloska V, Cvetkovska B, Axhami B., Case report: Misdiagnosed absence, Abstract book Symposium ‘News in neurology,a review of the pandemic and what directions further’ 2022
16. Cibrev D, Nikoloska V, Petrovska Cvetkovska D., Therapeutic dillemas in patient with acquired focal epilepsy and significant comorbidities, Third Symposium of Macedonian neurological society ‘News in Neurology 2023’, 2023
17. Cvetkovska B, Nikoloska V, Milevska-Nikolovska K, Cvetkovska E., The importance of Early recognition of a focal sensory seizure, Third Symposium of Macedonian neurological society ‘News in Neurology 2023’, 2023

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: ***Василка Горан Николоска***
(име, татково име и презиме)

Институција: ***ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија***
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: ***НЕВРОЛОГИЈА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполне-тост на општите услови да/не**
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,51.	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение на ниво Ц1 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 4. Датум на издавање на документот: 17.3.2026 година	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

В. н. сор. д-р Бојан Бошковски, с.р.
Н. сор. д-р Татјана Делева Стошевска, с.р.
Н. сор. д-р Слободанка Саздова Бурнеска, с.р.

Д-р Бисера Цветковска

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Бисера Цветковска е родена на 20.12.1993 година, во Скопје. Средното образование го завршила во СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“ со одличен успех, по што во 2012 година се запишала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломирала во 2018 година со просечен успех 8,78 и се стекнала со звањето доктор по општа медицина. Во декември 2018 година се здобила со лиценца за работа издадена од ЛКМ, по положувањето државен испит.

Во периодот од март до мај 2019 година, работела како општ лекар во ПЗУ АЕ Медика – Скопје.

Во мај 2019 година се вработила во ЈЗУ Здравствен дом Железничар – Скопје, во Одделот за превентивна медицина. Во октомври 2021 година, кандидатката започнува со специјализација по неврологија. Во моментот го реализира последниот семестар од специјализантските турнуси.

Од септември 2022 година, д-р Бисера Цветковска е во редовен работен однос при Универзитетската клиника за неврологија.

Кандидатката има активно познавање на англискиот јазик, како и одлично познавање на Microsoft Office (Word, Excel, PowerPoint, Outlook, Teams).

Активен член е на: Македонското здружение на невролози, Македонското лекарско друштво, Македонската асоцијација за мозочен удар и Europian Academy of Neurology.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Во текот на специјализацијата по неврологија, кандидатката д-р Бисера Цветковска активно учествува во неколку научни работилници, едукативни школи, симпозиуми и конгреси од областа на неврологијата.

Во октомври 2019 година земала активно учество на симпозиумот „Денови на превентивна медицина”, Охрид, РС Македонија, со усна презентација: Abstract book – Association between chronic low back syndrome and osteoporosis in correlation with gender and vitamin D levels in office workers.

Во ноември 2021 година, активно го следи онлајн невролошкиот симпозиум „Новитети во неврологијата, ковид и постковид пандемиски период, последици и проценка на невролошки импликации“.

Во 2022 и 2023 година, земала активно учество на невролошките симпозими со усни презентации, издадени во апстракт книгите, во Сесија за млади невролози.

Во декември 2022 година се здобила со: Certificate for successfully participated in a learning activity for Continuum Issue (Neuroinfectious Diseases and Headache), издаден од страна на American Academy of Neurology and the World Federation of Neurology.

Во јуни 2023 година, активно учествувала на 11th Migrating Course on Epilepsy – ILAE во Белград, Србија.

Во декември 2023 година го посетила EAN regional teaching course, организиран во Скопје, Р Македонија.

Во април 2024 година учествувала на Belgrade Neuroscience Next Hub 2024, на Медицинскиот факултет во Белград.

Во декември 2024 година учествувала на 20. Конгрес на Српското невролошко здружение во Белград, Србија.

Во октомври 2025 година учествувала на Осмиот конгрес на Македонското невролошко здружение, Охрид, Р Македонија.

Научноистражувачка дејност

Д-р Бисера Цветковска ги има објавено следниве научни трудови од медицинската област со и без импакт-фактор, од кои за овој избор го приложи:

1. Arsovska A, Angelova A, Mitrevska Velkov J, Karimani J, Gashpar G, Hasani S, Janevski P, Kukoska T, **Cvetkovska B.**, Alili D, Axhami B, Dimovski F, Trpcheski F. Quality of Acute Stroke Care at the Department of Urgent Neurology / University Clinic for Neurology: Analysis of Process Metrics and Outcomes During the First Half of 2025. Academic Medical Journal. **2025**;5(3):100–106. DOI: 10.53582/AMJ2553100a.

2. Novotni G., Angelova A., Jaceva I., Plaseska Karanfilska D. , Hasani S, Hristovska G, Nikoloska V, **Cvetkovska B.**, Trpcevski F, Novotni A . (**2024**). GNB1 mutation - A (not so) rare cause for early onset dystonia. Parkinsonism; Related Disorders. 122. 106612. 10.1016/j.parkreldis.2024.106612

3. Filip Trpcheski, **Bisera Cvetkovska**, Marija Babunovska, Bojan Boshkovski, Dijana Plasheska- Karanfilska, Emilija Shukarova-Stefanovska and Emilija Cvetkovska. A Case of periventricular nodular heterotopia and a neddl4l gene variant of uncertain significance. Mac Med. Preview, **2023** 77(2) : 105-110. ISSN: 0025-1097.

4. Bozinovski J. , **Cvetkovska B.** , Cibrev D. , Milevska-Nikolovska K. , Hasani Sh., Petrovska-Cvetkovska D., Dolnenec-Baneva N., Unexpected mimicry: Acute neurological deficit as the first manifestation of aortic dissection. 8 th Abstract book Congress of the Macedonian Neurological Society – From theory to therapy. 2025

5. **Cvetkovska B.**, Nikoloska V, Milevska-Nikolovska K, Cvetkovska E., The importance of early recognition of a focal sensory seizure, Abstract book Third Symposium of Macedonian neurological society ‘News in Neurology 2023’, 2023.

6. Trpcevski F, Nikoloska V, **Cvetkovska B.**, Axhami B., Case report: Misdiagnosed absence, Abstract book Symposium ‘News in neurology, a review of the pandemic and what directions further’ 2022.

7. Kerala C. , Arsov T., Petrovska Cvetkovska D., Nikoloska V., Cibrev D. , **Cvetkovska B**. A Case of GNE myopathy mimicking clinical Charcot Marie tooth like syndrome, hereditary motor and sensory neuropathy, Abstract book Symposium ‘News in neurology, a review of the pandemic and what directions further’ 2022.

8. Cvetkovska B., Nikoloska V. , Petrovska Cvetkovska D., Case report: Veretebrobasilar dolichoectasia, Abstract book Symposium ‘News in neurology,a review of the pandemic and what directions further’ 2022.

9. Nikoloska V., Adjami B., **Cvetkovska B.,** Trpcevski F., Petrovska Cvetkovska D., Case report: Occlusion a.Percheron, Abstract book Symposium ‘News in neurology,a review of the pandemic and what directions further’, Struga :2022.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат **Бисера Глигор Цветковска**

Институција: ***ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија***

Научна област: ***НЕВРОЛОГИЈА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,78.	Да
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение на ниво В2 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 4. Датум на издавање на документот: 2.6.2026	Да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

В. н. сор. д-р Бојан Бошковски, с.р.
Н. сор. д-р Татјана Делева Стошевска, с.р.
Н. сор. д-р Слободанка Саздова Бурнеска, с.р.

Д-р Шпреса Хасани

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Шпреса Хасани е родена на 24.8.1990 година, во Прилеп. Средното образование го завршила во ОСМУ „Никола Штејн“ во Тетово, каде што се стекнала со стручно образование – медицинска сестра-техничар со одличен успех.

По завршувањето на средното образование, своето високо образование го продолжила на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што се стекнала со звањето доктор по медицина.

Во периодот од 2015 до 2018 година била професионално ангажирана во Здравствениот дом – Скопје како доктор по општа медицина во Итната медицинска помош – Скопје. Во периодот од 2018 до 2019 година, продолжила со професионален ангажман како советник за примарна здравствена заштита при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје.

Од 2019 година, својата професионална активност ја насочува кон областа на неврологијата. Во јуни 2025 година се стекнала со звањето специјалист по неврологија. Во моментов е ангажирана како специјалист по неврологија во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје.

Во текот на професионалниот развој, кандидатката континуирано го унапредува своето стручно знаење преку учество во научноистражувачки активности, континуирана медицинска едукација и учество на национални и меѓународни стручни и научни конгреси.

Кандидатката активно го користи англискиот јазик, а според доставената биографија, поседува познавање и на албански и македонски јазик, како и компјутерски вештини за работа со Microsoft Word, Excel, PowerPoint, Internet и електронска медицинска документација.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА

2.1. Научноистражувачка дејност

Кандидатката д-р Шпреса Хасани е активно вклучена во научноистражувачката работа во областа на неврологијата, со особен интерес за невродегенеративните заболувања, деменцијата и современите аспекти на грижата за пациентите со невролошки заболувања. Во доставената биографија се наведени следните научни и стручни остварувања:

I. РЕЦЕНЗИРАНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

1. Novotni G, Taneska M, Novotni A, Fischer J, Iloski S, Ivanovska A, Dimitrova V, Novotni L, Milutinović M, Joksimoski B, Chorbev I, Hasani S, Dogan V, Grimmer T, Kurz A. North Macedonia interprofessional dementia care (NOMAD) – personalized care plans for people with dementia and caregiver psychoeducation delivered at home by interprofessional teams. Frontiers in Dementia. 2024;3:1391471. DOI: 10.3389/frdem.2024.1391471.
2. Dogan V, Taneska M, Novotni G, Iloski S, Novotni A, Dimitrova V, Milutinović M, Novotni L, Weber A, Joksimoski B, Chorbev I, Hasani S, Ivanovska A, Grimmer T, Fischer J. On dementia, duties, and daughters. An ethical analysis of healthcare professionals being confronted with conflicts regarding filial duties in informal dementia care. Frontiers in Psychiatry. 2024;15:1421582. DOI: 10.3389/fpsyt.2024.1421582.
3. Ivanovska A, Taneska M, Farina N, Iloski S, Micevska M, Fischer J, Dogan V, Milutinovic M, Novotni L, Hasani S, Grimmer T, Kurz A, Novotni G. Cross-cultural Adaptation and Psychometric Evaluation of the Macedonian C-DEMQOL: A Carer Quality of Life Measure using data from the NOMAD Trial. Alzheimer's & Dementia. 2025. DOI: 10.1002/alz70858_106446.

4. Arsovska A, Angelova A, Mitrevska Velkov J, Karimani J, Gashpar G, Hasani S, Janevski P, Kukoska T, Cvetkovska B, Alili D, Axhami B, Dimovski F, Trpcheski F. Quality of Acute Stroke Care at the Department of Urgent Neurology / University Clinic for Neurology: Analysis of Process Metrics and Outcomes During the First Half of 2025. Academic Medical Journal. 2025;5(3):100–106. DOI: 10.53582/AMJ2553100a.
5. Kolari F, Jakupi A, Bozhinovski J, Mahmudi E, Hasani S, Arsovska A. Transverse Sinus Thrombosis Presenting with Early Neurocognitive and Psychiatric Manifestations: A Case Report. Academic Medical Journal. 2026;6(2):139–142.

II. КОНГРЕСНИ АПСТРАКТИ И НАУЧНИ ПРЕЗЕНТАЦИИ

6. Arsovska A, Hasani S, Mitrevska Velkov J, Angelova A, Dalipi T, Stojkovska F, Cvetkovska B, Dimovski F, Kukoska T, Alili D, Chepreganova-Changovska T. Improvements and Challenges in Acute Stroke Care at the Department for Urgent Neurology at the University Clinic of Neurology-Skopje: Results from the Second Quarter 2025. 8th Congress of the Macedonian Neurological Society, 2025.
7. Novotni G, Taneska M, Novotni A, Fischer J, Iloski S, Ivanovska A, Dimitrova V, Novotni L, Milutinović M, Joksimoski B, Chorbev I, Hasani S, Dogan V, Grimmer T, Kurz A. North Macedonia interprofessional dementia care (NOMAD) – personalized care plans for people with dementia and caregiver psychoeducation delivered at home by interprofessional teams. Alzheimer's & Dementia. 2024;20(Suppl. 8):e095474. DOI: 10.1002/alz.095474. Конгресен/podium abstract.
8. Neurogenetics in North Macedonia. Scientific program, Neurogenetics workshop, 19 April 2025. Д-р Шпреса Хасани како презентер за Северна Македонија.

2.2. Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Кандидатката д-р Шпреса Хасани својата стручно-применувачка дејност ја реализира преку непосредна клиничка работа како специјалист по неврологија во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија – Скопје. Претходното професионално искуство во областа на итната медицинска помош и примарната здравствена заштита претставува значајна основа во развојот на нејзините клинички и професионални компетенции, особено во проценката на здравствената состојба, дијагностичкиот пристап и иницијалното згрижување на пациенти со акутни и хронични заболувања.

Во рамките на својата професионална активност, кандидатката активно придонесува во работата на здравствената установа и во активности од поширок професионален и општествен интерес. Член е на Европската академија за неврологија (European Academy of Neurology – EAN), Македонското здружение на невролози, како и на други професионални организации и иницијативи.

Особено значаен аспект на нејзината стручно-применувачка дејност претставува **учеството во работата на Првостепената комисија за издавање на конзилијарно мислење со наод за остварување на право на паричен надоместок за попреченост на потполно глуво лице,** во својство на член на Комисијата.

Во рамките на овој ангажман, кандидатката учествувала во стручната медицинска проценка на здравствената и функционалната состојба на лицата за кои се спроведува постапка за остварување на соодветното право, со разгледување и евалуација на релевантната медицинска документација и примена на стручните медицински критериуми и пропишаната постапка.

Учеството во работата на Првостепената комисија претставува значаен придонес во **стручно-применувачката дејност и дејноста од поширок**

интерес, преку непосредна примена на медицинското знаење, клиничкото искуство и професионалната експертиза во процесот на медицинска проценка и поддршка на остварувањето на права од областа на социјалната и здравствената заштита.

2.3. Континуирана медицинска едукација и професионално усовршување

Во текот на својата професионална кариера, кандидатката континуирано учествува во активности за стручно усовршување, медицинска едукација и научна размена, со цел следење на современите достигнувања во неврологијата и нивна примена во клиничката практика.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат Шпреса Синан Хасани

Институција: ***ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија***

Научна област: ***НЕВРОЛОГИЈА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполне-тост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,01.	Да
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение на ниво Б2 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 4. Датум на издавање на документот: 2.6.2026	Да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

В. н. сор. д-р Бојан Бошковски, с.р.
Н. сор. д-р Татјана Делева Стошевска, с.р.
Н. сор. д-р Слободанка Саздова Бурнеска, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија детално ја разгледа доставената документација на кандидатките д-р Галина Христовска, д-р Василка Николоска, д-р Бисера Цветковска и д-р Шпреса Хасани.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатките, Комисијата заклучи дека д-р Василка Николоска, д-р Бисера Цветковска и д-р Шпреса Хасани поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето **асистент** во наставно-научната област неврологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Василка Николоска, д-р Бисера Цветковска и д-р Шпреса Хасани да бидат избрани во звањето **асистент** во наставно-научната област неврологија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

В. н. сор. д-р Бојан Бошковски, с.р.
Н. сор. д-р Татјана Делева Стошевска, с.р.
Н. сор. д-р Слободанка Саздова Бурнеска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВРЕДНОСТ НА МУЛТИПАРАМЕТРИСКАТА МАГНЕТНА РЕЗОНАНЦА ВО ДЕТЕКЦИЈА НА КАНЦЕР НА ПРОСТАТА“ ОД Д-Р МАША РАДЕ КОСТОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 73 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, член 275 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XXXII редовна седница одржана на 22.6.2026 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р МашаКостова со наслов: „Вредност на мултипараметриската магнетна резонанца во детекција на канцер на простата“, во состав: проф. д-р Елизабета Стојовска-Јовановска (претседател), проф. д-р Аце Додевски (ментор), проф. д-р Билјана Пргова-Вељанова (член) проф. д-р Смилјана Бундовска-Коцев (член) и проф. д-р Сашо Дохчев (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја разгледа доставената докторска дисертација, нејзината научна поставеност, методолошка заснованост, добиените резултати, дискусијата, заклучоците и применливоста на наодите во клиничката практика. По извршената анализа, Комисијата до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Маша Раде Костова е изработена на 106 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со проред 1 и големина на букви 12, содржи 139 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Текстот е структуриран во осум основни поглавја: Вовед, Мотив за изработка на студијата, Цели на студијата, Материјали и методи, Статистичка анализа, Резултати, Дискусија и Заклучок. На почетокот се дадени апстракти на македонски и англиски јазик, клучни зборови, содржина и листа на кратенки. Резултатите се претставени со табели, графички прикази и илустративен материјал.

Трудот е посветен на актуелен клинички проблем од областа на радиологијата и урогениталната дијагностика: вредноста на мултипараметриската магнетна резонанца во разликувањето на бенигните од малигните промени на простатата и во локализирањето на суспектните лезии пред биопсија. Изложувањето последователно ги поврзува теоретската основа, клиничкиот мотив, поставените цели, методологијата, статистичката обработка и добиените резултати.

Вовед

Во **воведот,** кандидатката дава општи податоци за анатомијата и физиологијата на простатата и се осврнува на анатомската зонска поделба, која е нејзината функција во машкиот репродуктивен систем, како и улогата во созавање на семена течност. Дава и краток осврт на патолошките процеси кои се јавуваат од бенигна простатична хиперплазија (БПХ), инфламаторни состојби до карцином. Епидемиологијата и биологијата на карциномот на простата, анатомската и зонската поделба на жлездата, простата-специфичниот антиген, дигиторектални преглед, трансректалната ултразвучно водена биопсија, PI-RADS системот и патохистолошката градација според Глисон. Посебно се разгледани Т2 пулс-секвенците, дифузионото снимање со ADC-мапа, динамичките постконтрастни серии и MR-спектроскопијата.

Мотивот е изведен од ограничувањата на TRUS-водената биопсија кога точната локализација на промената не е однапред визуелизирана. Кандидатката ја образложува улогата на мултипараметриската MR како неинвазивна метода што може да ја подобри селекцијата на пациентите за биопсија и да овозможи попрецизно насочување кон суспектниот регион.

Основната цел е да се испита вредноста на мултипараметриската MR во раната детекција на карцином на простата, односно во дистинкцијата на бенигните од малигните промени, со корелација на MR-наодот со патохистолошкиот резултат од TRUS-водена биопсија. Секундарните цели ја опфаќаат поединечната дијагностичка вредност на T2, DWI/ADC, динамичките постконтрастни серии и спектроскопијата, определувањето гранична ADC-вредност и споредбата на DWI/ADC со спектроскопијата.

Во **воведот** на трудот, изложени се општи анатомски и физиолошки податоци за простатата , епидемиолошкиот апект на карциномот на проста,анатомска поделба на простатата,биологија на карцином на простата како и дијагностичките модалитети на истиот,односно простата специфичен антиген, ТРУС биопсија,дигиторектален преглед и мултипараметриската магнетна резонанца со опис на секој параметар поединечно, целите на истражувањето и причините како и истражувачките прашања.

Во **првата глава,** јасно и детално е разработена епидемиологијата на карциномот на простата, анатомската поделба на простатата, биологија на карциномот на простата и како тој се дијагностицира. Кандидатката дава детален опис на простата-специфичниот антиген и неговите молекуларни облици, како и референтните вредности. Понатаму следува опис на дигиторектален преглед, ТРУС-биопсијата, како се изведува и нејзините недостатоци, по што кандидатката прави детален осврт на мултипараметриската магнетна резонанца кое започнува со историјат за нејзиниот развиток за потоа да следи детален осврт на секој од четирите параметри поединечно. Во првиот дел од воведот, даден е краток осврт на епидемиологијата на карциномот на простата со податоци преземени од Global Cancer Observatory GLOBOCAN. Според овие податоци, инциденцата на карциномот на простата и стапката на морталитет се во исклучително силна корелација со возраста на пациентите. Највисока инциденца се забележува во возрасната група мажи над 65 години. Понатаму следува детален опис на анатомијата на простатата по McNeal со нејзина зонска поделба, со функционално-патолошка поделба на четири основни зони: периферна зона, транзиторна зона, централна зона и антериорна фибромускуларна строма. По ова, кандидатката се осврнува на биологијата на карциномот на простата каде што следува детален опис на тумор-маркерот за простата, простата специфичен антиген (ПСА), каде што тој се создава и неговите молекуларни облици и изоформи. Дадено е објаснување за значењето на покачените вредности, како и значењето на патолошките соодноси со референтни вредности на ПСА за секоја возраст. Следи краток осврт за дигиторeталниот преглед и ТРУС-биопсијата во смисла на предности и недостатоци на истите. Кандидатката дава најголем акцент на описот на мултипараметриската магнетна резонаца (мпМР). Тој започнува со историјат од првата магнетна резонаца на простата во 1982 година, нејзиниот развиток со дополнување на нови секвенци кои го следат и развитокот на самата апаратура, како и резолуцијата на сликите, сè до воведувањето на мултипараметриската МР во деведесеттите години на минатиот век. Понатаму, кандидатката детално се задржува и ги разработува секоја од секвенците одделно со детално објаснување на физичките перформанси и значењето на секоја секвенца одделно. Прво се осврнува на T2 пулс-секвенцата која дава податок за морфолошкиот изглед на промените. Посебен акцент е даден на дифузијата, поточно нејзината нумеричка АДЦ-мапа и спектроскопијата. Првата која дава податоци за целуларноста на ткивото при што во поново време се дадени точни нумерички вредности кои се среќаваат во здраво простатично ткиво и се разикуваат во централната и латералната зона. Во делот за спектроскопијата се говори за различна концентрација на три метаболити кои се среќаваат во нормално и патолошки променето простатично ткиво, цитрат, холин и креатин, како и значењето на нивниот сооднос. Постконтрастните

серии се анализираат преку постконтрастни криви. Воведниот дел завршува со приказ и опис на патохистолошката градација на карциномот на простата – Глисонов скор, кој го опишува архитектонскиот патерн и нивото на диференцијација на клетките на туморот.

Мотив за изработка на студијата

Во **втората глава** на трудот, изложени се и мотивот и целите на истражувањето кои се јасно дефинирани и конципирани. Главен мотив за изработка на овој труд е да се докаже дека мултипараметриската МР е исклучително битна дијагностичка алатка во рана детекција на карцином на простата. Нејзината можеби најзначајна улога, освен во детекција на карциномот, е и можноста за прецизно лоцирање на карциномот, што значајно ја олеснува работата на урологот во изедување на ТРУС-биопсијата. Мултипараметриската МР во голем процент ја редуцира бројката на пациенти кои ќе завршат на биопсија, болна, инвазивна и непријатна процедура, поради покачени вредности на PSA, со што претставува одличен тријажен тест.

Цели на студијата

Оттука произлегува и **главната цел** на ова истражување, која е објаснета во **третата глава** од трудот. Како основна цел, кандидатката ја наведува: Испитувањето на вредноста на мултипараметриската магнетна резонанца во рана детекција на карцином на простата во смисла на дистинкција на бенигни од малигни промени. Наодот на МР се корелира со патохистолошкиот наод добиен од ТРУС водена биопсија.

Како секундарни цели се наведени неколку, а тие вклучуваат испитување на сите параметри одделно, како и корелација на оние кои ја мерат целуларноста на ткивото и ткивните метаболити: се испитува дијагностичката вредност на Т2 пулс-секвенцата корелирано со ПХ наод од биопсија; се испитува дијагностичката вредност на дифузијата со нејзината нумеричка ADC мапа корелирано со ПХ наод од биопсија;се испитуваат нумеричките вредности на ADC мапата ,односно граничната вредност која прави дистинкција на бенигна од малигна лезија;се испитува дијагностичката вредност на постконтрастните серии корелирано со ПХ наод од биопсија;се испитува дијагностичката вредност на спектроскопијата корелирано со ПХ наод од биопсија;се испитува дијагностичката вредност на дифузијата и ADC мапата кои ја одредуваат целуларноста на ткивото во однос на спектроскопијата која ги одредува метаболитите во даден воксел.

Материјали и методи

Материјалите и методите се опишани во **четвртата глава,** каде што кандидатката наведува дека студијата се спроведедувала во ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември “ во Скопје, во периодот од јуни 2024 до декември 2025 год. Според дизајнот, студијата е отворена кохортна проспективна студија, нерандомизирана (пациентите се вклучени по индикација). Анализирани 116 испитаници од машки пол на возраст од 40 до 85 години со покачени вредности на простата специфичен антиген (PSA). Сите пациенти се претходно опсервирани од уролог. Претходно е направен ултразвучен преглед, ректално туше и лабораториски испитувања со евалуација на PSA-вредности. Пациентите со лесно покачен PSA, како и оние со покачен PSA до 15 нг/мл, а кај кои не се визуелизира неопромена, или ректалното туше е негативно, се евалуираат на МР. По претходно потпишана согласност, тие се испитувани на апарат Siemens Essenza 1,5 T со користење на body phased array 16 канален коил.

По ова следи опис на ПИ РАДС класификацијата која е прикажана во табела, каде јасно се презентирани сите пет категории,нивното значење, како и како се доаѓа до дадениот збир односно бодување на промените од 1 до 5 или од 1 до 3 (во случај на постконтрастните криви). По ова следува детален опис на сите четири параметри во склоп на мп МР,како тие се изведуваат како и опис на бодувањето на промените кои потоа се прикажуваат како вкупен збир во ПИ РАДС класификацијата. Описот започнува со Т2 пулс-секвенцата: се реализира МР на мала карлица во стандардни пулс-секвенци и рамнини од кои најважна е Т2 HASTE

трансверзална рамнина, на која иницијално ги демаркираме суспектните зони, кои се презентираат како хипосигнални промени. Во постпроцесингот на Т2 оценувањето оди на следиов начин:1-се означува хомоген хиперсигнален паренхим(нормален) 2- се означува дискретно хиперсигнална триаглеста или неправилна лезија,со 3-нешто поизразено хиперсигнална промена јасно или лошо ограничена, 4-интензивно хипосигнална јасно или лошо ограничена лезија без екстракапсуларна пропагација <од 1,5 цм 5-изразено хипосигнална промена ≥1,5цм ,која врши надув или пробив на капсулата. По ова следи опис на дифузијата со нејзината нумеричка ADC (Apparent diffusion coefficient) мапа која даваувид во целуларноста на ткивото. Во постпроцесингот истите се оценуваат на следниов начин: 1. нема хиперсигнал, односно нема абнормалност на ADC- мапата; 2. дискретен хиперсигн со дискретен хипосигнал на ADC; 3. фокална абнормалност која е дискретно хипосигнална на ADC, односно хиперсигнална на дифузија; 4. фокална абнормалност <од 1,5 цм која е значително хипосигнална на ADC со назначен хиперсигнал на дифузија; 5. исто како 4 скорот но > од 1,5 см со екстрапростатична експанзија. Постконтрастни динамички серии серии се евалуира динамиката на uptake от,васкуларизацијата. Тоа се Т1 пулс-секвенци каде што се аплицира болус контрастно средство(Gadovist, Bayer Shering Pharma AG, Berlin, Germany) 1.0ммол/мл . На постпроцесингот, оценувањето е на следниов начин: 1. тип 1 крива која постепено расте; 2. тип 2 крива каде што по нагорен раст се следи плато; 3. тип 3 крива каде што по одреден раст се следи пик по кој следува брзо опаѓање) . Четвртиот параметар е спектроскопија со која се евалуираат дадени метаболити (цитрат, кој е присутен во високи концентрации во нормално, здраво простатично ткиво, како и холин и креатин – метаболити кои се среќаваат во патолошки променето ткиво на простата) во даден воксел и соодносот помеѓу нив. Во постпроцесингот оценувањето е на следниов начин: 1. холинскиот пик е значително понизок од цитратот се оценува со 1; 2. холинот е покачен, но е сепак понизок во однос на цитратот; 3. холинот е скоро на исто ниво со цитратот; 4. холинот е лесно покачен во однос на цитратот; 5. холинот е значително покачен во однос на цитратот. Во делот **Материјали и методи** е вклучен и цртеж од шаблон, темплејт, на зоните на простата на која се исцртуваат промените видени на МР со цел за попрецизна ТРУС-биопсија.

Кандидатката како критериуми за вклучување наведува: покачени вредности на PSA поголем од 4 нг/мл, покачени вредности на PSA кои не се регулираат по аплицирана терапија и тврдина на дигиторектален преглед, додека како критериуми за исклучување од студијата се наведени: вграден остеосинтетски материјал пред 2010 година, како и ОСМ за кои нема официјален документ за магнеторезистентност, пациент со ПЕЈС МЕЈКЕР за кој не постои официјален документ за магнеторезистентност, пациенти со вграден коронарен стент за кој не постои официјален документ за магнеторезистентност, пациенти со клаустрофобија кои не можат да го издржат прегледот,пациенти со ПИРАДС 1 кои според протоколите не подлежат на биопсија со што не може да се верифицира наодот од МП МР.

Статистичка анализа

Во **петтата глава** е прикажан начинот на статистичка обработка на податоците. Анализата е изведена во SPSS 25.0. Нормалноста на распределбата е проверена со Shapiro-Wilk тест, а за споредба на категоријалните и нумеричките податоци се користени Chi-square тест, Fisher exact тест и Mann-Whitney тест. Дијагностичката способност на испитуваните MR-параметри е оценета со ROC анализа и AUC, како и со пресметување на сензитивност, специфичност, позитивна и негативна предиктивна вредност, при ниво на статистичка значајност $p<0,05$. Избраните методи се соодветни на поставените цели и овозможуваат квантитативна проценка на дијагностичката вредност на секоја секвенца и на нивните комбинации.

Резултати

Во **шестата глава**, резултатите се прикажани по логичен редослед: најнапред демографските и клиничките карактеристики, потоа PI-RADS распределбата и одделните MR-параметри, а на крај ROC анализите и комбинираните модели. Во резултатите се наведени 104 испитаници со просечна возраст од 65,9 ± 7,2 години. Кај 101 испитаник е категоризиран патохистолошкиот наод, со 62 малигни и 39 бенигни лезии. Поради различниот број од 116 испитаници наведен во методолошкиот дел, конечната верзија треба јасно да го прикаже текот на примерокот и причините за исклучување или отсуство на патохистолошка верификација.

PI-RADS категоријата е статистички значајно поврзана со патохистолошкиот наод. Во бенигната група доминираат PI-RADS 3 лезии, додека во малигната група доминираат PI-RADS 4 и PI-RADS 5; сите 20 PI-RADS 5 наоди се патохистолошки потврдени како малигни. За T2W е прикажана AUC 0,903, за ADC 0,920, за DWI 0,839, за динамичките постконтрастни серии 0,865, а за спектроскопскиот сооднос 0,893. Комбинираните модели покажуваат повисоки AUC вредности, до 0,968, што ја потврдува комплементарноста на анатомските, дифузионите, васкуларните и метаболитичките информации.

Малигните лезии имаат значително пониски ADC-вредности, а во трудот вредноста 750 е издвоена како праг со дијагностичко значење во анализираниот примерок. За спектроскопскиот сооднос (холин + креатин)/цитрат е издвоена гранична вредност 0,8. Динамичките постконтрастни серии покажуваат различна кинетика кај бенигните и малигните лезии, при што тип 1 крива е застапена кај бенигни промени, а тип 3 е значително почеста кај малигните. Резултатите се обемни, табеларно и графички прикажани и во најголем дел непосредно одговараат на поставените цели.

Дискусија

Оцена на дискусија

Докторската дисертација е конципирана околу јасно поставено клиничко прашање: дали мултипараметриската магнетна резонанца може сигурно да ги разграничи бенигните од малигните промени на простатата и да обезбеди попрецизна локализација пред TRUS-водена биопсија. Истражувачките цели, применетиот протокол и избраниот патохистолошки референтни стандард се суштински усогласени. Анализата на T2W, DWI со ADC=мапа, динамичките постконтрастни серии и MP спектроскопијата овозможува истовремена морфолошка, целуларна, васкуларна и метабилна проценка на простатичните цели.

Посебна вредност на истражувањето претставува тоа што секој параметар е оценет одделно, а потоа се анализира и нивната комбинирана дискриминаторска способност. На овој начин трудот не се задржува само на општатат вредност на PI – RADS, туку покажува кој дел од мултипараметрискиот протокол придонесува кон дијагностичката одлук. Таквата структура е непосредно поврзана со поставените оримарни и секундатни цели и ја зајакнува клиничката применливост на резултатите.

Оцена на примерокот и статистичката обработка

Статистичката обработка е соодветно насочена кон типот на податоците и кон проценката на дијагностичката точност. Покрај тестирањето на распределбата и споредбата меѓу групите, применети се ROC анализа, AUC , сензитивност, специфичност и предиктивни вредности. Прикажаните AUC- вредности од 0,839 до 0,920 за одделните параметри, како и повисоките AUC-вредности до 0,968 за одредени комбинации, ја потврдуваат комплементарноста на морфолошките и функционалните MR-информации во аналиузираниот примерок.

При толкување на резултатите треба доследно да се разграничат вкупно опфатените, финално анализираните и патохистолошки верифицираните испитаници.

Во методологијата се наведуваат 116 испитаници, со резултатите 104, а табелите што ја користат патохистологијата како референтен стандард најчесто опфаќаат 101

испитаник, од кои 62 со малигни и 39 со бенигна лезија. Препорачливо е ова да се прикаже со краток тек на вклучување и исклучување, со наведување на причините за секое намалување

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето е дијагностичката вредност на мултипараметриската магнетна резонанца кај пациенти со клиничко и лабораториско сомнение за карцином на простата. Анализирани се морфолошките и функционалните MR-параметри и нивната поврзаност со патохистолошкиот наод, со посебен акцент на можноста за разграничување на бенигните од малигните лезии и за прецизна анатомска локализација на суспектната промена.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Карциномот на простата е значаен здравствен проблем кај машката популација, а дијагностичкиот процес се потпира на клиничка проценка, PSA, визуелизациски методи и патохистолошка потврда. TRUS-воденатa биопсија останува референтен метод за хистолошка верификација, но нејзината точност зависи и од правилната селекција и локализација на целната лезија.

Мултипараметриската MR обединува анатомски и функционални информации. T2-секвенците ја прикажуваат морфологијата и локалната распространетост; DWI и ADC овозможуваат проценка на рестрикцијата и клеточноста; динамичките постконтрастни серии ја прикажуваат кинетиката на засилување и васкуларизацијата; а спектроскопијата обезбедува метаболни информации преку односот на цитрат, холин и креатин. Комбинираната интерпретација во рамките на PI-RADS овозможува стандардизирана проценка на веројатноста за клинички значаен малигнитет.

Во овој контекст, дисертацијата придонесува со податоци добиени во локална клиничка средина и со директна анализа на поединечните и комбинираните MR-параметри во однос на патохистолошкиот наод.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето е спроведено во ЈЗУ ГОБ „8 Септември“ – Скопје, на Одделот за дијагностичка и интервентна радиологија, во периодот од јуни 2024 до декември 2025 година. Дизајнот е опишан како отворена, проспективна, нерандомизирана кохортна студија, при што пациентите биле вклучувани врз основа на клиничка индикација.

Во методолошкиот дел се наведени 104 машки испитаници на возраст од 40 до 85 години со покачени PSA-вредности. Пред MR-испитувањето, пациентите биле опсервирани од уролог, со ултразвучен преглед, дигиторектален преглед и лабораториско определување на PSA. Испитувањата биле изведени на апарат за магнетна резонанца од 1,5 T со 16-канален body phased array coil. Протоколот опфаќал T2 пулс-секвенци, DWI со ADC-мапа, динамички постконтрастни серии и спектроскопија. Наодите биле категоризирани според PI-RADS и споредени со патохистолошкиот наод од TRUS-водена биопсија.

Инклузионите критериуми опфаќале покачен PSA над 4 ng/ml, перзистентно покачување по терапија и тврдина при дигиторектален преглед. Исклучувани биле пациенти со наведени контраиндикации за MR, клаустрофобија и PI-RADS 1 наод без можност за патохистолошка верификација.

Статистичката обработка е изведена во SPSS 25.0. Користени се Shapiro-Wilk тест, Chi-square тест, Fisher exact тест и Mann-Whitney тест. Дијагностичката способност е проценувана со ROC-анализа и AUC, како и со сензитивност, специфичност, позитивна и негативна предиктивна вредност, при праг на статистичка значајност $p<0,05$.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Во резултатите се прикажани 104 испитаници, со просечна возраст од 65,9 ± 7,2 години. Патохистолошки малигна лезија е наведена кај 62 испитаници, а бенигна кај 39. PI-RADS категоријата била статистички значајно поврзана со патохистолошкиот

наод (p<0,001): во бенигната група доминирале PI-RADS 3 лезии, додека во малигната група доминирале PI-RADS 4 и 5 лезии. Сите 20 PI-RADS 5 наоди биле патохистолошки потврдени како малигни.

За T2w е прикажана AUC од 0,903 (95% CI 0,841-0,964), со сензитивност 83,9% и специфичност 94,9 %. За ADC е прикажана AUC од 0,920 (95% CI 0,866-0,973), со сензитивност 80,6 % и специфичност 82,1 %. Малигните лезии имале значително пониски ADC вредности од бенигните, а вредности под 750 биле почести кај карциномите (p<0,001) и истата е земена како гранична вредност за дистинкција на бенигно од малигно. За DWI е прикажана AUC од 0,839 (95% CI 0,762-0,917), со сензитивност 77,9 % и специфичност 82,1 %. Нумеричката вредност на дифузијата има најголема ROC-крива, односно претставува најдобар предиктор за малигни наспроти бенигни лезии на простата.

Динамичките постконтрастни серии покажале AUC од 0,865 (95% CI 0,786-0,944), со сензитивност 85,5 % и специфичност 84,6 %. Тип 1 крива била застапена само кај бенигните промени, додека тип 3 била значително почеста кај малигните лезии. За спектроскопскиот сооднос (холин + креатин)/цитрат е прикажана AUC од 0,893 (95% CI 0,833-0,953), со сензитивност 80,6 % и специфичност 76,9 %. Во дисертацијата, вредноста 0,8 е издвоена како гранична меѓу бенигни и малигни лезии.

Комбинираните MR-параметри покажале повисока дискриминаторска способност: AUC 0,955 за T2w + ADC + DWI; AUC 0,953 за ADC + DWI + спектроскопија; AUC 0,956 за ADC + DWI + постконтрастна крива; и AUC 0,968 за постконтрастна крива + спектроскопија. Во заклучоците на трудот се наведува дека DWI/ADC има поголема дијагностичка предиктивна вредност од спектроскопијата и дека поединечните параметри меѓусебно се надополнуваат.

Во однос на локализацијата, дисертацијата прикажува статистички значајна разлика во распределбата на бенигните и малигните лезии меѓу транзиторната и латералната зона (p=0,037). Карциномите со Глисонов скор 7 и повисок биле почести во латералната зона, но разликата била на граница на статистичка значајност (p=0,07). Волуменот на простатата бил статистички значајно различен меѓу бенигните и малигните лезии (p=0,004), при што во заклучоците се наведува почеста појава на карцином кај простати со помал волумен.

Оцена на трудот

Докторската дисертација претставува клиничко научно истражување од областа на радиологијата, потесно урогениталната радиологија и дијагностиката на карциномот на простата. Темата е актуелна и директно поврзана со современата потреба за подобра селекција на пациентите за биопсија и попрецизна локализација на суспектните лезии.

Поставените цели се јасни и проверливи, а применетата методологија овозможува оценување на морфолошките, функционалните и метаболните компоненти на мултипараметриската MR. Посебна вредност има корелацијата со патохистолошкиот наод и паралелната анализа на T2, DWI/ADC, динамичките постконтрастни серии и спектроскопијата.

Резултатите се обемно прикажани и статистички обработени. Дискусијата ги поврзува добиените наоди со релевантни истражувања и ја разгледува нивната клиничка применливост. Заклучоците во најголем дел произлегуваат од прикажаните резултати и одговараат на поставените цели.

Техничката изработка се оценува позитивно. Пред предавањето на конечната верзија е потребно да се усогласат бројот на иницијално вклучени, финално анализирани и патохистолошки верифицирани испитаници; називот на MR-апаратот, кој во методологијата е наведен како Siemens Essenza, а во дискусијата како Siemens Somatom; ознаките DCE/DCI и MRS/DSI; мерните единици за ADC; нумерирањето на табелите и сликите; и јазичната и библиографската редакција. Овие забелешки не претставуваат нови истражувачки наоди, туку произлегуваат од внатрешната проверка на доставениот текст.

Според мислењето на Комисијата, докторската дисертација ги исполнува основните научни и стручни услови и стандарди за докторски труд, со потреба наведените технички и редакциски неусогласености да се отстранат во конечната верзија.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката Маша Костова е прв автор на два рецензирани оригинални труда, непосредно поврзани со предметот и целите на докторската дисертација:

Kostova M, Stojovska Jovanovska E, Dodevski A, Veljanovski D, Dejanova Panev S, Prgova Veljanova B. The role of T2W pulse sequence and diffusion with its numerical ADC map in prostate cancer diagnosis. JMS. 2023;6(2):66-73. DOI: 10.55302/JMS2362066k.

Kostova M, Stojovska-Jovanovska E, Dejanova Panev S, Prgova Veljanova B, Bozhinovska B, Veljanovski D, Dodevski A. The role of MR spectroscopy and contrast enhanced MRI in prostate cancer diagnosis. JMS. 2025;8(2):80-90. DOI: 10.55302/JMS258280k.

Двата труда тематски ги опфаќаат четирите главни компоненти што се анализираат во дисертацијата: T2W, DWI со ADC мапа, MR-спектроскопија и динамички постконтрастни серии. Со тоа, тие претставуваат публикациска целина која директно произлегува од истражувачката проблематика на докторскиот труд. Формалниот статус на списанието, неговата индексација и евентуалниот импакт-фактор се потврдуваат од службената документација во досието на кандидатката.

Рецензија на објавените трудови

Прв труд

Трудот „The role of T2W pulse sequence and diffusion with its numerical ADC map in prostate cancer diagnosis“ е објавен во JMS во 2023 година, волумен 6, број 2, на страниците 66-73. Кандидатката Маша Костова е наведена како прв автор. Предмет на трудот е дијагностичката вредност на T2W пулс-секвенцата и дифузионото снимање со квантитативна ADC мапа во откривањето на карцином на простата и разликувањето на малигните од бенигните промени.

Истражувањето е поставено како проспективна кохортна студија кај пациенти со покачени PSA вредности. Во апстрактот се наведени 100 вклучени пациенти, а во резултатите се анализирани 96 пациенти на возраст од 48 до 83 години кои биле биоптирани според PI-RADS проценката. Испитувањата се изведени на Siemens Essenza 1,5 T со body coil. T2W и DWI/ADC наодите се споредени со патохистолошките резултати.

Од 96 анализирани пациенти, кај 55 (57,29 %) патохистолошки е потврдена малигна лезија, а кај 41 (42,71 %) бенигна промена. Просечната ADC вредност била значително пониска кај малигните лезии во споредба со бенигните (647,74 ± 150,9 наспроти 964,05 ± 265,9; p<0,0001). T2W скор 2 и 3 почесто бил присутен кај бенигните промени, додека скор 4 и 5 доминирал кај малигните, со статистички значајна разлика (p<0,0001).

ROC-анализата покажала AUC 0,905 (95% CI 0,843-0,967) за T2W, со сензитивност 81,8 % и специфичност 95,1%. За ADC е наведена AUC 0,923 (95% CI 0,858-0,988), со сензитивност 89,1 % и специфичност 87,8%. Комбинацијата T2W + ADC ја постигнала највисоката AUC од 0,933 (95% CI 0,881-0,986), со сензитивност 83,6 % и специфичност 85,4 %.

Научната вредност на првиот труд е во квантитативното потврдување дека ADC вредностите се пониски кај малигните лезии и во покажувањето дека морфолошката T2W проценка добива поголема дијагностичка моќ кога се комбинира со дифузионо снимање. Резултатите директно ја поддржуваат една од централните цели на дисертацијата: утврдување на вредноста на DWI/ADC во дистинкцијата на бенигни од малигни простатични промени.

Трудот има јасно дефиниран клинички проблем, применува патохистологија како референтен стандард и ги прикажува основните показатели на дијагностичка точност. Како ограничување на изложените податоци се забележува разликата меѓу 100 пациенти наведени како вклучени и 96 пациенти во финалната анализа; ова не го

менува прикажаниот резултат, но бара јасно наведување на причините за исклучување на четирите пациенти при идно презентирање на серијата.

Втор труд

Трудот „The role of MR spectroscopy and contrast enhanced MRI in prostate cancer diagnosis“ е објавен во JMS во 2025 година, волумен 8, број 2, на страниците 80-90. Кандидатката Маша Костова е прв автор. Истражувањето е насочено кон дијагностичката вредност на MR-спектроскопијата и динамичките постконтрастни серии, односно кон метаболитичката и васкуларната карактеризација на простатичните лезии.

Во студијата се наведени 100 пациенти со покачени PSA-вредности, од кои 96 биле биоптирани и вклучени во споредбата со патохистолошкиот наод. Испитувањата се изведени на Siemens Essenza 1,5 T со body coil. Спектроскопската анализа ги опфаќа цитратот, холинот и креатинот и соодносот (холин + креатин)/цитрат, при што вредност под 0,8 се третира како бенигна, 0,8-2 како суспектна, а над 2 како високосуспектна. Динамичките серии се оценети преку три типа криви на постконтрастно засилување.

Патохистолошки малигна промена била потврдена кај 55 од 96 пациенти, а бенигна кај 41. Динамичките постконтрастни серии покажале сензитивност 83,64 % (95% CI 71, 20 – 92,23 %), специфичност 85,37 % (95% CI 70,83%-94,43%) и точност 84,38 %. Разликата во уделот на малигни лезии детектирани со постконтрастните серии и со биопсијата не била статистички значајна (p=0,61).

MR-спектроскопијата покажала сензитивност 94,55 % (95% CI 84,88%-98,86%), специфичност 65,85 % (95% CI 49,41%-79,92%) и точност 82,29 %. Спектроскопијата класифицирала поголем удел лезии како малигни во споредба со патохистологијата, со статистички значајна разлика (p=0,015). Меѓу спектроскопијата и постконтрастните серии е прикажана умерена согласност, со kappa 0,47326 (95% CI 0,30655-0,63997).

Во ROC-анализата, постконтрастните серии имале AUC 0,845 (95% CI 0,760-0,930), а MR-спектроскопијата AUC 0,802 (95% CI 0,705-0,899). Нивната комбинација дала AUC 0,933 (95% CI 0,880-0,985), со сензитивност 81,8 % и специфичност 97,6 %. Овој резултат ја покажува комплементарноста на васкуларните и метаболитичките информации во мултипараметрискиот пристап.

Научниот придонес на вториот труд е во паралелната проценка на две функционални компоненти на MR и во квантитативното прикажување на нивната поединечна и комбинирана дијагностичка вредност. Високата сензитивност на спектроскопијата е придружена со пониска специфичност, додека постконтрастните серии покажуваат порамномерна сензитивност и специфичност. Комбинацијата обезбедува највисока специфичност, што е клинички релевантно при разграничувањето на бенигните од малигните промени. Плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за комбинацијата од T2w+ADC+ дифузија во предикција на простатичен карцином има вредност од 0.955 (AUC=0.955, CI95% 0.915-0.996), што укажува дека овој параметар има одлична дискриминаторска способност во разграничување на пациенти со бенигна и малигна лезија на простата, сосензитивност од 88,7 % и специфичност од 89,7 %. Плоштината под ROC-кривата AUC (Area Under the Curve) за комбинацијата од ADC+ дифузија+спектроскопија во предикција на простатичен карцином има вредност од 0.953 (AUC=0.953, CI 95% 0.912-0.995), што укажува дека овој параметар има одлична дискриминаторска способност во разграничување на пациенти со бенигна и малигна лезија на простата, со сензитивност од 88,7 % и специфичност од 89,7 %.

Трудот е непосредно поврзан со дисертацијата бидејќи ги обработува преостанатите функционални параметри од нејзиниот мултипараметриски протокол. Како и во првиот труд, разликата меѓу бројот на иницијално вклучени и биоптирани пациенти треба јасно да се следи при обединувањето на публикациските податоци со конечната дисертациска база.

Заедничка оценка на трудовите

Двата труда формираат логично поврзана публикациска целина. Првиот ја оценува морфолошката и дифузионата компонента на мултипараметриската MR, а вториот метаболната и перфузиската компонента. Во двата труда патохистолошкиот наод е употребен како основа за проценка на дијагностичката точност, а резултатите се изразени преку AUC, сензитивност и специфичност.

Публикациите покажуваат последователен развој на истражувачката тема: од оценка на T2W и ADC кон анализа на спектроскопијата и постконтрастното засилување, а потоа кон интегриран мултипараметриски модел во дисертацијата. Тие ги документираат клучните сегменти на истражувањето и обезбедуваат непосредна научна основа за централните заклучоци на докторскиот труд.

Научен придонес и клиничка применливост

Научниот придонес на дисертацијата се состои во систематска проценка на поединечната и комбинираната дијагностичка вредност на четири MR-компоненти во локална клиничка популација, со директна патохистолошка корелација. Трудот обезбедува податоци за применливоста на мултипараметриската MR на апарат од 1,5 T и го потврдува значењето на квантитативната ADC-анализа и на комбинираните модели. Врската со двата објавени труда е јасна и тематски континуирана: првиот ги обработува T2W и DWI/ADC, а вториот MR спектроскопијата и постконтрастните серии.

Клиничката важност произлегува од можноста MR да ја подобри селекцијата на пациентите за биопсија и да ја насочи биопсијата кон најсуспектниот регион. Резултатите не ја заменуваат патохистолошката потврда, туку ја поддржуваат улогата на MR како тријажна и локализациска метода во дијагностичкиот алгоритам. Ваквата интерпретација е соодветна на дизајнот на студијата и ја избегнува можноста резултатите од едноцентричен примерок да се претстават како универзално валидирани прагови.

Ограничувања и конечни редакциски препораки

Ограничувањата се однесуваат на едноцентричниот, нерандомизиран дизајн, селекцијата на пациенти според клиничка индикација и отсуството на патохистолошка верификација кај PI-RADS 1. Дополнително, потребно е во конечниот текст да се усогласат називот на MR-апаратот, ознаките за динамичките серии и спектроскопијата, мерните единици за ADC, нумерирањето на табелите и сликите и бројот на испитаници во секоја фаза. Овие прашања се редакциски и методолошки појаснувања; тие не ја менуваат позитивната оценка на научната поставеност и на основните резултати.

По извршување на наведените усогласувања, дисертацијата претставува заокружена научна целина со јасно дефиниран предмет, соодветна методологија, обемна статистичка обработка и заклучоци што во најголем дел произлегуваат од прикажаните податоци. Дополнителната анализа ја потврдува претходно дадената позитивна оцена и предлогот трудот да биде прифатен и упатен на јавна одбрана.

Дополнителна рецензентска оцена на дискусијата

Дискусијата е обемна и ги следи основните истражувачки прашања. Кандидатката најнапред ги разгледува демографските и клиничките карактеристики на испитаниците, а потоа преминува кон локализацијата и волуменот на простатата, PI-RADS категоризацијата и дијагностичката вредност на секоја MR-компонента. Ваквиот редослед овозможува резултатите постепено да се постават во поширок клинички контекст и да се објасни нивното значење за пациентите со покачен PSA и сомнение за карцином на простата.

Во делот посветен на епидемиолошките и клиничките фактори се дискутираат возраста, индексот на телесна маса, пушењето, консумирањето алкохол, фамилијарната историја, дигиторектални преглед и придружните воспалителни промени. Кандидатката ги споредува добиените резултати со наоди од објавени истражувања и правилно ги издвојува статистички значајните од несигнификантните асоцијации. Потребно е причинско-последичните формулации да останат внимателни, бидејќи

дизајнот на студијата овозможува проценка на поврзаност, но не и самостојно докажување каузалност на анализираните надворешни фактори.

Дискусијата за PI-RADS е особено релевантна за клиничката практика. Наодот дека во бенигната група доминираат PI-RADS 3 промени, а во малигната PI-RADS 4 и 5, е соодветно поврзан со прашањето за селекција на пациенти за биопсија. Кандидатката оправдано го нагласува дијагностичкиот предизвик кај PI-RADS 3. Истовремено, при толкувањето треба јасно да се наведе дека пресметаните показатели зависат од избраниот праг, од составот на испитуваната група и од тоа што PI-RADS 1 пациентите не биле патохистолошки верифицирани.

При анализата на T2W, DWI и ADC, постконтрастните серии и спектроскопијата, дискусијата ги поврзува морфолошките, целуларните, васкуларните и метаболните карактеристики на лезиите. Споредбата со релевантни студии покажува дека резултатите генерално се движат во рамките на веќе објавените сознанија, а разликите се разгледуваат во однос на примерокот, техниката и употребениот протокол. Посебно значаен е наодот за високата дискриминаторска способност на ADC и за дополнителната вредност на комбинираните параметри. Дискусијата убедливо покажува дека ниту една секвенца не треба да се толкува изолирано од целокупниот мултипараметриски наод.

Кандидатката ја споредува дифузијата со спектроскопијата и укажува на повисоката дијагностичка предиктивна вредност на DWI/ADC во сопствениот примерок. Ова толкување е поддржано со прикажаните ROC вредности, но термините „супериорна“ и „гранична вредност“ треба да бидат врзани за конкретната популација и за протоколот на апаратот од 1,5 T. Со таква прецизна формулација, дискусијата останува научно аргументирана и не ги надминува можностите на едноцентричната, нерандомизирана студија.

Во целина, **седмата глава** покажува способност на кандидатката критички да ги интерпретира сопствените резултати, да ги спореди со релевантната литература и да го согледа нивното клиничко значење. За конечната редакција се препорачува дополнително да се издвојат ограничувањата на студијата во посебен завршен пасус и доследно да се разликуваат резултатите од сопствениот примерок од општите препораки во литературата. Ова не ја намалува вредноста на дискусијата, туку ќе ја направи нејзината аргументација уште појасна и методолошки попрецизна.

Заклучок

Во **осмата глава,** кандидатката ги сумира главните резултати во однос на поставените цели. Заклучоците ја истакнуваат супериорната улога на мултипараметриската MR во разграничувањето на бенигните од малигните простатични промени, значењето на прецизната локализација пред TRUS-водена биопсија и придонесот на секој MR-параметар. Посебно се наведуваат пониските ADC-вредности кај малигните лезии, спектроскопскиот сооднос и комплементарноста на T2W, DWI/ADC, постконтрастните серии и спектроскопијата. Заклучоците во најголем дел се поткрепени со прикажаните резултати, но граничните вредности треба да се формулираат како наоди од испитуваниот примерок и конкретниот протокол.

Дополнителна рецензентска оцена на заклучокот

Заклучокот е структуриран во согласност со основната и секундарните цели на студијата. Во него се одговара на главното истражувачко прашање за вредноста на мултипараметриската MR во разграничувањето на бенигните од малигните промени и во локализацијата на суспектните лезии пред биопсија. Дополнително се сумира поединечната улога на T2W, DWI/ADC, динамичките постконтрастни серии и MR-спектроскопијата, како и придобивката од нивното комбинирано толкување.

Заклучокот дека мултипараметриската MR има висока дијагностичка вредност е поткрепен со прикажаните ROC анализи и со корелацијата со патохистолошкиот наод. T2W ја обезбедува анатомската локализација и проценката на локалната распространетост; DWI со ADC ја прикажува рестрикцијата и клеточноста; постконтрастните серии ја оценуваат васкуларната кинетика; а спектроскопијата ги

анализира метаболните промени. Ваквата синтеза правилно го одразува мултипараметрискиот карактер на испитувањето.

Квантитативните заклучоци за ADC-вредноста 750 и за спектроскопскиот сооднос 0,8 произлегуваат од анализата на испитуваната серија и се значаен дел од трудот. Во конечната формулација треба да се наведат точните мерни единици за ADC и да се нагласи дека овие прагови се добиени со конкретниот протокол, апарат и состав на примерокот. На тој начин ќе се задржи нивната научна и практична вредност, без да се претстават како универзални вредности пред надворешна валидација.

Во заклучокот соодветно е истакната можноста мултипараметриската MR да придонесе за подобра селекција на пациентите и за попрецизно насочување на TRUS-водената биопсија. Ова треба да се разбере како дополнување на клиничката, лабораториската и патохистолошката проценка, а не како замена за хистолошката верификација. Ваквата формулација е целосно усогласена со методологијата и со клиничката примена на резултатите.

Заклучоците за анализираните ризик-фактори, локализацијата на лезиите, волуменот на простатата и дигиторекталниот преглед треба да се задржат во рамките на прикажаната статистичка значајност. Особено е важно несигнификантните разлики да не се толкуваат како потврдена поврзаност. Со доследно раздвојување на статистички потврдените наоди од забележаните тенденции, завршната глава ќе биде уште попрецизна.

Во целина, **осмата глава** претставува јасно и логично заокружување на дисертацијата. Главните заклучоци произлегуваат од резултатите, поврзани се со поставените цели и го нагласуваат научниот и клиничкиот придонес на истражувањето. По усогласувањето на бројот на испитаници, терминологијата и мерните единици, заклучокот може да се оцени како содржински оправдан, стручно формулиран и соодветен на нивото на докторска дисертација.

Литература

Литературата опфаќа 142 библиографски единици и содржински ја покрива епидемиологијата, дијагностиката, PI-RADS системот, MR-секвенците и патохистолошката градација на карциномот на простата. Пред конечната техничка обработка потребно е унифицирање на библиографскиот стил, интерпункцијата, ознаките на авторите, годините, страниците и DOI-податоците, како и проверка на доследноста меѓу цитатите во текстот и списокот на литература.

Заклучок и предлог

Главниот научен придонес на трудот е евалуацијата на поединечната и комбинираната дијагностичка вредност на параметрите на мултипараметриската MR во локална клиничка популација, со корелација со патохистолошкиот наод. Посебно се издвојуваат квантитативната анализа на ADC, спектроскопскиот сооднос (холин + креатин)/цитрат и споредбата на функционалните параметри.

Подрачјето на примена е клиничката дијагностика и селекцијата на пациенти со сомнение за карцином на простата, особено пред TRUS-водена биопсија. Ограничувањата што произлегуваат од доставениот текст се едноцентричниот и нерандомизиран дизајн, неусогласениот број испитаници во различни поглавја и фактот дека PI-RADS 1 пациентите не се патохистолошки верифицирани. Понатамошните истражувања може да бидат насочени кон поголеми и повеќецентрични серии, надворешна валидација на граничните вредности и стандардизирана проценка на комбинирани MR-модели.

Врз основа на севкупната анализа на дисертацијата и на двата приложени труда, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација на кандидатката д-р Маша Раде Костова со наслов: „Вредност на мултипараметриската магнетна резонанца во детекција на канцер на простата“ и му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по внесување на наведените технички и редакциски усогласувања и по службена проверка на формалниот статус и индексацијата на списанието, да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Елизабета Стојовска-Јовановска, претседател, с.р.
Проф. д-р Аце Додевски, ментор и член, с.р.
Проф. д-р Билјана Пргова-Вељанова, член, с.р.
Проф. д-р Смилјана Бундовска-Коцев, член, с.р.
Проф. д-р Сашо Дохчев, член, с.р.

Скопје, _____ 2026 година

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

2. Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Милена Кацарска Мицкоска	„Влијание на варијантите на UGT1A1 генотипот и клиничките ризик фактори врз појавата и тежината на неонаталната хиперилирубинемија“	“Significance of UGT1A1 genotype variants and clinical risk factors on the occurrence and severity of neonatal hyperbilirubinemia“	Проф. д-р Николина Здравеска	17.09.2026 02-5455/54
3.	Стефан Пандилов	„Компаративна студија на рани структурни и функционални ретинални промени поврзани со изложеноста на хидроксихлорокин помеѓу пациенти со системски лупус еритематозус и ревматоиден артрит“	“A comparative study of early structural and functional retinal changes associated with hydroxychloroquine exposure between patients with systemic lupus erythematosus and rheumatoid arthritis“	Проф. д-р Емилија Ѓошевска Даштевска	17.09.2026 02-5455/55
4.	Виолета Мојсовска Наумоска	„Компаративна анализа на збирните мајорни несакани срцеви збиднувања кај пациенти со болест на мали коронарни артерии третирани со балон и стент обложени со лек“	“Comparative analysis of major adverse cardiac events in patients with small coronary artery disease treated with drug-coated balloons and drug-eluting stents“	Проф. д-р Силвана Јованова	17.09.2026 02-5455/56
5.	Тамара Ангеловска	„Мутации во гени асоцирани со хомологна рекомбинациска репарација и експресија на андроген рецептор: Биомаркери кај примарни карциноми на овариум, утерина туба и перитонеум“	Homologous recombination repair-associated gene mutations and androgen receptor expression: biomarkers of primary carcinoma of the ovary, fallopian tube, and peritoneum“	Проф. д-р Рубенс Јовановиќ	17.09.2026 02-5455/57
6.	Анета Таневска Зрмановска	„Примена на морфолошко-молекуларни параметри од биоптични примероци со простатичен карцином за селекција на различни терапевтски можности“	“Application of morphologic and molecular features in prostate cancer biopsy specimens in the selection of different therapeutic options“	Проф. д-р Рубенс Јовановиќ	17.09.2026 02-5455/58
7.	Арта Исљами Зулфиу	„Ризик фактори поврзани со појава на фетален застој во растот и мала родилна тежина за гестациската возраст“	“Risk factors associated with the occurrence of fetal growth restriction and small for gestation age“	Проф. д-р Здравко Чакар	17.09.2026 02-5455/59
8.	Даниела Бајдевска Дукоска	„Mismatch repair протеините/микросателитска нестабилност и туморско откапување кај карциномите на дебелото	“Mismatch repair proteins/microsatellite instability and tumor budding in colon cancer in correlation with	Проф. д-р Гордана Петрушевска	17.09.2026 02-5455/60

		црево во корелација со клиничко - патолошките карактеристики на болеста“	clinicopathological characteristics of the disease“		
9.	Славче Тодоровски	„Контрола на ритам наспроти контрола на срцева фреквенција кај пациенти со предкоморна фибрилација и срцева слабост: влијание на клиничките исходи”	“Rhythm control vs. rate control in patients with heart failure and atrial fibrillation: impact on clinical outcomes“	Виш науч. сор. д-р Ирена Митевска	17.09.2026 02-5455/61

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

10. Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Александра Петрова	„Јавноздравствено значење на интеграцијата на WASH индикаторите во евалуација на состојбата во училиштата и пилот примена во здравствените установи во Р. С. Македонија“	“Public health significance of the integration of WASH indicators in the evaluation of the situation in schools and pilot application in health institutions in the Republic of Macedonia“	Проф. д-р Мирјана Димовска	17.09.2026 02-5455/48
11.	Маријана Даневска	„Фармаковигиланца и пријавување на несакани реакции на лекови: проценка на знаењата, ставовите и практиките кај здравствените работници во фармацевтската индустрија“	“Pharmacovigilance and reporting of adverse drug reactions: assessment of the knowledge, attitudes, and practices among healthcare professionals in the pharmaceutical industry”	Проф. д-р Розалинда Исјановска	17.09.2026 02-5455/49
12.	Моника Стојчевска	„Влијание на социоекономските фактори врз одлуките, ставовите и однесувањата на студентите по медицина поврзано со животниот стил“	“Influence of socioeconomical factor on the decisions, attitudes and behaviors of the medical students related to their lifestyle”	Проф. д-р Моме Спасовски	17.09.2026 02-5455/47
13.	Моника Даштевска	„Ефекти на фиксен ортодонски третман – искуства со млада популација“	“Effects of fixed orthodontic treatment – experiences with a young population”	Виш науч.сор.д-р Татјана Зорчец	17.09.2026 02-5455/46

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНА ТЕМА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на тема		Име и презиме на менторот	Датум и бр.на Одлука од ННС за прифаќање на темата
		На македонски јазик	На англиски јазик		
1	м-р Миранда Џафери	„Интегрирани пристапи во наставата по математика“	„Integrated Approaches in Mathematics Education“	Проф.д-р Весна Макашевска	02-520/22 15.9.2026

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на тема		Име и презиме на менторот	Датум и бр.на Одлука од ННС за прифаќање на темата
		На македонски јазик	На англиски јазик		
1	Сехадин Суловски	„Интеграција на музиката со другите наставни предмети: модел за креативна настава од прво до петто одделение “	„Integration of music with other school subjetcs: model for creative teaching from first to fifth grade“,	Проф.д-р Јета Старова Мехмети	02-520/8 15.9.2026

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА МАТЕМАТИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, Институт за математика, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 4 – 5.7.2026 година, за избор на еден асистент во наставно-научната област математика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1826/3 од 18.9.2026 година, донесена на 17.9.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Весна Целакоска-Јорданова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Костадин Тренчевски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, и д-р Ирена Стојковска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор за избор во соработничко звање – асистент, од наставно-научната област математика, во предвидениот рок се пријави само м-р Илија Јовчески.

1. Биографски податоци

Илија Јовчески е роден во Охрид, на 26.7.1985 година. Средното образование го завршил во гимназијата „Св. Климент Охридски“ во Охрид, во учебната 2002/2003 година, со одличен успех. Како ученик учествувал на меѓународни математички натпревари и освоил два златни медала на Јуниорска балканска математичка олимпијада (1999 и 2000), сребрен медал (2002) и два бронзени (2000 и 2003) на меѓународните математички олимпијади, два сребрени (2002 и 2003) и два бронзени (2000 и 2001) на Балканските математички олимпијади. Во 2003 година се запишал на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на студии по математика, насока: Теориска математика. За време на студиите, двапати учествувал на „International mathematical competition“ и освоил прва награда во 2006 година и трета награда во 2005 година. Дипломирал на 27.2.2008 година, на тема „Аксиоматика на $\mathbf{R}P^n$“, под менторство на акад. Дончо Димовски, со просечен успех 9,94, и се здобил со звањето дипломиран математичар.

Во учебната 2008/2009 се запишал на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на насоката Ттеориска математика, а во учебната 2021/2022 година се префрлил на насоката Математички науки и примени. Заклучно со септември 2023, ги положил предвидените четири испити со просечна оценка 10. Во декември 2023, успешно го одбранил својот магистерски труд со наслов: „Простори со константна кривина“ и се стекнал со звањето магистер по математички науки и примени. Во учебната 2024/2025 се запишал на трет циклус студии (докотрски студии), на насоката Математика и примени.

Во зимскиот семестар во учебната 2008/2009 година станал демонстратор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, а на 30.12.2008 година се вработил како соработник на Институтот за информатика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. На 1.7.2017 година преминал во виш лаборат на Институтот за математика при ПМФ во Скопје. Од 1.3.2024 година е избран за асистент од областа математика на Институтот за математика, Билтен на УКИМ бр. 1298 од 29.12.2023 година.

Од странските јазици, Илија Јовчески има познавање од англискиот јазик на С1-ниво според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), за што доставил уверение.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во зимскиот семестар во учебната 2008/2009 година, како демонстратор на Институтот за математика, држел вежби по предметите: Нумеричка математика, Топологија, Математичко програмирање, Целобројно програмирање, Препознавање на облици и компјутерски практикум. Во следните две години, како соработник на Институтот за информатика држел вежби по предметите: Нумеричка математика, Калкулус 1, Калкулус 2, Математика 1, Дискретни структури 1 и Вовед во компјутерски апликации.

Како асистент изведувал вежби по предметите: вовед во математичка анализа, линеарна алгебра, програмирање 1, програмирање 2, геометрија, нумеричка математика 1, теорија на игри, програмски пакети за математика 3.

Учество на научни и стручни собири и работилници

Во извештајниот период, кандидатот учествувал на научната конференција организирана од САНУ:

1. Nonlinearity, nonlocality and ultrametricity, International Conference on the Occasion of Branko Dragovich 80th Birthday, 26-30.05.2025, Belgrade, Serbia, со соопштение со наслов:
1. K. Trenchevski, E. Celakoska, I. Jovcheski, *A model of universe as harmonic oscillator with periodic and avoided singularities of the mass and energy density,*

а со истото соопштение учествувал и на работилницата:

1. 9th Macedonian Workshop on Applied Mathematics and Graph Theory, Ohrid, 6.8.2025 – 10.8.2025.

Со свое соопштение, учествувал на еден научно-популарен Семинар по математика и примени, организиран од Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје:

1. Седми семинар „Математика и примени“ (15.3.2024), со соопштение со наслов: *Претставување на торуси со повеќе дупки како површини со константна негативна Гаусова крива*, за што е поднесен труд и е прифатен за објавување.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Илија Јовчески активно учествувал во работата на Сојузот на математичари на Македонија. Учествувал во организацијата на Есенската математичка школа 2024, октомври – ноември 2024, во редовната настава за реализација на темата „Решавање на геометриски задачи со помош на агли“ за учениците од осмо и деветто одделение. Во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година бил уредник на рубриката *Меѓународни натпревари* во популарното списание „Нумерус“. Во периодот од 2020 до 2026, бил уредник на рубриката *Меѓународни натпревари* во популарното списание „Сигма“. Многу активно учествувал не само во организирање и спроведување на натпреварите по математика, туку и во подготовките на македонските екипи за математичките олимпијади. Подолу е даден список на неговите активности во мадатниот период:

1. член е на комисијата за Јуниорска македонска математичка олимпијада и меѓународни натпревари за ученици до 15,5 години во учебната 2023/2024 година;
2. претседател е на комисијата за Јуниорска македонска математичка олимпијада и меѓународни натпревари за ученици до 15,5 години во учебните 2024/2025 и 2025/2026 година;

3. член е на комисија за Македонска математичка олимпијада и меѓународни натпревари во учебните 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 година;
4. член е на тимот за подготовки на Македонската екипа за меѓународните математички олимпијади во 2024 и 2025 година;
5. член е на тимот за подготовки на Македонската екипа за Јуниорската балканска математичка олимпијада во 2024, 2025 и 2026 година.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Илија Јовчески
Институција: Природно-математички факултет – Скопје
Научна област: математика (1.01.00.01)
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови
1	Има завршено прв и втор циклус студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	ДА
2	Стекнат назив – магистер по математички науки и примени Назив на научната област: математика	ДА
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,94. Просечниот успех на вториот циклус изнесува: 10,00.	ДА
4	Има познавање од најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот: Уверение 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 4. Датум на издавање на документот: 30.6.2026	ДА

Рецензентска комисија

Д-р Весна Целакоска-Јорданова,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Костадин Тренчевски,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Ирена Стојковска,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Илија Јовчески.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Илија Јовчески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област математика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Илија Јовчески повторно да биде избран во звањето асистент од научната област математика.

Рецензентска комисија

Д-р Весна Целакоска-Јорданова,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Костадин Тренчевски,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Д-р Ирена Стојковска,
редовен професор на ПМФ во Скопје, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕМАТИКА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за математика, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 18.VI 2026 година, за избор на еден асистент во наставно-научната област математика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1696/3 од 18.9.2026 година, донесена на 17.9.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Весна Целакоска-Јорданова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Ирена Стојковска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, и д-р Валентина Миовска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор за избор во соработничко звање – асистент, од наставно-научната област математика, во предвидениот рок се пријави м-р Ерблина Зеќири.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката **м-р Ерблина Зеќири-Синани** е родена на 14.8.1995 година, во Тетово. Средно образование (природно-математичка насока) завршила во гимназијата „Кирил Пејчиновиќ“ во Тетово. Во учебната 2014/2015 година се запишала на прв циклус (додипломски) студии на насоката Теориска математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дипломирала на 28.2.2020 година на тема: „Простор на конфигурации на тополошки простори“, под менторство на проф. д-р Ѓорѓи Маркоски, со што се стекнала со стручниот назив дипломиран математичар. Во текот на студиите остварила просек 9,80. Во учебната 2019/2020 година се запишала на втор циклус (постдипломски) студии по математика на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на насоката Математички науки и примени. Постдипломските студии ги завршила со просечен успех 10. Магистрирала на 16.10.2023 година на тема: „Примени на теореми за неподвижна точка во теоријата на инваријантни потпростори“, под менторство на проф. д-р Марија Оровчанец.

На Институтот за математика е избрана за асистент на 6.12.2023 година, Билтен на УКИМ бр. 1295 од 15 ноември 2023 година.

Кандидатката активно се служи со англиски јазик на ниво C1 (за што има доставено уверение) и со германски јазик на ниво B1, според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во учебната 2017/2018 година (како студент на додипломски студии), кандидатката работела како демонстратор на Градежниот факултет во Скопје, каде што држела вежби од предметот Математика 1 (за студиските програми Градежништво и Геотехника). Во учебните 2020/2021 и кратко (од октомври до декември во учебната 2021/2022 година работела како демонстратор на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, каде што помагала при изведувањето вежби по следниве предмети: Множества и логика, Репетиториум по математика 1, Практикум по математика, Веројатност и статистика, Статистичко моделирање, Статистички софтвер, Конечна математика и Тригонометрија и примени. Во учебните 2020/2021 и 2021/2022 година (заклучно со јуни 2022), била демонстратор и на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово (South East European University), каде што држела вежби од предметите Дискретни структури, Применета статистика и веројатност (за студентите

запишани на студиската програма Computer Science) и Линеарна алгебра (за студентите запишани на студиската програма Business Informatics). Во периодот од декември 2021 до декември 2023 година била вработена како виш лаборант на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, а по магистрирањето била избрана за асистент на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Како асистент изведувала вежби по предметите: Множества и логика, Веројатност и статистика, Општа топологија, Програмски пакети за математика 1, Математичко програмирање, Тригонометрија и примени, Статистички софтвер, Статистичко моделирање, Математичка анализа 1, Конечна математика и Теорија на информации.

Учество во научни проекти

1. „Мапирање на потенцијални геохазарди со посебен акцент на сеизмолошки податоци“, 2025 – 2026, финансиран од Министерство за образование и наука (раководител на проектот: д-р Катерина Дрогрешка).

Во рамки на проектот, кандидатката учествувала во теренски истражувања и едукативни активности во Охрид и околината (10 – 13 ноември 2025). Активностите вклучуваа едукативни предавања со цел подигање на свеста за сеизмички ризици, како и интерактивни работилници со ученици од основни и средни училишта, каде што беше презентирана поврзаноста на математиката и сеизмологијата.

Учество на научни и стручни собири и работилници

Во извештајниот период, Ерблина Зеќири-Синани учествувала со свои соопштенија на следниве конференции:

3. Четврта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, ПМФ, Скопје, 24.11.2023 – 26.11.2023, со соопштение со наслов: *Доказите во наставата по математика*, во коавторство со проф. д-р Валентина Гоговска.
4. Петта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, посветена на проф. д-р Наум Целакоски, 28.11.2025 – 30.11.2025, ПМФ, Скопје, со соопштение со наслов: *Motivation for students' engagement in learning extracurricular mathematics*, во коавторство со проф. д-р Ирена Стојковска, за што е поднесен труд.

Учествувала со свои соопштенија на седум научно-популарни семинари по математика и примени, организирани од Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, од кои на следните три во извештајниот период:

5. Седми семинар „Математика и примени“ (15.3.2024), со соопштение со наслов: *Робусна регресија*, за што е поднесен труд и е прифартен за објавување.
6. Осми семинар „Математика и примени“ (14.3.2025), со соопштение со наслов: *Хилов оценувач во теоријата на екстремни вредности*, за што е поднесен труд.
7. Деветти семинар „Математика и примени“ (13.3.2026), со соопштение со наслов: *Техника на рандомизиран одговор*, во коавторство со д-р Ирена Стојковска, за што е поднесен труд.

Во изборниот период, објавен е и научно-популарниот труд:

3. Ерблина Зеќири, *Експоненцијални фамилии на распределби на веројатност*. Научно-популарни трудови од Шестиот семинар „Математика и примени“, Математички омнибус 11 (2025), 63–74.

Покрај овие активности, таа учествувала и на две работилници:

2. *Introduction to Data Analysis and Modeling*, 27 – 30 јуни 2023, VII македонски математички конгрес, Струга (организатори: д-р Ирена Стојковска и м-р Филип Николовски).

3. European Study Group with Industry 186 (ESGI 186) – *The Norwegian Study Group with Industry* (организатор: Department of Mathematical Sciences, Norwegian University of Science and Technology (NTNU), 12 – 16 мај 2025, Трондхајм, Норвешка.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Ерблина Зеќири-Синани активно учествувала во работата на Сојузот на математичари на Македонија (СММ). Во периодот од учебната 2024/2025 година била уредник на рубриката *Одделнска настава* во популарното списание „Нумерус“. Во периодот од 2020 до 2026 била уредник на рубриката *Задачи од училница* во популарното списание „Сигма“. Учествувала во работата на Комисијата за натпревари по математика за средното образование од 2019 година до денес. Била заменик-водач на националниот тим на математичката олимпијада EGMO (European Girls Mathematical Olympiad) во Цкалтубо, Грузија, 11.4.2024 – 17.4.2024 година и координатор на националниот тим на истата математичка олимпијада во Приштина, Косово, 11.4.2025 – 17.4.2025 година.

Била член на организациониот одбор за Петтата меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 28.11.2025 – 30.11.2025, ПМФ, Скопје, во кој била активно вклучена. Покрај тоа, била член и на организацискиот тим на настанот „Ноември – месец на науката“ – ноември 2025, одржан на 23.11.2024 и 30.11.2024 год., организиран од Природно-математичкиот факулет во Скопје, а учествувала и во организацијата на Есенската математичка школа 2024, октомври – ноември 2024, во редовната настава за реализација на темата „Дропки и проценти“ за учениците од петто одделение и Есенската математичка школа 2025, октомври – ноември 2025, со работилници за ученици од четврто и петто одделение.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ерблина Зеќири
Институција: Природно-математички факултет – Скопје
Научна област: математика (1.01.00.01)
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови
1	Има завршено прв и втор циклус студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	ДА
2	Стекнат назив – магистер во соодветната област Назив на научната област: математика.	ДА
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,80. Просечниот успех на вториот циклус изнесува: 10,00.	ДА
4	Има познавање од најмалку еден странски јазик 5. Странски јазик: англиски јазик 6. Назив на документот: Уверение 7. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје 8. Датум на издавање на документот: 19.5.2026	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Целакоска-Јорданова, с.р.
Проф. д-р Ирена Стојковска, с.р.
Проф. д-р Валентина Миовска, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Ерблина Зеќири-Синани.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека м-р Ерблина Зеќири-Синани поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научната област математика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, м-р Ерблина Зеќири-Синани да биде избрана во звањето асистент во научната област математика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Целакоска-Јорданова, с.р.
Проф. д-р Ирена Стојковска, с.р.
Проф. д-р Валентина Миовска, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

На теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-нучниот совет на Стоматолошки факултет во Скопје на седницата одржана на 16. 9. 2026 година

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1	**Д-р Марина Јанчиќ**	,,Ортопантомографска процена на морфологијата на мандибулата кај пациенти со хипердивергентен и хиподивергентен тип на лице верифицирани со латерална телерендгенграфија”.	,, Orthopantomographic Assessment of Mandibular Morphology in Patients with Hyperdivergent and Hypodivergent Facial Types Verified by Lateral Cephalometric Radiography”.	Проф. д-р Ирена Гавриловиќ	бр. 02-2226/2 од 16. 9. 2026
2	**Д-р Викторија Андрееска**	,,Влијанието на сериозноста на малоклузијата врз психосоцијалните аспекти кај ортодонтски пациенти: самодоверба и перцепција на лицева естетика”.	,, The impact of maloccluision severity on psychosocial aspects in orthodontic patients: self-esteem and perception of facial aesthetics”.	Проф д-р Ирена Гавриловиќ	Бр. 02-2224/2 Од 16. 9. 2026

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „ЈАГЛЕРОДНИ НАНОСТРУКТУРИ“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР ДИМИТРОВ И ПРОФ. Д-Р БЕТИ АНДОНОВИЌ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, бр. 02-1738/1 од 18.IX 2026 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Јаглеродни наноструктури“ од авторите проф. д-р Александар Димитров и проф. д-р Бети Андоновиќ, наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет, за предметот Нанотехнологии и наноматеријали, избрани се: проф. д-р Перица Пауновиќ, Технолошко-металуршки факултет, Скопје, и проф. д-р Ана Томова, Технолошко-металуршки факултет, Скопје.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Јаглеродни наноструктури
Назив на предметната програма:	Нанотехнологии и наноматеријали
Назив на студиската програма:	Металургија
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	1. циклус студии: - Наноматеријали и нанотехнологии, 30 часа, 5 кредити, VII семестар (Металургија).
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 450 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 13 поглавја и содржи 101 нумерирана слика, 83 табели и 20 референци.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Перица Пауновиќ, с.р.
Проф. д-р Ана Томова, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ПЕРИЦА ПАУНОВИЌ

Краток опис на содржината:	Ракописот под наслов „Јаглеродни наноструктури“, од проф. д-р Александар Димитров и проф-др Бети Андоновиќ, е учебник кој претставува основна литература за студентите од четврта година на прв циклус студии по предметот Нанотехнологии и наноматеријали, на студиските програми Металургија и Металуршко дигитално инженерство, дополнителна литература по предметот Наноматеријали и нанотехнологии, на студиската програма Инженерство на материјали и нанотехнологии, и на трет циклус студии по предметот Наноматеријали, на студиската програма Металургија, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Исто така, учебникот е наменет и како прирачна литература за дипломираните инженери металурзи, како и за поширокаата инженерска заедница. Ракописот ги опфаќа следниве поглавја: 1. Вовед во јаглеродните наноматеријали, 2. Фулерени, 3. Јаглеродни наноцевки, 4. Графен и графенски материјали, 5. Други јаглеродни наноструктури, 6. Методи за синтеза на јаглеродни наноструктури, 7. Карактеризација на јаглеродните наноструктури, 8. Својства на јаглеродните наноструктури, 9. Јаглеродни нанокомпозити, 10. Примена на јаглеродните наноструктури, 11. Јаглеродни наноструктури во инженерството на материјали, 12. Безбедност, животна средина и идни перспективи, 13. Математика за јаглеродни наноструктури и Литература. Концептот и изложениот материјал во ракописот претставуваат добра основа за воведување на студентите во јаглеродните наноструктури, нивната структурна градба, својства, начини на добивање и примена. Обработени се сите јаглеродни структури кои потекнуваат од графитот и кои се користат во современата нанонаука и нанотехнологија. Во првото поглавје, обработени се основните хемиски и структурни карактеристики на јаглеродот, неговите алотропски модификации и јаглеродните материјали и наноматеријали, со посебен осврт на нанодимензионалноста и специфичните ефекти што се појавуваат на наноразмери. Во второто поглавје се обработени историјата на откривањето, структурата и видовите фулерени, нивните физички и хемиски својства, методите за нивно добивање и нивната примена во различни области. Предмет на третото поглавје е структурата, поделбата и хиралноста на јаглеродните наноцевки, нивните електронски, механички и топлински својства, методите и механизмите на синтеза, прочистувањето и контролата на процесот, функционализацијата, како и нивната примена во различни области. Во четвртото поглавје се изнесени структурата и својствата на графенот, методите за негово добивање, графенските наноленти, графен оксидот и редуцираниот графен оксид, начините на функционализација и модификација, неговите електрични, механички, топлински и оптички својства, како и примената на графенот и графенските материјали. Во петтото поглавје се дадени различни видови други јаглеродни наноматеријали, вклучувајќи наножици, нанодијамант, аморфни и наноструктурирани јаглеродни материјали, карбин и други еднодимензионални јаглеродни структури, како и порозни јаглеродни наноматеријали. Од шестото до осмото поглавје е даден последователен осврт на синтезата, карактеризацијата и својствата на јаглеродните наноструктури. Предмет на деветтото поглавје се нанокомпозити базирани на јаглеродни наноструктури, а во десеттото поглавје се наведени можните примени на јаглеродните наноструктури и нивните нанокомпозити. Понатаму, во единаесеттото поглавје е истакнато значењето на јаглеродните наноструктури во инженерството на материјали, а во дванаесеттото се наведени здравствените и безбедностите аспекти и влијанието врз животната средина. Во последното поглавје е изложена математиката поврзана со јаглеродните наноструктури.

	Материјалот е пренесен со јазик разбирлив за целната група за која е наменет. Содржината на учебникот е направена според стандардите на светските универзитети од оваа област и претставува одлична основа за стекнување нови знаења во натамошното студирање на студентите на металургија и инженерство на материјали и нанотехнологии, како и апсолвирано знаење кое може да се примени во понатамошна практика како дипломирани инженери.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Содржината на ракописот е произлезена од предметната програма и е целосно е усогласена со неа.
Предлози за потребни корекции:	Авторите ги имаат усвоено и коригирано сите забелешки кон текстот на ракописот.
Оцена на ракописот:	Ракописот е автентичен, актуелен и дава значаен придонес за квалитетна настава по предметната програма, како и за унапредување на знаењата на инженерите од областа на металургијата.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Од детални от увид во приложениот материјал, може да се заклучи следново: Авторите на едноставен и разбирлив јазик го објаснуваат изнесениот материјал, објаснувајќи сложени поими и појави. Од приложениот ракопис може да се види нивното искуство во областа на наноматеријалите и нанотехнологиите, особено јаглеродните наноструктури, што може да се види во правилниот избор на структурата и содржината на учебникот. Користената литература е сеопфатна и содржајна, и дава насоки за понатамошно и подетално изучување и проучување на одредени проблематики опфатени во учебникот. Материјалот е солидно технички подготвен, сликите, табелите и дијаграмите одговараат на текстуалниот дел, давајќи јасна слика на обработениот материјал и сочинуваат заокружена целина.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство ракописот „Јаглеродни наноструктури“ да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Нанотехнологии и наноматеријали, примарно наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Перица Пауновиќ, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АНА ТОМОВА

Краток опис на содржината:	Ракописот под наслов „Јаглеродни наноструктури“, од проф. д-р Александар Димитров и проф. д-р Бети Андоновиќ, претставува учебник наменет за студентите од четврта година на прв циклус студии по предметот Нанотехнологии и наноматеријали, на студиските програми Металургија и Металуршко дигитално инженерство, како и дополнителна литература на студиската програма Инженерство на материјали и нанотехнологии. Учебникот е применлив и во наставата на трет циклус студии по предметот Наноматеријали, на студиската програма Металургија. Дополнително, може да послужи како стручна литература за дипломирани инженери металурзи и поширокатa инженерска заедница. Учебникот е структуриран во тринаесет поглавја, кои ги опфаќаат основите на јаглеродните наноматеријали, фулерените, јаглеродните наноцевки, графенот и графенските материјали, други јаглеродни наноструктури, методите на нивна синтеза и карактеризација, својствата, јаглеродните нанокомпозити и нивната примена. Посебно внимание е посветено на улогата на јаглеродните наноструктури во инженерството на материјали, аспектите поврзани со безбедноста и животната средина, идните перспективи, како и на математичките основи релевантни за нивно проучување. Материјалот дава систематизиран преглед на современите јаглеродни наноструктури, нивната структура, својства, начини на добивање, модификација и функционализација, како и нивната примена во различни области. Посебно се обработени фулерените, јаглеродните наноцевки и графенот, при што се разгледуваат нивните физички, хемиски, електрични, механички, топлински и оптички својства. Опфатени се и други современи јаглеродни наноматеријали, како нанодијамант, карбин, порозни и наноструктурирани јаглеродни материјали. Особено значење има последователното и логично претставување на синтезата, карактеризацијата и својствата на јаглеродните наноструктури, проследено со нивната примена во нанокомпозитите и инженерството на материјали. Воедно, разгледани се здравствените и безбедносните аспекти, влијанието врз животната средина и идните можности за развој и примена. Содржината е изложена на јасен и разбирлив јазик, соодветен на целната група. Концепцијата и изборот на материјалот се усогласени со современите наставни и научни достигнувања во областа на нанонауката и нанотехнологијата и со стандардите на современите универзитетски учебници. Оттука, ракописот претставува квалитетна и корисна основа за стекнување и продлабочување на знаењата од областа на јаглеродните наноструктури и наноматеријалите, како за време на студирањето, така и во понатамошната професионална работа на инженерите по металургија и инженерство на материјали и нанотехнологии.

Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Содржината на ракописот е квалитетна, релевантна и современа, при што е целосно усогласена со наставната програма на предметот.
Предлози за потребни корекции:	Забелешките се коригирани.
Оцена на ракописот:	Ракописот претставува автентично и современо дело кое значително придонесува кон унапредување на квалитетот на наставата во рамките на предметната програма, како и кон продлабочување на стручните компетенции и знаења на инженерите од областа на металургијата и наноматеријалите.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Врз основа на извршениот увид во ракописот, може да се констатира дека тој претставува квалитетно и систематично научно-наставно дело. Материјалот е структуриран логично и прегледно, а сложените поими и процеси се изложени јасно, прецизно и на јазик соодветен на целната група. Содржината го одразува богатото професионално и истражувачко искуство на авторите и е поткрепена со релевантна и современа литература. Илустрациите, табелите, графиконите и дијаграмите се соодветно интегрирани и придонесуваат кон подобра разбирливост и дидактичка вредност на текстот. Во целина, ракописот претставува вреден научно-наставен материјал, кој на јасен, систематичен и современ начин ги обработува основните и напредните аспекти на областа на јаглеродните наноструктури. Со својата содржина, стручна релевантност и дидактичка вредност, тој претставува значаен извор на знаења и корисна литература за студентите, наставниот кадар и инженерите од областа на металургијата.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Нанотехнологии и наноматеријали, примарно наменет за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Рецензент
Проф. д-р Ана Томова, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА. ПРИМЕРИ НА СЛУЧАИ ОД ТЕХНОЛОГИЈАТА И МЕТАЛУРГИЈАТА“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р АНА ТОМОВА, РЕД. ПРОФ., Д-Р КИРИЛ ЛИСИЧКОВ, РЕД. ПРОФ. И Д-Р БЕТИ АНДОНОВИЌ, РЕД. ПРОФ.

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, од 28.9.2026 год., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Методологија на научноистражувачка работа. Примери на случаи од технологијата и металургијата“ од авторите д-р Ана Томова, ред. проф., д-р Кирил Лисичков, ред. проф. и д-р Бети Андоновиќ, ред. проф., наменет првенствено за студентите на Технолошко-металуршкиот факултет, за предметот Методологија на научноистражувачка работа за втор циклус студии, избрани се: академик проф. д-р Љупчо Кеверески, Педагошки факултет – Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, и доц. д-р Самоил Малчевски, Институт за сточарство и рибарство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По добивањето на ракопис и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I Општ дел

Основни податоци за ракопис

Назив на ракопис:	Методологија на научноистражувачка работа. Примери на случаи од технологијата и металургијата
Назив на предметната програма:	Методологија на научноистражувачка работа
Назив на студиската програма:	Дизајн и менаџмент на технолошки процеси
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракопис е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	Втор циклус студии, прв циклус и трет циклус Методологија на научноистражувачка работа (II циклус на ДМТП, ТМФ) – задолжителен, а дополнително Методологија на научноистражувачка работа (I циклус на МДИ, ТМФ) – изборен, Методологија на научноистражувачка работа (II циклус на НИЗЖС, ТМФ) – изборен, Методологија на научно истражување со примена и примери од техничко-технолошки науки за Технологија (III циклус на ТМФ) – задолжителен, Методологија на научноистражувачка работа од областа на металургијата за Металургија (III циклус на ТМФ) 240 II циклус задолжителен, 180 II циклус изборен, 90 часа III циклус задолжителен
Реден број на изданието:	прво издание

Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 365 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот – 11. Текстот е поделен во 11 поглавја и содржи 50 нумерирани слики, 2 табели и 35 референци.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Љупчо Кеверески, с.р.
Доц. д-р Самоил Малчески, с.р.

II ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО КЕВЕРЕСКИ

Краток опис на содржината:	Ракописот „Методологија на научноистражувачката работа. Примери на случаи од технологијата и металургијата“ од проф. д-р Ана Томова, проф. д-р Кирил Лисичков и проф. д-р Бети Андоновиќ, наменет како основна литература за задолжителниот предмет Методологија на научноистражувачка работа за втор циклус студии за програмата Дизајн и менаџмент на технолошки процеси, претставува систематски и практично ориентиран преглед на основните принципи, методи и постапки на научноистражувачката работа, со посебен акцент на нивната примена во технологијата, металургијата и хемиското инженерство. Содржината е логично конципирана и го следи истражувачкиот процес од разбирањето на науката и поставувањето на научниот проблем, преку планирањето, прибирањето и обработката на податоците, до интерпретацијата, објавувањето и етичките аспекти на научната работа. **Првото поглавје – „Наука и нејзина улога во општеството“,** ги поставува основите за разбирање на науката како систем на организирано знаење и општествена дејност. Посебно е значајно поврзувањето на развојот на науката со технологијата и металургијата, со што се создава соодветна основа за понатамошните методолошки содржини. **Второто поглавје – „Поим и основи на научноистражувачка методологија“,** ги разработува суштинските поими, логичката структура и основните методи на научното истражување. Поглавјето дава цврста методолошка основа за разбирање на теориските, емпириските и експерименталните пристапи, особено релевантни за инженерските и техничко-технолошките науки. **Третото поглавје – „Карактеристики на научноистражувачка методологија“,** ги разгледува принципите врз кои се темели квалитетното научно истражување, како што се објективноста, валидноста, прецизноста, систематичноста и силата на доказите. Вредно е и согледувањето на улогата на индивидуалната и колективната научна работа и на критичката научна комуникација. **Четвртото поглавје – „Техники за прибирање на податоци за научно истражување“,** е насочено кон практичните аспекти на обезбедувањето релевантни и квалитетни податоци. Опфатени се различни извори и техники на прибирање податоци, од пребарување научна литература и лабораториско набљудување до земање примероци, инструментална карактеризација и работа со индустриски и пресметковни податоци. **Петтото поглавје – „Мерења во научноистражувачка работа“,** претставува значајна методолошка целина за техничко-технолошките науки. Детално се обработуваат мерните резултати, точноста и прецизноста, грешките, неодреденоста, калибрацијата, следливоста и валидацијата, при што содржината е директно применлива во лабораториски и индустриски истражувања. **Шестото поглавје – „Технологија на научноистражувачката работа“,** го прикажува истражувањето како организиран процес, од теориската подготовка и истражувачкиот план до изведувањето, документирањето, обработката и интерпретацијата на резултатите. Особено практична е ориентацијата кон лабораториското дневник, организацијата на дигиталните податоци, аналитичката трага и подготовката на завршниот истражувачки извештај.

	Седмото поглавје – „Организирање на научното истражување“, се фокусира на планирањето и дизајнирањето на истражувањето. Се разработува преминот од практичен проблем кон научен проблем, поставувањето цели и хипотези, операционализацијата, изборот на експериментален план, примерокот и ресурсите, како и организацијата на проектната и тимската работа. **Осмото поглавје – „Статистички анализи и обработка на резултати“,** обезбедува систематски преглед на статистичките постапки потребни за анализа и интерпретација на научни податоци. Од основните дескриптивни мерки и интервали на доверба, преку тестирање хипотези, корелација и регресија, до анализа на варијанса, повторени мерења и визуелизација, поглавјето овозможува поврзување на статистичката методологија со реални истражувачки задачи. **Деветтото поглавје – „Пишување и објавување на трудови“,** го опфаќа завршниот комуникациски аспект на научноистражувачката работа. Студентите се запознаваат со структурата на научниот труд, логиката на IMRaD, начинот на презентирање резултати, цитирањето и библиографијата, изборот на списание, процесот на рецензирање и комуникацијата со уредниците и рецензентите. **Десеттото поглавје – „Етика во научноистражувачката работа“,** ги обработува принципите на научниот интегритет и одговорното спроведување на истражувањето. Посебно внимание е посветено на плагијатот, фабрикувањето и фалсификувањето податоци, авторството, конфликтот на интереси, репродуцибилноста, отвореноста, етиката на рецензирањето и одговорната употреба на вештачката интелигенција. **Единаесеттото поглавје – „Примери на студии на случаи од металургија и хемиско инженерство“,** претставува особено значаен практичен дел од учебникот. Преку конкретни случаи од термичка обработка, корозија, лужење, XRD-анализа, леење, кинетика и синтерување, методолошките принципи од претходните поглавја се применуваат врз реални инженерски истражувачки проблеми. На овој начин, студентите можат да го согледаат целокупниот истражувачки циклус и да ја поврзат методологијата со конкретни проблеми од металургијата и хемиското инженерство. Во целина, учебникот е логично структуриран, содржински сеопфатен и практично ориентиран, а неговата посебна вредност е во поврзувањето на општите принципи на научноистражувачката методологија со спецификите на техничко-технолошките науки. Студиите на случаи во завршното поглавје претставуваат значајна додадена вредност, бидејќи овозможуваат методолошкото знаење да се согледа преку конкретни истражувачки ситуации од металургијата и хемиското инженерство. Оттука, учебникот може успешно да се користи како наставна литература за студенти, но и како практично упатство за подготовка и реализација на истражувачки задачи и проекти во овие научни области.
Оцена за усогласеноста со	Содржината на ракописот е произлезена од предметната програма и е целосно е усогласена со неа.

предметната програма:	
Предлози за потребни корекции:	Сите забелешки сугерирани од рецензентите се усвоени и коригирани.
Оцена на ракописот:	Ракописот е автентичен, актуелен и дава значаен придонес за квалитетна настава по предметната програма, како и за унапредување на знаењата на инженерите од областа методологија на научноистражувачката работа во делот на технологијата и металургијата.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Врз основа на содржината, структурата и методолошката поставеност, може да се заклучи дека учебникот „Методологија на научноистражувачката работа“ претставува квалитетно и систематизирано дело, кое на јасен и практично применлив начин ги опфаќа клучните аспекти на научноистражувачкиот процес. Посебна вредност има неговата насоченост кон технологијата, металургијата и хемиското инженерство, како и поврзувањето на теориските методолошки принципи со мерењата, експерименталното истражување, статистичката обработка, научното пишување и етичките принципи на научната работа. Студиите на случаи дополнително ја зајакнуваат практичната и наставната вредност на учебникот. Имајќи ја предвид содржинската сеопфатност, логичната структура, применливоста на обработените методи и усогласеноста со потребите на студентите и истражувачите во техничко-технолошките науки, се оценува дека учебникот е оправдан за објавување и користење како наставна литература во високото образование. Неговото објавување ќе придонесе кон унапредување на методолошките знаења и истражувачките компетенции на студентите, а практичните примери од металургијата и хемиското инженерство овозможуваат непосредна примена на стекнатите знаења во реални научноистражувачки проблеми

Врз основа на целокупната содржина и методолошката концепција на ракописот, со особено задоволство го поддржувам и го предлагам за објавување како универзитетски учебник по предметот Методологија на научноистражувачката работа, наменет за студентите од областа на технологијата и металургијата на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Учебникот претставува корисна и практично применлива основа за разбирање и спроведување на научноистражувачкиот процес, особено преку вклучените студии на случаи од металургијата и хемиското инженерство.

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Љупчо Кеверески, с.р.

III. Посебен дел од рецензентот: доц. д-р Самоил Малчески

Краток опис на содржината:	Учебникот „Методологија на научноистражувачката работа“ претставува современо, систематично и содржински добро осмислено дело, посветено на запознавање на студентите со основите и практичната примена на научноистражувачката работа. Содржината е конципирана така што постепено го води читателот од разбирање на природата и улогата на науката, преку методолошките основи и техниките на истражување, до планирањето, реализацијата, статистичката обработка, презентирањето и објавувањето на научните резултати. Особено значајно е што методолошките концепти не се обработени само теориски, туку се поврзани со конкретни истражувачки постапки и ситуации карактеристични за технологијата, металургијата и хемиското инженерство. Во првите поглавја се поставува теориската и методолошката основа на научноистражувачката работа, преку разгледување на науката, научното знаење, научните методи, логиката на истражувањето и основните карактеристики на научната методологија. Поглавјата посветени на прибирањето податоци и мерењата имаат особена практична вредност, бидејќи ги опфаќаат квалитетот на податоците, точноста и прецизноста, грешките и неодреденоста на мерењата, калибрацијата и валидацијата. На тој начин, студентите се насочуваат кон правилно планирање и критичко оценување на експерименталните резултати. Поглавјата посветени на технологијата и организирањето на научното истражување го обработуваат истражувачкиот процес како целина — од дефинирањето на проблемот, поставувањето цели и хипотези и изборот на соодветен истражувачки дизајн, до реализацијата, документирањето и оценувањето на истражувањето. Посебно внимание е посветено на експерименталното планирање, примерокот, репликацијата, рандомизацијата и организацијата на истражувачките ресурси, што е од особено значење за студентите од инженерските дисциплини. Обработката на статистичките методи претставува значаен дел од учебникот. Материјалот е организиран од основни статистички концепти кон посложени постапки за анализа и интерпретација на податоци, со вклучување на тестирање хипотези, интервали на доверба, корелација, регресија, анализа на варијанса, повторени мерења и други релевантни постапки. Ваквата поставеност овозможува студентите да разберат не само како се применува одредена статистичка метода, туку и како се избира соодветна анализа во зависност од природата на истражувачкиот проблем и податоците. Поглавјето посветено на пишувањето и објавувањето на научни трудови има особена наставна вредност, бидејќи ги опфаќа сите главни фази на претворањето на истражувачките резултати во научна публикација. Притоа, јасно се разработуваат структурата на научниот труд, презентирањето на резултатите, цитирањето, изборот на списание и комуникацијата со рецензентите. Поглавјето за научната етика дополнително ја заокружува содржината преку

	обработка на научниот интегритет, авторството, плагијатот, конфликтот на интереси, репродуцибилноста, одговорното известување и употребата на вештачката интелигенција во научноистражувачката работа. Особено позитивно ја оценувам содржината на последното, единаесетто поглавје, во кое се дадени студии на случаи од металургијата и хемиското инженерство. Примерите овозможуваат практично поврзување на методолошките знаења од претходните поглавја со конкретни инженерски проблеми и истражувачки ситуации. На тој начин, учебникот добива дополнителна практична димензија и им овозможува на студентите полесно да ја разберат примената на научноистражувачките методи во својата стручна област.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Содржината на ракописот е вредна и значајна, актуелна и е усогласена со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	Забелешките се коригирани.
Оцена на ракописот:	Ракописот е посебно вреден и актуелен, и дава значаен придонес во областа на методологијата на научноистражувачката работа во технологијата и металургијата. Исто така, ракописот ќе овозможи подигнување на квалитетот на наставата и знаењата на инженерите во областа.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Врз основа на извршената анализа, сметам дека учебникот „Методологија на научноистражувачката работа“ е современо и корисно дело, со јасно поставена структура, релевантна стручна содржина и изразена наставна и практична вредност. Неговата особена предност е интегрирањето на општите методолошки принципи со специфичните потреби на техничко-технолошките науки, како и можноста стекнатите знаења да се применат преку конкретни студии на случаи од металургијата и хемиското инженерство. Имајќи ја предвид содржинската сеопфатност, систематичноста и практичната применливост на материјалот, го оценувам учебникот како соодветен за наставни и образовни потреби во високото образование и предлагам негово објавување како универзитетски учебник. Сметам дека неговото користење ќе придонесе за развивање на методолошката писменост, критичкото размислување и истражувачките компетенции кај студентите, како и за нивно посистематско подготвување за самостојна научноистражувачка работа.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство да го поддржам овој ракопис и да предложам негово објавување како универзитетски учебник по предметот етодологија на научноистражувачката работа“, наменет првенствено за студентите на студиските програми од областа на технологијата и металургијата на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Сметам

дека учебникот, со својата систематичност, методолошка поставеност и практична ориентираност, ќе претставува значајна наставна литература за стекнување и унапредување на истражувачките компетенции на студентите.

.

Рецензент
Доц. д-р Самоил Малчески, с.р.

Прилоī бр. 2

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРНО ЈАВНО ЗДРАВСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 23.7. 2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област *безбедноста на храна и ветеринарно јавно здравство*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, (Одлука бр. 0202-946/11), донесена на 4.9.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Павле Секуловски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Деан Јанкулоски, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област *безбедноста на храна и ветеринарно јавно здравство*, во предвидениот рок се пријави д-р Сандра Мојсова.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот доц. д-р Сандра Мојсова е родена на 13. 4. 1980 година, во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, во 1998 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина. Дипломирала во 2007 година, со просечен успех 8,66.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 година се запишала на постдипломски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на отсекот Технологија на млеко под менторство на проф. д-р Соња Србиновска. Предвидените испити од постдипломските студии ги положила со просечен успех 9,57. На 2.4.2013 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Микробиолошки биодиверзитет на традиционално овчо бело саламурено сирење“, со што се стекнала со звањето магистер на земјоделски науки и храна од областа технологија на млеко.

Во учебната 2013/2014 се запишала на трет циклус – докторски студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на студиската програма Безбедност на храна, под менторство на проф. д-р Павле Секуловски. Докторската дисертација под наслов „Ентерококи од македонски сирења: Структура на популација, антибиотска резистентност, биогени амини и присуство на бактериоцини и вирулентни детерминанти“ ја пријавила на 10.2.2014 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, и успешно ја одбранила на 15.1.2016 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. др Соња Србиновска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, проф. д-р Милена Петровска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Владимир Петков, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Со тоа се стекнала со звањето доктор на науки по безбедност на храна.

На 15.6.2007 година е избрана во звањето помлад асистент во областа безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Билтен бр. 918 од 27.5.2007 година). Во истото звање повторно е избрана на 16.6.2010 година (Билтен бр. 987 од 1.6.2010 година).

Во ноември 2011 година е распоредена на работното место соработник во Лабораторијата за микробиологија на храна и добиточна храна на Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Одлука бр. 03-3274 од 2.11.2011). На 13.11.2013 година е избрана во звањето асистент (Билтен бр. 1063 од 15.10.2013 година). На 12.6.2017 (Одлука бр.0202-1101/3) е избрана во звањето доцент.

Во моментот е вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во наставно-научната област хигиена и технологија на суровини од животинско потекло. Д-р Сандра Мојсова е избрана во ова наставно-научно звање на 21.2.2022 година (Одлука бр.0202-237/5), а рефератот за избор е објавен во Билтен бр. 1251 од 15.12.2021 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 918 од 27.5.2007 година, бр. 987 од 1.6.2010 година, бр. 1063 од 15.10.2013 година, бр.1146 од 15.5.2017 година, бр. 1251 од 15.12.2021 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за ветеринарна медицина, кандидатот д-р Сандра Мојсова изведува теоретска и практична настава на прв, циклус студии, по предметите од научната област Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, од студиската програма Ветеринарна медицина. Покажува големо залагање и посветеност во организирањето и изведувањето на наставата по овие предмети и со своите методи на работа го има подигнато нивото и квалитетот на содржините кои се обработуваат и совладуваат со теоретскиот и практичниот дел од наставата по соодветните предмети, што им овозможува на студентите да се стекнат со квалитетни знаења и вештини кои понатаму ќе ги искористат во своето професионално работење.

Кандидатот д-р Сандра Мојсова ги следи најновите светски трендови од оваа област и покажува интерес и отвореност за воведување на нови, современи, методи на учење и работа со што активно придонесува во подобрувањето на квалитетот на наставата.

Научноистражувачка дејност

Д-р Сандра Мојсова има објавено вкупно 60 научни трудови од областа, од кои 16 се објавени во последниот изборен период: 10 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 1 труд во меѓународни научни списанија, 1 труд во меѓународни научни публикации, 4 труда во зборници од научни собири.

Д-р Сандра Мојсова учествувала во четири меѓународни и еден национален научен проект.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Сандра Мојсова активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Националниот институт за ветеринарство и храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Кандидатката е активно вклучена во воведувањето нови и современи акредитирани методи за дијагностика на патогени во храна.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Учествувала во изготвување на 5 меѓународни и 1 национален проект. Активно е вклучена во работата на неколку стручни комисии при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Сандра Мојсова добивал позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во сите изминати студиски години во кои тој бил вклучен во изведувањето на наставата и вежбите.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сандра Мојсова.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р **Сандра Мојсова** да биде избрана во звањето **редовен професор** во научната област **безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство.**

Членови на Комисијата:

Проф. д-р Павле Секуловски, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина

Проф. д-р Деан Јанкулоски, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина

Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Сандра Владимир Мојсова
(име, татково име и презиме)
Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство 4.03.00.22

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: _____ Просечниот успех на втор циклус изнесува: _____ Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	Не применливо
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира. Назив на научната област: 4.03.00.22 Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство; поле: 4.03 Ветеринарни науки; подрачје: 4 Земјоделски и ветеринарни науки.	**ДА**
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**ДА**
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 13. Назив на научното списание: Innovative Food Science & Emerging Technologies 14. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 15. Наслов на трудот: Efficacy of cold atmospheric plasma for inactivation of viruses on raspberries 16. Година на објава: 2022	**ДА**
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или	**ДА**

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Food control 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: Risk based meat safety assurance system – An introduction to key concepts for future training of official veterinarian 4. Година на објава: 2023	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Alternatives to Laboratory Animals 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: Introducing the COST Action ‘Improving the Quality of Biomedical Science with 3Rs Concepts’(IMPROVE) 4. Година на објава: 2024	**ДА**
3.4	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Frontiers in Nutrition 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: Health benefits and risks of fermented foods—the PIMENTO initiative 4. Година на објава: 2024	**ДА**
3.5	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Frontiers in Nutrition 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: Impact of fermented foods consumption on gastrointestinal wellbeing in healthy adults: A systematic review and meta-analysis 4. Година на објава: 2025	**ДА**

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.6	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Macedonian Veterinary Review 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: Monitoring heavy metals, mycotoxins, coccidiostats and microbial contamination in animal feed: A North Macedonia study (2018–2022) 4. Година на објава: 2025	**ДА**
3.7	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Frontiers in Nutrition 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: The role of fermented foods in managing food allergies in children and adults: a systematic review 4. Година на објава: 2026	**ДА**
3.8	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Frontiers in Nutrition 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: Effects of sourdough-or regular-bread fermentation, and phytate reduction on iron bioavailability, absorption, and iron status in humans: a systematic review of intervention studies 4. Година на објава: 2026	**ДА**
3.9	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	**ДА**

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	1. Назив на научното списание: Journal of clinical virology 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, Journal Citation Report 3. Наслов на трудот: ONWARD: A one health, pan-European multidisciplinary network advancing surveillance, research, clinical management and control of zoonotic hepeviruses 4. Година на објава: 2026	
3.10	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Proceedings of the 6th International Poultry Meat Congress 2. Назив на меѓународниот собир: 6th International Poultry Meat Congress, 2023, Antalya, Turkey 3. Имиња на земјите: Турција, САД, Канада, Холандија, Италија, Австралија, Белгија, Германија, Грција, Австрија, Португалија, Шпанија, Норвешка 4. Наслов на трудот: Trials on the addition of *Saccharomyces cerevisiae boulardii* and its' effects in broilers 5. Година на објава: 2023	**ДА**
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Практикум по Хигиена и технологија на млеко и млечни производи 2. Место и година на објава: Скопје, 2026 Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина. ISBN 978-9989-774-51-5, Одлука за прифаќање од страна на ННС бр. 0202-715/2 од 26.06.2026; CIP 637.1:66(076); 637.1/.3:614.3(076); COBISS.MK-ID 69511941	**ДА**
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: бр. 1251, 15 декември 2021 година	**ДА**
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност.	**ДА**

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Сандра Владимир Мојсова
(име, татково име и презиме)
Институција: Факултет за ветеринарна медицина – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство 4.03.00.22

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
Одржување настава од прв и втор циклус		
1.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2021/2022	1,2
2.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2021/2022	1,8
3.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2022/2023	1,2
4.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2022/2023	1,8
5.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2023/2024	1,2
6.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2023/2024	1,8
7.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2024/2025	1,2
8.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2024/2025	1,8
9.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2025/2026	1,2
10.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2025/2026	1,8
11.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2021/2022	1,2
12.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2022/2023	1,2
13.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2023/2024	1,2
14.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2024/2025	1,2
15.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2025/2026	1,2
16.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2021/2022	1,2
17.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2022/2023	1,2
18.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2023/2024	1,2
19.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2024/2025	1,2
20.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2025/2026	1,2
Одржување вежби од прв и втор циклус		
21.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2021/2022	0,9

22.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2021/2022	1,35
23.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2022/2023	0,9
24.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2022/2023	1,35
25.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2023/2024	0,9
26.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2023/2024	1,35
27.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2024/2025	0,9
28.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2024/2025	1,35
29.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2025/2026	0,9
30.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2025/2026	1,35
31.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2021/2022	0,9
32.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2022/2023	0,9
33.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2023/2024	0,9
34.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2024/2025	0,9
35.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2025/2026	0,9
36.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2021/2022	0.9
37.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2022/2023	0,9
38.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2023/2024	0,9
39.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2024/2025	0,9
40.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2025/2026	0,9
Консултации со студенти		
41.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2021/2022, 3 студенти	0,006
42.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2021/2022, 3 студенти	0,006
43.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2022/2023, 3 студенти	0,006
44.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2022/2023, 3 студенти	0,006
45.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2023/2024, 9 студенти	0,018
46.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2023/2024, 9 студенти	0,018
47.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2024/2025, 6 студенти	0,012
48.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2024/2025, 6 студенти	0,012
49.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, зимски семестар, (2+2) 2025/2026, 9 студенти	0,018
50.	Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед, летен семестар, (2+3) 2025/2026, 9 студенти	0,018

51.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2021/2022, 3 студенти	0,006
52.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2022/2023, 3 студенти	0,006
53.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2023/2024, 9 студенти	0,018
54.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2024/2025, 6 студенти	0,012
55.	Хигиена и технологија на млеко, зимски семестар, (2+2) 2025/2026, 9 студенти	0,018
56.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2021/2022, 3 студенти	0,006
57.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2022/2023, 3 студенти	0,006
58.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2023/2024, 9 студенти	0.018
59.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2024/2025, 6 студенти	0,012
60.	Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство, летен семестар,(2+2) 2025/2026, 9 студенти	0,018
Настава во школи и работилници		
61.	EFSA работилница Risk Assessment from A to Z, одржана во Белград, Подгорица и Скопје 12.6.2025 (сертификат)	1
62.	EFSA работилница Crisis-Preparedness Workshop on Food and Feed Safety in IPA Beneficiaries, одржана на 26-27.6.2024 во Сараево, БиХ (сертификат)	1
63.	Training school on dissemination and communication in biomedical science, 10-14.9.2023 во Милано, Италија (Одлука бр. 0201-1301/7-5 од 17.10.2023)	1
64.	ENOVAT Training PK/PD of antibiotics во Солун, Грција од 9-13.5.20222 (Одлука бр. 0201-718/16-3 од 20.5.2022)	1
65.	Training school on data extraction, quality and bias во организација на COST 20128 PIMENTO во Анталија, Турција од 15-19.4.2024 (Одлука бр. 0201-469/3-1 од 22.4.2024)	1
66.	Workshop COST Action Improve во Истанбул, Турција од 2-3.9.2024 (сертификат)	1
67.	Training school PPB in sustainable nutritional and functional foods од 14-16.05.2025 во Антверпен, Белгија (сетификат)	1
68.	Enhancing communication and English proficiency in Veterinary medicine Education 06.2025 во Скопје (сертификат)	1
69.	PIMENTO WG3 2024 training school "Study Quality and Bias" 26-29.8.2024	1
Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд		
70.	Комисија за одбрана на докторскиот труд од кандидатот Максуд Крлуку со наслов: „Определување на антимикробна отпорност на коменсална echerichia coli изолирана од фецес на млечни крави“ (Одлука бр. 0202-1695/6 од 3.12.2021 година)	0,7
71.	Комисија за одбрана на докторскиот труд од кандидатот Бесарт Јашари со наслов: Карактеризација, генетска типизација и антимикробна отпорност на *Listeria monocytoegenes* од синџирот на исхрана на Косово (Одлука бр. 0202-472/9 од 16.4.2025 година)	0,7
72.	Комисија за одбрана на докторскиот труд од кандидатот Дафина Мехметукај со наслов: Методи за идентификација на измами со производи од месо во Косово (Одлука бр. 0202-1420/9 од 12.112025 година)	0,7
73.	Комисија за оцена на предлог-проект за изработка на докторскиот труд од кандидатот Ернеса Горчај со наслов: Алтернативи за месо од растително потекло – технолошки процес, важност и визија за иднината (Одлука бр. 0202-1474/17 од 26.12.2024)	0,7

Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа		
74.	Член на комисија за одбрана на дипломска работа на 1 студент Решение бр. 0901-784 од 9.7.2026	0,1
Позитивно рецензиран универзитетски учебник		
75.	Практикум: Хигиена и технологија на млеко и млечни производи; Место и година на објава: Скопје, 2026 Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за ветеринарна медицина ISBN 978-9989-774-51-5, Одлука за прифаќање од страна на ННС бр. 0202-715/2 од 26.06.2026 CIP 637.1:66(076); 637.1/.3:614.3(076) COBISS.MK-ID 69511941	8
Интерна скрипта од предавања		
76.	Хигиена и технологија на млеко – интерна скрипта предавања	4
Интерна скрипта од вежби		
77.	Хигиена и технологија на млеко – интерна скрипта вежби	3
Пакет материјали		
78.	Хигиена и технологија на млеко	1
Рецензент на универзитетски учебник		
79.	Практикум по предметот основи на инструментални методи од авторите д-р Весна Левков и д-р Наташа Ѓорговска со Одлука на Научниот совет на УКИМ Институт за сточарство Скопје, бр. 02-436/3	1
	Вкупно	**76,39**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
Учесник во национален научен проект		
1.	ФВМС Евалуација на безбедноста на храната за животни во РС Македонија во однос на потенцијалот за придонес кон антимикробната резистентност во синџирот на исхрана (2022-2025) (Одлука бр. 0202-359/14 од 31.3.2023 година)	3
Учесник во меѓународен научен проект		
2.	HORIZON-MSCA-SE-2026 PROJECT MAKE-SENSE (01.2027-01.2031)	5
3.	COST CA24140 - One Health zoonotic Hepevirus Network (ONWARD) (2025-2029)	5
4.	COST 25101 Pan-European One Health Network for Infectious Diseases Detection, Monitoring and Prevention (1HEALTH-NET) (2026-2030)	5
5.	ERASMUS+ Capacity building in the field of higher education – 2025 (2024-1-MK01-KA220-HED-000251614) Reaching Beyond Borders: Enhancing Communication and English Proficiency in Veterinary Medicine Education	5
Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и		

Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование		
6.	Vesna Levkov, Natalija Atanasova-Panchevska, Daniela Belichovska, Sandra Mojsova, Natasha Gjorgovska (2022) Fermented plant based products in everyday nutrition in Macedonia and their potential of probiotic vectors. Macedonian Journal of Animal Science, Vol. 12 No. 1–2, pp. 45–54. https://www.doi.org/10.54865/mjas22121-2005n	3
Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование		
7.	Branko Velebit, Lazar Milojević, Tatjana Baltić, Nevena Grković, Sanjay Gummalla, Marina Velebit, Ines Škoko, Sandra Mojsova, Predrag Putnik (2022) Efficacy of cold atmospheric plasma for inactivation of viruses on raspberries. Innovative Food Science & Emerging Technologies Vol. 81, p. 103-121 https://doi.org/10.1016/j.ifset.2022.103121	8,94 (8+6.9 x60%)
8.	Maurizio Ferri, Bojan Blagojevic, Patric Maurer, Brigita Hengl, Claudia Guldimann, Sandra Mojsova, Ioannis Sakaridis, Boris Antunovic, Eduarda Gomes-Neves, Nevijo Zdolec, Madalena Vieira-Pinto, Sophia Johler (2023) Risk based meat safety assurance system – An introduction to key concepts for future training of official veterinarian. Food control Vol. 146. https://doi.org/10.1016/j.foodcont.2022.109552	9,0 (8+7,0 x60%)
9.	Kitsara, M., Smajlhodžić-Deljo, M., Gurbeta Pokvic, L., Bert, B., Bubalo, N., Erden, S., Mojsova S.& Neuhaus, W. (2024). Introducing the COST Action ‘Improving the Quality of Biomedical Science with 3Rs Concepts’(IMPROVE). Alternatives to Laboratory Animals, 52(6), 326-333. https://doi.org/10.1177/02611929241286024	6,60 (8+3,0 X60%)
10.	Todorovic, S., Akpinar, A., Assunção, R., Bär, C., Bavaro, S. L., Berkel Kasikci, M., Mojsova S. & Vergères, G. (2024). Health benefits and risks of fermented foods—the PIMENTO initiative. Frontiers in nutrition, 11, 1458536. https://doi.org/10.3389/fnut.2024.1458536	5,04 (8+5,5 x60%)
11.	Mukherjee, A., Farsi, D. N., Garcia-Gutierrez, E., Akan, E., Salas Millan, J. A., Angelovski, L., Bintsis, T., Gérard, A., Güley, Z., Kabakcı, S., Kahala, M., Merabti, R., Pavli, F., Salvetti, E., Karagözlü, C., Bağlam, N., Hyseni, B., Bavaro, S., Papadimitriou, K., Doo, E.-H., Chassard, C., Praćer, S., Vergères, G., Cotter, P. D., & Mojsova, S. (2025). Impact of fermented foods consumption on gastrointestinal wellbeing in healthy adults: A systematic review and meta-analysis. Frontiers in Nutrition, 12, 1668889. https://doi.org/10.3389/fnut.2025.1668889	8,1 (8+5,5 x60%)
12.	Stojkovikj, E., Dimzoska, B., Enimiteva, V., Angelovski, L., Musliu, Z., Ilievska, G., Koceva, D., Angeleska, A., & Mojsova, S. (2025). Monitoring heavy metals, mycotoxins, coccidiostats and microbial contamination in animal feed: A North Macedonia	5,22 (8+0,7 x60%)

	study (2018–2022). Macedonian Veterinary Review, 48(2), 173–187. https://doi.org/10.2478/macvetrev-2025-0023	
13.	Santa, D., Huch, M., Stoll, DA., Cunedioglu, H., Priidik, R., Karakaş-Budak, B., Matalas, A., Pennone, V., Girija, A., Arranz, E., Syrpas, M., Mukherjee, A., Cotter, PD., Mojsova, S., Chassard, C., Praćer, S., Vergères, G. and Kütt M-L (2025) Health benefits of ethnic fermented foods. Front. Nutr. 12:1677478. doi: 10.3389/fnut.2025.1677478	8,1 (8+5,5 x60%)
14.	Hyseni, B., Papadimitriou, K., Issa, A., Tonay, A. N., Ergün, B. G., Gonzalez-Domenech, C. M., Mojsova S. & Bavaro, S. L. (2025). The role of fermented foods in managing food allergies in children and adults: a systematic review. Frontiers in Nutrition, 12, 1689636. https://doi.org/10.3389/fnut.2025.1689636	8,1 (8+5,5 x60%)
15.	Nikolaou, A., Assunção, R., Cvetković, B., Fardet, A., Gamero, A., Gandía, M., Mojsova. S & Syrpas, M. (2026). Effects of sourdough-or regular-bread fermentation, and phytate reduction on iron bioavailability, absorption, and iron status in humans: a systematic review of intervention studies. Frontiers in Nutrition, 13, 1778997. https://doi.org/10.3389/fnut.2026.1778997	8,1 (8+5,5 x60%)
16.	Rivero-Juarez, A., Velebit, B., Johne, R., Abravanel, F., Reuter, G., Dudman, S., Mojsova S.& Mesquita, J. R. (2026). ONWARD: A one health, pan-European multidisciplinary network advancing surveillance, research, clinical management and control of zoonotic hepeviruses. Journal of clinical virology, 105944. https://doi.org/10.1016/j.jcv.2026.105944	7,02 (8+3,7 x60%)
Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови		
17.	Elizabeta Dimitrieska Stojkovikj, Gordana Ilievska, Biljana Stojanovska-Dimzoska, Dusica Koceva, Radmila Crceva Nikolovska, Aleksandra Angeleska, Sandra Mojsova, Ljupco Angelovski. Mycotoxin surveillance in dairy industry: Trends and implications from a five-year study in North Macedonia. AGROFOR International Journal, Vol. 10, Issue No. 2, 2025. 10.7251/AGREN2502013D UDC 637.1:582.282.123.4(497.7)	3,0
Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји		
18.	Aleksandra Angeleska, Radmila Crceva Nikolovska, Elizabeta Dimitrieska Stojkovik, Sandra Mojsova, Igor Esmerov, Ljupco Angelovski. Overview of the factorsthat influencefeed safety and quality. Book of Proceedings, p. 600-607; XIV International Scientific Agricultural Symposium “Agrosym 2023”, October 2023, Jahorina, Serbia	3,0

19.	Elizabeta Dimitrieska Stojkovikj, Radmila Crceva Nikolovska, Risto Uzunov, Sandra Mojsova, Aleksandra Angeleska, Ljupco Angelovski. A systematic review of the impact of climate change on agriculture and future adaptation strategies for North Macedonia. Proceedings of the XV International Scientific Agricultural Symposium “Agrosym 2024”, Jahorina, BiH, 10-13, October, 2024. pp. 939-947	3,0
20.	Ljupco Angelovski, Elizabeta Dimitrieska Stojkovikj, Radmila Crceva Nikolovska, Igor Esmerov, Risto Uzunov, Sandra Mojsova, Aleksandra Angjeleska. Scientific and regulatory perspectives on irradiated food: detection standards and safety evaluation. Proceedings of the XVI International Scientific Agricultural Symposium “Agrosym 2025”, Jahorina, BiH, 2-5, October, 2025. pp. 351-358	3,0
21.	Ljupco Angelovski, Elizabeta Dimitrieska Stojkovikj, Radmila Crceva Nikolovska, Igor Esmerov, Risto Uzunov, Sandra Mojsova, Aleksandra Angjeleska. The role of rural tourism in advancing sustainable development in North Macedonia. Proceedings of the XVI International Scientific Agricultural Symposium „Agrosym 2025“, Jahorina, BiH, 2-5, October, 2025. pp. 359-367	3,0
Рецензија на научен/стручен труд		
22.	Journal of Agriculture and Plant Sciences Sensory evaluation of dietary sausages intended for children's nutrition Type: Original Scientific Article Submitted: 27.05.2026	0,2
23.	Frontiers in Sustainable Food Systems Lactobacilli-Fermented Juice (Opuntia ficus-indica): A Sustainable Food Safety Approach Utilized in Cadmium Toxicity Alleviation Type: Original Scientific Article Submitted: 12.01.2024	0,2
24.	Food Science and Nutrition Prevalence, characterization and antibiotic susceptibility of *Cronobacter* spp. in milk powder processing environment Type: Original Scientific Article Submitted: 15.01.2021	0,2
Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество		
25.	Sandra Mojsova, Vesna Levkov, Ljupco Angelovski Antimicrobial activity of goat whey with added kefir. *Book of Abstract. 9th International Scientific Meeting, 88p. Days of Veterinary Medicine.* 22-25 September 2022, Ohrid, RN Macedonia	2
26.	Sandra Mojsova „Newest trends in microbiology in biowaste transformation and processes of biowaste transformation with microorganisms“, Academy for biowaste transformation and biotechnology, UNDP 16-27 September, Skopje, RN Macedonia (програма)	2
Апстракти објавени во зборник на конференција		
27.	Ljupco Angelovski, Katerina Blagoevska, Snezana Dimitrovska, Sandra Mojsova, Igor Esmerov, Aleksandra Angeleska, Radmila	1

	Črčeva. Advancements in dairy herd management essential for developing and emerging cointries. XXVII International Conference Krmiva (2022), Krmiva (2022) p. 25	
28.	Ljupčo Angelovski, Snežana Dimitrovska, Sandra Mojsova, Aleksandra Angeleska, Radmila Črčeva Nikolovska (Veterinarski fakultet, Skopje - Republika Severna Makedonija) (2023). Prevention of Campylobacter colonization in poultry with on-farm measures in feed menagment Abstract Krmiva 2023	1
29.	Ljupco Angelovski, Mirko Prodanov Marija Ratkova Manovska, Aleksandra Angjeleska, Radmila Crceva Nikolovska, Sandra Mojsova. Enhancing feed practices to prevent antibiotic resistance in food producing animals. Book of Abstracts. 10th International Scientific Meeting Days of veterinary medicine 22-25th September, 2024 Ohrid, R. of North Macedonia, p.48	1
30.	Ljupco Angelovski, Radmila Crceva Nikolovska, Mirko Prodanov, Marija Ratkova Manovska, Sandra Mojsova, Aleksandra Angjeleska. Optimizing feed management to reduce campylobacter risks in polutary production. Book of Abstracts. 10th International Scientific Meeting Days of veterinary medicine 22-25th September, 2024 Ohrid, R. of North Macedonia, p.81	1
31.	Mirko Prodanov,Marija Ratkova Manovska, Sandra Mojsova, Ljupco Angelovski, Dean Jankulovski. Bacterial contamination in different stages of poultry slaughtering process Book of Abstract. 9th International Scientific Meeting, 89p. Days of Veterinary Medicine. 22-25 September 2022, Ohrid, RN Macedonia	1
32.	Dean Jankuloski, Marija Ratkova Manovska, Katerina Blagoevska,Gordana Ilievska, Biljana Sojanovska Dimzoska, Mirko Prodanov, Lupco Angelovski, Sandra Mojsova, Snezana Dimitrovska. Antimicrobial resistance in commensal Escherichia coli isolated from pigs cecal samples at slaughter. Book of Abstract. 9th International Scientific Meeting, 51p. Days of Veterinary Medicine. 22-25 September 2022, Ohrid, RN Macedonia	1
	Вкупно	**125,82**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
Поглавје во книга		
1.	Коавтор – Наслов на поглавје „Food systems and public health concerns“, Наслов на книга „Challenges and trends in food safety: contamination, public health, and control measures”, проф. д-р Сандра Мојсова, д-р Љупчо Ангеловски, во процес на публикација. Издавач: Elsevier	2
Воведување нова лабораториска/клиничка метода		
2.	Микробиологија на синџирот храна – Метода за откривање на Anisakidae L3 ларва во риба и производи од риба – Дел 2 Метода на вештачка дигестија	1
Раководител на лабораторија		
3.	Раководител на Лабораторија за микробиологија на храна и добиточна храна	1

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир		
4.	Член на организациски одбор на меѓународен научен собир Days of veterinary medicine. Септември 2022	1
5.	Член на организациски одбор на меѓународен научен собир 10th International Scientific Meeting Days of Veterinary Medicine – 2024 and 2nd European Conference on Veterinary and Medical Education, 16-27 Септември, Скопје, РС Македонија	1
Студиски престој во странство		
6.	Студиски престој на Ветеринарен факултет во Загреб, Р Хрватска во организација на CEEPUS 2-6.3.2026	0,5
Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект		
7.	Примена на биојаглен и зеолит за оптимизација на производствените перформанси и митигација на негативните ефекти во сточарското производство	1
Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект		
8.	Call: HORIZON-CL6-2024-FARM2FORK-01 Type of Action: HORIZON-RIA Acronym: Food-PROGNOSIS Number: 101182133 Duration: 48 months	1
9.	Call: ERASMUS-EDU-2024-CB-VET Type of Action: ERASMUS-LS Acronym: FOOD CLASSROOMS Number: 101183475 Duration: 24	1
10.	Call: HORIZON-CL6-2025-02-two-stage Type of Action: HORIZON-IA Acronym: MYCO-ALERT Number: 101270589 Duration: 48	1
11.	Call: ERASMUS-EDU-2026-CB-VET Type of Action: ERASMUS-LS Acronym: S3F-VET Number: 101336693 Duration: 36 months	1
12.	Call: HORIZON-WIDERA-2026-02 Type of Action: HORIZON-CSA Acronym: TWINCORNER Number: 101340238 Duration: 36 months	1
Член на факултетска комисија		
13.	Член на Комисија за реализација на Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии – Специјалистички студии по Безбедност и квалитет на храна (Одлука бр. 0202-894/9 од 4.7.2025 година)	0,5
14.	Член на Одбор за меѓународна соработка на ФВМС (Одлука бр. 0202-1474/13 од 26.12.2024 година)	0,5
15.	Член на Комисија за изготвување на Елаборат за повторна акредитација на студиска програма Безбедност на храна од втор циклус (специјалистички) стручни студии (Одлука бр. 0202-1267/11 од 13.10.2025 година)	0,5
16.	Член на Комисија за изготвување на Елаборат за реакредитација на студиска програма од трет циклус – докторски студии по Безбедност на храна (Одлука бр. 0202-1503/7 од 4.12.2025 година)	0,5
	Вкупно	**14,5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**76,39**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**125,82**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**14,5**
Вкупно	**216,71**

Прилоī бр. 4

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО И ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ОДРЖЛИВ МЕБЕЛ“ ОД М-Р УМНИЈЕ АЗИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, на седницата одржана на 10.9.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Умније Азири со наслов: **Анализа на потребите од урбана опрема во општина Тетово и изработка на проект за одржлив мебел**, во состав: проф. д-р Владимир Каранаков (претседател), проф. д-р Елена Никољски Паневски (ментор), проф. д-р Горан Златески (член), проф. д-р Софија Сидоренко (член) и проф. д-р Мира Станкевиќ Шуманска (член) и проф. д-р Софија Сидоренко (член). Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Умније Азири, со наслов „АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО И ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ОДРЖЛИВ МЕБЕЛ“содржи213страници, со 40додатни страни на авторезиме, компјутерскиобработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред 1.0 и големина на букви 12, 154 библиографски единици, меѓу нив научни публикации (статии и трудови), книги, емпириски податоци, државни и национални документи и интернет-извори.

Трудот е структуриран во 12 глави и прилози. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во прилог на трудот е дадено Авторезиме на авторката на македонски и англиски јазик, во кое таа ги прикажува своите гледишта кон трудот и добиените резултати. Приложена е и автобиографија на кандидатката со список на објавени трудови.

Во воведот (првата глава) на трудот, објаснет е предметот на истражување – јавните простори и урбаниот мебел во контекст на одржливиот урбан дизајн, како клучни елементи за градење на инклузивни и простори дизајнирани според мерка на човекот. Во првите параграфи е изложена комплексноста на темата преку дефинирање на урбаниот мебел како медијатор меѓу човекот и просторот, со фокус на градот Тетово како пример чиј развој кандидатката го следи и кој има изразена просторна и социјална хетерогеност.

Следствено, со конкретизација се дефинира истражувачкиот проблем кој произлегува од недоволната интеграција на принципите на одржливост, нефункционалноста на постојните елементи и отсуството на јасни стратегиски критериуми во локалното планирање. Како одговор на ова, целта на дисертацијата е развивање на иновативен, одржлив и партиципативен модел за дизајн на урбан мебел кој промовира циркуларна економија, социјална инклузивност и еколошка ефикасност преку евалуација на три специфични дизајнерски сценарија за супституција на материјалите (челик + термички обработено дрво (ThermoWood), алуминиум + термички обработено дрво (ThermoWood) и алуминиум + рециклиран материјал).

Истражувањето се реализира преку сеопфатен методолошки пристап, кој вклучува преглед на литература, методи на анализа, синтеза и споредба, како и емпириски дел, базиран на теренска опсервација, технички пресметки и дигитална партиципација (структуриран прашалник) за евалуација на корисничките перцепции. Во оваа глава се поставени четири истражувачки прашања и четири соодветни хипотези кои ја тестираат врската помеѓу хуманистичкиот дизајн (дизајн во чиј центар е човекот), ергономијата, намалувањето на токсичните емисии (VOC) и минимизирањето на потенцијалот за глобално затоплување (GWP) преку концептот „од отпад до ресурс“ (Waste-to-Asset). На крајот од поглавјето се дефинирани опсегот и географските ограничувања на трудот, по што следува детален приказ на содржината на докторатот преку краток опис на сите десет поглавја кои ја сочинуваат дисертацијата.

Втората глава, насловена: ПРЕГЛЕД НА ДОСЕГАШНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА И ТЕОРЕТСКА РАМКА, го дефинира теоретскиот и емпириският контекст на урбаната опрема преку призмата на современиот екоинженеринг и одржливост. На почетокот од поглавјето, преку преглед на меѓународната научна литература, детално се објаснува метаболизмот на современиот град каде што малите архитектонски форми, конкретно клупите и корпите за отпадоци, колективно акумулираат значаен еколошки отисок. Понатаму, кандидатката се фокусира на предизвиците од имплементацијата на методологијата за процена на животниот циклус (LCA) според стандардите ISO 14040/44 кај микроинфраструктурата, нагласувајќи ја важноста на прецизноста во фазата на инвентар (LCI) преку дефинирање на густината на материјалот и волуменот.

На крајот од ова поглавје се дефинира состојбата во Општина Тетово, со цел идентификување на истражувачкиот јаз досега во урбанистичкото уредување и опремување на Тетово. Трудот го анализира урбанистичкиот проблем на град Тетово преку три клучни столба: систематизација на техничките спецификации на постојната опрема, интегрирање на математички формули во еколошкиот модел и предлагање на оптимизиран, нискојаглероден модел на урбан мебел.

Третата глава, насловена: МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО, го елаборира сеопфатниот комбиниран методолошки пристап, кој систематски ги интегрира квалитативните кориснички перцепции со квантитативните еколошки и конструктивни пресметки. Кандидатката ја заснова истражувачката архитектура врз принципот на методолошка триангулација, поделена во три последователни фази: емпириско-дијагностичка, инженерско-аналитичка (LCA-моделирање) и синтетичко-дизајнерска фаза.

Во делот за методи за прибирање податоци, детално е објаснет процесот на дигитална социјална партиципација преку структуриран онлајн анкетен прашалник конфигуриран во пет сегменти, со цел евалуација на корисничките ставови, ергономските перформанси и подготвеноста за прифаќање алтернативни материјали (HDPE). Паралелно, прикажан е методот на теренска детекција и просторна инвентаризација на клучни локации во Тетово, каде што секој модел се оценува преку мултикритериумска матрица за бодување со вредности од 1 до 5 во пет клучни домени.

Понатаму, во поглавјето прецизно се дефинира методолошката рамка за проценка на животниот циклус (LCA) согласно со стандардите ISO 14040/44 (2006). Процесот е елаборирани низ четири меѓусебно поврзани фази, при што, земајќи ги предвид границите на системот „од експлоатација на суровини до производна порта“ (Cradle-to-Gate, модули A1–A3) и дефинираната функционална единица, се користи математички модел за утврдување на јаглеродниот отпечаток кај актуелните модели на урбан мебел.

Собраните податоци од инвентарот (LCI) се обработени со софтверот openLCA (бази ICE v3.0 и Agribalyse) за детекција на еколошките „жаришта“.

При крајот на ова поглавје се опишува методологијата на дизајнерски развој и синтеза информирана од податоци, која резултира со материјализација на три нови концептуални сценарија (Сценарио А: челик + термодрво, Сценарио Б: рециклиран алуминиум + термодрво и Сценарио В: рециклиран алуминиум + HDPE). На тоа се надоврзува методологијата на двостепена споредбена евалуација преку компаративна LCA-пресметка и повторно бодување со матрицата. Поглавјето завршува со научно образложение на методолошките избори и детално прикажување на етичките аспекти на истражувањето, вклучувајќи ја анонимноста и писмената согласност од учесниците во истражувањето.

Четвртата глава, под наслов: ТЕОРЕТСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЛИТЕРАТУРАТА, претставува сеопфатен приказ на постојните научни сознанија во областа и ја воспоставува цврстата теоретска рамка на трудот. Поглавјето започнува со просторна дефиниција и типологија на урбаниот јавен простор, нагласувајќи ја неговата мултифункционална улога во современите градови. Понатаму, елаборирани се еволутивниот развој и таксономијата на урбаниот мебел, почнувајќи од историската генеза и индустриската револуција, па сè до хуманистичкиот пресврт

во модернизмот, со цел да се појасни како овие елементи влијаат врз квалитетот на просторот и социјалната релевантност.

Во ова поглавје е направена детална класификација и систематизација на урбаниот мебел според четири критериуми: типологија на просторот, функција и услуги, методи на производство (технолошки пристап) и начин на монтирање. Посебен фокус е ставен на елементите за седење (клупи), каде што се анализираат ергономијата, техничките детерминанти на дизајнот и корисничката диверзификација, по што поединечно се разработени и останатите клучни елементи на микроинфраструктурата: корпи за отпадоци, транзитни постојки (засолништа), држачи за велосипеди и урбано осветлување.

Понатаму, кандидатката детално ја третира одржливоста во урбаниот дизајн преку системски пристап и анализите на тројната основа (социјална, економска и еколошка). Во овој контекст се објаснети нормативните насоки, принципите на кружната економија и стратегиите за долговечност. Спроведена е компаративна анализа на материјалите каде што се евалуираат еколошките прашања преку проценатa на животниот циклус (LCA) и се истражува имплементацијата на иновативни и рециклирани материјали. Главата завршува со анализа на хуманистичките аспекти, идните трендови и сумирање на клучните сознанија, поткрепени со преглед на добри меѓународни практики од практичниот дизајн, како што се паметните соларни решенија и еколошките автобуски засолништа („Filtreo“).

Петтата глава, насловена: УРБАН КОНТЕКСТ И АНАЛИЗА НА ТЕТОВО, претставува јадрото на емпириското и квантитативното истражување во дисертацијата, каде што теоретските поставки се применуваат директно на локалниот контекст. На почетокот од поглавјето е направен детален хронолошки преглед на урбаната структура на Тетово преку три карактеристични периоди: органската структура (XV – XIX век), социјалистичко-модерниот град (југословенски период) и современиот град Тетово денес, кој се соочува со урбан хаос. Во овој контекст се анализираат зелените површини и деградацијата на јавниот простор, енормното загадување на градот и бетонизација, по што се понудени конкретни интервенции и дизајнерски препораки.

Вториот и најобемен дел од поглавјето е посветен на теренската инвентаризација, проценка и компаративна евалуација на постојниот урбан мебел. Спроведено е прецизно рангирање и класификација на седечките единици, како и на кантите за отпадоци. Клучниот научен придонес во ова поглавје е проценката на животниот циклус (LCA) на пет репрезентативни урбани клупи (S3, S6, S8, S9 и S15) преку детално моделирање на фазите A1, A2 и A3. Преку математички модел и софтверска обработка, изведена е компаративна анализа на нивниот еколошки отпечаток со цел дефинирање на јасни еколошки заклучоци.

На крајот од поглавјето е извршено мапирање на недостатоците и е прикажана сеопфатна евалуација на потребите на корисниците преку детална интерпретација на резултатите од спроведениот анкетен прашалник во Тетово. Преку демографски преглед и анализа на предлозите од граѓаните, поглавјето ги синтетизира квалитативните кориснички искуства и квантитативните LCA-наоди, со што се воспоставуваат конкретни импликации и насоки за развој на новите дизајнерски сценарија.

Шестата глава, под наслов: АНАЛИЗА НА МАТЕРИЈАЛИ И ОДРЖЛИВОСТ, е посветена на детална евалуација на материјалите кои се соодветни за развој на одржлива урбана опрема. На почетокот се дефинираат критериумите за избор, како што се трајноста, потребите за одржување, еколошкото влијание, структурните перформанси и економската исплатливост, поткрепени со компаративна анализа преку дијаграми на Ешби (AshbyCharts). Понатаму, извршен е детален технички и еколошки преглед на четирите клучни селектирани материјали: ThermoWood (термички модифицирано дрво), челик, алуминиум и рециклиран полиетилен (rHDPE). Поглавјето го истражува животниот циклус и локалното обезбедување на овие материјали, дефинирајќи прецизни протоколи за заштита кои водат кон долговечност и циркуларност на урбаните елементи.

Седмата глава, насловена: РАЗВОЈ НА ДИЗАЈН КОНЦЕПТОТ (THE TETOVO RIB), го прикажува процесот на проектирање на новите модели на урбан мебел како дизајн информиран од претходно собраните податоци. Во ова поглавје се дефинирани целите, стратегиите, како и

ограничувањата и барањата на дизајнот во контекст на градот Тетово. Преку детална анализа на рачни скици, елаборирани се концептуалните предлози и нивните технички параметри, вклучувајќи ги ергономските параметри на седење, конструктивните спецификации и интеграцијата на паметна технологија и урбано позиционирање.

Осмата глава, под наслов: ФИНАЛЕН ДИЗАЈН-ПРЕДЛОГ – ОПЦИЈА 1 (ЧЕЛИК + ТЕРМОДРВО), нуди целосен преглед на првото финално дизајнерско решение. Главата детално ги разработува материјалната композиција, конструктивното однесување и ергономијата, кои се визуелно и технички поткрепени со CAD-модели, технички цртежи и тридимензионални визуелизации во реалниот просторен контекст на Тетово. Дополнително, направена е проценка на трошоците за изведба, како и ригорозна оцена на животниот циклус (LCA) базирана на детални инженерски пресметки на волумен и маса (инвентар) преку соодветен метод за евалуација на импактот (LCIA).

Деветтата глава, насловена: ДИЗАЈН-ВАРИЈАНТИ – ОПЦИЈА 2 И ОПЦИЈА 3, ги презентира алтернативните одржливи сценарија за супституција на материјалите со цел намалување на еколошкиот отпечаток. Во овој дел, технички и просторно се разработени Опција 2 (алуминиум во комбинација со термодрво) и Опција 3, која го претставува чистиот кружен модел со примена на алуминиум и рециклиран отпаден материјал (rHDPE).

Десеттата глава, со наслов: ЕВАЛУАЦИЈА И ДИСКУСИЈА, ги синтетизира и критички ги преиспитува клучните наоди добиени од истражувањето и дизајнот. Преку функционална анализа, елаборирани се различните сценарија за примена на предложениот модел во пракса. На крајот од поглавјето, кандидатката отворено ги дискутира предизвиците со кои се соочила во текот на истражувањето, како и објективните ограничувања на самата студија.

Единаесеттата глава, насловена: ЗАКЛУЧОК, ги сумира финалните согледувања и го заокружува целокупното научно истражување. На почетокот од поглавјето е даден преглед на научните и практичните придонеси на дисертацијата, отелотворени преку проектот „TheTetovoRib“. Научниот придонес се рефлектира во дефинирањето на нов методолошки модел кој ги обединува пресметките на анализата на животниот циклус (LCA) со мултикритериумското одлучување (MCDA), додека практичниот придонес ја верификува супериорноста на рециклираниот полиетилен (rHDPE) како одржлива алтернатива со проектиран експлоатационен век од 30 години.

Понатаму, во ова поглавје се дефинирани три клучни стратешки препораки наменети за Општина Тетово и Полошкиот Регион: институционализација на кружноста преку усвојување на предложениот модел како официјален урбан стандард, ревизија на критериумите за јавни набавки преку воведување на методот за проценка на трошоците на животниот циклус (LifeCycleCosting) и формирање на локален екоиндустриски кластер преку соработка на јавниот и приватниот сектор.

Во завршниот дел од поглавјето се трасираат насоките за идни истражувања и дизајнерски развој преку четири столба: интеграција на паметни Smart-технологии (IoT-сензори), имплементација на принципот дизајн за лесно расклопување (DesignforDisassembly – DfD), како и детално проучување на психолошките, социоекономските и естетските влијанија на материјалите врз корисниците. Поглавјето завршува со визионерски согледувања кои го позиционираат проектот „TheTetovoRib“ како симбол на промена и мост помеѓу традицијата на градското живеење во Тетово и иднината на кружната економија.

Во рамки на оваа глава следува и КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА, каде што е даден приказ на целокупната користна литература и наведени се 154 библиографски единици.

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Ова истражување се фокусира на детална евалуација на одржливоста, еколошката оправданост и социјалната инклузивност на јавните простори во градот Тетово, нудејќи конкретно решение преку иновативен дизајн на урбан мебел базиран на современите насоки за зелен урбан развој.

Поради интердисциплинарноста на предметот на истражување, во трудот се применува методолошка триангулација. Процесот на оваа дисертација се заснова на егзактни факти и анализи кои потекнуваат и од теоретскиот домен (урбана социологија, одржлива архитектура, кружна економија) и од апликативниот домен (инженерски пресметки, компјутерско моделирање и евалуација на животниот циклус).

Теоретски се истражува начинот на кој современиот урбан развој во услови на брза и често неконтролирана урбанизација влијае врз деградацијата на јавните простори во Тетово. Се анализира социјалниот феномен на отуѓување во заедницата поради недостиг на хуманоцентрична микроурбана инфраструктура. Паралелно се истражуваат материјализацијата и архитектонскиот дизајн на урбаниот мебел, кои мора да се трансформираат под влијание на строгите меѓународни еколошки стандарди, концептот за нулта емисија и филозофијата „од отпад до вредност“ (Waste-to-Asset).

Аналитичкиот домен вклучува детална теренска детекција на дефицитарните зони во Тетово, анкетирање на граѓаните преку дигитални алатки за партиципативен дизајн и еколошко-инженерска анализа на три алтернативни сценарија (сценарио со конвенционални материјали, сценарио со рециклиран композит и сценарио со напреден паметен дрвен композит). Како главен резултат на овој домен, детално се развива и технички се моделира иновативниот прототип на урбан мебел наречен „TheTetovoRib“.

ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБАТА НА ПОДРАЧЈЕТО ВО КОЕ Е РАБОТЕНА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Изворите на литературата опфаќаат обемни мултидисциплинарни истражувања: од современи теории за урбан дизајн, ергономија и социјална кохезија, па сè до технички трудови од областа на заштитата на животната средина, биокомпозитните материјали и методологијата за оцена на животниот циклус (LCA - LifeCycleAssessment).

Емпириските податоци и анализите на теренот ја потврдуваат алармантната еколошка состојба во Тетово, која го достигнала рамништето на вистинска еколошка катастрофа. Доколку Р. Северна Македонија би била земја членка на Европската Унија, со оглед на енормните нивоа на загадување, непланската урбанизација и деградацијата на просторот, Тетово (заедно со други урбани центри како Гостивар, Куманово и Скопје) сигурно би било третирано како зона на еколошка катастрофа со потреба од итни заштитни мерки. Во ваков критичен контекст, јавните површини дополнително страдаат од постоен урбан мебел кој е функционално застарен, социјално неадаптивен и изработен од материјали со висок јаглероден отпечаток.

Меѓународните архитекти и еколошки инженери веќе имаат воспоставено базични стандарди за одржлив дизајн, но во домашниот научно-апликативен контекст постои сериозен дефицит од прецизни квантитативни анализи кои директно го поврзуваат дизајнот на урбаниот мебел со еколошките параметри во локалните заедници. Специфичноста на ова истражување се огледа во тоа што ја надминува чисто естетската димензија на архитектурата и нуди конкретен, математички и еколошки евалуиран модел кој ги таргетира реалните просторни и социоеколошки проблеми на градот Тетово, нудејќи решенија применливи за слични градови во развој на Балканот.

КРАТОК ОПИС НА ПРИМЕНЕТИТЕ МЕТОДИ

Со оглед на комплексноста на темата, во дисертацијата е применета методолошка триангулација, која балансирано интегрира квалитативни и квантитативни методи, поделени во четири клучни столба:

1. **Теоретско-компаративна анализа** – систематско истражување на глобалните трендови во урбаниот дизајн, кружната економија и ергономијата, со цел да се дефинираат параметрите за хуманоцентрично планирање.
2. **Квалитативно-квантитативно партиципативно истражување (Анкета)** – спроведување на теренско и дигитално анкетирање на граѓаните на Тетово и релевантните чинители (локална самоуправа, НВО, експерти), со цел да се утврдат нивните просторни потреби и перцепции за јавниот простор.

3. Метод на архитектонско, 3D и 2D-техничко моделирање – компјутерско симулирање и развој на прототипот „TheTetovoRib“, каде што преку прецизни цртежи, ергономски анализи и функционално зонирање се дефинира геометријата на новиот урбан елемент.

4. Инженерско-еколошка пресметка и оцена на животниот циклус (LCA – LifeCycleAssessment) – примена на квантитативниот пристап „од колевка до капија“ (Cradle-to-Gate), базиран на ISO 14040/44 стандардите, за математичка пресметка на емисиите кај трите алтернативни сценарија.

Во рамките на аналитичкиот дел на истражувањето, детално се тестираат 3 конкретни проекти за материјализација на урбаните елементи, евалуирани преку следните прецизни инженерски начини на анализа:

1. **Проект „Издржливост“ (челик + термодрво):** Директен одговор на проблемите со гниење на дрвото кај S3 и S15 преку употреба на термички обработено дрво.
2. **Проект „Леснотија“ (алуминиум+термодрво):** Намалување на вкупната маса и олеснување на транспортот (A2), истовремено елиминирајќи ја потребата од заштитни премази.
3. **Проект „Кружна економија“ (алуминиум+рециклиран материјал**): Имплементација на рециклиран алуминиум и отпаден материјал (HDPE) за седиштата, со цел да се постигне минимален еколошки отпечаток во фазата A1 и целосна поправливост.

КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето за финалниот дизајн-предлог Проект 1 опфаќа сеопфатна синтеза на концептуалните, ергономските, материјалните, финансиските и еколошките резултати (LCA) за иновативниот систем на урбана опрема за Градскиот плоштад во Тетово.

Концептуалните поставки и геометриската флексибилност на системот се засноваат на интелигентна модуларност, каде што наместо монолитни структури е развиен динамичен ламеларен систем. Овој систем овозможува исклучителна просторна адаптација (преку линеарни клупи со или без наслон, единечни фотелји, како и серпентински и кружни форми околу постојното зеленило) и функционална интеграција на паметни модули, како биофилтрациски жардиниери, микросоларни панели за полнење уреди и LED-осветлување, како и корпи за примарна селекција на отпад.

Резултатите од анализата на материјалите ја потврдуваат нивната издржливост при екстремни климатски услови. Конструктивната потпора е предвидена од челични профили со дебелина од 12 mm, ласерски сечени со трапезоидна геометрија, топло поцинкувани и заштитени со пластификација (RAL 7016, дебелина 80–100 μm). За седење се дефинирани ламели од термички третирано дрво (ThermoWood - бор/јасен, пресек 40×60 mm) третирано на температури над 190°C, што ја зголемува димензионалната стабилност за 30 – 50 % и ја елиминира влагата. Сите спојни елементи се дефинирани од нерѓосувачки челик (A2/A4) за спречување на галванска корозија.

Ергономските параметри се дефинирани според стандардот ISO 7176. Висината на седење е оптимизирана на 450 mm (без наслон), односно 780 – 820 mm (со наслон), со ширина на седиштето од 450 mm до 500 mm. Аголот на наслонот е поставен под ергономски агол од 100°–105° (10°–15° во однос на седиштето), а помеѓу ламелите се оставени дилатациски празнини од 8 mm за брза дренажа на вода и спречување на акумулација на топлина, со пасивен наклон на седиштето од 1.5°.

Геометриските и техничките дефиниции добиени од CAD-моделите се однесуваат на двете основни конфигурации (стандардна клупа со наслон со должина 1800 mm и висина 820 mm, и платформа без наслон со ширина 600 mm). Дополнително е изработен демонтиран приказ кој ги дефинира перфорираните L-профили, примарните носечки рамки и аголните L-колена спојници.

Резултатите од визуелната интеграција и фотореалистичнитерендери во контекст на Тетово потврдуваат дека контрастот помеѓу темносивиот метал (RAL 7016) и топлата текстура на

ThermoWood овозможува одлично вклопување во модерниот урбан амбиент на плоштадот, нудејќи висока стабилност и можност за двострано користење кај моделите без наслон.

Инженерските пресметки за волуменот и масата на материјалите за еден стандарден модул (L=1.8 m) покажуваат дека за 20 ламели се потребни 0.04725 m^3 ThermoWood со маса од 21.26 kg, додека челичната конструкција учествува со 0.006937 m^3, односно 54.45 kg. Вкупните масени и волуменски односи се дадени во Табела 1.1.

Табела 1.1: Инженерски пресметки на волумен и маса по модул

Материјална компонента	Пресметан волумен (m^3)	Пресметана маса (kg)	Процентен удел (%)
Конструктивен челик (S235)	0.006937	54.45	71.4%
Термодрво (ThermoWood)	0.047250	21.26	27.9%
Нерѓосувачки челик (A2)	0.000063	0.50	0.7%
ВКУПНО ПО МОДУЛ	0.054250	76.21	100.0%

Финансиските резултати и структурата на производствените трошоци за една клупа од 180 cm се дефинирани според пазарните услови во РС Македонија (Полошки и Скопски Регион) при курс од 1 € = 61.5 МКД. Анализата покажа дека вкупниот производствен трошок по модул изнесува 307.90 € (без ДДВ), каде што најголем дел од расходите се однесуваат на челичната конструкција со нејзината антикорозивна заштита и набавката на термички третираното дрво, како што е детално прикажано во табела 1.2.

Табела 1.2: Структура на трошоците за изработка на една стандардна мултифункционална клупа со наслон (1.8 m)

Опис на материјал / услуга	Количина	Един. цена (€)	Вкупен износ (€)
Конструктивен челик (S235/S355)	54.45 kg	1.20	65.34
Термодрво (ThermoWood - бор)	0.047 m^3	1250.00	58.75
Нерѓосувачки завртки и анкери (A2)	1 сет	15.00	15.00
Ласерско сечење на челични страници	0.5 часа	40.00	20.00
Заварување и склопување на конструкција	2.0 часа	15.00	30.00
Топло поцинкување (Hot-dipgalvanizing)	54.45 kg	0.80	43.56
Електростатскапластификација (RAL 7016)	1.15 m^2	15.00	17.25
Профилирање и заштита на ThermoWood	18.0 m	1.00	18.00
Транспорт и монтажа на терен (Тетово)	паушал	40.00	40.00
ВКУПНО ПРОИЗВОДСТВЕН ТРОШОК (без ДДВ)	-	-	307.90

Дефинирани се методолошките рамки за оцената на животниот циклус (LCA) согласно со стандардите ISO 14040/14044, софтверот openLCA v2.0.0 и базата Ecoinvent v3.8. Границите на системот се дефинирани како "Cradle-to-Gate" (Фази A1–A3), а функционалната единица е една клупа (1.8 m) со животен век од 20 години. Влезните податоци за инвентарот на животниот циклус се системски прикажани во табела 1.3.

Табела 1.3: Инвентар на животен циклус (LCI Data)

Материјал / Процес	Вкупна маса (kg)	Извор на податоци (Proxy Data)
Структурен Челик (S235)	54.45 kg	Ecoinvent v3.8
Термодрво (ThermoWood)	21.26 kg	Agribalyse / Ecoinvent
Топло поцинкување (Zinc)	1.20 kg	Ecoinvent
Пластификација	0.80 kg	Ecoinvent
Нерѓосувачки завртки (A2)	0.50 kg	Ecoinvent
ВКУПНА МАСА	76.21 kg	

Во однос на влијанието врз животната средина, спроведена е детална математичка анализа за потенцијалот за глобално затоплување (GWP). Со користење на соодветните емисиони фактори, пресметано е дека челичната конструкција учествува со емисија од 163.35 kg CO2-eq (при фактор од 3.0 kg CO2-eq/kg за поцинкуван челик), додека ThermoWood дрвото внесува негативна вредност од -35.08 kg CO2-eq (при фактор од -1.65 kg CO2-eq/kg) поради ефектот на складирање биоген јаглерод.

Вкупните резултати за јаглеродниот отпечаток (CarbonFootprint) се сумирани преку методот ReCiPe 2016 Midpoint (H). Со вклучување на дополнителните фази во процесот — енергијата за индустриска обработка и сечење (12.50 kg CO2-eq), транспортот до локацијата во Тетово (3.12 kg CO2-eq) и антикорозивната заштита со топло поцинкување и пластификација (12.00 kg CO2-eq) — вкупниот нето GWP за еден модул од Проект 1 изнесува точно 155.89 kg CO2-eq. Деталната анализа и билансот на сите фази се прикажани во табела 1.4.

Табела 1.4: Резиме на вкупниот CarbonFootprint (GWP)

Компонента	Влез	GWP (kg CO_2-eq)
Челик (A1)	54.45 kg	133.40
ThermoWood (A1)	21.26 kg	−25.51
Енергија (A3)	31.89 kWh	27.10
Транспорт (A2)	34.61 t*km	8.40
Заштита (A3)	-	12.50
ВКУПНО	-	155.89

Покрај јаглеродниот отпечаток, анализирани се и останатите еколошки индикатори (LCIA). Ацидификацијата на почвата (AP) е доминантна кај челичните компоненти поради емисиите на SO2 и NOx при процесите на топло поцинкување и пластификација, но ги задоволува европските RER-гранични вредности. Од друга страна, потрошувачката на фосилни ресурси (SOP) е најизразена при енергетски интензивниот процес на термичка модификација на ThermoWood, како и поради карактеристиките на националниот енергетски микс.

Финалните заклучоци потврдуваат дека Проектот 1 претставува оптимален „хибриден“ модел кој нуди висока механичка отпорност и целосна рециклибилност на металот по животниот век од 20 години. Дополнително, реализацијата на поголемиот дел од производствените фази директно во Полошкиот Регион значајно ги намалува транспортните емисии и овозможува економски одржливо решение за урбаниот простор во Тетово.

Опцијата 2, односно Проект 2, претставува конструктивна модификација на претходно евалуираниот основен модел (Проект 1), каде што конструктивниот челик е заменет со алуминиумска легура со високи перформанси AlMg3. Димензиите на ламелите, модуларноста и ергономскиот концепт „TheTetovoRib“ остануваат целосно идентични, со цел да се обезбеди прецизна научна споредливост на перформансите на материјалите.

Овој модел носи посветол и помодерен изглед, користејќи алуминиум како примарен материјал за структурата. Главната предност на оваа клупа е нејзината леснотија и апсолутната отпорност на корозија, што ја прави идеален избор за крајбрежни зони или средини со висока влажност. Контрастот помеѓу металниот сјај на алуминиумот и темните нијанси на Thermowood дрвото создава луксузна и современа естетика. Чистите линии на рамката ја рефлектираат природната светлина, давајќи му на урбаниот простор поотворен и почист изглед.

Клучната инженерска разлика лежи во физичко-механичките својства на металот. Густината на алуминиумот од околу 2700 kg/m³ е речиси трипати помала од онаа на челикот кој има густина од околу 7850 kg/m³, што резултира со драматично олеснување на конструкцијата. За разлика од челикот кој бара топло поцинкување и континуирано следење на заштитниот слој за спречување на пенетрација на влага, алуминиумската легура AlMg3 развива природен пасивен оксиден слој кој нуди супериорна антикорозивна заштита при климатските услови во Тетово. Поради помалиот модул на еластичност на алуминиумот од околу 70 GPa наспроти 210 GPa кај челикот, дебелината на профилите се задржува на 12 mm, но се имплементираат внатрешни зајакнувања на критичните точки за да се спречат деформации при максимални статички и динамички оптоварувања.

Врз основа на геометриските податоци од техничките цртежи, нето волуменот на металните делови е утврден на точно 0.006937 m^3. Масата на алуминиумската конструкција се добива со множење на овој волумен со густината на алуминиумот, што изнесува приближно 18.73 kg. Бидејќи димензиите на седечкиот дел се непроменети, волуменот на дрвените ламели изнесува 0.04725 m^3. При густина на ThermoWood од 450 kg/m^3, масата на дрвениот сегмент изнесува 21.26 kg. Вкупната нето маса на еден модул од Проект 2 се добива кога ќе се соберат 18.73 kg алуминиум, 21.26 kg дрво и 0.50 kgнерѓосувачки завртки А2, што изнесува вкупно 40.49 kg. Ова претставува намалување на вкупната тежина за 46.9% во споредба со Проект 1 кој тежи 76.21 kg.

Иако алуминиумот има позитивни аспекти во фазата на транспорт и монтажа поради неговата леснотија, процесот на примарна електролиза за добивање чист алуминиум (фаза А1) бара огромни количини на електрична енергија. Факторот на емисија за европскиот микс на примарен алуминиум изнесува околу 12.0 kg CO2-eq/kg. Со множење на масата на металниот дел со овој фактор, потенцијалот за глобално затоплување за металниот дел изнесува 224.76 kg CO2-eq. Кога ќе се земе предвид негативниот јаглероден биланс на дрвото поради апсорпцијата на јаглерод при неговиот раст, односно биогено складирање од приближно -35.0 kg CO2-eq, крајната нето вредност за Проект 2 изнесува 189.76 kg CO2-eq.

Проектот 3 претставува најрадикален еколошки исчекор во рамките на оваа дисертација, насочен кон принципите на кружната економија. Во овој модел, термодрвото е целосно заменето со ламели изработени од 100% рециклиран полиетилен со висока густина (rHDPE), кој се добива со преработка на локален пластичен отпад од амбалажи. Оваа клупа претставува врв на издржливоста за урбана опрема, комбинирајќи ја елегантната структура од алуминиум со летви изработени од HDPE. Употребата на HDPE во темна боја нуди модерен изглед и е исклучително отпорна на удари, графити и УВ зраци, што значи дека не бледнее и не пука со текот на времето. Комбинацијата со алуминиумска рамка го прави овој производ целосно имун на ’рѓа и гниење, што го прави прв избор за фреквентни средини или екстремни климатски услови каде се бара максимални перформанси без потреба од никакво одржување.

Изборот на rHDPE за елементите на урбаната опрема „TheTetovoRib“ не е само техничка преференција, туку директен одговор на еколошките предизвици во Општина Тетово и Полошкиот Регион. Наместо увоз на суровини, овој модел се потпира на концептот „Локален отпад за локален дизајн“. Според Регионалниот план за управување со отпад за Полошкиот Регион од 2021 година, пластиката претставува приближно 12 – 15 % од вкупниот комунален отпад, при што HDPE пластиката од амбалажи е најзастапена во секторот на цврсти полимери. Во Тетово, иако постои примарен систем за селекција преку претпријатија како „Пакомак“ и локални собирувачи, најголемиот дел од овој отпад завршува во депонијата „Русино“ или како неконтролиран отпад. Имплементацијата на rHDPE во урбаната опрема нуди решение за затворање на кружниот циклус на овие материјали во самиот регион.

Со користење на rHDPE ламели се намалува депонираниот отпад така што пластиката се трансформира во долготраен урбан продукт, а се воспоставува и локален ланец на снабдување со користење на околните капацитети за секундарна селекција и преработка во Тетово и Гостивар. Ова овозможува набавка на суровината со минимален транспортен трошок и низок отпечаток на јаглерод.

За климатските услови во Тетово, каде што има висока влажност во зима и интензивно УВ-зрачење во лето, rHDPE не апсорбира влага и е имун на биолошко распаѓање, што го прави идеален за локации како градскиот плоштад или брегот на реката Пена. Рециклираната пластика е стабилизирана со УВ-адитиви, со што се спречува деградација при температури кои вариратат од -15°C до +40°C. Овој материјал не бара никакво одржување во текот на животниот век и е имун на гниење и инсекти. Исто така, неговата употреба има социоедукативен аспект бидејќи им покажува на граѓаните дека нивното селектирање на отпадот има конкретна вредност.

Пластиката HDPE има поголема густина од околу 950 kg/m^3 во споредба со ThermoWood која има 450 kg/m^3. Со задржување на волуменот на ламелите од 0.04725 m^3, масата на пластичниот седечки дел се пресметува како производ од волуменот и густината, што дава приближно 44.88 kg. Бидејќи металната потпора е алуминиумска со 18.73 kg, вкупната маса на еден модул од Проект 3 изнесува 63.61 kg.

Процесот на рециклирање на HDPE е енергетски поефикасен, со фактор на емисија за рециклиран гранулат од само околу 0.78 kg CO2-eq/kg. Множењето на масата од 44.88 kg со овој фактор дава емисија за суровината од приближно 35.00 kg CO2-eq.

Табела 1.5: Табеларен приказ на вкупните емисии за Проект 3

Компонента на модулот	LCA процес / Модел	Емисии (kg CO2-eq)
Алуминиумска потпора (18.73 kg)	AlMg3 легура со удел на скрап	120.00
rHDPE ламели (44.88 kg)	100 % рециклиран гранулат	35.00
Индустриска обработка (A3)	CNC-сечење и пластична екструзија	10.00
ВКУПЕН GWP ЗА ПРОЕКТ 3	Нето Cradle-to-Gate емисии	165.00

Економската анализа е направена согласно со цените на локалниот пазар на метални и преработувачки услуги во Полошкиот Регион за 2026 година. Иако алуминиумот е поскап како суровина по килограм, олеснетиот транспорт и отстранувањето на потребата од скапи антикорозивни хемиски третмани ја прават инвестицијата оправдана.

Табела 1.6: Количествено-пресметковна сметка за Проект 2

Опис на материјал / услуга	Количина	Единечна цена (€)	Вкупен износ (€)
Алуминиумска легура AlMg3 (конструкција)	18.73 kg	4.50	84.28
Термодрво (ThermoWood - бор)	0.047 m³	1250.00	58.75
Анодна оксидација (елоксирање)	1.15 m²	25.00	28.75
Ласерско сечење, заварување и обработка	паушал	80.00	80.00
Транспорт и монтажа на терен (Тетово)	паушал	40.00	40.00
ВКУПНО ПРОИЗВОДСТВЕН ТРОШОК (Проект 2)	-	-	291.78

Табела 1.7: Количествено-пресметковна сметка за Проект 3

Опис на материјал / услуга	Количина	Единечна цена (€)	Вкупен износ (€)
Алуминиумска легура AlMg3 (конструкција)	18.73 kg	4.50	84.28
Рециклиран HDPE (ламели)	44.88 kg	2.10	94.25
Анодна оксидација (елоксирање)	1.15 m²	25.00	28.75
Индустриско калибрирање и CNC сечење	паушал	45.00	45.00
Транспорт и монтажа на терен (Тетово)	паушал	40.00	40.00
ВКУПНО ПРОИЗВОДСТВЕН ТРОШОК (Проект 3)	-	-	292.28

Со цел да се донесе објективен научно заснован заклучок, синтетизираните технички, економски и еколошки индикатори за сите три предложени дизајн-проекти се споредени во следната табела.

Табела 1.8: Табеларен приказ на техничките, економските и еколошките индикатори за трите предложени дизајн-проекти

Параметар	Проект 1 (Челик + Дрво)	Проект 2 (Алуминиум + Дрво)	Проект 3 (Алуминиум + rHDPE)
Сопствена тежина (kg)	76.21 kg	40.49 kg	63.61 kg
GWP (kg CO2-eq)	155.89 kg	189.76 kg	165.00 kg
Почетна инвестиција (€)	~307.90 €	~291.78 €	~292.28 €
Потреба од одржување	Висока (на секои 3 год.)	Средна (на секои 5 год.)	Минимална / Нема
Очекуван животен век	15 - 20 години	25+ години	30+ години

Параметар	Проект 1 (Челик + Дрво)	Проект 2 (Алуминиум + Дрво)	Проект 3 (Алуминиум + rHDPE)
Рециклибилност на крајот на животниот век	Ниска (поради поцинкување)	Исклучително висока (100%)	Исклучително висока (100%)

За локална имплементација во Тетово, во централното градско подрачје и на плоштадот се препорачува Проект 1 поради естетскиот карактер на дрвото, со предвиден буџет за заштита. За парковски и рекреативни површини покрај реката Пена е идеален Проектот 2 поради отпорноста на влага и малата тежина од 40.49 kg. За високофреквентни зони и нови урбани блокови се препорачува Проектот 3 како најодржлив модел кој користи локален рециклиран отпад и не бара одржување.

За детерминирање на најоптималното решение спроведена е мултикритериумска анализа (MCDA). Нејзината методологија се заснова на преглед на литературата и ISO 14040 стандардите, контекстуална анализа за климата и буџетот на Тетово, како и AHP аналитичкиот хиерархиски процес.

Табела 1.9: Табеларен приказ на деталната аргументација за доделените проценти на секој критериум

Критериум	Тежина (W)	Научна и логичка аргументација за изборот
Еколошки отисок (GWP)	30 %	Како дисертација фокусирана на одржливост, декарбонизацијата е примарен параметар. Најголемата тежина е доделена за да се фаворизираат материјалите со ниска вградена енергија.
Ниско одржување	25 %	Критичен фактор за градови во развој како Тетово. Искуството покажува дека урбаната опрема често пропаѓа поради недостаток на буџет за редовно одржување.
Почетна цена (BoQ)	20 %	Овозможува баланс помеѓу економската реалност и квалитетот на материјалот.
Трајност и отпорност	15 %	Материјалите мора да издржат температури од -15°C до +40°C и потенцијален вандализам.
Кружна економија	10 %	Го вреднува потенцијалот на материјалот на крајот на животниот век за рециклирање или повторна употреба.
ВКУПНО	100 %	

Во процесот на бодување, секој проект е оценет со поени од 1 до 5 за секој критериум поединечно, а финалниот резултат се добива со сумирање на производите од оценките и соодветните тежински фактори.

Табела 1.10: Матрица на MCDA-евалуација

Критериум	Тежина (W)	Проект 1	Проект 2	Проект 3
Еколошки отисок (LCA)	0.30	4	2	5
Почетна цена	0.20	4	5	5
Ниско одржување	0.25	2	3	5
Трајност на материјалот	0.15	3	4	5
Рециклибилност	0.10	2	5	5
ВКУПЕН СКОР	1.00	3.10	3.50	4.95

Врз основа на анализата, Проектот 3 (Алуминиум + rHDPE) со скор од 4.95 е дефиниран како оптимално решение за Тетово. Проектот 1 има скор од 3.10 поради трошоците за одржување, додека Проектот 2 има скор од 3.50 поради еколошкиот отисок на примарниот алуминиум. Проектот 3 ги елиминира трошоците за одржување и го користи потенцијалот на рециклираните материјали во согласност со концептите за паметни градови.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Наслов на трудот: “SmartSustainablecity”.
   Објавен во:InternationalScientificJournalsodScientificTechnicalUnionofMechanicalEngineering “Industry 4.0”, Vol. 6 , Issue 5, pg(s) 201-203, Bulgaria, (2021).
   Автори:Умније Азири, Атанас Кочов, Зејнелабедин Азири.

2. Наслов на трудот: “Shapeoptimizationwithcompositesketchingin a redesignprocess”.
   Објавен во: SouthEastEuropeanJournalofSustainableDevelopment - ISSN 2545-12. 6. 12-17 (2022).
   Автори: Азири Зејнелабедин, Христовска Елизабета, Азири Умније.
3. Наслов на трудот: “MethodsofMaterialSelectionforSustainableUrbanFurniture”.
   Објавен во: InternationalJournalForMultidisciplinaryResearchVolume 6, Issue 2, March-April 2024.
   Автори: Умније Азири, Елена Никољски Паневски, Зејнелабедин Азири.

4. Наслов на трудот: “Biological – PsychophysicalandAestheticCategoriesforSpaceModeling”
   Објавен во: InternationalJournalForMultidisciplinaryResearchVolume 6, Issue 6, November – December 2024.
   Автори: Елена Никољски Паневски, Умније Азири, Зејнелабедин Азири.

5. Наслов на трудот: “DesigninganUrbanFurniturePlan: UrbanAnalysisofTetovo”.
   Објавен во: 7th InternationalScientific&ProductDesignProceedings, Volume 7, 263-271, 17th-20th September, 2025. Ohrid, North Macedonia.
   Автори: Умније Азири, Елена Никољски Паневски, Зејнелабедин Азири.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси од овој труд произлегуваат од воспоставувањето на нов и иновативен методолошки рамковен модел кој ги интегрира пресметките на анализата на животниот циклус (LCA) со мултикритериумското одлучување (MCDA) во доменот на урбаниот дизајн и системското инженерство. Трудот нуди математички поткрепена и транспарентна методологија за еколошка валоризација и избор на одржливи материјали за јавни простори, со што се надминуваат традиционалните, претежно естетски пристапи во локалната архитектура и индустрискиот дизајн.

Практичниот и апликативниот придонес на дисертацијата се манифестира преку развојот на урбаниот систем „TheTetovoRib“, со кој валидирано е користењето на рециклиран полиетилен (rHDPE) и алуминиум како супериорна алтернатива за надворешна употреба во специфичните климатско-географски услови на Полошкиот Регион. Истражувањето докажува дека примената на принципите на кружната економија во урбаната опрема овозможува драстично намалување на трошоците за одржување во 30-годишен експлоатационен век, додека истовремено индиректно го решава проблемот со управувањето со пластичниот отпад.

Покрај тоа, трудот дефинира јасни стратегиски препораки за донесувачите на одлуки и локалните власти, насочени кон ревизија на критериумите за јавни набавки (воведување LCC – LifeCycleCosting), институционализација на кружните модели во урбаното планирање и можност за формирање на локален екоиндустриски кластер. Со ова, дисертацијата нуди концептуална основа за развој на Smart-технологии, дизајн на расклопување (DfD) и социоекономска трансформација на визуелниот идентитет на Општина Тетово.

Примената на оваа дисертација ќе биде од висока корист во теоретска смисла, како методолошка основа за идно истражување на еколошките системи во дизајнот, но и од директен апликативен аспект за општините и индустријата при креирањето на зелени, одржливи јавни простори.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р **Умније Азири** со наслов: **АНАЛИЗА НА ПОТРЕБИТЕ ОД УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ТЕТОВО И ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ОДРЖЛИВ МЕБЕЛ.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Каранаков, претседател, с.р.
Проф. д-р Елена Никољски Паневски, ментор, с.р.
Проф. д-р Мира Станкевиќ Шуманска, член, с.р.
Проф. д-р Горан Златески, член, с.р.
Проф. д-р Софија Сидоренко, член, с.р.

Прилоī бр. 4

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТОПОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА РЕНДГЕНСКИ СНИМКИ НА ГРАДИ И УЧЕЊЕ СО ФРАКЦИОНИ ОРТОГОНАЛНИ ЈАДРА И НЕВРОНСКИ МРЕЖИ ЗА РОБУСНА ДЕТЕКЦИЈА НА ТОРАКАЛНИ ПАТОЛОГИИ“ ОД М-Р СИЈЧЕ ПЕЧКОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки во Скопје, на седницата одржана на 24.9.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Сијче Печкова со наслов: „Тополошки карактеристики на рендгенски снимки на гради и учење со фракциони ортогонални јадра и невронски мрежи за робусна детекција на торакални патологии“, во состав: проф. д-р Марија Михова (претседател), проф. д-р Миле Јованов (ментор), проф. д-р Невена Ацковска (член), проф. д-р Емил Станков (член) и доц. д-р Сашко Ристов (член).

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сијче Печкова, со наслов: „Тополошки карактеристики на рендгенски снимки на гради и учење со фракциони ортогонални јадра и невронски мрежи за робусна детекција на торакални патологии“, содржи 188 страници со 67 библиографски единици, 11 илустрации и 35 табели.

Трудот е структуриран во 9 глави, во кои се и воведот и заклучокот. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот, кандидатката ја нагласува потребата од автоматизирана поддршка за толкување на рендгенските снимки на градите, укажувајќи на ограничувањата на „црните кутии“ (CNN) и стандардните модели (CART и RBF-јадра) кои создаваат геометриска неусогласеност и го потиснуваат важниот дијагностички спектар. Идентификувајќи ги проблемите со транспарентноста, универзалните решенија и ресурсите, кандидатката поставува цели за развој на објасниви TDA-модели, комбинирани карактеристики и SVM со фракциони ортогонални јадра кои обезбедуваат полиномно спектрално опаѓање. Потоа, презентира осум хипотези (каде што H1 е делумно потврдена, H4 е непотврдена, а останатите се потврдени) и набројува значајни придонеси, меѓу кои се TDA процесниот тек за креирање на тополошки карактеристики, Nyström апроксимацијата за висока CPU-ефикасност без скап хардвер, дворежимската теорија за параметарот λ кај RegTree и алгоритмите ClaTree со тополошки гаранции. На крајот, опсегот на истражувањето е прецизно заокружен со дефинирање дека невронските мрежи (MLP) се користат исклучиво како локални модели во јазлите, а не како целосни end-to-end системи.

Во **втората глава,** кандидатката презентира две студии на случај како основа за новите алгоритми: Tree-LASSO за предвидување загадување на воздухот во Скопје со параметар λ за баланс на глобални и локални модели и Random Forest за рак на дојка со 92,4 % точност, но без единствена патека на објаснивост. Како мотивација за RegTree и ClaTree, кандидатката истакнува како тие ги надминуваат претходните ограничувања: RegTree ја формализира агрегацијата со дворежимска теорија за λ (регулатор на варијанса и стабилност), додека ClaTree ги решава прекинатите граници преку ентрописко раздвојување и фракциони јадра, овозможувајќи целосна објаснивост со едно дрво.

Во **третата глава**, кандидатката ја претставува архитектурата на RegTree – регресивен алгоритам заснован на едно дрво кој тренира локални модели во секој јазол (како Ridge, Lasso, SVR или MLP) и ги агрегира долж патеката од корен до лист. Процесниот тек се состои од водечки регресор, индукција на CART-дрво врз резидуалите и обука на локални модели. Алгоритамот функционира во два режима: стандарден режим со нормализирана патна агрегација, која гарантира стабилност преку параметарот λ, и адитивен режим со ненормализирани резидуали, кој е стабилен за $\lambda \leq 1$ и користи правило „тренирај-на-1, евалуирај-на-λ“. Преку методите за екстракција на патеки и придонеси, RegTree обезбедува целосна објаснивост и можност за динамично приспособување на λ во фазата на предвидување без повторно тренирање.

Во **четвртата глава**, кандидатката ги презентира теоретските основи на патната агрегација и ја анализира улогата на параметарот λ. Во стандардниот режим со нормализирани тежини, λ служи како регулатор на усреднувањето, каде што теоремата за потиснување на варијансата покажува дека при $\lambda=1$ односот на варијансата изнесува $2/(D+1)^2$, додека за $\lambda < 1$ потиснувањето е експоненцијално. Во адитивниот режим, каде што тежините не се нормализирани, λ претставува граница на стабилност, системот е стабилен за $\lambda \leq 1$, а дивергира со раст како $O(\lambda^D)$ за $\lambda > 1$, со што теоретски се изедначува овој режим со координатниот градиентен пад. Овие анализи гарантираат стабилност на стандардниот режим за секој $\lambda > 0$ и на адитивниот за $\lambda \leq 1$, овозможувајќи безбедно подесување на параметарот во фазата на предвидување без потреба од повторно тренирање.

Во **петтата глава**, кандидатката ја врши емпириската валидација на RegTree преку експерименти на четири синтетички функции. Експериментите E1 и E2 ги потврдуваат теоретските хипотези H5 и H6 покажувајќи дека адитивниот режим дивергира за $\lambda>3$ со експоненцијален раст на грешката, додека стандардниот режим ја потиснува варијансата следејќи го законот $\sim 2/(D+1)^2$ при $\lambda=1$. Експериментот E5 ја илустрира еквивалентноста со boosting и покажува дека стандардниот режим обезбедува монотоно зголемување на R^2, за разлика од адитивниот режим. Споредбата (E6) покажува дека RegTree ги надминува линеарните модели и е споредлив со Random Forest и SVR, жртвувајќи минимална точност за да се добие целосна објаснивост. На крајот, кандидатката дава практични упатства: стандардниот режим е препорачан и безбеден за секоја вредност на $\lambda>0$, додека адитивниот режим е ограничен строго за $0<\lambda\leq 1$.

Во **шестата глава**, кандидатката ги поставува математичките основи за алгоритамот ClaTree, фокусирајќи се на SVM со јадра, новите фракциони ортогонални јадра и тополошката анализа на податоци (TDA). За разлика од стандардното RBF-јадро кое има експоненцијално спектрално опаѓање и ги потиснува високофреквентните детали, фракционите ортогонални јадра (базирани на Гегенбауер, Јакоби, Чебишев и Лежандр) поседуваат полиномно спектрално опаѓање, со што успешно ги зачувуваат клучните тополошки карактеристики со што се потврдува хипотезата H8. Во делот за TDA, се користат перзистентна хомологија, дијаграми на перзистенција, Бетиеви криви и алгоритам Mapper, при што робусноста е загарантирана со Хаусдорфовото и Ботлнек растојанието. Во оваа глава се идентификува и фундаменталната геометриска неусогласеност: класичните поделби паралелни на оските кај CART создаваат прекинати и скалести граници бидејќи не можат да ги следат закривените множества. Како решение, кандидатката го најавува ClaTree, кој ја комбинира поделбата водена од ентропија, патната агрегација со фракциони јадра и строгите тополошки гаранции.

Во **седмата глава**, кандидатката го претставува класификацискиот алгоритам ClaTree, кој ги спојува дискретните партиции со непрекинатите многуобразија преку раздвојување водено од ентропија и патна агрегација со параметарот λ. Теоретската основа е поткрепена со две клучни тополошки гаранции со што се потврдени хипотезите H7 и H8. Теорема CT1 ја усогласува границата на ClaTree со тополошкиот скелет на Mapper, и Теорема CT2 докажува дека фракционите ортогонални јадра го зачувуваат полиномното спектрално опаѓање. Емпириската валидација покажува 30 – 40 % намалување на Хаусдорфовото растојание во споредба со CART и

перформанси споредливи со врвните ансамбл методи, додека со примената на Нистромовата апроксимација се постигнува забрзување од 77,5 пати и заштеда на меморија од 99,1 %.

Во **осмата глава,** кандидатката ја прикажува медицинската примена на ClaTree врз ChestX-ray14 за детекција на торакални патологии. Развиен е TDA процесен тек кој прво креира околу 250.000 карактеристики со сегментација, филтрирање и перзистентна хомологија а потоа ги редуцира на околу 5.000 преку процес на селектирање на карактеристики. Резултатите покажуваат дека ClaTree остварува макропросечен AUC од 0,6073 (највисок за едем 0,732 и кардиомегалија 0,721), значително надминувајќи го CART кој се сведува на случајно погодување (AUC = 0,5). Иако заостанува во прецизност зад CNN мрежите, ClaTree обезбедува CPU ефикасност и тополошка објаснивост преку хиерархиски патеки кои го следат когнитивниот тек на размислување на радиологот. Со тоа, хипотезата H1 е делумно потврдена, H3 е квалитативно потврдена, додека H4 останува непотврдена поради недостаток на демографски метаподатоци.

Во **заклучокот,** кандидатката истакнува дека RegTree и ClaTree обезбедуваат робусна анализа на медицински слики со спојување на дискретните дрвени партиции и непрекинатите тополошки структури. Преку патната агрегација со параметарот λ, се овозможува транспарентна логика на одлучување со предвидувања следливи од корен до лист. Тополошките гаранции се емпириски потврдени со намалување на Хаусдорфовото растојание за 34 – 40 % и зачувување на високофреквентните карактеристики. Како крајна цел, кандидатката го потенцира премостувањето на неусогласеноста помеѓу апстрактната математика и клиничката доверба, моделите не само што даваат дијагноза, туку го обезбедуваат математичкото и анатомското образложение зад неа, овозможувајќи им на лекарите да го проверат расудувањето пред да ја прифатат или одбијат препораката.

Предмет на истражување

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е развојот и евалуацијата на методи кои ја намалуваат неусогласеноста помеѓу дискретните партиции на дрвата на одлучување и непрекинатите, закривени тополошки многуобразија на медицинските податоци, преку патна агрегација и фракциони ортогонални јадра. Истражувањето е организирано околу три меѓусебно поврзани истражувачки столба (RegTree, математички основи, ClaTree и медицинска примена), еден придружен столб за теоретски гаранции и робусност и две рамковни анализи (тополошко порамнување и клиничко распоредување). Централната цел е да се развијат и евалуираат алгоритми кои истовремено обезбедуваат робусност, објаснивост и ефикасност на ресурсите при анализа на рендгенски снимки на гради.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Рендгенските снимки на градниот кош се меѓу најчесто користените дијагностички алатки во клиничката медицина, со над 112.000 фронтални снимки само во множеството ChestX-ray14 на Националните институти за здравје (NIH), означени за 14 патологии. Толкувањето на овие снимки останува значителен предизвик поради преклопување на анатомските структури во дводимензионалната проекција, суптилноста на патолошките наоди и варијабилноста меѓу набљудувачите. Длабоките конволуциски невронски мрежи (CheXNet, CheXpert) постигнуваат висока дијагностичка точност (AUC до 0.94 за пневмонија), но функционираат како нетранспарентни црни кутии, бараат GPU-инфраструктура и се подложни на доменско поместување. Стандардните дрва на одлучување (CART) нудат транспарентност, но воведуваат геометриска неусогласеност: нивните поделби паралелни со оските создаваат прекинати, скалести граници на одлучување кои не можат да ги претстават непрекинатите тополошки многуобразија на медицинските податоци. Стандардните RBF јадра покажуваат комплементарен неуспех: експоненцијалното спектрално опаѓање ги потиснува високофреквентните тополошки карактеристики (остри рабови, тенки структури, локализирани аномалии) кои носат дијагностички информации. Постои итна потреба од систем кој ја комбинира структурната транспарентност на дрвата со геометриската верност на усогласувањето со непрекинатите

многуобразија, работи без GPU-инфраструктура и е достапен за институции со ограничени ресурси.

Краток опис на применетите методи

Во дисертацијата се применети следниве методи:

1. **Тополошка анализа на податоци (TDA):** перзистентна хомологија, кубикални и Виеторис-Рипс филтрации, дијаграми на перзистенција, Бетиеви криви, ентропија на перзистенција, Хаусдорфово и Ботлнек растојание, Mapper алгоритам за конструкција на дискретни Ребов графови.

2. **Метод на јадра и SVM:** линеарни и нелинеарни SVM-класификатори, Мерцерова теорема, трик со јадра, фракциони ортогонални јадра базирани на полиномите на Гегенбауер, Јакоби, Чебишев и Лежандр, полиномно спектрално опаѓање O(k^{-2ν}), зачувување на спектралното опаѓање при партиционирање со дрво.

3. **Алгоритми засновани на дрва:** RegTree (регресија со патна агрегација, дворежимска теорија за λ, локални модели во секој јазол) и ClaTree (класификација со раздвојување водено од ентропија, патна агрегација со фракциони јадра, тополошки гаранции).

4. **Статистичко моделирање и евалуација:** блоковна вкрстена валидација (ClusterBlockedCV), бутстрап проценка на варијанса и пристрасност, Вилкоксонов тест, Spearman-ова ранг-корелација, ROC-AUC анализа, декомпозиција на пристрасност – варијанса, очекувана грешка на калибрација (ECE).

5. **Пресметковни оптимизации:** векторизирана Нистромова апроксимација со низок ранг, адаптивно ограничување на итерациите зависно од длабочината.

6. **Медицинска примена:** анатомска сегментација со PSPNet (14 региони), просторна мрежа 14×14 (196 блокови), 7 филтрирани варијанти на слики, извлекување на перзистентна хомологија условено во анатомски маски и просторни блокови, L1-регуларизиран избор на карактеристики.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Главните резултати од истражувањето се следниве:

1. **RegTree**: Докажан е точниот закон за потиснување на варијансата во стандардниот режим ($R_D(1) \sim 2/(D+1)^2$ при $\lambda = 1$), строгата граница на стабилност во адитивниот режим (стабилност за $0 < \lambda \leq 1$, дивергенција $\Omega(\lambda^D)$ за $\lambda > 1$), еквивалентноста со gradient boosting, и математичката гаранција за стабилност при подесување на λ без повторно тренирање. Емпириски, сообносот на бутстрап варијансата се намалува од 0.2119 (длабочина 3) до 0.1294 (длабочина 8); Spearman-овата корелација помеѓу вистинската и проценетата ефективна длабочина е 0.980.

2. **Фракциони ортогонални јадра:** Докажана е Мерцеровата позитивна дефинитност преку теоремата на Шенберг, полиномното спектрално опаѓање O(k^{-2ν}) и неговото зачувување при партиционирање со дрво преку Кошиевата теорема за преплетување. Емпириски, фракционите јадра постигнуваат Хаусдорфови растојанија од 1.467 (Јакоби) наспроти 2.261 (RBF).

3. **ClaTree**: Докажани се две формални тополошки гаранции: граница на тополошка согласност помеѓу Mapper и ClaTree ($d_H \leq O(\varepsilon) + O(\lambda^{d^*})$) и зачувување на спектралното опаѓање на фракционите јадра при партиционирање. Емпириски, ClaTree го намалува Хаусдорфовото растојание за 34–40% во споредба со CART (Кружници: 2.381 → 1.439; Месечини: 2.349 → 1.638).

4. **Медицинска примена:** На ChestX-ray14, анатомско-тополошката група карактеристики постигнува ROC-AUC до 0.7322 за едем и 0.7205 за кардиомегалија, со

макропросек 0.6073 (MLP), додека CART останува на 0.5 (случајно погодување) за сите 13 патологии. Векторизираната Нистромова апроксимација обезбедува забрзување од 77.5× и намалување на меморијата за над 99,1 %, овозможувајќи распоредување без GPU-инфраструктура.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сијче Печкова, со наслов: „Тополошки карактеристики на рендгенски снимки на гради и учење со фракциони ортогонални јадра и невронски мрежи за робусна детекција на торакални патологии“, претставува истражување во научното подрачје на машинското учење, тополошката анализа на податоци и анализата на медицински слики. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да развие и да евалуира методи кои ја намалуваат неусогласеноста помеѓу дискретните партиции на дрвата на одлучување и непрекинатите тополошки структури на медицинските податоци, со очекуван научен придонес во обликување на обединета теоретска и практична рамка за објасниво, робусно и ресурсно ефикасно машинско учење во медицинската дијагностика.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сијче Печкова, со наслов: „Тополошки карактеристики на рендгенски снимки на гради и учење со фракциони ортогонални јадра и невронски мрежи за робусна детекција на торакални патологии“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Pechkova, S., Jovanov, M., Pechkov, A.: „Hierarchical Path Aggregation with Fractional Orthogonal Kernels: Topological Stability and Spectral Preservation", објавен: Facta Universitatis, Series: Mathematics and Informatics (прифатен за објавување на 30.7.2026, импакт-фактор 0.3)

[2]. Pechkova, S., Jovanov, M.: „Random Forest for Detecting Thoracic Pathologies in Chest Radiographs", објавен: 2nd Conference on Green Engineering, Sustainable Materials, and Technologies for Circular Economy (GREEN CIRC '25), Скопје, 2025 (конференциски зборник)

[3]. Pechkova, S., Venger, L., Andonovski, D., Andonovic, B.: „Breast Cancer Detection from Thermal Images using Machine Learning", објавен: ENTRENOVA – ENTerprise REsearch InNOVAtion, 10(1), 567–577, 2024 (конференциски зборник)

[4]. Pechkova, S., Wenger, L. (2024). Topological Data Analysis and Decision Trees for Breast Cancer Detection using Thermal Images. , објавен: International Conference On Topology and Its Applications (ICTA), Охрид, 2024 (конференција)

[5]. Srbinovska, M., Dimovski, P., Krstevska, M.C., Pechkova, S., Pechkov, A. (2025). Modelling and prediction of air pollution using hybrid tree–LASSO approach. Mineral Processing and Extractive Metallurgy. DOI: 10.1177/25726641251376762. (импакт-фактор: 1.3)

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се:

1. Развој на RegTree, регресиски алгоритам со патна агрегација и дворежимска теорија за параметарот λ, со докажан закон за потиснување на варијансата $2/(D+1)^2$ при $\lambda = 1$), строга граница на стабилност ($0 < \lambda \leq 1$), еквивалентност со gradient boosting и математичка гаранција за подесување на λ без повторно тренирање.
2. Развој на ClaTree, класификациски алгоритам со раздвојување водено од ентропија, патна агрегација и фракциони ортогонални јадра, со две формални тополошки гаранции: граница на тополошка согласност помеѓу Mapper и ClaTree (O(ε) + O(λ^{d*})) и зачувување на полиномното спектрално опаѓање при партиционирање со дрво.
3. Развој на теоријата на фракциони ортогонални јадра (Гегенбауер, Јакоби, Чебишев, Лежандр) со Мерцерова позитивна дефинитност, полиномно спектрално опаѓање O(k^{-2v}) и зачувување на спектралното опаѓање при партиционирање.
4. Развој на нов процесен тек за извлекување на TDA-карактеристики воден од сегментација по органи (14 анатомски региони + 196 просторни блокови, 7 филтрирани варијанти), со намалување од ≈250.000 на ≈5.000 дискриминативни карактеристики по дијагностичка цел.
5. Емпириска валидација на над 1,37 милиони експерименти и на клиничкото множество ChestX-ray14 (112.000 слики, 14 патологии), со ROC-AUC до 0.7322 за едем и 0.7205 за кардиомегалија, и макропросек 0.6073.
6. Развој на векторизирана Нистромова апроксимација со забрзување од 77.5× и намалување на меморијата за над 99,1 %, овозможувајќи распоредување без GPU-инфраструктура.
7. Тополошка објаснивост: хиерархиски патеки на одлучување кои го одразуваат когнитивниот работен тек на радиологот (глобална анатомска проценка проследена со локализиран патолошки преглед) и мапирање на перзистентни тополошки карактеристики кон радиолошки анотации.

Подрачјето на примена и ограничувањата се:

2. Подрачје на примена: машинско учење, тополошка анализа на податоци, анализа на медицински слики, објаснива вештачка интелигенција, компјутерски потпомогната дијагностика на торакални патологии од рендгенски снимки на гради, како и пошироко примена на патна агрегација во дрвата на одлучување за табеларни податоци со висока димензионалност.
3. Ограничувања: RegTree и ClaTree се модели со едно дрво (ограничен капацитет, најмногу 2^D листови); поделбите остануваат паралелни со оските (иако ублажени со фракциони јадра и ентрописко раздвојување); демографската правичност (Хипотеза H4) не е потврдена поради отсуство на соодветни метаподатоци во ChestX-ray14; RegTreeClassifier покажал послаби перформанси од стандардните класификациски методи и е отстранет од основната евалуација; дисертацијата експлицитно не е клиничко испитување.

Можните понатамошни истражувања се:

- Шуми од RegTree и ClaTree (усредување на повеќе дрва со две нивоа на потиснување на варијанса: патна агрегација во дрвото и усреднување на шумата низ дрвата).
- Конвексен избор на тежини преку ненегативни најмали квадрати (NNLS) наместо фиксни геометриски тежини.

- Онлајн и постепено учење (ажурирање на структурата на дрвото и локалните модели како пристигнуваат нови податоци).
- Конформно предвидување за интервали без дистрибутивни претпоставки.
- Анализа на демографска правичност (Хипотеза H4) со соодветни податоци кои вклучуваат возраст и пол.
- Класификација преку регресија (RegTreeClassifier) со калибрација и избор на праг.
- Проспективна клиничка валидација со повратни информации од радиолози.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Сијче Печкова** со наслов: **Тополошки карактеристики на рендгенски снимки на гради и учење со фракциони ортогонални јадра и невронски мрежи за робусна детекција на торакални патологии**.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Михова, претседател, с.р.

Проф. д-р Миле Јованов, ментор, с.р.

Проф. д-р Невена Ацковска, член, с.р.

Проф. д-р Емил Станков, член, с.р.

Доц. д-р Сашко Ристов, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ И СЕДЕНТАРНОТО ОДНЕСУВАЊЕ ВРЗ МОТОРНАТА КОМПЕТЕНЦИЈА КАЈ ДЕЦАТА ОД 6 ДО 8-ГОДИШНА ВОЗРАСТ“ ОД М-Р МАРТИН АНДОНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 21.9.2026 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Мартин Андоновски со наслов: „Влијанието на физичката активност и седентарното однесување врз моторната компетенција кај децата од 6 до 8-годишна возраст“, во состав: проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, проф. д-р Горан Никовски, ментор, проф. д-р Влатко Неделковски, член, проф. д-р Вујица Живковиќ, член, и проф. д-р Александар Ацески, член.

Комисијата, во наведениот состав, со внимание го прегледа и го оцени проектот за докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Мартин Андоновски со наслов: „Влијанието на физичката активност и седентарното однесување врз моторната компетенција кај децата од 6 до 8-годишна возраст“ содржи 151 страница компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12 и 223 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 13 глави: вовед, раст, созревање и развој кај децата, физичката активност кај децата, моторни компетенции, досегашни истражувања, проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето, методи на истражувањето, метод на обработка на податоците, резултати, дискусија, заклучок, теоретско и практично значење на истражувањето, литература и прилог. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првата глава, кандидатот јасно го истакнува современиот начин на живот, намаленото ниво на физичка активност и зголеменото седентарно однесување како значајни глобални здравствени предизвици кај децата од рана училишна возраст. Концизно се образложува значењето на моторната компетентност во целокупниот психофизички развој на децата, како и нејзината улога како основа за активно учество во спортски и рекреативни активности. Притоа, се нагласува дека навиките поврзани со физичката активност и здравиот начин на живот се формираат уште во детството и во значителна мера се задржуваат и во подоцнежните периоди од животот.

Во втората глава, кандидатот концизно ги разработува процесите на раст, созревање и развој кај децата. Посебно се појаснуваат концептите на хронолошка возраст и возрасни групи, како и карактеристиките на биолошкото созревање во текот на развојот. Притоа, аргументирано се истакнува дека календарската возраст не секогаш е во целосна согласност со степенот на биолошка зрелост. На овој начин се воспоставува соодветна развојна рамка за интерпретација на резултатите кај децата од првиот воспитно-образовен период.

Во третата глава, детално се разгледува физичката активност кај децата. Кандидатот ги дефинира поимите и карактеристиките на физичката активност и на седентарното однесување, ги наведува препораките за физичка активност и категоризацијата на аеробниот интензитет, а потоа систематски ги образложува последиците од недоволна физичка активност и вежбање во детството и младоста. Посебно внимание е посветено на факторите што влијаат врз нивото на физичката активност и на здравствените придобивки од редовно спроведена физичка активност.

Во четвртата глава, кандидатот ги разработува поимот и основните карактеристики на моторната компетентност, поврзувајќи ја со развојот на основните локомоторни и манипулативни движења. Се истакнува дека моторната компетентност претставува суштинска основа за натамошен спортски и здравствен развој на детето.

Во петтата глава, концизно се сумираат релевантните досегашни меѓународни истражувања, со посебен осврт на истражувањата поврзани со МОБАК 1–2 тест батеријата. Прегледот укажува дека МОБАК-инструментите се соодветни за оценување на основните моторни компетенции, при што конфирматорната факторска анализа доследно ја потврдува двофакторската структура (движење на предмети и самостојно движење). Се истакнуваат и забележаните полови разлики, како и поврзаноста меѓу полот, индексот на телесна маса, возраста и моторните компетенции во споредбените студии (германски, швајцарски, португалски и чилеански примероци).

Во шестата глава, кандидатот јасно го дефинира истражувачкиот проблем како потреба да се утврди состојбата на моторната компетенција и влијанието на физичката активност, седентарното однесување и нивото на исхранетост кај децата од 6 до 8-годишна возраст, како и да се провери применливоста на МОБАК 1–2 тест батеријата во различни услови на тестирање. Предметот е прецизно насочен кон моторната компетентност, физичката активност, седентарното однесување (време поминато пред екран) и степенот на исхранетост. Целите се формулирани јасно и логично, а хипотезите се методолошки коректно поставени и директно произлегуваат од проблемот, предметот и досегашните истражувања, со што се обезбедува функционална истражувачка рамка.

Во седмата глава, детално и транспарентно е прикажана методолошката поставеност на истражувањето. Прецизно се дефинирани примерокот на испитаници и примерокот на варијабли (антропометриски варијабли, варијабли за проценка на моторната компетенција, на физичката активност и на седентарното однесување, како и независните варијабли). Концизно се опишани мерните инструменти, условите и техниките на мерење на антропометриските карактеристики и на моторичките компетенции, како и инструментите и постапката за спроведување на анкетирањето, со повикување на меѓународно прифатени протоколи, што обезбедува споредливост и мерна точност.

Во осмата глава, систематски е прикажан методот на обработка на податоците. Се применува современ и методолошки коректен аналитички пристап што опфаќа дескриптивна статистика, независен Т-тест, Mann–Whitney U тест, универијантна анализа на варијанса (ANOVA), Kruskal–Wallis тест и χ^2 тест, како и анализи за проценка на валидноста и релијабилноста на тест батеријата, со што се обезбедува сигурна основа за интерпретација на резултатите.

Во деветтата глава, „Резултати“, се изведува детална анализа и интерпретација на добиените податоци. Систематски се прикажани социодемографските и антропометриските карактеристики на испитаниците, дескриптивната анализа на физичката активност, дистрибуцијата на испитаниците според времето поминато пред екраните во однос на препораките на СЗО и според учеството во спортски активности, како и резултатите од тестовите за проценка на моторните компетенции и валидацијата на МОБАК 1–2 тест батеријата. Резултатите се прегледно прикажани во табели и графикони, што овозможува јасна визуелизација и целосен увид во емпириските наоди.

Во десеттата глава, „Дискусија“, кандидатот дава аргументирана интерпретација на резултатите. Се покажува дека женските испитаници постигнуваат подобри резултати во локомоторните способности, додека машките се супериорни во манипулативните способности, а децата што се поактивни и вклучени во организирани спортски активности постигнуваат статистички значајно повисоки нивоа на моторна компетентност. Наодите се разгледани во споредба со релевантната меѓународна литература, при што се потврдува дека седентарното однесување и прекумерното време пред екраните се негативно поврзани со моторните постигнувања, а МОБАК 1–2 тест батеријата покажува добра валидност, релијабилност и применливост во училишни услови.

Во единаесеттата глава, „Заклучок“, систематски и концизно се сумирани и презентирани најзначајните заклучоци произлезени од спроведеното истражување, во согласност со поставените цели и научни хипотези. Формулираните заклучоци се логично структурирани, синтетизирани и јасно интерпретирани, при што соодветно ги одразуваат добиените резултати. На тој начин, тие ги задоволуваат научните, методолошките и концепциските барања на истражувањето и претставуваат релевантна основа за поширока интерпретација на резултатите, како и за планирање и реализација на идни истражувања од оваа област.

Во дванаесеттата глава, кандидатот го истакнува теоретското и практичното значење на истражувањето. Теоретски, студијата го продлабочува разбирањето на моторната компетентност и на значењето на редовната физичка активност кај децата во раното детство. Практично, наодите нудат основа за промоција на физичката активност, за креирање образовни политики и модели на наставни програми (вклучително изработка на дигитална МОБАК-платформа за систематско следење на напредокот), како и за водич за родителите за важноста на активната игра и ограничувањето на времето пред екраните.

Во главата „Литература“, кандидатот ги почитува основните логички и методолошки начела при изборот на научни и стручни извори, при што доминираат публикации што директно кореспондираат со предметот и целите на истражувањето. Референците во најголем дел се од понов период и се оформени според APA-стил, а нивната структура и распоред јасно упатуваат на целисходна и методолошки оправдана употреба при разработката на темата.

Во последната глава, „Прилог“, кандидатот ги прикажува користените мерни инструменти, односно протоколите и обрасците за тестовите од МОБАК 1–2 тест батеријата и анкетниот прашалник за проценка на физичката активност и седентарното однесување (CLASS), со што се обезбедува транспарентност и репродуктивност на постапката на мерење.

Предмет на истражувањето

Предмет на оваа докторска дисертација е моторната компетентност, физичката активност, седентарното однесување (времето поминато пред екраните) и степенот на исхранетост кај учениците од 6 до 8-годишна возраст, со фокус на применливоста, валидноста и релијабилноста на МОБАК 1–2 тест батеријата за проценка на основните моторни компетенции во реални училишни услови.

Проблемот на истражувањето произлегува од потребата да се утврди состојбата на моторната компетенција и влијанието на физичката активност и седентарното однесување, како и нивото на исхранетост кај момчињата и девојчињата од прв воспитно-образовен период, и да се провери дали МОБАК 1–2 тест батеријата може да функционира како применлива алатка за интерпретација на резултатите врз основа на референтни критериумски стандарди за полот и возраста.

Целите се насочени кон утврдување на факторската валидност, тест-ретест релијабилноста и применливоста на батеријата, кон проверка на половите и возрасните разлики во моторната компетентност, физичката активност, седентарните навики и степенот на исхранетост, како и кон утврдување на влијанието на физичката активност, седентарното однесување и индексот на телесна маса врз моторната компетентност.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Следењето на моторниот развој и на физичката активност кај децата претставува суштински предуслов за навремено препознавање на ризици и за осмислување поефективни училишни програми што го поддржуваат здравиот раст и развој. Современиот начин на живот, проследен со намалено ниво на физичка активност и зголемено седентарно однесување, претставува глобален здравствен проблем, бидејќи неактивноста и прекумерното време пред екраните во детството се поврзани со зголемен ризик од хронични заболувања и се пренесуваат во подоцнежниот период од животот.

Во меѓународната практика, ваквите потреби се адресираат преку стандардизирани инструменти за проценка на основните моторни компетенции, меѓу кои се издвојува МОБАК тест батеријата, која ги операционализира движењето на предмети и самостојното движење и е валидирана во повеќе земји. Сепак, во Република Северна Македонија сè уште недостигаат систематизирани национални податоци и нормативи за основните моторни компетенции кај децата од рана училишна возраст, што ја прави проценката фрагментирана и тешко споредлива.

Оттука, актуелната состојба на подрачјето ја оправдува потребата од проверка на применливоста, валидноста и релијабилноста на МОБАК 1–2 тест батеријата во реални училишни услови, како и од испитување на влијанието на физичката активност, седентарното однесување и нутритивниот статус врз моторната компетентност, со што се пополнува празнина во националните докази за ваков тип стандардизирано тестирање.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето е спроведено како теренско, квантитативно истражување во реални училишни услови, со цел да се процени моторната компетентност и да се утврди применливоста, валидноста и релијабилноста на МОБАК 1–2 тест батеријата, како и влијанието на физичката активност, седентарното однесување и индексот на телесна маса врз моторните компетенции кај децата од 6 до 8-годишна возраст.

Истражувањето е реализирано на примерок од 842 ученици (од прво и второ одделение) на возраст од приближно 6 до 8 години, од седум основни училишта на територијата на градот Скопје, Република Северна Македонија. За проценка на моторната компетентност е применета МОБАК 1–2 тест батеријата, која ги опфаќа локомоторните и манипулативните движења.

Податоците за физичката активност, спортската вклученост и седентарното однесување се прибрани преку анкетниот прашалник Children's Leisure Activities Study Survey (CLASS), додека антропометриските мерења се користени за пресметување на индексот на телесна маса (ИТМ). За статистичката обработка се применети дескриптивна статистика, независен T-тест, Mann–Whitney U тест, универијантна анализа на варијанса (ANOVA), Kruskal–Wallis тест и χ^2 тест, како и анализи за проценка на валидноста и релијабилноста на тест батеријата.

Со ваков методолошки пристап се обезбедува цврста основа за процена на МОБАК 1–2 батеријата како научно заснован и практично изводлив инструмент за стандардизиран скрининг и мониторинг на моторната компетентност кај децата во национален контекст.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите покажуваат дека МОБАК 1–2 тест батеријата поседува добра факторска валидност, релијабилност и применливост за проценка на основните моторни компетенции кај децата од рана училишна возраст. Женските испитаници постигнуваат подобри резултати во локомоторните (самостојни) движења, додека машките испитаници покажуваат подобри резултати во манипулативните движења, што го потврдува очекуваниот образец на полови разлики.

Децата кои се повеќе физички активни и вклучени во организирани спортски активности постигнуваат статистички значајно подобри резултати во моторната компетентност, додека седентарното однесување и прекумерното време поминато пред екраните се негативно поврзани со моторните постигнувања. Во однос на индексот на телесна маса, утврдени се статистички значајни разлики, особено кај манипулативните способности.

Средината на живеење покажува селективно влијание врз моторната компетентност, при што разликите се присутни само кај одредени нејзини компоненти, што упатува на индиректно влијание посредувано преку достапноста на простори за игра, инфраструктура и можности за безбедна физичка активност во слободното време. Севкупно, резултатите јасно укажуваат дека моторната компетентност кај децата во раната училишна возраст е резултат на интеракција меѓу повеќе фактори, меѓу кои доминираат физичката активност, спортската вклученост, седентарното однесување и нутритивниот статус.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги исполнил предвидените законски услови (реализирана меѓународна мобилност и објавени рецензирани истражувачки трудови како прв автор), меѓу кои:

- Andonovski, M., Nikovski, G., Majeric, M., Cuk, I., Lüthy, P., Popeska, B., & Kodzoman, K. (2024). MOBAK 1-2: Gender-based evaluation of motor competence in 6–8-year-old N. Macedonian primary school children. Research in Physical Education, Sport and Health, 13(1), 127–131. https://doi.org/10.46733/PESH2413127a
- Andonovski, M., Nikovski, G., Nedelkovski, V., Majeric, M., Pantelic, S., Kodzoman, K., Gligoroski, A., & Dzordzevic, S. (2025). Physical activity levels in first and second grade school-aged children. In Proceedings of the IV International Scientific Congress Applied Sports Sciences (pp. 389–396). National Sports Academy "Vassil Levski", Sofia, Bulgaria. https://doi.org/10.37393/ICASS2025/61
- Andonovski, M., Nikovski, G., Nedelkovski, V., Majeric, M., Dzordzevic, S., Cuk, I., & Kodzoman, K. (2024). *BMI profiles and screen time habits in 1st and 2nd grade school-aged children*. In *Proceedings of the XXII International Scientific Conference "Physical Activity and Health – Pledge for Life"*. Faculty of Sport and Physical Education, University of Belgrade, Belgrade, Serbia.

Во рамки на докторските студии, кандидатот м-р Мартин Андоновски реализираше меѓународна мобилност во периодот од 13.10.2025 до 20.10.2025 година на Факултетот за спорт и физичко воспитание при Универзитетот во Ниш, Република Србија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главните научни придонеси на кандидатот се согледуваат во неколку поврзани аспекти што ја засилуваат научната и апликативната вредност на дисертацијата. Најнапред, трудот обезбедува систематска проверка на факторската валидност, релијабилноста и применливоста на МОБАК 1–2 тест батеријата во реални училишни услови во национален контекст, при што се потврдува дека инструментот е соодветен за проценка на основните моторни компетенции кај децата од 6 до 8-годишна возраст.

Понатаму, истражувањето нуди конкретни, локално релевантни податоци за половите и возрасните разлики во моторната компетентност и за влијанието на физичката активност, седентарното однесување и индексот на телесна маса врз моторните постигнувања, со што значајно се проширува националната база на знаење во оваа област. Конечно, дисертацијата има јасен општествен придонес, бидејќи нуди основа за развој и имплементација на национален систем за мониторинг на моторниот развој кај децата, со директна применливост во образовниот, спортскиот и здравствениот контекст.

Подрачје на примена и ограничувања. Добиените наоди имаат директна и широка примена во наставата по физичко и здравствено образование и во поширокиот јавноздравствен контекст. Бидејќи МОБАК 1–2 тест батеријата се покажа како валидна, релијабилна и организациски изводлива во училишни услови, таа може да се користи како практична алатка за редовен скрининг и мониторинг на моторната компетентност кај децата, за изработка на норми по пол и возраст и за планирање таргетирани интервенции.

Сепак, при толкувањето и генерализацијата на резултатите треба да се имаат предвид и одредени ограничувања. Истражувањето е реализирано на примерок од ученици од градот Скопје, што ја ограничува преносливоста на наодите кон популации од други средини и возрасни групи, а за поширока применливост потребни се дополнителни студии со поголем и поразновиден примерок и со контрола на биолошката зрелост.

Препорачуваме, идните студии да се насочат кон проширување на истражувањето на поширок возрасен опсег и кон вклучување објективни индикатори на биолошка зрелост, за да се разграничи ефектот на календарската возраст од ефектот на развојот. Истовремено, препорачливо е секое идно тестирање да вклучи структуриран протокол за запознавање со задачите, за да се минимизира ретест пристрасноста и да се добијат попрецизни процени на стабилноста на мерките.

Понатаму, идните истражувања би требало да тестираат целни интервенции насочени кон унапредување на конкретни компоненти на моторната компетентност (на пример, програми за локомоторни и за манипулативни вештини), со систематско следење на ефектите преку повторени мерења и со стандардизирана едукација на наставниот кадар како предуслов за споредливи резултати и за одржлива имплементација на МОБАК во поширок национален мониторинг систем.

Можните понатамошни истражувања се насочени кон проширување на примерокот и опфатот на МОБАК-тестирањето во поголеми и демографски поразновидни популации, од различни региони и типови училишта, со вклучување поширок возрасен распон и контрола на биолошката зрелост, што би овозможило порепрезентативни национални заклучоци и прецизно утврдување дали метричките својства на тестовите се стабилни низ различни развојни фази.

Особено е важно идните анализи да ја вклучат и проценката на меѓумерителската објективност, како и да интегрираат пообјективни техники и дигитални решенија (на пример, дигитална МОБАК платформа за мониторинг) и психосоцијални фактори, со цел да се добие подлабока и попрактична слика за варијациите во моторната компетентност и за оптималната примена на МОБАК како рутинска алатка за училишен скрининг и мониторинг.

Со оглед на презентираните резултати и севкупната научна и методолошка разработка, Комисијата оценува дека дисертацијата на кандидатот м-р Мартин Андоновски претставува релевантен и значаен придонес во областа на кинезиологијата. Истражувањето е спроведено на

високо методолошко, аналитичко и интерпретативно ниво, со што се обезбедени доверливи и научно валидни резултати, а добиените сознанија суштински ја збогатуваат научната мисла во доменот на кинезиологијата, моторниот развој и јавното здравје.

Врз основа на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје да ја прифати позитивната рецензија и да донесе одлука за закажување на јавна одбрана на докторската дисертација со наслов: „Влијанието на физичката активност и седентарното однесување врз моторната компетенција кај децата од 6 до 8-годишна возраст“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Серјожа Гонтарев, претседател, с.р.
Проф. д-р Горан Никовски, ментор, с.р.
Проф. д-р Влатко Неделковски, член, с.р.
Проф. д-р Вујица Живковиќ, член, с.р.
Проф. д-р Александар Ацески, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

Втор циклус студии – Кинезиологија

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Викторија Спасовска	“РАЗВОЈ И ПРЕЛИМИНАРНА ВАЛИДАЦИЈА НА ИНТЕГРИРАНА МОТОРИЧКОКОГНИТИВНА БАТЕРИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА ФУНКЦИОНАЛНАТА ИЗВЕДБА КАЈ ДЕЦА ОД 3 ДО 5 ГОДИНИ “	“DEVELOPMENT AND PRELIMINARY VALIDATION OF AN INTEGRATED MOTOR-COGNITIVE BATTERY FOR ASSESSING FUNCTIONAL PERFORMANCE IN CHILDREN AGED 3 TO 5 YEARS”	Проф.д-р Серјожа Гонтарев	31.08.2026 0201-1200/1

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

Втор циклус студии – Кинезиологија

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
2.	Душко Деспотовски	“КЛУЧНИ ТЕХНИЧКО-ТАКТИЧКИ ИНДИКАТОРИ ЗА ПОБЕДА ВО ЕЛИТНАТА ЖЕНСКА ОДБОЈКА: АНАЛИЗА НА СВЕТСКО ПРВЕНСТВО 2025“	“KEY TECHNICAL-TACTICAL INDICATORS FOR VICTORY IN ELITE WOMEN’S VOLLEYBALL: ANALYSIS OF THE 2025 WORLD CHAMPIONSHIP”	Проф. Д-р Андријана Мисовски	25.02.2026 0201-240/6

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОСКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕЗОТЕРАПИЈА: НОВ ПРИСТАП ВО ТРЕТМАН НА ВЕЌИ“ ОД М-Р КРЕНАР ДОБРОШИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАЛУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 18 септември 2026 година, формираше Комисија (Одлука бр. 02-580/7) за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Кренар Доброши, со наслов: „Мезотерапија: нов пристап во третман на веѓи“, во состав: проф. д-р Марија Главаш Додов (претседател), проф. д-р Рената Славеска Раички (ментор), проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска (член), проф. д-р Афердита Красниќи Дака (член) и проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска (член). Комисијата внимателно ја разгледа и ја оцени докторската дисертација и до Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј
АНАЛИЗА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Докторската дисертација со наслов: „Мезотерапија: нов пристап во третман на веѓи“, опфаќа 107 нумерирани страници. Таа е структурирана во: вовед и преглед на литературата, цели и хипотези на истражувањето, методологија, резултати, дискусија, заклучоци, библиографија и прилози. Ракописот вклучува 26 табели, 11 слики и приближно 86 библиографски извори. Материјалот е изложен по логичен редослед, почнувајќи од биолошката основа на растот на веѓите и клиничкиот проблем на хипотрихоза на веѓите, па сè до дизајнот, наодите и толкувањето на истражувањето на кандидатот.

Во воведното поглавје се објаснува значењето на веѓите за естетиката на лицето, препознавањето, емоционалното изразување и самоперцепцијата. Опишани се биолошките карактеристики по кои фоликулите на веѓите се разликуваат од фоликулите на скалпот, особено нивната пократка анагена фаза, побавниот раст и поповршинската поставеност. Во поглавјето се прикажани и главните причини за хипотрихоза на веѓите, вклучително стареење, хормонални и автоимуни нарушувања, воспалителни заболувања, нутритивни дефицити, повторувана епилација, козметичка траума и претходни постапки на микропигментација.

Прегледот на литературата дава сеопфатен приказ на анатомијата и физиологијата на веѓите, циклусот на фоликулите, морфолошките и етничките варијации, нецикатризијалното и цикатризијалното губење на веѓите, ендокрините и автоимуните влијанија, како и психосоцијалните последици од видливото проретчување на веѓите. Постојните пристапи, меѓу кои козметичка камуфлажа, топикални производи, микроблејдинг, плазма богата со тромбоцити и трансплантација, се разгледани во однос на нивните предности и ограничувања. Овој преглед ја образложува потребата од систематско клиничко испитување на минимално инвазивен регенеративен пристап.

Посебно внимание е посветено на факторите на раст и нивната можна улога во регенерацијата на фоликулите. Во дисертацијата се разгледуваат инсулин-сличниот фактор на раст 1, васкуларниот ендотелен фактор на раст, факторот на раст добиен од тромбоцити и факторите на раст на фибробластите во однос на активноста на дермалната папила, ангиогенезата, ремоделирањето на екстрацелуларниот матрикс, пролиферацијата на кератиноцитите и регулацијата на циклусот на влакното.

Мезотерапијата е претставена како начин за локално испорачување биолошки активни супстанции во површинскиот дел на дермисот, со цел да се влијае врз фоликуларната микросредина, притоа ограничувајќи ја системската изложеност.

Кандидатот идентификува јасна празнина во литературата. И покрај тоа што мезотерапијата е широко применувана во естетската практика и во обновувањето на косата, најголемиот дел од објавените трудови се однесуваат на нарушувања на скалпот, додека доказите специфични за веѓите се многу ограничени. Досегашните студии за мезотерапија често се потпираат на субјективна естетска процена и

хетерогени протоколи, со релативно мала примена на трихоскопија, стандардизирана фотографија или психосоцијални исходи. Дисертацијата ја обработува оваа празнина преку интегрирана клиничка, биолошка и естетска процена, како и процена на исходите пријавени од пациентките.

Главната цел е процена на ефикасноста на мезотерапијата базирана на фактори на раст за подобрување на веѓите, преку комбинирање клинички, трихоскопски, естетски и психосоцијални методи. Специфичните цели беа: да се проценат промените во густината на влакната на веѓите, дијаметарот на влакното, должината на влакното и фоликуларната морфологија; да се документираат промените со стандардизирана фотографија и Глобалната скала за естетско подобрување (GAIS); да се оценат задоволството, самодовербата, расположението, квалитетот на животот и социјалното функционирање; да се испитаат безбедноста и толерантноста и да се придонесе кон развој на репродуцибилен протокол за третман и процена.

Поставените хипотези предвидуваа дека интервенцијата ќе доведе до мерливо подобрување на густината на веѓите и квалитетот на фоликулите, поволни оценки за естетскиот резултат и задоволството, позитивни психосоцијални промени и прифатлива поднесливост со краток период на опоравување. Овие хипотези се усогласени со целите и се испитани преку објективни и субјективни мерења на исходот.

Во методологијата е опишана проспективна клиничка студија со интегрирана квантитативна и квалитативна процена. Триесет и две возрасни жени со хипотрихоза на веѓите, проретчување или незадоволство од густината и изгледот на веѓите, го завршиле протоколот за третман и следење во клиниката „Естетика“ во Приштина, во периодот од 2018 до 2023 година. Учесничките се избрани според однапред дефинирани критериуми за вклучување и исклучување. Исклучени беа лица со активна инфекција или воспаление, тешко заболување што ја зафаќа третираната регија, преосетливост на компонентите на формулацијата, неконтролирано системско или автоимуно заболување, бременост или доење, изразена активна цикатрицијална алопеција, неодамнешна хируршка интервенција на веѓите или истовремено учество во друга естетска студија.

Секоја учесничка прими три процедури на мезотерапија на веѓите во интервали од две до четири недели. Формулацијата, базирана на фактори на раст, е применета во асептични клинички услови, со интрадермална апликација и стандардизирана покриеност на третираната регија. Клиничкиот скрининг и фотографирањето се извршени на почетокот и во текот на следењето. Фотографирањето е стандардизирано во однос на фотоапаратот, осветлувањето, растојанието, положбата на пациентката и ориентацијата на лицето. За процена на густината, симетријата, контурата и севкупниот изглед користени се фронтални, странични и фотографии во крупен план.

Трихоскопијата е користена за споредба на фоликуларните наоди пред и по завршувањето на третманот. Проценката е насочена кон густината на влакната, дијаметарот на влакното, распределбата на фоликулите, карактеристиките на терминалните и велусните влакна и целокупната состојба на фоликулите. Задоволството на пациентките и психосоцијалните ефекти се оценети со валидирани прашалници и нумерички скали, додека естетската промена е оценета со стандардизирани фотографии и GAIS. Болката и несаканите ефекти, вклучувајќи еритем, едем, осетливост, модринки, иритација, алергиска реакција и инфекција, се систематски следени.

Податоците се обработени во SPSS. Дескриптивната статистика вклучува просечни вредности, стандардни девијации, медијани, рангови и распределба на фреквенции. Промените во споредбените мерења се оценети со Вилкоксоновиот тест на предзнаковни рангови кога била индицирана непараметарска анализа. За релевантните споредби и асоцијации се користени Ман-Витниевиот U-тест и Спирмановата ранг-корелација. Прагот на статистичка значајност е поставен на $p < 0,05$. Истражувањето е спроведено во согласност со Хелсиншката декларација, со писмена информирана согласност, анонимизација на податоците на учесничките и етичко одобрение.

Поглавјето „Резултати“ е организирано во две поврзани компоненти на студијата. Првата ги испитува задоволството, естетската перцепција и психосоцијалниот одговор. Втората е насочена кон биолошките и трихоскопските промени. Нивната интеграција овозможува третманот да се разгледа не само во однос на видливото подобрување, туку и во однос на мерливата фоликуларна промена, искуството на пациентките и безбедноста.

Во проценката насочена кон пациентките, просечната оценка на Нумеричката скала за задоволство изнесува 8,06 од 10, а просечната оценка на клиничарот за естетското подобрување на скала од 0 до 10 изнесува 8,28. Дваесет и девет од 32 учеснички, односно 90,6 %, посакале да продолжат со третманот, а сите учеснички изјавиле дека би им го препорачале и на други. Просечната оценка за болка изнесува 4,0 од 10, што укажува на умерена до ниска непријатност и генерално добра поднесливост на постапката.

Анализата на задоволството пред и по третманот, исто така, покажа значајно подобрување на севкупното задоволство, перципираната густина на веќите, симетријата на веќите и задоволството од изгледот на лицето, при што за сите пријавени споредби е утврдено $p < 0,001$. По завршувањето на протоколот, учесничките најчесто ги опишуваа своите веќи како пополни, погусти, посиметрични и поприродни, а неколку од нив пријавија намалена потреба од козметичка камуфлажа.

Објективната процена ги потврди и субјективните резултати. Просечниот дијаметар на влакното е зголемен од приближно 50 на 61 микрометар, односно за 11 микрометри ($p = 0,0315$). Просечната должина на влакната на веќите е зголемена од 11,0 на 14,1 mm, што одговара на просечно зголемување од 3,1 mm ($p = 0,0072$). Трихоскопијата покажа и подобрување на фоликуларната густина, распределбата на терминалните влакна и фоликуларната хомогеност. Во дисертацијата се прикажани значајни поврзаности меѓу објективното подобрување и исходите пријавени од пациентките: густината на влакната корелира со задоволството (Спирманово $rho = 0,72$; $p < 0,001$), дебелината на влакното со психосоцијалното подобрување ($rho = 0,61$; $p = 0,003$), а естетското подобрување со самодовербата ($rho = 0,69$; $p < 0,001$).

Психосоцијалните резултати покажуваат дека подобрувањето на веќите е придружено со повисока самодоверба, поголемо задоволство од изгледот на лицето, подобрена социјална сигурност и подобра емоционална благосостојба. Во деталната проценка од 0 до 10, просечните оценки по третманот изнесуваат 7,81 за социјалната вклученост, 6,71 за квалитетот на животот, 6,09 за самодовербата и 6,13 за расположението. Во проценката во парови, на скала од пет степени, комбинираната психосоцијална оценка е зголемена од 2,0 ± 0,6 на почетокот на 4,1 ± 0,5 по третманот. Овие резултати ја потврдуваат клиничката важност на проценката на естетските третмани на лицето надвор од самите физички мерења.

Анализата на безбедноста покажа добра краткорочна поднесливост. Привремен благ еритем (оценка 2) е забележан кај 24 учеснички, според петстепена стандардизирана скала за клиничка процена на еритем.

Локална осетливост е забележана кај 18 учеснички, благ едем кај девет и минимални модринки кај четири. Овие реакции се повлечени без дополнителен медицински третман. Не се забележани инфекција, алергиска реакција, создавање лузни или влошување на хипотрихозата на веќите, а сите учеснички го завршиле протоколот.

Во поглавјето „Дискусија“, резултатите се толкуваат во однос на фоликуларната биологија и новите податоци за регенеративни терапии за влакна. Кандидатот аргументирано заклучува дека забележаниот одговор е во согласност со подобрување на фоликуларната микросредина и стимулација на активните или компромитираните фоликули. Важно е што во дискусијата се потврдува дека дизајнот на студијата не го издвојува независниот ефект на формулацијата од постапката на микроинјектирање и не утврдува долгорочна компаративна ефикасност.

Наведените ограничувања ги вклучуваат едноцентричниот дизајн и популацијата составена исклучиво од жени, отсуството на рандомизирана контролна група, ограничен

период на следење и недостатокот на универзално стандардизиран протокол за мезотерапија на веѓите. Овие ограничувања соодветно се рефлектирани во препораката за поголеми контролирани испитувања, подолго следење, „слепа“ процена и понапредна дигитална трихоскопска анализа.

ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на дисертацијата е ефикасноста и безбедноста на мезотерапијата базирана на фактори на раст за подобрување на веѓите кај возрасни жени со хипотрихоза на веѓите или естетско незадоволство, оценети преку клиничка фотографија, трихоскопија, естетски скали, задоволство на пациентките и психосоцијални исходи.

СОСТОЈБА НА СОЗНАНИЈАТА ВО ОБЛАСТА

Обновувањето на веѓите зазема сè позначајно место во естетската медицина, но научната база на докази останува недоволно развиена во однос на клиничките потреби. Козметичката камуфлажа и микропигментацијата го подобруваат изгледот без да ја обноват фоликуларната активност, трансплантацијата е поинвазивна и бара континуирано одржување, а доказите за топикалните и регенеративните третмани се хетерогени. Истражувањата за мезотерапијата, главно, се насочени кон косата на скалпот. Со специфичниот фокус на веѓите и комбинирањето на објективни исходи со исходи пријавени од пациентките, дисертацијата придонесува со клинички корисни податоци во област во која сè уште недостигаат стандардизирани протоколи и контролирани докази.

КРАТОК ОПИС НА МЕТОДИТЕ

Триесет и две возрасни жени (возрасен опсег: 18 – 65 години) завршија три сесии на мезотерапија на веѓите базирана на фактори на раст, во интервали од две до четири недели. Третманот е спроведен во стандардизирани асептични услови. Проценката вклучува клинички преглед, стандардизирана фотографија, трихоскопија, GAIS, нумерички скали за задоволство и болка, психосоцијални прашалници и систематско следење на безбедноста. Промените во парови и релевантните асоцијации се анализирани со дескриптивна статистика, Вилкоксонов тест на предзнаковни рангови, Ман-Витниев U-тест и Спирманова ранг-корелација, при што $p < 0,05$ се смета за статистички значајно.

КРАТОК ОПИС НА РЕЗУЛТАТИТЕ

- Просечната оценка на задоволството изнесува 8,06 од 10, а просечната оценка на клиничарот за естетското подобрување изнесува 8,28 од 10.
- Дваесет и девет учеснички (90,6 %) сакале да продолжат со третманот, а сите 32 би го препорачале на други.
- Просечната оценка за болка изнесува 4,0 од 10; не се забележани сериозни или перзистентни несакани дејства.
- Дијаметарот на влакното е зголемен од приближно 50 на 61 микрометар ($p = 0,0315$), додека просечната должина на влакното е зголемена од 11,0 на 14,1 mm ($p = 0,0072$).
- Трихоскопската густина, распределбата на терминалните влакна и квалитетот на фоликулите се подобрени, а објективните промени позитивно корелираат со задоволството и психосоцијалните исходи.
- Самодовербата, задоволството од изгледот на лицето, социјалната сигурност и емоционалната благосостојба значајно се подобрени по третманот.

ОЦЕНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА

Дисертацијата претставува клинички релевантен придонес кон регенеративната козметологија. Нејзина главна предност е интегрираната процена на единствен терапевтски протокол преку четири комплементарни перспективи: фоликуларна биологија, видлива естетска промена, искуство на пациентките и психосоцијален ефект. Овој дизајн ја одразува реалноста на естетската практика, каде што успехот на третманот не може соодветно да се процени само преку фотографии или само преку задоволство.

Истражувањето покажува дека испитуваниот протокол за мезотерапија на веѓите дал доследни позитивни резултати при проценатa со стандардизирана фотографија, трихоскопски мерења, процена на клиничарот и исходи пријавени од учесничките. Третманот е добро толериран кај избраната популација и е поврзан само со благи, минливи локални реакции. Истовремено, кандидатот не ги претставува прелиминарните клинички наоди како конечни докази и ги идентификува контролираните истражувања потребни за утврдување на компаративната ефикасност и трајноста на ефектот.

Според мислењето на Комисијата, дисертацијата ги исполнува суштинските научни, методолошки и формални барања за докторска дисертација. Истражувачкото прашање е релевантно, методите се соодветни на експлоративните клинички цели, резултатите се анализирани од повеќе комплементарни перспективи, а ограничувањата се транспарентно предочени.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА

Научни презентации и дисеминација

Во текот на изработката на докторското истражување, кандидатот ја презентирал и ја дискутирал работата во универзитетски и стручни научни средини. Овие активности покажуваат континуитет во развојот на истражувачката тема и дисеминацијата на добиените резултати:

- мај 2024 – усна презентација, „Novel Treatment of Eyebrows Using Mesotherapy“, International Conference of Medical Sciences 25, Приштина, Косово;
- мај 2024 – постер-презентација, „Eyebrow Mesotherapy Treatment“, 7th Croatian Congress on Pharmacy, Дубровник, Хрватска.

Оригинални научни трудови

Кандидатот ги објавил главните резултати од докторското истражување како оригинални научни трудови во меѓународни списанија со рецензија:

1. **Dobroshi K.**, Glavash Dodov M, Simonovska Crcarevska M, Slaveska Raichki R, Shuleta-Qehaja S, Krasniqi B. Assessment of Clients' Perceptions and Satisfaction With Eyebrow Mesotherapy Treatment. Journal of Cosmetic Dermatology. 2025;24(2):e16699. doi:10.1111/jocd.16699 (IF 3,5).

2. **Dobroshi K.**, Glavash Dodov M, Simonovska Crcarevska M, Slaveska Raichki R, Shuleta-Qehaja S, Krasniqi B, Hoti Q, Krasniqi MV, Stelian G. Clinical Evaluation of a Mesotherapy Formulation for Weakened and Sparse Eyebrows With Assessment of Some Psychological and Social Aspects. Dermatological Reviews. 2025;6(6):e70056. doi:10.1002/der2.70056 (индексирано во SCOPUS).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКА

Дисертацијата обезбедува една од посеопфатните досега достапни проценки на мезотерапијата на веѓите. Придонесува со стандардизиран клинички протокол, објективни трихоскопски и морфометриски мерења, структурирана процена на задоволството и безбедноста и докази дека мерливата фоликуларна промена е поврзана со психосоцијалната корист. Трудот, исто така, ја покажува вредноста на интегрирањето на исходите пријавени од пациентките во клиничките истражувања во козметологијата. Резултатите се применливи кај внимателно избрани возрасни пациентки третирани во контролирани клинички услови и претставуваат основа за подоследно документирање на постапките за регенерација на веѓите. Можноста за генерализирање на резултатите е ограничена од големината на примерокот, едноцентричниот дизајн, вклучувањето исклучиво жени, отсуството на рандомизација и релативно ограниченото следење. Идните истражувања може да се надоврзат на овие резултати преку поголеми рандомизирани студии со соодветна статистичка моќ или студии со дизајн на поделени веѓи, со напредна трихоскопија, софтвер за анализа на слики и подолго следење. Споредбата на мезотерапијата со топикални третмани, плазма богата со тромбоцити и други воспоставени терапии би помогнала да се разјасни нејзината релативна ефикасност. Понатамошните студии, исто така, можат да ја утврдат најефикасната формулација, интервалот меѓу третманите и распоредот за одржување, како и да идентификуваат кои кандидати имаат најголема веројатност да имаат корист.

Имајќи ги предвид релевантноста на темата, завршеното клиничко истражување, објавените научни трудови на кандидатот и придонесот на резултатите за регенеративната козметологија, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже јавна одбрана на докторската дисертација на м-р Кренар Доброши, со наслов: „Мезотерапија: нов пристап во третмант на веѓи“.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Главаш Додов, претседател, с.р.
Проф. д-р Рената Славеска Раички, ментор, с.р.
Проф. д-р Маја Симоноска Црцаревска, член, с.р.
Проф. д-р Афрдита Красниќи Дака, член, с.р.
Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, член, с.р.

R E V I E W
on the evaluation of the doctoral dissertation “Mesotherapy: a novel approach to eyebrow treatment” by Krenar Dobroshi MSc, submitted to the Faculty of Pharmacy at Ss Cyril and Methodius University in Skopje

The Teaching and Scientific Council of the Faculty of Pharmacy in Skopje, at the meeting held on September 18, 2026, formed a Committee (Decision No. 02-580/7) for the evaluation of the doctoral dissertation of the candidate Krenar Dobroshi, M.Sc. entitled “Mesotherapy: A New Approach to Eyebrow Treatment”, consisting of: Prof. Dr. Marija Glavash Dodov (Chair), Prof. Dr. Renata Slavesk Raichki (Mentor), Prof. Dr. Maya Simonoska Crcarevska (Member), Prof. Dr. Afërdita Krasniqi Daka (Member), and Prof. Dr. Tatjana Kadifkova Panovska. The committee carefully reviewed and evaluated the doctoral dissertation and to the Teaching and Research Council of the Faculty of Pharmacy submits the following

R E P O R T
ANALYSIS OF THE DISSERTATION

The doctoral dissertation entitled “Mesotherapy: a novel approach to eyebrow treatment” comprises 107 rendered pages. It contains a structured introduction and literature review, the aims and hypotheses of the research, methodology, results, discussion, conclusions, bibliography and appendices. The manuscript includes 26 listed tables and 11 listed figures, together with approximately 86 bibliographic sources. The material is arranged in a logical sequence that leads from the biological basis of eyebrow growth and the clinical problem of eyebrow hypotrichosis to the design, findings and interpretation of the candidate’s research.

The introductory chapter explains the importance of eyebrows in facial aesthetics, recognition, emotional expression and self-perception. It describes the biological features that distinguish eyebrow follicles from scalp follicles, particularly their shorter anagen phase, slower growth and more superficial position. The chapter also outlines the principal causes of eyebrow hypotrichosis, including aging, hormonal and autoimmune disorders, inflammatory disease, nutritional deficiencies, repeated epilation, cosmetic trauma and previous micropigmentation procedures.

The review of the literature provides a broad account of eyebrow anatomy and physiology, follicular cycling, morphological and ethnic variation, non-scarring and scarring eyebrow loss, endocrine and autoimmune influences, and the psychosocial consequences of visible eyebrow thinning. Existing approaches including cosmetic camouflage, topical agents, microblading, platelet-rich plasma and transplantation are discussed in relation to their advantages and limitations. This review establishes why a minimally invasive regenerative approach merits systematic clinical investigation.

Particular attention is given to growth factors and their possible role in follicular regeneration. The dissertation discusses insulin-like growth factor 1, vascular endothelial growth factor, platelet-derived growth factor and fibroblast growth factors in relation to dermal papilla activity, angiogenesis, extracellular-matrix remodeling, keratinocyte proliferation and regulation of the hair cycle.

Mesotherapy is presented as a means of delivering biologically active substances locally into the superficial dermis, with the aim of influencing the follicular microenvironment while limiting systemic exposure.

The candidate identifies a clear gap in the literature. Although mesotherapy is widely used in aesthetic and hair-restoration practice, most published work concerns scalp disorders, whereas eyebrow-specific evidence is very limited. Existing mesotherapy studies frequently rely on subjective aesthetic evaluation, heterogeneous protocols, with comparatively little use of trichoscopy, standardized photography or psychosocial outcomes. The dissertation addresses this gap through an integrated clinical, biological, aesthetic and patient-reported evaluation.

The general aim was to evaluate the efficacy of growth-factor-based mesotherapy for eyebrow improvement by combining clinical, trichoscopic, aesthetic and psychosocial methods. The specific

objectives were to assess changes in eyebrow hair density, hair-shaft diameter, hair length and follicular morphology; document changes using standardized photography and the Global Aesthetic Improvement Scale (GAIS); evaluate satisfaction, confidence, mood, quality of life and social functioning; examine safety and tolerability; and contribute to the development of a repeatable treatment and assessment protocol.

The hypotheses proposed that the intervention would produce measurable improvement in eyebrow density and follicular quality, favorable aesthetic and satisfaction scores, positive psychosocial change, and acceptable tolerability with limited downtime. These hypotheses are consistent with the aims and are examined through objective and subjective outcome measures.

The methodology describes a prospective clinical study with an integrated quantitative and qualitative assessment. Thirty-two adult women with eyebrow hypotrichosis, thinning or dissatisfaction with eyebrow density and appearance completed the treatment and follow-up protocol at Estethica Clinic in Prishtina between 2018 and 2023. Participants were selected through predefined inclusion and exclusion criteria. Individuals with active infection or inflammation, severe disease affecting the treatment area, hypersensitivity to formulation components, uncontrolled systemic or autoimmune disease, pregnancy or breastfeeding, extensive active scarring alopecia, recent eyebrow surgery or concurrent participation in another aesthetic study were excluded.

Each participant received three eyebrow-mesotherapy procedures at intervals of two to four weeks. The growth-factor-based formulation was delivered under aseptic clinical conditions by superficial intradermal application using standardized coverage of the treatment area. Clinical screening and photographs were obtained at baseline and during follow-up. Photography was standardized for camera, lighting, distance, patient position and facial orientation. Frontal, oblique and close-up views were used to assess density, symmetry, contour and overall appearance.

Trichoscopy was used to compare follicular findings before and after the treatment course. The assessment focused on hair density, hair-shaft diameter, follicular distribution, terminal-to-vellus hair characteristics and overall follicular condition. Patient satisfaction and psychosocial effects were evaluated through validated questionnaires and numerical scales, while aesthetic change was evaluated using standardized photographs and GAIS. Pain and adverse events including erythema, edema, tenderness, bruising, irritation, allergic reaction and infection were monitored systematically.

Data were processed in SPSS. Descriptive statistics included means, standard deviation, medians, ranges and frequency distributions as appropriate. Paired changes were assessed using the Wilcoxon signed-rank test where nonparametric analysis was indicated. Mann-Whitney U testing and Spearman rank correlation were used for relevant comparisons and associations. Statistical significance was set at $p < 0.05$. The research was conducted in accordance with the Declaration of Helsinki, with written informed consent, anonymization of participant data and ethical oversight.

The Results chapter is organized into two related study components. The first examines satisfaction, aesthetic perception and psychosocial response. The second concentrates on biological and trichoscopic changes. Their integration allows the treatment to be considered not only in terms of visible improvement, but also in relation to measurable follicular change, patient experience and safety.

In the patient-centered evaluation, the mean Numerical Rating Scale for Satisfaction score was 8.06 out of 10, and the mean clinician-rated aesthetic improvement on the 0-to-10 scale was 8.28. Twenty-nine of 32 participants, or 90.6%, wished to continue treatment, and all participants stated that they would recommend it to others. The average pain score was 4.0 out of 10, indicating moderate-to-low discomfort and generally good procedural tolerance.

The before-and-after satisfaction analysis also showed significant improvement in overall satisfaction, perceived eyebrow density, eyebrow symmetry and satisfaction with facial appearance, with all reported comparisons reaching $p < 0.001$. Participants commonly described their eyebrows as fuller, denser, more symmetrical and more natural after completing the protocol, while several reported reduced reliance on cosmetic camouflage.

The objective evaluation supported the subjective findings. Mean hair-shaft diameter increased from approximately 50 to 61 micrometres, a change of 11 micrometres ($p = 0.0315$). Mean eyebrow hair length increased from 11.0 to 14.1 mm, corresponding to an average increase of 3.1 mm ($p = 0.0072$). Trichoscopy also showed improvement in follicular density, terminal-hair distribution and follicular homogeneity. The dissertation reports meaningful associations between objective improvement and patient-reported outcomes: hair density correlated with satisfaction (Spearman rho = 0.72; $p < 0.001$), shaft thickness with psychosocial improvement (rho = 0.61; $p = 0.003$), and aesthetic improvement with self-confidence (rho = 0.69; $p < 0.001$).

The psychosocial findings show that eyebrow improvement was accompanied by higher confidence, greater satisfaction with facial appearance, improved social comfort and better emotional well-being. In the detailed 0-to-10 evaluation, mean post-treatment scores were 7.81 for social engagement, 6.71 for quality of life, 6.09 for confidence and 6.13 for mood. In the paired five-point assessment, the combined psychosocial score increased from 2.0 ± 0.6 at baseline to 4.1 ± 0.5 following treatment. These results support the clinical relevance of evaluating visible facial treatments beyond physical measurements alone.

Safety analysis demonstrated favorable short-term tolerability. Temporary mild erythema (score 2) was recorded in 24 participants, according to standardized 5-point Clinician-Evaluated Erythema Scale.

Local tenderness in 18, mild edema in nine and minimal bruising in four. These reactions resolved without additional medical treatment. No infection, allergic reaction, scarring or deterioration of eyebrow hypotrichosis was recorded, and all participants completed the protocol.

The Discussion interprets these findings in relation to follicular biology and the emerging literature on regenerative hair therapies. The candidate reasonably concludes that the observed response is compatible with improvement of the follicular microenvironment and stimulation of active or compromised follicles. Importantly, the discussion acknowledges that the study design does not isolate the independent effect of the formulation from the microinjection procedure and does not establish long-term comparative efficacy.

The stated limitations include the single-center and female-only population, the absence of a randomized control group, the limited follow-up period and the lack of a universally standardized eyebrow-mesotherapy protocol. These limitations are appropriately reflected in the recommendation for larger controlled trials, longer observation, blinded assessment and more advanced digital trichoscopic analysis.

SUBJECT OF THE RESEARCH

The subject of the dissertation is the efficacy and safety of growth-factor-based mesotherapy for eyebrow enhancement in female adults with eyebrow hypotrichosis or aesthetic dissatisfaction, evaluated through clinical photography, trichoscopy, aesthetic scales, patient satisfaction and psychosocial outcomes.

CURRENT STATE OF KNOWLEDGE IN THE FIELD

Eyebrow restoration occupies a growing place in aesthetic medicine, but the scientific evidence remains less developed than clinical demand. Cosmetic camouflage and micropigmentation improve appearance without restoring follicular activity; transplantation is more invasive and requires continued maintenance; and evidence for topical and regenerative treatments is heterogeneous. Research on mesotherapy has concentrated mainly on scalp hair. By focusing specifically on eyebrows and combining objective and patient-reported outcomes, the dissertation adds clinically useful data to an area in which standardized protocols and controlled evidence are still lacking.

BRIEF DESCRIPTION OF THE METHODS

Thirty-two adult women (age range: 18–65 years) completed three growth-factor-based eyebrow-mesotherapy sessions at intervals of two to four weeks. Treatment was performed under

standardized aseptic conditions. Evaluation included clinical examination, standardized photography, trichoscopy, GAIS, numerical satisfaction and pain scales, psychosocial questionnaires and systematic safety monitoring. Paired changes and relevant associations were analyzed using descriptive statistics, Wilcoxon signed-rank testing, Mann-Whitney U testing and Spearman correlation, with $p < 0.05$ considered statistically significant.

BRIEF DESCRIPTION OF THE RESULTS

- Mean satisfaction was 8.06 out of 10 and mean clinician-rated aesthetic improvement was 8.28 out of 10.
- Twenty-nine participants (90.6%) wished to continue treatment, and all 32 would recommend it to others.
- Mean pain was 4.0 out of 10, with no serious or persistent adverse event.
- Hair-shaft diameter increased from approximately 50 to 61 micrometres ($p = 0.0315$), while mean hair length increased from 11.0 to 14.1 mm ($p = 0.0072$).
- Trichoscopic density, terminal-hair distribution and follicular quality improved, and objective change correlated positively with satisfaction and psychosocial outcomes.
- Confidence, facial-appearance satisfaction, social comfort and emotional well-being improved significantly after treatment.
-

EVALUATION OF THE DISSERTATION

The dissertation is a clinically relevant contribution to regenerative cosmetology. Its principal strength is the integrated assessment of a single therapeutic protocol through four complementary perspectives: follicular biology, visible aesthetic change, patient experience and psychosocial effect. This design reflects the realities of aesthetic practice, where treatment success cannot be judged adequately through photographs or satisfaction alone.

The research demonstrates that the investigated eyebrow-mesotherapy protocol produced consistent positive findings across standardized photography, trichoscopic measurements, clinician assessment and participant-reported outcomes. The treatment was well tolerated in the selected population and was associated with only mild, transient local reactions. At the same time, the candidate avoids treating preliminary clinical evidence as definitive proof and identifies the controlled research needed to establish comparative efficacy and durability.

In the Committee’s opinion, the dissertation meets the essential scientific, methodological and formal requirements for a doctoral dissertation. The research question is relevant, the methods are appropriate to the exploratory clinical aims, the findings have been analyzed from several complementary perspectives, and the limitations are recognized transparently.

FULFILMENT OF THE LEGAL REQUIREMENTS FOR DEFENCE

Scientific presentations and dissemination

During the development of the doctoral research, the candidate presented and discussed the work in university and professional scientific settings. These activities demonstrate continuity in the development of the research topic and dissemination of its findings:

- May 2024 — Oral presentation, “Novel Treatment of Eyebrows Using Mesotherapy,” International Conference of Medical Sciences 25, Prishtina, Kosovo.
- May 2024 — Poster presentation, “Eyebrow Mesotherapy Treatment,” 7th Croatian Congress on Pharmacy, Dubrovnik, Croatia.

Original scientific papers

The candidate has published the principal findings of the doctoral research as original scientific papers in peer-reviewed international journals:

- **Dobroshi K**, Glavash Dodov M, Simonovska Crcarevska M, Slaveska Raichki R, Shuleta-Qehaja S, Krasniqi B. Assessment of Clients’ Perceptions and Satisfaction With

Eyebrow Mesotherapy Treatment. Journal of Cosmetic Dermatology. 2025;24(2):e16699. doi:10.1111/jocd.16699 (IF of 3.5).

- **Dobroshi K**, Glavash Dodov M, Simonovska Crcarevska M, Slaveska Raichki R, Shuleta-Qehaja S, Krasniqi B, Hoti Q, Krasniqi MV, Stelian G. Clinical Evaluation of a Mesotherapy Formulation for Weakened and Sparse Eyebrows With Assessment of Some Psychological and Social Aspects. Dermatological Reviews. 2025;6(6):e70056. doi:10.1002/der2.70056 (Indexed in SCOPUS).


CONCLUSION AND RECOMMENDATION

The dissertation provides one of the more comprehensive eyebrow-specific evaluations of mesotherapy currently available. It contributes a standardized clinical protocol, objective trichoscopic and morphometric observations, a structured assessment of satisfaction and safety, and evidence that measurable follicular change is associated with psychosocial benefit. The work also demonstrates the value of integrating patient-reported outcomes into clinical research in cosmetology. The findings are applicable to carefully selected female adult patients treated in a controlled clinical setting and provide a basis for more consistent documentation of eyebrow-regeneration procedures. Their generalizability is limited by the sample size, single-center design, female-only cohort, lack of randomization, and relatively limited follow-up. Future research can build on these findings through adequately powered randomized or split-eyebrow studies, advanced trichoscopy, image analysis software, and longer follow-up. Comparing mesotherapy with topical treatments, platelet-rich plasma, and other established therapies would help clarify its relative effectiveness. Further studies can also determine the most effective formulation, treatment interval, and maintenance schedule, while identifying which candidate are most likely to benefit.

Taking into account the relevance of the topic, the completed clinical research, the candidate's published scientific work and the contribution of the findings to regenerative cosmetology, the Committee proposes that the Teaching and Scientific Council of the Faculty of Pharmacy accept the positive evaluation and schedule the public defence of the doctoral dissertation of Krenar Dobroshi, MSc, entitled "Mesotherapy: a novel approach to eyebrow treatment"

COMMITTEE

Prof. Dr Marija Glavash Dodov, Chair
Prof. Dr Renata Slaveska Raichki, Mentor
Prof. Dr Maja Simonoska Crcarevska , Member
Prof. Dr Afërdita Krasniqi Daka, Member



Prof. Dr Tatjana Kadifkova Panovska , Member

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДБРАНИ РАСТЕНИЈА СО ТРАДИЦИОНАЛНА УПОТРЕБА ПОВРЗАНА СО ТРЕТМАН НА АЛЦХАЈМЕРОВА БОЛЕСТ И ДРУГИ КОГНИТИВНИ НАРУШУВАЊА“ ОД М-Р ДОНИКА ХОЏА, ПРИЈАВЕНА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, на XIX седница одржана на 25.8.2026 година, со Одлука бр. 02-502/13 од 25.8.2026 година, избра Рецензентска комисија за оцена на изработената докторска дисертација на кандидатката м-р Доника Хоџа со наслов: ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДБРАНИ РАСТЕНИЈА СО ТРАДИЦИОНАЛНА УПОТРЕБА ПОВРЗАНА СО ТРЕТМАН НА АЛЦХАЈМЕРОВА БОЛЕСТ И ДРУГИ КОГНИТИВНИ НАРУШУВАЊА, во состав: проф. д-р Марија Карапанџова (претседател), проф. д-р Ѓоше Стефков (член и ментор), проф. д-р Биљана Бауер (член) и вонр. проф. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова (член), сите од Фармацевтскиот факултет при УКИМ во Скопје, и вонр. проф. д-р Оливер Тушевски (член), од Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје.

Комисијата, во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Доника Хоџа, со наслов: ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДБРАНИ РАСТЕНИЈА СО ТРАДИЦИОНАЛНА УПОТРЕБА ПОВРЗАНА СО ТРЕТМАН НА АЛЦХАЈМЕРОВА БОЛЕСТ И ДРУГИ КОГНИТИВНИ НАРУШУВАЊА, е напишана на над 160 страници А4 компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со единечен проред и со големина на текст од 12 точки, со 187 библиографски единици. Трудот е структуриран во главни поглавја: ВОВЕД, ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА, МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ, РЕЗУЛТАТИ, ДИСКУСИЈА, ЗАКЛУЧОЦИ и ЛИТЕРАТУРА, со придружен дел на прилози (анекси); целите и хипотезите на истражувањето се дефинирани во рамките на воведното поглавје. Поглавјата се систематизирани во потпоглавја со наслови и поднаслови, а текстот е збогатен со табели и слики, со што се обезбедува јасно и соодветно следење на материјата обработена во истражувањето. Прикажувањето на резултатите е поткрепено со претставителни вкупни јонски хроматограми и со MS^2 спектри на фрагментација од LC-HRMS/MS анализата, со топлотна мапа на квантификуваните концентрации на идентификуваните соединенија, со криви концентрација – одговор за инхибицијата на холинестеразите, како и со графички прикази на односите структура – активност.

Во **ВОВЕДОТ** и во прегледот на литературата, кандидатката дава сеопфатен приказ на патофизиологијата на Алцхајмеровата болест, осврнувајќи се на амилоидната каскадна хипотеза и агрегацијата на амилоид-бета, таупатологијата, холинергичката хипотеза и молекуларната биологија на ацетилхолинестеразата (AChE) и бутирилхолинестеразата (BChE), како и на невроинфламацијата и оксидативниот стрес. Кандидатката ја елаборира терапевтската заснованост на инхибицијата на холинестеразите, при што особено ја истакнува улогата на BChE во подоцнежните стадиуми на болеста, кога активноста на AChE опаѓа, а на BChE расте. Потоа темелно се образложува фармаколошкиот потенцијал на видовите богати со полифеноли, како и на фитоканабиноидите каналидиол (*CBD*) и делта-9-тетрахидроканабинол (*THC*) и нивната интеракција со ендоканабиноидниот систем. Преку критички преглед на досегашната, методолошки хетерогена литература, кандидатката ја аргументира потребата од стандардизирана, мултитаргетна и директно споредлива евалуација на овие природни производи. Прегледот на литературата систематично ги обработува и петте одбрани видови поединечно, со осврт на нивниот фитохемиски профил и на етнофармаколошката традиција, потоа ги разработува литературните податоци за експерименталните модели за проценка на биолошката активност. Врз таа основа, оваа студија се стреми да одговори на едно фокусирано

фармакогносточко прашање: дали одбраните видови од фамилијата Lamiaceae и фитоканабиноидите *CBD* и *THC* покажуваат биолошки значајна активност врз главните патолошки механизми на Алцхајмеровата болест и дали нивните фармаколошки профили меѓусебно се разликуваат на начини што имаат тераписка релевантност? Истражувањата кандидатката ги структурира околу четири специфични цели, и тоа: подготовка на екстракти од пет вида од фамилијата Lamiaceae (*Salvia officinalis, Rosmarinus officinalis, Teucrium chamaedrys, Teucrium polium u Sideritis scardica*) и окарактеризирање на нивниот фитохемиски состав со течна хроматографија, спрегната со масена спектрометрија со висока резолуција и тандемска детекција (LC-HRMS/MS); втората цел е да се оцени инхибиторната активност на сите пет екстракти, заедно со *CBD* и *THC*, врз AChE и BChE со примена на Елмановиот колориметриски метод; третата цел е да се процени невропротективната активност кај SH-SY5Y клетки диференцирани со ретиноична киселина преку три комплементарни крајни точки: цитотоксичноста на секој примерок, измерена со тестот на редукција на тетразолиум (MTT) заради утврдување на нецитотоксичниот работен опсег; намалувањето на внатреклеточната акумулација на реактивни кислородни видови (ROS) при оксидативен стрес индуциран со водород пероксид, оценето со флуоресцентниот тест DCFH-DA; способноста за ублажување на цитотоксичноста индуцирана со олигомери на Aβ1-42 во парадигма на невропротекција со преткондиционирање, оценета со MTT при 20 μg/mL. Со оглед на ограничените објавени податоци за невропротективните ефекти на овие конкретни видови врз цитотоксичноста индуцирана со олигомери на Aβ1-42 при субцитотоксични концентрации, оваа последна компонента кандидатката ја вклучува како експлоративна крајна точка; последната, четврта цел е биохемиските и клеточните наоди да се интегрираат во кохерентна фармаколошка интерпретација: да се идентификува кои екстракти покажуваат најветувачка активност врз секоја мета, во кој безбеден опсег на концентрации и што подразбираат забележаните профили на ензимска селективност за потенцијалната тераписка релевантност на секој екстракт, специфична за стадиумот на болеста, во клиничкиот континуум на Алцхајмеровата болест.

Во поглавјето **МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ,** кандидатката ги има обработено детално и методолошки прецизно со даден шематски приказ на целокупниот експериментален работен тек и ги наведува растителните материјали користени во истражувањето. Испитувањата се спроведени на пет растителни видови од фамилијата Lamiaceae: *Salvia officinalis* L., *Rosmarinus officinalis* L., *Teucrium chamaedrys* L., *Teucrium polium* L. и *Sideritis scardica* Griseb., за кои се дадени податоци за потеклото, растителниот дел и традиционалната употреба. Понатаму е опишана постапката за добивање на метанолни екстракти, нивно концентрирање и лиофилизација, како и подготовката на работни раствори од растителните екстракти и комерцијалните *CBD* и *THC*-препарати. Фитохемиската карактеризација на метанолните екстракти кандидатката наведува дека е изведена со LC-HRMS/MS, при што се наведени условите за хроматографско раздвојување и масено-спектрометриска детекција, како и пристапот за идентификација и квантификација на присутните соединенија со примена на соодветни референтни стандарди. Биолошката активност на испитуваните растителни екстракти, *CBD* и *THC,* е проценета преку повеќе in vitro методи. Инхибиторната активност кон ацетилхолинестераза (AChE) и бутирилхолинестераза (BChE) е испитувана со Елмановиот колориметриски метод. За клеточните испитувања е користена хуманата невробластомска клеточна линија SH-SY5Y, со претходно спроведена невронална диференцијација. Цитотоксичноста е проценета со MTT-тест, а влијанието врз интрацелуларното создавање на реактивни кислородни видови со DCFH-DA флуоресцентен тест. Дополнително, невропротективната активност е испитувана во модел на цитотоксичност предизвикана од олигомери на амилоид-β (Aβ1-42). На крајот од поглавје е даден пристапот за статистичка обработка на резултатите, со примена на еднонасочна анализа на варијанса (ANOVA) и Tukey-ев тест за повеќекратни споредби, при ниво на статистичка значајност од $p < 0,05$.

Четвртото и петтото поглавје – **РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА**, ги опфаќаат резултатите од фитохемиската карактеризација и биолошките испитувања, кои паралелно се анализирани и

споредени со достапните литературни податоци. Со LC-HRMS/MS анализа на метанолните екстракти од петте испитувани видови од фамилијата Lamiaceae се идентификувани вкупно 55 соединенија, од кои 49 се квантификувани. Највисока вкупна квантификувана полифенолна содржина е определена кај *Rosmarinus officinalis* (799,68 mg/g) и *Salvia officinalis* (682,93 mg/g), со доминација на деривати на кафеинската киселина, додека кај Sideritis scardica, *Teucrium polium* и *Teucrium chamaedrys* позастапени се фенилетаноидните гликозиди, особено вербаскозид и изовербаскозид. Дополнително се идентификувани еден оксилипин и пет абиетански дитерпеноиди кои не се квантификувани поради недостаток на соодветни референтни стандарди. При испитувањето на инхибиторната активност кон холинестеразите, сите испитувани примероци покажуваат концентрациски зависна активност. Од растителните екстракти, *Teucrium chamaedrys* покажува најсилна инхибиција на AChE (IC_{50} = 145,30 μg/mL), додека *Salvia officinalis* покажува најизразена активност кон BChE (IC_{25} = 47,94 μg/mL). *Rosmarinus officinalis* покажува активност кон двата испитувани ензима (AChE IC_{50} = 160,14 μg/mL; BChE IC_{25} = 325,29 μg/mL). Од фитоканабиноидите, *THC* покажува поизразена инхибиторна активност кон AChE и BChE во споредба со *CBD*. Добиените разлики во ензимската селективност се разгледуваат во корелација со фитохемискиот состав на екстрактите и се споредуваат со достапните литературни податоци.

Во испитувањата на диференцирани SH-SY5Y клетки е утврден концентрациски зависен ефект на растителните екстракти врз клеточната виталност, при што *Rosmarinus officinalis* и *Salvia officinalis* покажуваат поизразена цитотоксичност при повисоки концентрации. Со DCFH-DA тестот, сите пет екстракти покажуваат интрацелуларна антиоксидантна активност, при што најизразен ефект е определен кај *Teucrium polium* (99,7 % инхибиција при 20 μg/mL), следен од *Salvia officinalis* (95,27 %) и *Teucrium chamaedrys* (79,28 %). При повисоки концентрации е забележан премин од антиоксидантен кон прооксидантен ефект, кој е соодветно разгледан во однос на познатото бифазно дејство на полифенолните соединенија. Во моделот на цитотоксичност предизвикана од олигомери на Aβ1-42, претходниот третман со растителните екстракти не покажува значајно подобрување на клеточната виталност. Овој резултат се дискутира во однос на изразената цитотоксичност на применетата концентрација на Aβ1-42 и цитотоксичноста на самите екстракти. На крај, резултатите од фитохемиската карактеризација, инхибицијата на холинестеразите и клеточните испитувања се интегрирани преку анализа на односите помеѓу хемискиот состав и биолошката активност и се разгледуваат во однос на поставените хипотези на истражувањето.

Во поглавјето **ЗАКЛУЧОЦИ**, дадени се согледувања кои ги сумираат најзначајните резултати од фитохемиската карактеризација и биолошките испитувања на петте видови од фамилијата Lamiaceae и фитоканабиноидите *CBD* и *THC*. Се истакнува различниот профил на селективност кон холинестеразите, со поизразена BchE-инхибиција кај *Salvia officinalis* и AchE-инхибиција кај *Teucrium chamaedrys,* како и поголемата инхибиторна активност на *THC* во однос на *CBD*. Дополнително, се издвојува изразената интрацелуларна антиоксидантна активност на *Teucrium polium* и отсуството на значајна невропротективна активност во применетиот модел со Aβ1-42. Посебен осврт е даден на оригиналниот придонес на трудот: директната споредба на седумте примероци под идентични експериментални услови, поврзувањето на хемотипската поделба со селективноста кон холинестеразите и обезбедувањето на комплетен квантитативен LC-HRMS/MS профил за екстракти со потекло од Македонија. На крај се посочуваат и можните насоки за понатамошни истражувања на природните производи од фамилијата Lamiaceae како потенцијални мултитаргетни агенси во истражувањата поврзани со Алцхајмеровата болест.

Последното поглавје, **ЛИТЕРАТУРА**, содржи 187 библиографски единици, при што најголемиот дел се однесуваат на оригинална и актуелна научна литература, цитирана според воедначен стил.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Доника Хоџа, со наслов: ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДБРАНИ РАСТЕНИЈА СО ТРАДИЦИОНАЛНА УПОТРЕБА ПОВРЗАНА СО ТРЕТМАН НА

АЛЦХАЈМЕРОВА БОЛЕСТ И ДРУГИ КОГНИТИВНИ НАРУШУВАЊА, претставува оригинално истражување во областа на фармацијата, со посебен осврт на фармакогнозијата, хемијата на природните производи и неврофармакологијата. Во согласност со мотивот на студијата, целите на истражувањето се јасно и правилно дефинирани, научниот пристап е оригинален и внимателно избран, а применетата методологија е современа и повеќедимензионална. Поставените цели се остварени во целост, а добиените резултати се темелно обработени, интерпретирани и дискутирани, со нагласена научна оригиналност и потенцијална применлива вредност. Особено се вреднува методолошката строгост, транспарентното прикажување и на негативните резултати, како и внимателното разграничување на in vitro наодите од клиничките импликации.

Имајќи го предвид претходно кажаното, докторската дисертација на кандидатката м-р Доника Хоџа, со горенаведениот наслов, според мислењето на Комисијата, целосно ги исполнува условите и стандардите за висок квалитет на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Дел од резултатите од докторскиот труд, пред неговата одбрана, се објавени/поднесени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор, каде што кандидатката се јавува како прв автор:

1. Donika Hoxha, Dusko Shalabalija, Ljubica Mihailova, Gresa Hoxha, Gjoshe Stefkov, CYTOTOXICITY AND MODULATION OF HYDROGEN PEROXIDE-INDUCED OXIDATIVE STRESS BY ROSMARINUS OFFICINALIS EXTRACT IN DIFFERENTIATED SH-SY5Y NEUROBLASTOMA CELLS, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, Vol. 72 (2), 2026.
2. Donika Hoxha, Oliver Tusevski, Dusko Shalabalija, Ljubica Mihailova, Gresa Hoxha Gashi, Gjoshe Stefkov, CHOLINESTERASE INHIBITORY ACTIVITY AND NEURONAL CYTOTOXICITY OF CANNABIDIOL AND Δ9-TETRAHYDROCANNABINOL: AN IN VITRO STUDY, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, Vol. 72 (2), 2026.

Во двата труда, кандидатката се јавува како прв автор. Резултатите објавени во нив произлегуваат непосредно од истражувањата спроведени во рамките на оваа докторска дисертација.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на докторската дисертација на кандидатката м-р Доника Хоџа, со наслов: ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДБРАНИ РАСТЕНИЈА СО ТРАДИЦИОНАЛНА УПОТРЕБА ПОВРЗАНА СО ТРЕТМАН НА АЛЦХАЈМЕРОВА БОЛЕСТ И ДРУГИ КОГНИТИВНИ НАРУШУВАЊА, Комисијата констатира дека трудот претставува оригинално научно дело од полето на фармацијата, со посебен осврт на фармакогнозијата и неврофармакологијата. Применетите методи се внимателно одбрани за систематска и директно споредлива евалуација на фармаколошкиот профил на испитуваните екстракти и фитоканабиноиди во контекст на Алцхајмеровата болест. Резултатите од овој докторски труд имаат значење за понатамошни истражувања на видовите и на фитоканабиноидите како потенцијални мултитаргетни невропротективни агенси, како и за валоризација на растителни ресурси со потекло од Република Северна Македонија.

Проблемите со кои кандидатката се сретна во текот на работата успешно ги разреши, применувајќи соодветни методи и научни сознанија. Заклучоците се темелно поткрепени и имаат научно и практично значење.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да овозможи одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Доника Хоџа, со наведениот наслов.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марија Карапанџова, претседател, с.р.
Проф. д-р Ѓоше Стефков, член и ментор, с.р.
Проф. д-р Биљана Бауер, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Оливер Тушевски, член, с.р.
Вонр. проф. д-р Ивана Цветковиќ Каранфилова, член, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗЕОЛОГИЈА (СО ШИФРА: 6.01.02.10) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија “ и „Коха“ од 14.VII 2026 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област: музеологија (со шифра: 6.01.02.10), и врз основа на Одлуката со број 04-1328/20, донесена од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на IX вонредна седница одржана на 21.VIII 2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Никос Чаусидис, редовен професор на Институтот за Историја на уметноста и археологија, проф. д-р Милан Попадиќ, редовен професор на Филозофскиот факултет во Белград и проф. д-р Драган Булатовиќ вонреден професор на Филозофскиот факултет во Белград (во пензија).

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област музеологија (со шифра: 6.01.02.10), во предвидениот рок се пријави д-р Гоце Наумов.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОБАНИЕ

Кандидатот д-р Гоце Наумов е роден на 15 мај 1978 година, во Скопје. Основно и средно гимназиско образование завршува во Скопје. Во учебната 1998/1999 г. се запишува на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2004 г. дипломира и се стекнува со звање дипломиран историчар на уметноста со археологија.

Во учебната 2005/2006 г. се запишува на постдипломските студии по археологија на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2009 г. го брани магистерскиот труд под наслов „Орнаментиката и телесноста во неолитската материјална култура од Република Македонија“, под менторство на проф. д-р Никос Чаусидис, и се стекнува со академско звање магистер на археолошки науки.

Во 2009 г. пријавува тема за изработка на докторска дисертација на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје, под менторство на проф. д-р Никос Чаусидис, со наслов „Неолитски антропоморфизам и телесност: третманот на телото на Балканот од VII до V милениум п.н.е.“. Во јануари 2015 г. успешно ја брани докторската дисертација, со што се стекнува со академско звање доктор на археолошки науки.

УСЛОВИ КОИ КАНДИДАТОТ ГИ ИСПОЛНУВА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ

Кандидатот ги исполнува општите услови за избор во знање доцент (Образец 1: 1 – 5). Има објавено стотина научноистражувачки трудови во домашни и во меѓународни списанија и научни публикации (Образец 2, научноистражувачка дејност:

5 – 9). Објавил 17 научни трудови во научно списание со фактор на влијание (Образец 2, научноистражувачка дејност: 5).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ КОИ КАНДИДАТОТ ГИ ИСПОЛНУВА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ

Во текот на својата едукација и истражувања кандидатот бил на неколку научни специјализации во универзитетите во Белград, Падова, Њујорк, Берн, Берлин и Мадрид. Вклучен бил во бројни теренски археолошки ископувања во Македонија, Србија, Албанија, Словенија, Турција, Русија и САД (избор: Образец 2, научноистражувачка дејност: 1, 2). Ангажиран бил и во повеќе кабинетски и теренски истражувања организирани од универзитети и други установи во Љубљана, Белград, Прага, Варшава, Париз, Берлин, Берн, Базел, Падова, Удине, Алкара, Варшава, Санкт Петерсбург, Стенфорд, Чикаго и Њујорк. Одржал предавања и презентации во универзитети и музеи во Кембриџ, Париз, Манчестер, Даблин, Осло, Берлин, Хелсинки, Њујорк, Мадрид, Барселона, Бафало, Берн, Цирих, Базел, Рим, Џенова, Модена, Санкт Петерсбург, Киев, Канев, Прага, Пилсен, Будимпешта, Рива дел Гарда, Алба, Валета, Виена, Истанбул, Сертеја, Љубљана, Копер, Белград, Солун, Аминдеон, Благоевград и Софија. Организирал сесии во рамките на конференциите на Европската асоцијација на археолозите одржани во Италија, Швајцарија, Германија, Шпанија и во Малта, како и на оние од Теориската археолошка група во САД. Поддржуван е со грантови од домашни и странски институции и фондации од Европа и Соединетите Американски Држави: CEEPUS, Wenner Gren, Prehistoric Society, Einstein Foundation, German Archaeological Institute, Swiss National Science Foundation, Gener de los Rios, Western Balkans Fund, Coimbra Universities Group, Foundation for Study and Preservation of Tells, JFDP од U.S. Department of State и други. Меѓу наградите треба да се спомнат следните: за најдобар студенски труд на собирот на Европската асоцијација на археолозите (2007 г.); за најдобар студентски труд во рамки на Светскиот археолошки конгрес (2012 г.); James Dyer Prize на The Prehistoric Society (2015 г.); ИКОМОС за најдобар музејски проект (2019 г.).

Автор е на 5 монографии, од кои една е публикувана во Оксфорд. Објавил педесетина трудови во рамки на реномирани научни списанија и редактирани книги, и тоа во Лондон, Оксфорд, Кембриџ, Њујорк, Лос Анџелес, Париз, Рим, Удине, Фрибург, Минхен, Хајделберг, Бон, Фрајбург, Виена, Лидс, Москва, Аделаид, Варшава, Прага, Букурешт, Љубљана, Белград, Ниш, Сучеава, Софија, Скопје и Битола. Основач е и претседател на Центарот за истражување на предисторијата (ЦИП), а членува и во Македонското археолошко друштво (МАНД), European Association of Archaeologists (EAA), и The Prehistoric Society.

Во текот на својата работа има реализирано, повеќе музејски настани, и тоа: изложби, научни трибини, предавања, работилници и концерти. Исто така, тој е и национален координатор на меѓународна изложбена турнеја во САД и Канада во која се вклучени и македонски предисториски артефакти. Меѓу останатите настани организирани во разни домашни и меѓународни музеи, ги издвојуваме следните изложби:

- *Врбјанска Чука: зрно по зрно, погача*, Завод и музеј – Прилеп, 2025.

- *First Royals of Europe* (во коорганизација со Вилијам Паркинсон и Атила Гјуха), Канадски музеј на историјата, Отава, 2024.

- *First Kings of Europe* (во коорганизација со Вилијам Паркинсон и Атила Гјуха), Филдов музеј, Чикаго, 2023.

- *Ritual and Memory: Ancient Balkans and Beyond* (во коорганизација со Вилијам Паркинсон и Атила Гјуха), Институт за проучување на древниот свет, Њујорк, 2022.

- *Африкански лица: фотографии на Билјана Јуруковски*, Музеј на Македонија, 2021.

- *Африка во Македонија* (во коорганизација со Никос Чаусидис), Музеј на Македонија, 2019.

- *Духовите на Африка*, Музеј на Македонија, 2018.

- *Women, mothers and goddesses: universal languages and metaphors in prehistoric art* (национален координатор на изложбата), Градски музеј во Удине, 2017.

- *New Age: the lives of mothers and babies in the Neolithic Balkans*, (национален координатор на изложбата), Универзитет Биосенс во Нови Сад, 2017.

- *Ex Europa Lux Ex Europa Lux: изложба на европската култура во Македонија од XIX и XX век*, Музеј на Македонија, 2016.

- *Градот на конзулите: изложба на фотографии со архитектура во Битола од XIX и XX век*, Македонско село, 2016.

- *Црвен петел црна кокошка: култови на плодноста, обреди и обичаи,* Музеј на Македонија, 2015.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Почнувајќи од 2009 г. д-р Наумов бил ангажиран, најпрво како демонстратор, а потоа и како стручњак од праксата, во реализирање настава и вежби по повеќе наставни предмети, и тоа на неколку студиски програми на Филозофскиот, Филолошкиот и Природно-математичкиот факултет при УКИМ. Од 2012 до 2015 г. е ангажиран како истражувач на Институтот за древни студии при Универзитетот „Евро-Балкан“ во Скопје. Во 2016 г. се вработува како едукатор во Музеј на Македонија, каде што денес ја извршува функцијата кустос. Од 2017 г. е ангажиран како стручњак од праксата, а потоа и како насловен доцент и насловен вонреден професор по неколку наставни предмети на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Образец 2, наставно-образовна дејност: 1 – 6).

Кандидатот е автор на 43 научни и стручни авторски единици објавени во домашни и странски зборници на трудови; 63 објавени во домашни и странски списанија, автор е и на 5 монографии и уредник на 9 зборници на трудови. Повеќето од неговите трудови се публикувани во странство, за реномирани списанија и издавачки куќи, додека 17 од нив во светски списанија со фактор на влијание (избор - Образец 2, научноистражувачка дејност: 3 – 10).

Врз основа на увидот во сите приложени научни трудови на кандидатот и другата документација, која се однесува на неговите истражувачки и други проекти (избор: Образец 2, научноистражувачка дејност: 1, 2), можат да се издвојат неколку области кон кои беше насочена неговата дејност.

1. Музеологија

Г. Наумов е вработен како едукатор и кустос во Музеј на Македонија од 2015 до 2026 г., при што бил инволвиран во реализација на повеќе изложби, а воедно и во развојот на музеолошката методологија. Како резултат од неговата работа поврзана со организирање и дизајнирање на музејски изложби, но и долгогодишна соработка со повеќе македонски, европски и американски музеи, тој публикувал пет изданија поврзани со изложбите што ги организирал. Автор е и на пет труда кои произлегуваат

од изложбите во кои бил инволвиран, и коавтор (со проф. Никос Чаусидис) на труд кој музеолошки ја обработува историјата и карактерот на македонските музеи во 20 и 21 век. Имајќи го предвид мултидисциплинарниот метод кој кандидатот го применува во својата археолошка работа, истиот пристап го има применето и при реализацијата на изложбите што ги организирал. Имено, покрај археолошкиот карактер, во нив била вклучена и етнологијата и историјата на уметноста. Ваквиот пристап се рефлектира и во неговите трудови вклучени во каталозите од изложбите што ги организирал, но воедно и во оние во кои бил поканет да учествува како координатор и консултант:

Изданија поврзани со музејски изложби

Наумов, Г. 2025. *Врбјанска Чука: зрно по зрно, погача*. Прилеп: Завод и музеј – Прилеп

Наумов, Г. 2021. *Африкански лица: фотографии на Билјана Јуруковски*. Скопје: Музеј на Македонија.

Наумов, Г. и Чаусидис, Н. 2019. *Африка во Македонија*. Скопје: Музеј на Македонија.

Наумов, Г. 2018. *Духовите на Африка: ритуална западноафриканска уметност*. Скопје: Музеј на Македонија.

Наумов, Г. 2016. *Ex Europa Lux: изложба на европската култура во Македонија од XIX и XX век*. Скопје: Музеј на Македонија.

Трудови кои произлегуваат од музејски изложби или обработуваат музеологија

Naumov, G. and Chausidis, N. 2025. Museums Require Muses: Macedonian Archaeological Museums in 20th and 21st century. *Argo* 68/1: 34-51.

Naumov, G. and Petrova Mitevska, E. 2022. Social Change and Elites in the Prehistoric Central and Southern Balkans. In Gyucha, A. and Parkinson, W. (eds) *First Kings of Europe: From Farmers to Rulers in Prehistoric Southeastern Europe*: 26-41. Los Angeles: Cotsen Institute of Archaeology Press.

Naumov, G. 2021. Different in Similarity: the Neolithic Communities of Govrlevo and Zelenikovo. In Fidanoski, Lj. (ed.), *Across the Mountain: Zelenikovo and Govrlevo – two parallel worlds*: 7 – 26. Skopje: Museum of the City of Skopje.

Naumov, G. 2019. Neolithic Figurines of Cerje Govrlevo. In Fidanoski, Lj. (ed.), *Skopje Before 8 Millennia 3: Among Deities and Men of Govrlevo:* 13 - 28. Skopje. Museum of the City of Skopje.

Naumov, G. 2017. Miniature and Hybrid Women in the Neolithic Balkans. In Visentini, P. (ed.) *Women, Deities and Mothers: universal languages and metaphors in the prehistoric art*: 113-130. Udine: Museums of Udine.

Naumov, G. 2017. From Caves to Fortresses: prehistoric architecture betweenhunting, agriculture and metalurgy. In Fidanoski, Lj. (ed.), *Skopje Before 8th Millennia: the earliest buildres from Cerje - Govrlevo:* 95-133. Skopje. Museom of the City of Skopje.

2. Предисториска археологија, семиотичка археологија и предисториска уметност

Голем дел од научната и наставната дејност на кандидатот се однесува на другите области на Археологијата и Историјата на уметноста, реализирана преку теренски и кабинетски истражувања, организирање и учество на сесии и конфренеции на национално и пред сѐ на меѓународно ниво, објавување научни статии и монографии со национален и меѓународен карактер (избор: Образец 1 и 2). Оваа дејност е најмногу

фокусирана на следниве теми: неолит и неолитизација на Македонија; неолит во Пелагонија; предисториски наколни населби во Охридско-преспанскиот регион; фигурални претстави, телесност и отелотворување во неолитот; материјална култура и идентитети; неолитска архитектура и погребувања; социјални аспекти на предисториските заедници; етноархеологија; археометрија и мултидисциплинарни анализи.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

1. Гостувачки предавања, учества и организирање сесии и конференции

Покрај својата истражувачка и едукативна работа, д-р Гоце Наумов има учествувано на голем број меѓународни конференции и одржано предавања на повеќе престижни универзитети (околу 80 гостувања, од кои 30 предавања во универзитети и други научни и образовни установи). Од нив треба да се истакнат неговите презентации и предавања на универзитетите во Париз (Сорбона), Кембриџ, Њујорк, Бафало, Манчестер, Даблин, Берлин, Виена, Берн, Цирих, Базел, Рим, Падова, Мадрид, Барселона, Санкт Петербург (музеј Ермитаж), Хелсинки, Осло, Виљнус, Пилсен, Љубљана, Копер, Истанбул, Урфа и др. Тој редовно учествува на годишните конференции на Европската асоцијација на археолозите (EAA) во кои и самиот често организира вакви сесии (во Киел, Берн, Атина, Рим и Будимпешта). Организирал 16 меѓународни сесии и конференции во Атина, Берлин, Рим, Кил, Будимпешта, Берн, Валета, Рива Дел Гарда, Њујорк, Охрид и Скопје (избор: Анекс 2, научноистражувачка дејност: 12-14).

2. Учество во научноистражувачки проекти

Во текот на својата научна работа, кандидатот учествувал во бројни домашни и меѓународни проекти, а воедно бил и раководител на 6 повеќегодишни проекти на теренски археолошки ископувања на предисториски локалитети и на 9 повеќегодишни меѓународни теренско-кабинетски проекти (избор – Образец 2, научноистражувачка дејност: 1, 2). Добитник е на 26 грантови за научни проекти доделени од национални и меѓународни установи.

3. Членство во комисии и работни групи:

Освен активностите во рамки на неговата научна работа, Г. Наумов бил член на повеќе национални комисии (избор: Образец 2, стручнопременувачка дејност: 7). Бил дел и од комисијата за изготвување на билатералниот договор за културно наследство меѓу Република Македонија и Соединетите Американски Држави. Пет години бил национален координатор на повеќегодишната меѓународната изложба во Северна Америка „First Kings of Europe“.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на деталниот преглед на целокупната и мошне обемна документација, тука презентирана делумно – поради ограниченият простор, Рецензентската комисија реши со највисока оценка да ги вреднува сите предвидени дејности на д-р Гоце Наумов, и тоа неговата наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес.

Убедени сме дека зад овој кандидат стои врвен и целосно оформен истражувач и наставник, веќе етаблиран не само во матичната земја туку и многу пошироко. Иако нашиот извештај е потесно насочен кон Музеологијата т.е. конкретната научна област во која се избира, неговиот огромен опус и висок квалитет на научни трудови, како и широкиот дијапазон на наставни и други дејности, ни потврдуваат дека компетенциите на овој кандидат подеднакво се однесуваат и на уште некои научни области. Тука особено ги имаме предвид праисториската археологија и уметност, семиотиката во сферите на археологијата и ликовноста, етноархеологијата и други супспецијалности, и тоа особено во една нивна заемна мултидисиплинарна интеракција. Убедени сме дека токму ваквата негова широка и заемно проткаена наобразба и оспособеност ќе му обезбеди да ги реализира особено компетентно своите наставни и научни дејности во областа на музеологијата во која, во оваа прилика се избира. Комисијата може со висока доза на увереност да констатира дека д-р Гоце Наумов поседува извонредни квалитети за наставна, научноистражувачка, стручно-апликативна и организациона работа. Ова може аргументирано да се заклучи од објавените научни и научно-стручни трудови, учеството во научноистражувачки проекти и интернационални и домашни конференции, симпозиуми, конгреси, изведувањето настава по повеќе предмети од областа на музеологијата, археологијата, историјата на уметноста и историјата на културата, како и другите активности наведени во рефератот и приложената биографија.

Рецензентската комисија заклучи дека д-р Гоце Наумов, воедно, ги поседува и научните и стручни квалитети пропишани во Законот за високото образование и во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, односно ги исполнува сите услови да биде избран во наставно-научното звање доцент во наставно-научната област музеологија (со шифра: 6.01.02.10).

Според горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да го избере д-р Гоце Наумов во звањето доцент во наставно-научната област музеологија (со шифра: 6.01.02.10).

Рецензентска комисија

Проф. д-р Никос Чаусидис, редовен професор, претседател,
Филозофски факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Милан Попадиќ, редовен професор, член,
Филозофски факултет – Белград, с.р.

Проф. д-р Драган Булатовиќ, вонреден професор, член,
Филозофски факултет – Белград, с.р.

Скопје, 7.9.2026 г.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

д-р Гоце Живко Наумов

Институција:

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	Да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: **земјотресно инженерство**.	Да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,04. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,80.	Да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 3. Издавач на документот: Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 4. Датум на издавање на документот: бр. 03-2313/2 од 22.12.2023 г.	Да

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР – РЕИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОТРЕСНОТО ИНЖЕНЕРСТВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ-ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Lajm“ на 23 јули 2026 година, за избор – реизбор на асистент во научната област земјотресно инженерство, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 09-1513/1, донесена на 19.8.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Марта Стојмановска, претседател, проф. д-р Александра Богдановиќ, член и проф. д-р Јулијана Бојаџиева, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор – реизбор на асистент во научната област земјотресно инженерство, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Дејан Ивановски, вработен во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија како асистент во Одделот за геотехника и специјални конструкции.

1 Биографски податоци и образование

Кандидатот Дејан Ивановски е роден на 25.7.1991 година, во Битола. Средно образование завршил во Гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Битола со одличен успех. Во учебната 2010/2011 година се запишал на Градежниот факултет во Скопје. Дипломирал на 4.6.2015 година, со просечен успех 8,70.

Во учебната 2015/2016 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Студиите ги завршил на 6.4.2022 година, со просечна оценка 10,00 и по одбраната на магистерскиот труд со наслов: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА И ДИМЕНЗИОНИРАЊЕ НА ПОТПОРНИ КОНСТРУКЦИИ СПОРЕД ДОСЕГАШНА ПРАКСА И ЕВРОКОДОВИ се стекнува со научен степен – магистер на науки од областа на земјотресното инженерство.

Во рамките на ЕРАЗМУС+ програмата, во периодот од февруари 2016 до јуни 2016 година, кандидатот реализирал студентска мобилност на Универзитетот „Федерико II” во Неапол, Италија. Во август 2022 год., учествувал на летната школа во Вајмар, Германија.

Кандидатот активно се служи со македонскиот, англискиот јазик и со словенската група јазици.

Во моментов е запишан на трет циклус студии на УКИМ-ИЗИИС во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-применувачките активности и остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на поднесената документација која е од важност за изборот.

2 Научноистражувачки, наставно-образовни и стручно-применувачки и други остварувања на кандидатот

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ-ИЗИИС, Скопје, кандидатот м-р Дејан Ивановски изведува аудиторни вежби на втор циклус студии на студиските програми Земјотресно инженерство и Конструктивно инженерство и асеизмичко проектирање.

Научноистражувачка дејност

Во рамките на научноистражувачката дејност на УКИМ-ИЗИИС, кандидатот м-р Дејан Ивановски е ангажиран во областа земјотресно инженерство, со потесна специјалност во рамки на Одделот за геотехника и специјални конструкции.

Во периодот од 2016 година до денес, кандидатот м-р Дејан Ивановски објавил, како автор или коавтор, над 50 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор и во стручни списанија од областа на градежништвото и учествувал во реализацијата на 6 научноистражувачки проекти.

Стручно-применувачка дејност

М-р Дејан Ивановски активно е вклучен во стручно-применувачката работа на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, со учество во комисиите за изработка на стручни мислења за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на новопроектираните објекти во Република Северна Македонија (тековно од 2016 год.). Исто така, учествувал во изработката на над 110 стручно-применувачки извештаи од областа на земјотресното инженерство.

Селектирани трудови во стручно списание/учество на проект:

8. Dejan Ivanovski, Kemal Edip, Julijana Bojadjieva, Vlatko Sheshov, Toni Kitanovski (2024). *Evaluation of the coefficient "r" in Eurocode 8-5 and choosing a design approach for seismic analysis of retaining structures,* 18th world conference on earthquake engineering (WCEE 2024), Milan, Italy, 30.06.2024 – 05.07.2024.
9. Dejan Ivanovski, Kemal Edip, Julijana Bojadjieva, Vlatko Sheshov, Toni Kitanovski (2023). *Influence of the seismic action on the stability of retaining cantilever walls and comparison between ex-YU regulations and Eurocodes*, 2CroCEE, Zagreb, Croatia, 22-24 March, 2023.
10. Dejan Ivanovski, Kemal Edip, Julijana Bojadjieva, Vlatko Sheshov, Toni Kitanovski (2022), *Comparative analysis of stability of retaining walls according to the current practice and eurocodes*; MASE 19 International Symposium (Ohrid, 15-18 September 2022).
11. Учесник во научноистражувачки проект со наслов: *ERIES - Engineering Research Infrastructures for European Synergies, Horizon Europe*, 2020 – 2026.
12. Учесник во научноистражувачки проект со наслов: *Отпорни и паметни училишта – регионална приоритизација врз основа на сеизмички, енергетски и социо-економски индикатори* финансиран од Министерство за образование и наука на Македонија.

Забелешка: Комплетниот список на објавени трудови, извештаи, учество во научноистражувачки проекти и други остварувања (учество на летни школи, обуки, работилници, семинари, конференции, сертификати и сл.) е приложен во пријавата по однос на објавениот конкурс (бр. 03-1406/1 од 29.7.2026 год.), во архивата на УКИМ-ИЗИИС.

Заклучок и предлог

Врз основа на доставената документација, досегашната професионална активност и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на кандидатот м-р Дејан Ивановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Дејан Ивановски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област земјотресно инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на УКИМ-ИЗИИС, Скопје, м-р Дејан Ивановски да биде избран – реизбран во звањето **асистент во научната област земјотресно инженерство**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марта Стојмановска, претседател, с.р.
Проф. д-р Александра Богдановиќ, член, с.р.
Проф. д-р Јулијана Бојаџиева, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Дејан Вилиам Ивановски
Институција:
УКИМ-ИЗИИС
Научна област: ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	Да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: **земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија.**	Да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,70. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00.	Да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје	Да

Прилоī бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР – РЕИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА НА ЗЕМЈОТРЕСНОТО ИНЖЕНЕРСТВО НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА (УКИМ-ИЗИИС) ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Lajm“ на 23 јули 2026 година, за избор – реизбор на асистент во научната област земјотресно инженерство, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 09-1513/1, донесена на 19.8.2026, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Марта Стојмановска, претседател, проф. д-р Александра Богдановиќ, член и проф. д-р Јулијана Бојаџиева, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор – реизбор на асистент во научната област земјотресно инженерство, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Забедин Незири, вработен во Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија како асистент во Одделот за ризик, управување со катастрофи и стратешко планирање .

3 Биографски податоци и образование

Кандидатот Забедин Незири е роден на 8.8.1991 година, во Гостивар. Средно образование, природно-математичка насока А, завршил во Гимназијата „Гостивар“ во Гостивар, со одличен успех. Во учебната 2010/2011 година се запишал на Градежниот факултет во Скопје. Дипломирал на 24.4.2015 година, со просечен успех 9,00.

Во учебната 2015/2016 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во рамките на MEEES (Master of Earthquake Engineering and Engineering Seismology) програмата во „Universite Grenoble Alpes“ во Гренобл, Франција и „Rose School – IUSS – Instituto Universitario di Studi Superiori“ во Павија, Италија, како добитник на стипендија што ја покрива цела школарина и “Конзорциум стипендија“, дадена од Институтот за напредни студии во Павија (Scuola Superiore – IUSS – Pavia) за Еразмус мундус програмата. Магистрирал во 2017 година во областа земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, со просечен успех 8,75. Магистерската работа (истражувачки стаж) со наслов: „Soil-structure spectral coincidence for Multi-Degree of Freedom, elasto-plastic buildings, a numerical study “ ја работи во „ISTerre – Institut des Sciences de la Terre“ во Гренобл, Франција, под менторство на проф. д-р Pierre Yves-Bard.

Учествувал во неколку тренинг-програми и курсеви: Virtual International Training Course on „Seismology, Seismic Data Analysis, Hazard Assessment and Risk Mitigation” – GFZ (German Research Centre for Geosciences) – Потсдам, Германија (2020); Eurocodes Balkan Summer School – Seismic Design of concrete buildings, организирано од Европската комисија (2021), YSTC – The Peter Bormann Young Seismologist Training Course – Seismology for Science and Society (2021), онлајн курс Openquake – организиран од Фондацијата ГЕМ (Глобален земјотресен модел), EPOS-работилница за сеизмологија „Next-generation open seismological data, sharing for science and society” и Regional International Training Course on „Seismology, Seismic Data Analysis, Hazard Assessment and Risk Mitigation” – GFZ (German Research Centre for Geosciences) – Подгорица, Црна Гора (2023).

Дополнително, реализирал и истражувачки престои, и тоа два престоја во ETH (Федералниот институт за технологија) во Цирих, Швајцарија, во рамките на Geo-INQUIRE Transnational Access проектот, како и престој на Универзитетот Епока во Тирана, Албанија.

Кандидатот активно се служи со албанскиот, македонскиот и англискиот јазик и со словенската група јазици.

Во моментов е запишан на трет циклус студии на УКИМ-ИЗИИС во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид наставно-образовните, научноистражувачките и стручно-применувачките активности и остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, врз основа на поднесената документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКИ, НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИ И СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ-ИЗИИС, Скопје, кандидатот м-р Забедин Незири изведувал аудиторни вежби на втор циклус студии на студиските програми Земјотресно инженерство и Конструктивно инженерство и асеизмичко проектирање.

Научноистражувачка дејност

Во рамките на научноистражувачката дејност на УКИМ-ИЗИИС, кандидатот м-р Забедин Незири бил/е ангажиран во областа земјотресно инженерство, со потесна специјалност во рамки на Одделот за ризик, управување со катастрофи и стратешко планирање.

Во периодот од 2017 година до денес, кандидатот м-р Забедин Незири објавил, како автор или коавтор, дваесет и два труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор и во стручни списанија од областа на градежништвото и учествувал во реализацијата на три научноистражувачки проекти.

Стручно-применувачка дејност

М-р Забедин Незири активно е вклучен во стручно-применувачката работа на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, со учество во комисиите за изработка на стручни мислења за проектираниот и изведениот степен на механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на новопроектираните објекти во Република Северна Македонија (тековно од 2021 год.). Исто така, учествувал во изработката на над четириесет стручно-применувачки извештаи од областа на земјотресното инженерство.

Селектирани трудови во стручно списание/учество на проект:

13. Neziri, Z., Jovanov, L., Salic Makreska, R., Drogreshka, K., Danciu, L., Najdovska, J. & Tomic, D., 2025. Improvement and updates of the national databases for seismogenic source modeling in the context of revising the national hazard model for North Macedonia. Proceedings of the 3rd Croatian Conference on Earthquake Engineering - 3CroCEE, 19–22 March 2025, Split, Croatia. https://doi.org/10.5592/CO/3CroCEE.2025.136

14. Tomic, D., Salic Makreska, R., Vitanova, M., Neziri, Z. & Martin, N., 2025. Improvement of the exposure model and preliminary physical risk analysis: A pilot case municipality. Proceedings of the 3rd Croatian Conference on Earthquake Engineering - 3CroCEE, 19–22 March 2025, Split, Croatia. https://doi.org/10.5592/CO/3CroCEE.2025.108

15. Avgin, S., Kose, M., Edip, K., Jekic, G., Bojadjieva, J., Bogdanovic, A., Sheshov, V., Rakicevic, Z., Tomic, D., Neziri, Z. (2026). Evaluation of Reinforced Concrete Frame Behavior under the 2023 Kahramanmaraş Earthquake According to Eurocode Provisions. 8th International Conference on Earthquake Engineering and Seismology (8ICEES), Kuşadası, Türkiye, May 17–20, 2026.

16. Jekic, G., Edip, K., Bozinovski, Z., Zlateski, A., Zafirov, T., Delova, E., Neziri, Z. (2026). Nonlinear Behaviour of a Reinforced Concrete Frame in Banja Luka for Site-Specific Seismicity and Soil Conditions. International Conference on Contemporary Theory and Practice in Construction XVII (STEPGRAD), Faculty of Architecture, Civil Engineering and Geodesy, University of Banja Luka, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina, June 4–5, 2026.

17. Salic Makreska, R., Gjorgjiev, I., Bojadjieva, J., Apostolska, R., Sheshov, V., Borzi, B., Pitilakis, D., Riga, E., Amendola, C., Baballëku, M., Calò, M., Mucedero, G., Monteiro, R., Ktenidou, O.-J., Stefanoski, S., Atanasovska, V., Nikolla, K., Jovanovski, V., van Wijk, T., Zgjanjolli, R., Edip,

K., Chapragoski, G., Neziri, Z., Tomic, D. (2026). Rapid Multi-Risk Needs Evaluation as a Basis for Cross-Border Emergency Planning. In Proceedings of the 4th International Conference on Resilience, Multi-Risk Assessment and Monitoring (ICONREM 2026), Florence, Italy, June 16–19, 2026. Springer, in press.

18. Salic Makreska, R., Neziri, Z., Danciu, L., Tomic, D., Dimitrovski, M., Trajcevski, J. (2026). Seismic Hazard Zonation for the Republic of North Macedonia: A Bridge between National Practice and Next-Generation European Models. 18th European Conference on Earthquake Engineering (18ECEE), Berlin, Germany, September 14–18, 2026. Accepted.

19. Borzi, B., Di Meo, A., Bozzoni, F., Quaroni, D., Salic Makreska, R., Bojadjieva, J., Edip, K., Bogdanovic, A., Capragoski, G., Filipovski, D., Neziri, Z., Nanevska-Juloska, A., Apostolska, R., Gjorgjiev, I., Riga, E., Amendola, C., Pitilakis, D., Monteiro, R., Mucedero, G., Calò, M., Qirjazi, G., Luka, R., Dushi, E., Ktenidou, O.-J., Nikas, K., Stefanoski, S., Nikolla, K., Atanasovska, V., Jovanovski, V., van Wijk, T., Zgjanjolli, R. (2026). EMERGE: A Web-Based Platform for Multi-Hazard Assessment and Early Crisis Response in the Cross-Border Region of North Macedonia, Albania and Greece. 18th European Conference on Earthquake Engineering (18ECEE), Berlin, Germany, September 14–18, 2026. Accepted.

20. EMERGE: Rapid Multi-Risk Needs Evaluation and Planning Platform; UCPM-2024-KAPP. Функција – соработник.
21. Шешов, В., Бојаџиева, Ј., Шалиќ Макреска, Р., Едип, К., Ѓорѓеска, И., Китановски, Т., Незири, З., Ивановски, Д., Томиќ, Д. (2023). Сеизмолошка студија за геренален урбанистички план на град Битола 2023 – 2023, Книга V.31, Извештај ИЗИИС 2023/49. Функција – соработник.

Забелешка: Комплетниот список на објавени трудови, извештаи, учество во научноистражувачки проекти и други остварувања (учество на летни школи, обуки, работилници, семинари, конференции, сертификати и сл.) е приложен во пријавата (бр. 03-1413/1 од 30.7.2026 год.) по однос на објавениот конкурс, во архивата на УКИМ-ИЗИИС.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, досегашната професионална активност и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на кандидатот м-р Забедин Незири.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Забедин Незири поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област земјотресно инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на УКИМ-ИЗИИС, Скопје, м-р Забедин Незири да биде избран – реизбран во звањето **асистент во научната област земјотресно инженерство**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марта Стојмановска, претседател, с.р.
Проф. д-р Александра Богдановиќ, член, с.р.
Проф. д-р Јулијана Бојаџиева, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Забедин Рефет Незири

Институција:

УКИМ-ИЗИИС

Научна област: ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. Број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	Да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: **земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија.**	Да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,00. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 8,75.	Да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик кое одговара на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје	Да

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Lajm“ од 13.7.2026, за избор на наставник (во насловно звање) во сите наставно-научни звања во наставно-научната област општа социологија, и врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, бр. 02-968/1, донесена на 2.9.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Петар Атанасов, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, д-р Ружица Цацаноска, редовен професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, и д-р Иван Блажевски, вонреден професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во насловно звање, насловен доцент/вонреден професор од наставно-научната област (дисциплина) 5.04.00.01 – социологија, објавен на 13.7.2026 во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“, во предвидениот рок се пријави еден (1) кандидат: д-р Марија Башевска.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Марија Башевска е родена на 8.2.1983 година, во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Никола Карев“ во Скопје, на природно-математичка насока, со одличен успех 5,00. Со високо образование се стекнала на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што во 2006 година дипломирала со просечен успех 8,00. Како стипендистка на Италијанската влада и Универзитетот „Тор Вергата” во Рим, во учебната 2007/2008 се запишала на втор циклус (магистерски студии) на програмата Европска економија и меѓународни финансии на Одделот за економија при Универзитетот „Тор Вергата” во Рим, Италија. Студиите ги завршила во 2009 година, со просечен успех 91 (според италијански модел на оценување). Во учебната 2017/2018, како добитничка на престижната глобална Чивнинг-стипендија на британското Министерство за надворешни работи, го продолжила своето образование на втор циклус (магистерски студии) на програмата Род и развој на Институтот за развојни студии при Универзитетот во Сасекс во Обединетото Кралство. Во 2019 година ги завршила студиите со одлики (во оригинал на англиски јазик: with Distinction), со просечен успех 9,80, со магистерски труд на тема: „Влијанието на макроструктурните фактори врз неплатената работа на жените и нивната позиција на пазарот на труд во Македонија“

(во оригинал на англиски јазик: ”The Influence of Macro-Structural Factors on Women’s Unpaid Care Work and Labour Market Outcomes in Macedonia”). Кандидатката го продолжила своето образование на трет циклус – докторски студии на Универзитетот во Милано и Универзитетот во Торино (двојна диплома), на докторската програма Социологија и методологија на општествени истражувања. Во 2025 година, на Универзитетот во Милано ја одбранила докторската дисертација на тема: „Влијанието на пандемијата од родов аспект: Вработеност, приходи и неплатена домашна работа за време на пандемијата ковид-19 во Европа” (во оригинал на англиски јазик:”The Gendered Impact of the Pandemic: Employment, Income and Unpaid Domestic Work during COVID-19 Pandemic in Europe”), пред меѓународна Комисија во состав: проф. д-р Мара Јеркес, проф. д-р Рензо Кариеро и вонр. проф. д-р Даниела Белани. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки по социологија и методологија на општествени истражувања, од научната област социологија.

Во периодот од 2007 до 2015 година (со прекини за студии во учебната 2007/2008) работела како соработничка – помлада асистентка на Универзитетот „Американ колеџ” – Скопје и на Универзитетот „ФОН” (од 2008), а подоцна и како асистентка на Универзитетот „ФОН”, на група предмети од областа на економските дисциплини. Во периодот од 2015 до 2016 година, таа работела како виша истражувачка во Реактор – Истражување во акција (Скопје), а во периодот од 2016 до 2020 година ја извршувала функцијата претседателка во истата организација.

Во периодот 2024 – 2025 година, д-р Марија Башевска била ангажирана како научна соработничка на Универзитетот во Констанц, Германија. Кандидатката била избрана на позицијата постдокторска научна соработничка во областа социологија, на Универзитетот во Торино, Италија, каде што работела во периодот од 2024 до 2026 година.

Покрај мајчиниот македонски јазик, д-р Марија Башевска одлично ги владее англискиот, италијанскиот и српскиот јазик, добро го владее францускиот јазик и има основно познавање на шпанскиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

2.1. Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката д-р Марија Башевска одржувала вежби со студенти на додипломски студии на Универзитетот „Американ колеџ” – Скопје по предметот Статистика, како и вежби со студенти на додипломски и постдипломски студии на Универзитет „ФОН” на група предмети од економските дисциплини. Кандидатката била вклучена во менторирање, како и редовни консултации со студенти на додипломски и постдипломски студии, како и во подготовка на пакет материјали за нови и тековни предмети, со фокус на изведување на вежби за двата циклуса студии.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот

Кандидатката д-р Марија Башевска учествувала на бројни меѓународни, регионални и домашни академски школи и работилници, меѓу кои: академската работилница „Women in turbulent times“, сесија „Labour market outcomes, households and the life course“, со презентација „The gendered impact of the COVID-19 pandemic on labour market outcomes: Southern Europe in comparative European perspective“, 19 – 21 јуни 2024 година, на Универзитетот во Нојшател, Швајцарија (Neuchâtel, Switzerland); академската работилница „Политики за родова еднаквост во услови на КОВИД-19 пандемија II“ (“Covid-19 Policies for Gender Equality (CoPE) II”), 26 – 27 октомври 2023 година, на Универзитетот во Торино, Италија (University of Turin, Italy); академската работилница „Политики за родова еднаквост во услови на КОВИД-19 пандемија“ (Covid-19 Policies for Gender Equality (CoPE)), 2 – 3 февруари 2023 година, Универзитет во Констанц, Германија (University of Konstanz, Germany); напредната академска школа за анализи на лонгитудинални и панел-податоци (Longitudinal & Panel Data Analysis), октомври – декември 2021 година, Универзитет во Милано, Италија (University of Milan, Italy). Кандидатката, исто така, учествувала и на престижната летна академска школа за анализа на податоци во општествените науки на Универзитетот во Есекс, на три програми, и тоа: програмата „Анализа на панел-податоци за компаративни истражувања“ (Panel Data Analysis for Comparative Research - Essex Summer School in Social Science Data Analysis, University of Essex), август 2021 година, Колчестер, Обединето Кралство; програмата „Софтвер R“ (R Software - Essex Summer School in Social Science Data Analysis, University of Essex), јули – август 2021 година, Колчестер, Обединето Кралство; како и програмата „Мултилевел/Хиерархиски модели“ (Multilevel models - Essex Summer School in Social Science Data Analysis, University of Essex), јули 2021 година, Колчестер, Обединето Кралство. Д-р Марија Башевска учествувала и на академската школа за напредни студии – Езеро Комо „Дигитални методи за општествени истражувања“ (Digital Methods for Social Research – Lake Como School of Advanced Studies, University of Milan), јуни 2021 година, во Милано, Италија, како и на пролетната школа на престижниот Европски конзорциум за социолошки истражувања, во соработка со Колеџ „Карло Алберто“ – Универзитет во Торино, Мрежата за унапредување на општествени и политички студии и Универзитетот во Милано, насловена „Влијанието на КОВИД-19 пандемијата на социјалната нееднаквост“ (European Consortium for Sociological Research - ECSR, Collegio Carlo Alberto and NASP Joint Spring School on “The Impact of Covid-19 on Social Inequality”), 22 – 26 март 2021 година, на Универзитетот во Милано, Италија. Кандидатката учествувала и на Академијата за млади истражувачи во Западен Балкан (Research Academy: Introduction to Social Science Research Methods for Junior Researchers in the Western Balkans), во рамки на програмата Regional Research Promotion Programme (RRPP)|Western Balkans, која промовира истражувања во општествените науки во Западен Балкан, водена од Универзитетот во Фрајбург, Швајцарија, одржана во периодот 11 – 18 април 2016 година, на Универзитетот во Сараево, Босна и Херцеговина.

Целосен преглед на наставно-образовната дејност на кандидатката е даден во Образец 2.

2.2. Научноистражувачка дејност

Д-р Марија Башевска има објавено осум (8) научни труда релевантни за изборот, од кои два (2) труда со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование, три (3) поглавја во книги рецензирани и објавени во земји членки на Европската Унија и/или ОЕЦД, еден (1) труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно-популарно списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од

најмалку три земји, два (2) труда со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир.

Д-р Марија Башевска била дел од девет (9) меѓународни научни проекти, од кои како учесничка во пет (5), раководителка на два (2) и национална координаторка на два (2) меѓународни проекта. Меѓународните научни проекти во кои учествувала како членка на истражувачкиот тим се: “Social and Spatial Inequalities Under Pressure. Individual Life Courses in context during the Covid-19 Pandemic”, координиран од Универзитетот Бикока – Милано, Италија; „From Charter to Practice - Strengthening Research Careers through Capacity Building and Communities of Practice“, програма HORIZON-WIDERA-2025, координиран од Универзитетот во Нови Сад, Србија; “COVID-19 Policies for Gender Equality (CoPE)”, финансиран од Германската фондација за истражувања, координиран од Универзитетот во Констанц, Германија; „Men in Care: Workplace support for caring masculinities“, кофинансиран од Европската комисија, програма за Вработување и социјална иновација, координиран од Универзитетот УНЕД, Шпанија; “Empowering the next generation of social enterprise scholars (EMPOWER-SE)”, програма European Cooperation in Science and Technology (COST Action CA16206), финансиран од Европската Унија, координиран од EMES Research Network, Универзитетот во Лиеж, Белгија. Како раководителка била ангажирана во два меѓународни научни проекта: „Balkan Social Enterprise Research Network”, програма Regional Research Promotion Programme (RRPP)|Western Balkans; “The Challenges and Opportunities for Employment of Marginalized Groups by Social Enterprises”, програма Regional Research Promotion Programme (RRPP)|Western Balkans. Како национална координаторка учествувала во два меѓународни научни проекта: “Men in Care: Best Practice for the Promotion of Caring Masculinities to Improve Work-Life Balance“, финансиран од Австриската влада; “International Comparative Social Enterprise Models - ISCEM”, проект во рамки на EMEC-истражувачката мрежа (EMES Research Network), финансиран од Европската Унија (COST Action), координиран од Универзитетот во Лиеж, Белгија.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот

Д-р Марија Башевска одржала две (2) предавања на покана на реномирани референтни странски универзитети, и тоа: на Универзитетот во Торино, Италија (април 2025 година), на магистерската студиска програма по Социологија (Corso di laurea magistrale in Sociologia) и магистерска студиска програма по меѓународни студии (Corso di laurea magistrale in Scienze internazionali), на предметот Компаративни европски општества (Comparative European Societies), на покана на проф. д-р Мануела Налдини и вонр. проф. д-р Кристина Солера; како и на Универзитетот во Констанц, Германија (јуни 2023 година), во рамки на Кластерот на извонредност „Политиката на нееднаквоста“ (Cluster of Excellence “The Politics of Inequality”), на покана на проф. д-р Сузан Штраус, раководителка на Катедрата за социологија при Департманот за историја, социологија, спортски науки и емпириски истражувања во образованието (Department of History, Sociology, Sport Science and Empirical Educational Research).

Кандидатката д-р Марија Башевска учествувала на тринаесет (13) меѓународни научни/стручни собири со реферат – усна или постерска презентација, меѓу кои: 17th European Sociological Association (ESA) Conference “Strengthening Democracies: Social Action, Solidarity, and Sustainable Futures”, 25 – 28 август 2026 година, Варшава, Полска; X SISEC (The Italian Society for Economic Sociology) Conference “L’era del disordine. Conflitto e cooperazione nel capitalismo contemporaneo”, 28 – 31 јануари 2026 година, Фиренца, Италија; International Sociological Association (ISA) RC28 Spring Conference “Education, Markets, and Families: The Dynamics of Social Stratification and

Inequalities”, 25 – 27 март 2025 година, Милано, Италија; IX SISEC (The Italian Society for Economic Sociology) Conference “Visibili e invisibili nel capitalismo che cambia: imprese, lavoro, territori e politiche”, 29 јануари – 1 февруари 2025 година, Павија, Италија; Euregio Ring-Seminar “Fertility in a Comparative Perspective”, 24 јануари 2025 година, Тренто, Италија; European Values Study Seminar “Gender Equality: A European Value. Emerging issues and methodological challenges”, 7 март 2024, Скопје, Северна Македонија; LIVES (Swiss Centre of Expertise in Life Course Research) International Conference “The life course in turbulent times”, 9 – 10 ноември 2023 година, Лозана, Швајцарија; European Consortium for Sociological Research (ECSR) Annual Conference 2023 "European societies in times of uncertainty", 18 – 20 септември 2023 година, Прага, Чешка; European Survey Research Association (ESRA) Conference 2023 *“Survey research in times of crisis: Challenges, opportunities, and new directions”, 17 – 21 јули 2023, Милано, Италија*; EMES Network Conference “Empowering the Next Generation of Social Enterprise Scholars (EMPOWER-SE)”, 28 февруари – 1 март 2018, Лисабон, Португалија; Regional Research Promotion Programme (RRPP) 7th Annual International Scientific Conference “Is Western Balkan Region Changing in the Social, Political and Economic Terms?”, 2 – 3 септември 2016, Тирана, Албанија; ISTR’s 12th International Conference “The Third Sector in Transition: Accountability, Transparency and Social Inclusion”, 28 јуни – 1 јули 2016 година, Стокхолм, Шведска; EMES, Glasgow Caledonian University, Euricse and the Regional Research Promotion Programme Western Balkans - International Scientific Colloquium “Solidarity in Transition? Researching Social Enterprise in Post-Communist Societies”, 21 – 22 април 2016 година, Тирана, Албанија.

Д-р Марија Башевска има објавено три (3) апстракти (коавторство) во зборници од меѓународни конференции и има рецензирано три (3) научни труда во меѓународните научни списанија: Social Politics. International Studies in Gender, State and Society (Oxford Academics, Oxford University Press), International Scientific Journal Balkan Social Science Review (Goce Delcev University, Stip), International Feminist Journal of Politics (Routledge, Taylor & Francs Group).

Целосен преглед на научноистражувачката дејност е даден во Образец 2.

2.3. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Марија Башевска е активно вклучена во стручно-апликативната работа преку различни експертско-стручни активности во соработка со меѓународни и домашни институции и организации од граѓанското општество, во областите на родовата еднаквост, социоекономскиот развој, пазарот на труд, социјалната заштита и инклузија и социјалната статистика. Кандидатката остварила експертски активности во неколку домени. Таа е авторка или коавторка на стручни истражувачки трудови, истражувачки студии и аналитички извештаи, меѓу кои: авторка на “Country Gender Assessment – North Macedonia” (2024, World Bank; The International Bank for Reconstruction and Developmen); авторка на “Report of the Government of the Republic of North Macedonia on the implementation of the Beijing Declaration and Platform for Action (1995) and the results of the Second Special Session of the UN General Assembly (2000) - Beijing +30” (2024, Governemnt of the Republic of North Macedonia, Ministry of Labour and Social Policy of North Macedonia); авторка на „Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022” (2023, UNDP/UN Women, Државен завод за статистка и Министерство за труд и социјална политика на Северна Македонија); коавторка на “Men in Care: Caring Masculinities in North Macedonia” (2021, Reactor – Research in Action); авторка на “Rapid Gender Assessment: The Impact of COVID-19 on Women and Men in North Macedonia” (2020, UN Women); авторка на “The impact of the COVID-19 pandemic on women in the Western Balkans” (2020, Perspectives, Heinrich-Boll-Stiftung,

Issue No. 8, 38-42); авторка на „Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија” (2019, UNDP/UN Women, Државен завод за статистка и Министерство за труд и социјална политика на Северна Македонија); коавторка на „Родово базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија” (2019, Реактор-Истражување во акција); коавторка на „Жени и синдикати: Застапеност и работнички права во Република Македонија” (Women and Trade Unions: Representation and Labour Rights in the Republic of Macedonia) (2017, LDS, Rosa Luxemburg Stiftung); авторка на поглавје во книга: „Вклучување на истражувачките тинк-тенк организации во конкурсите за научно истражувачки проекти”, во Предизвици и можности за финансирање на научно истражување во Република Македонија, [2017, ФООМ Скопје, Регионална програма за поддршка на истражувањата во Западен Балкан (РРПП)]; коавторка на „Социјални претпријатија и работна интеграција на ранливите групи во Македонија, Албанија и Косово” [2016, Реактор – Истражување во акција, Регионална програма за поддршка на истражувањата во Западен Балкан (РРПП)]; авторка на „Политиките на пазарот на труд и сиромаштијата во Македонија 2008 – 2013” (2014, LDS, Rosa Luxemburg Stiftung).

Во рамки на стручно-апликативната дејност, кандидатката била ангажирана како надворешна советничка за родова еднаквост во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија (2020), како и членка на Работната група на Министерството за труд и социјална политика за подготовка на измени и дополнувања на Законот за еднакви можности на жените и мажите (2020).

Нејзините национални и меѓународни експертски ангажмани вклучуваат: меѓународна експертка за социјална инклузија на сексуални и родови малцинства во програмите за социјална заштита при Одделот за социјална заштита на Светска банка (декември 2025 – тековно); национална експертка за вклучување на родовата перспектива во Националниот акциски план за правата на децата, Ludwig Boltzmann Institute of Fundamental and Human Rights (јули – октомври 2024); национална експертка за изготвување на националниот извештај и националните консултации за Пекиншката декларација и Платформа за акција +30, на Министерството за труд и социјална политика и UN Women (април – јуни 2024); национална експертка за изработка на вториот Индекс на родова еднаквост на Северна Македонија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Државниот завод за статистика, UN Women и Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE) (декември 2022 – јуни 2023); национална експертка за изработка на националната родова проценка и национален извештај при Одделот за сиромаштија и еднаквост на Светска банка (март 2022 – јануари 2023); национална експертка за родова проценка на влијанието на пандемијата со КОВИД-19 во Северна Македонија за UN Women (мај – јуни 2020); координаторка и истражувачка во проектот во рамки на UNICEF „The impact of COVID-19 pandemic on the educational process in North Macedonia – insight on the usage and effectiveness of the distant learning tools in education“ (септември 2019 – јуни 2020); национална експертка за изработка на првиот Индекс на родова еднаквост на Северна Македонија, во соработка со UN Women, Министерството за труд и социјална политика, Државниот завод за статистика и EIGE (јануари – април 2019); национална експертка за родова еднаквост на европските експертски консултации на EIGE за планираните насоки на Европската Унија по Пекиншката декларација +25, одржани во Вилнус, Литванија.

Сите активности од стручно-апликативната дејност се наведени во Образец 2.

Други дејности од поширок интерес, релевантни за изборот

Д-р Марија Башевска остварила студиски научен престој во странство (до 3 месеци) на Универзитетот во Констанц, Германија, во периодот јануари – март 2023 година.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Марија Томислав Башевска
Институција: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ)
Научна област: (5.04.00.01) социологија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,00. Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,80.	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: (5.04.00.01) социологија; поле: (5.04.) социолошки науки; подрачје: (5) општествени науки.	Да
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 21. Назив на научното списание: Journal of Family Studies 22. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science 23. Наслов на трудот: The gendered division of housework in times of Covid-19: the role of essential-worker status and work location 24. Година на објава: 2025, Vol.32	Да
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Acta Sociologica	Да

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
	2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of Science 3. Наслов на трудот: Housework and psychological distress during the COVID-19 crisis: A gender- and context-sensitive relationship? 4. Година на објава: 2025, Vol.69	
3.3	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: Women in turbulent times. Crises, transitions, and challenges for gender equality 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Обединето Кралство и Соединети Американски Држави 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Routledge, 2026, London, United Kingdom) and New York, United States of America	Да
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: Social Life during COVID-19 in France, Germany, Italy and the UK 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Швајцарија 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Palgrave Macmillan, Springer Nature, 2025, Switzerland	Да
3.5	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: Social Enterprise in Central and Eastern Europe. Theory, Models and Practice 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Обединето Кралство и Соединети Американски Држави 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Routledge, 2021, Oxford, United Kingdom and New York, United States of America	Да
